# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 септември 2004 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благородна Мингова-Крепиева, Трифун Костовски, Љубе Бошковски,Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Коце Трајановски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Теута Арифи и Љупчо Мешков ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Иако според картички се присутни 72 пратеници, 66 пратеници притиснале копче и тоа е доволно да констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Со оглед на карактерот на прашањето што се предлага да се разгледува, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 68 пратеници гласале за предлогот, нема воздржани, двајца против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

**1. Прашање за доверба на Владата на Република Македонија.**

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, 77 пратеници гласале за дневниот ред, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Преминуваме на точката од дневниот ред - Прашање за доверба на Владата на Република Македонија,** поднесено од 24 пратеници и тоа: Љубчо Георгиевски, Спиро Мавровски, Љупчо Балковски, Ѓорѓи Оровчанец, Жарко Караџоски, Марјан Ѓорѓев, Михајло Георгиевски, Марија Којзеклиска, Чедомир Краљевски, Ристо Пејоски, Ванчо Стаменков, Блаже Стојановски, Органчо Тасев, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајноски, Зоран Крстевски, Слободан Даневски, Петар Наумоски, Џевдет Насуфи, Зиди Џелили, Фатмир Асани, Замир Дика и Илјаз Халими.

Согласно член 92 став 3 од Уставот на Република Македонија прашање за доверба на Владата на Република Македонија поставија 24 пратеници, кое Ви е доставено.

Согласно член 92 став 6 од Уставот на Република Македонија одлуката за изгласување недоверба на Владата се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Согласно член 92 став 4 од Уставот на Република Македонија гласањето за доверба на Владата се врши по истекот на три дена од поставувањето на прашањето за доверба. Пред гласањето, во 23,30 часот на Собранието ќе му се обрати претседателот на Владата на Република Македонија за да го изнесе својот став по прашањето за довербата, ако има желба.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Би морал да ги прашам предлагачите кој е претставникот кој ќе даде образложение.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Дозволете ми од името на предлагачите да дадам образложение во однос на денешната точка на дневен ред а тоа е Прашањето за доверба на Владата на Република Македонија.

Еве, после две години како во Република Македонија, после парламентарните избори на 15 септември 2002 година, кога се формира Влада од Колицијата меѓу СДСМ, ЛДП и ДУИ, значи точно после две години, денес е 18 септември и Интерпелацијата е поднесена точно на двегодишнината, на 15 септември 2004 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да седнат на своите места, а ако ви треба листинг на пријавените пратеници за дискусија, ќе ви се даде.

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи точно на двегодишнината на изборите, почитуван претседателе, оние кои што вие ги прочитавте, да не одземам време со повторување, чиј број е 24 поднесовме барање за доверба на Влада и сметам дека е апсолутно потребно и оправдано навремено да се дискутира за едно вакво прашање.

Најнапред би сакал да ги образложам причините од кои се водевме во однос на иницијативата. Главната причина е тоа што, почитувани колеги, две години од доаѓањет на власта на Коалицијата што ја кажав не е мал период, тоа е 50% од мандатот што го добиваат со гласовите на граѓаните и две години не е мал период за да не се отвори прашањето што Владата со доверба од граѓаните сработи во овој период, што од тоа што го вети, што од тоа што го започна ако нешто започна, и на крајот на краиштата, преку оваа наша доверба да ги слушнеме тука и претставниците на Владата и да видиме што е тоа што се сработи, а што е тоа што не се сработи, од она што се вети и напиша во Програмата и од она што граѓаните на Република Македонија со право го очекуваа кога го дадоа гласот за оваа коалиција.

Од тие причини, точно на двегодишнината, на 15 септември 2004 година го поднесовме ова прашање за доверба со цел да ја потсетиме македонската јавност дека две години поминаа откако во Република Македонија власта премина во нивни раце. Тоа беше главната причина. Две години поминаа откако во Република Македонија, врз основа на програмските ветувања и врз основа на она што Владата си го зеде за цел, Република Македонија, поточно граѓаните на Република Македонија живеат онака како што живеат, дали подобро или полошо - ние ќе се обидеме да го кажеме она што ние го мислиме и она што на крајот на краиштата  го мисли Владата ќе го каже тоа.

Тргнавме од сето она што ја сочинува работата на извршната власт. Во нашето образложение наведовме во кратки црти и тоа не го правевме во стилот на некои други интерпелации што се пишуваа и на 35 страници, затоа што оставаме простор..

Претседателе, многу зборуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господа пратеници, ако може малку потивко, а вие господине Караџоски продолжете да зборувате, повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Кога зборувам сакам да бидам слушнат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве слушаат претставниците на Владата, таа е сега на дневен ред повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи тргнавме од она за што сметавме дека има простор и место да се дискутира.

Според подносителите на Интерпелацијата, односно прашање на доверба на Влада,  како прва причина и како точка 1 е тоа што сметаме дека безбедноста на граѓаните е целосно загрозена. На тоа сме сведоци сите, има убиства по улиците, пљачкосување по домовите и дуќаните и тоа е македонско секојдневие.

Зошто ја издвоивме безбедноста како точка 1? Затоа што во  ветувањето, во програмската определба на Коалицијата која што дојде на власт на прво место беше враќањето на безбедноста на граѓаните.

Јас тука сега би поставил прашање до Владата. Ако се мислеше само на безбедност, после војна криза, тогаш во тој сегмент можеме да дискутираме дали е нешто подобрено или е влошено, затоа што кога се зборува за безбедност, сметам дека под безбедност се опфаќа се, а тоа го опфаќа мирот на граѓаните во Република Македонија дали е подобрен, или е влошен и на крајот на краиштата, дали од она што се вети дека граѓаните со доаѓањето на оваа колиција ќе живеат многу по мирен живот. Факт и сведоци сме дека секојдневно безбедноста на разни начини е нарушена. Да не зборувам , последните денови сме сведоци и имаме случаи на напад на три полицајци во Република Македонија, од кој што едниот е тешко ранет, се бори за живот, двајцата други се повредени, тоа се случи пред два дена. Вчерашниот ден исто така, се случи напад повторно на полицаец, заради обичен преглед во сообраќајот, каде што се тргна до таму да се нападне и да се гони до физичко пресметување.

Не би ги повторувал сите овие настани, кои што во периодот од две години ни се случувале во Република Македонија , откога дојде коалицијата на власт. Морам да напоменам само едно дека бројката на криминал во Република Македонија, значи интензитетот е поголем отколку пред доаѓањето на власта. Ние така тврдиме, тврдат и други, доколку не е така ќе ги слушнеме аргументите од нив.

Значи, по број на убиства, по број на пљачкосувања, по број на се она што го опфаќа криминалот, Република Македонија е сеуште на рекордно ниво. На што се должи тоа, сигурно дека одговорот треба да го знае Владата, меѓутоа, јас би кажал само со една реченица, можеби е причина посвоениот конфликт, меѓутоа, причината е и друга, економската состојба во која се најде Република Македонија, за која што ќе зборувам подоцна, оваа Влада не превзеде ништо за подобрување во тој поглед и заради тоа и криминалот расте. Тоа е една од причините.

Колеги, ако не ве интересира мислам ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, продолжете Ве молам, дајте го образложението. Мислам дека тишината и мирот релативно е солиден.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ

Јас така претседателе не мислам. Очигледно имаме проблем со слухот, но тоа е тоа. Ќе продолжиме понатаму. Мислам дека не треба сега пратениците да се делиме на позиција и опозиција, добро е да се слушнат аргументите, ако можете да вратите, ако имате што да вратите.

Одиме понатаму. Да ја оставиме безбедноста на страна, одиме во рамките што значи безбедност. Случајот, како што велиме одисејата на семејствата на киднапираните и понатаму продолжува. Факт е дека тој случај не е решен, факт дека сеуште имаме раселени лица, факт е дека после ветувањето на Владата во два наврата онаа првата која ја избравме, и онаа втората која ја избравме, до ден денеска ние немаме расчистен случај по однос на раселените лица. Тоа стои, тоа сеуште е проблем и незнам како ќе се реши. За тоа расправавме, дискутиравме, не би сакал по детално да образложам.

Една можеби од клучните причини поради која што оваа Влада во никој случај, не би требала да го има кредибилитетот, е случајот со Законот за територијална реорганизација, поточна начинот на кој се донесе, начинот на кој се предложил и на крајот на краиштата начинот на кој се изгласа.

Јас би сакал тука да напоменам, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата дека во основа, благодарение на оваа Влада и нормално подржани од парламентарното мнозинство, се донесе еден закон кој во основа може да се дефинира само со една реченица, а тоа е лош закон. Зошто е лош, не заради аргументите кои ги слушавте од опозицијата, но заради аргументите кои после осамостојувањето на Македонија, значи на 7 ноември ќе следи и првиот референдум во Република Македонија од осамостојувањето, значи после она излагање дали сме за самостојна Македонија, и тоа благодарение на вас како Влада, благодарение на начинот кој што го предложивте и овде се усвои тој закон.

Да се иницираат 180 иљади потписи, значи дека нешто во тој закон не е во ред. Сега вие можете како Влада, како претставници на парламентарно мнозинство да кажете разни аргументи во својата одбрана дека некој ги изманипулирал граѓаните, дека некој ги разубедил или убедил меѓутоа, факт е дека 180 иљади потписи во иницијативаатас знаат

да кажат и кажуваат дека во тој закон нешто не е во ред. Јас само ќе набројам што е тоа што не е во ред, нема да го одземам времето бидејки ќе имаме елаборација сите пратеници. Клучната работа прва, е тоа што не ја почитувате вољата на граѓаните, тоа што не го почитувавте Рамковниот  договор, тоа што носењето на законот не беше транспарентен, тоа што Владата работеше на начин, седнале, двајца , тројца, меѓу кои и еден пратеник, а се кажува лидер и се договараат како да се делат општините, без да се вклучи јавноста на Република Македонија, без да се вклучи научното мислење. И заради тоа, почитувана Влада ви се случува иницијатива за референдум заради што сега оправдано страхувате дали ќе успеете или не. Толку по однос на територијалната распределба. Ќе зборуваме во текот на нашите дискусии кои што ќе ги имаме. Тоа е исто кога зборува за територијалната реорганизација, тука е и Законот за Градот Скопје да не го заборавиме, значи и тука се случува еден кикс, за да се дојде до Скопје да биде двојазично, што е спротивно на вољата на граѓаните и не се слушаше нивниот глас.

Следна причина поради која што бараме доверба на Владата, тоа е импровизацијата во одбележувањето на Илинден и главните историски настани на македонскиот народ што ги круница скандалозното портретирање во манастирот Прохор Пчински, новите изуми на СДСМ, тоа е АСНОМ во Пелинце и на сите ви е познато Струшките вечери на поезијата кои што оваа година за прв пат се одржаа во Скопје, наместо во Струга. Сега некој можеби ќе каже тука од претставниците на Владата, па што е битно каде се одржуваат, битно е да се одржат, и што не е така. Ако било тоа така немало насловот да биде Струшки вечери на поезијата, туку Скопски вечери на поезијата. Тука е прашањето зошто не се одржаа  и тука е одговорот н аона што претодно го кажав. Значи, Владата немаше храброст, тие Струшки вечери да ги одржи во Струга, таму каде што и е местото од причинит екои што ги зборував претходно и од тоа што граѓаните на Струга јасно кажаа како претставници на власта не се пожелни таму.  Тоа дека не се пожелни таму, имавме прилика да го видиме со посетата на еден министер, кој имаше обид да разговара со тамошното население, па едвај извади жива глава, што значи дека реакциите на граѓанит епо однос на она што го прави Владата се многу јасни. Дури се страхува дека ако вака продолжи оваа Влада д апредлага вакви закони и вакви решенија,

дека нормално состојбата во Република Македонија  може и да се редакализира, затоа што сонезадоволството на граѓаните не можат да си игаат бесконечно.

Одиме понатаму. Хаосот во здравството резултираше со недостатоци на лекови, нема граѓанин на кој што му е позната каква е состојбата со снабдувањето на лековите. Јас би им препорачал на сите граѓани најдобро да не ја знаат, да им даде Господ здравје и да немаат потреба да набавуваат лекови, затоа што состојбата во Република Македонија со лекови е катастрофална.

Потоа, да не заборавиме кога сме  кај здравството, да не ги заборавиме скандалозните набавки.

Ако една од програмските определби на оваа коалиција беше борбата против корупцијата, за која во еден период дури имавме и изјава од тогашен претседател на Собрание дека корупцијата во Македонија после доаѓањето на оваа власт повеќе ќе ја нема тогаш, се поставува јасно прашањето од каде се овие корупциски скандали или можеби пак тие добиле некое ново име. Ќе кажеме и кои се. Еве ќе наведам само неколку примери. Ние овде, поточно јас лично кога зборувам за скандали во здравството, поставивме пратеничко прашање што се случува со скандалозните набавки на и Институтот за кардиологија по однос на стентови итн, за што државме и прес конференција, за кое што до ден денеска ние не добивме одговор, иако претставниците на Владата ветија дека ќе достават информација што таму се случува. Да ве потсетам и на таа прес конференција и сега и во текот на пратеничкото прашање образложивме која е причината. Значи, таму се вршеше набавка спротивно од законот за јавни набавки, без тендер, со директно спогодување и по цени кои што се далеку од оние кои можеби поминале на тендер, значи повисоки, со тоа што фирмите кои влегле во здравството како добавувачи беа, поточно се блиски до тогашниот премеер, сегашниот претседател на Република Македонија, за што тој почувствувал да одговори дека имал 85 братучеди и не знаел кои се може да влезе. Значи, оправданието за 85 братучеди не држи, Владата можеше и тогаш, но може и сега да каже односно ако вети дека ќе достави информација, да ја достави

Значи, тоа е едниот сегмент од хаосот за кој зборуваме во здравдството, да не зборуваме за смртните случаи, недефинирани, спорни итн, за кои што имавме можност. (колеги, ќе ве молал, бидејќи претседателот молчи и јас ќе ве замолам не дофрлајте, имајте време, ќе одговорите на сите овие аргументи), потоа, несериозниот третман кон болните стана секојдневие во Република Македонија . И тука ќе се прашате зошто има повеќе одговори, едниот е затоа што ни е состојбата во здравството хаотична, а вториот е затоа што според вас корупција нема во Република Македонија, а јас ќе ви кажам дека има и ќе ви кажат и други.

Понатаму, следниот сегмент е образованието. Образованието е посебна прикаска, за него можат да се кажат две реченици, хаос и заостанување. Експерименти многу во образовнот процес. Видовме и сеуште гледаме и допрва ќе гледаме. Она што оваа Влада го сработи што се однесува до образованието е тоа што се трудеше и успеа во тоа што се трудеше да му удоволи на една етничка заедница да го оствари она што го немаше години, за што претходно немаше согласност итн. Тоа е случајот со Тетовксиот универзитет, тоа е случајот за задоволување на право на високо образование, за кое што и тогаш зборувавме и сега ќе кажеме дека немаше потреба кога постои Штулов универзитет, кога прашањето на високото образование беше решено и со закон и со се во Република Македонија и дури немаше обврска по Рамковниот договор. Тоа е внесување на одредени права, на одредени етнички заедници надвор од Рамковниот договор или на мала врата се што ќе му се посака. Тој проблем остана и тој проблем ќе остане. Каква е состојбата во основното образование, во средното образование, со ученичкиот стандард на сите ви е познато. Сега, и немам намера подетално да образложувам, веројатно во некоја од дискусиите ќе се каже и тоа.

Состојбата во земјоделството и аграрната политика во Република Македонија може да се дефинира само со еден збор, ниту земјоделството, ниту аграрна политика постои во Република Македонија. За жал, со доаѓањето на оваа власт, не би го именувал министерот, значи на оваа власт во целина во Република Македонија земјоделството како никогаш не било паднато на колена како сега. И тогаш и  сега ќе кажам едно исто, со земјоделството кое е носител, основна гранка во Република Македонија треба да се има

политика, а не само да се вети. Вие како коалиција имавте ветена политика и од нејзе ништо не остваривте. Она што Министерството за здравство односно Министерството за земјоделство олицетворено во министерот за земјоделство, сите овие две години се занимава е тоа како правно да ги процесуира сите проблеми во земјоделството, поточно дали некоја одредба во некој член согласно со Уставот или не е, дали тоа требаше вака или не, па да се размислува во одредени реони и тоа што е добро од општествен општ интерес да не биде добро од општ интерес. Тоа што е проблем со откуп на пченицата и не е проблем, затоа што и пченица треба, тоа што се случува со млеко, млечна криза и тоа не е потребно. Значи, се гледавме да го процесуираме односно да го најдеме како ресор земјоделството низ рамките на одредени одредби во законот да ли се во согласност со Уставот, дали се во согласност со Европска повелба итн, за целиот тој период земјоделството стагнира во Република Македонија. Ќе дадам само еден пример. Дури и тука Министерството нема јасни критериуми, нормално зборувам преку Владата, затоа што еднаш, конкретно еве кај Законот за тутун ни понуди решение во вид на Предлог за донесување на закон, за да после го донесе како Предлог на закон, за да после го повлече итн. Значи, јасни критериуми немаме. Меѓувреме, носиме Закон за стокови резерви, каде што тутунот го бришеме од таму каде што треба да му е местото односно во Бирото за стокови резерви. И, сега, тука ќе дојде време кога ќе треба министерот за земјоделство најверојатно да се изјасни дали стои на она што го предложил цврсто или сеуште некој ќе го расколебува. Во секој случај тоа зборува дека стратегија нема, дека работите се решаваат како во овој ресор, така и во другите ресори по пат на одредени договарања, а не на корист на земјоделците или граѓаните во Република Македонија.

Да не зборувам дека субвенции нема. Да не зборувам дека стратешка грижа не постои, да не зборувам дека земјоделците се препуштени сами на себе на милост и немилост, да не зборувам за зелената мафија, да не зборувам дека целиот нивни труд се зема за евтини пари итн, подобро ќе си кажете сами.

Министерството за животна средина како следен сегмент и просторно планирање, како и да не постои. И тогаш и сега поставивме прашање зошто воопшто и ни е потребно

тоа Министерство, можеби заради тоа што ги следиме европските текови, меѓутоа, во Македонија, за жал, тоа Министерство не постои, затоа што воопшто и не работи. Ниту има стратегија, ниту има некаква активност, ниту има некаков нов проект.

Случаите со рудниците, случаите со загадувањата во Саса итн, се нерешени до ден денес, ниту пак постои стратегија како да се реши. Да зборуваме и за странските инвестиции. Актуелната Влада на Република Македонија, поточно Република Македонија, за жал, е на последното место по странски инвестиции на Балканот. Странски инвестиции во Република Македонија речиси и да нема. Да ве потсетам сите почитувани колеги, кога го биравме првиот мандатор, кога тој ист мандатор стана премиер и потоа кога имаше свое експозе овде јавно пред сите вети дека 2004 година ќе биде година на интензивни странски инвестиции во Република Македонија. Дали знае некој од вас колку се тие странски инвестиции и дали граѓаните на Република Македонија ги почувствувале. Значи, стара пракса е да се вети, ама да не се исполни. Стара пракса е да се бараат со одредени цифри по 200 милиони долари, 200 милиони евра и не знам уште колку, а тие да ги чекаме секојдневно, но да ги нема, без актуелната Влада да се запраша поради кои причини странските инвестиции не доаѓаат и ако ги знае причините да се види каде лежи точно причината. Дали е таа во самата Влада, што фактички направила за да ги подобри условите во Република Македонија, за да можат да дојдат странски инвестиции. Нема да го прифатиме како опозиција образложението дека безбедносната состојба во Република Македонија го продуцира и странското инвестирање, затоа што тоа образложение го слушаме цело време и ако премиерот е свесен дека тоа е причина за намалени странски инвестиции, тогаш не треба да ветува дека оваа година ќе имаме 200 милиони евра странски инвестиции, сигурно дека таа причина ја знаеле и претходно.

Падот на индустриското производстство е посебна приказна за себе, мислам дека како ниедна година, оваа година секој месец индустриското производство бележи рекордни падови. На почитуваниот премиер не му се верува дека е така, па побрза и тој и неговите министри што побрзо да го најде проблемот за падот на производството во Заводот за статистика, па се појавуваа разни аршини, според Владата не е 40% падот на производството, туку 37,5%. Според Заводот за статистика тој надминал 40% и тој процес

траеше малку подолго додека Владата не се сети да го најде вистинското решение, а тоа е да го смени директорот на Заводот за статистика затоа што не дава точни информации.

Да ве потсетам, директорот на Заводот за статистика е сменет, пред месец или два премиере и повторно од Заводот  за статистика излегуваат податоци дека падот на индустриското производство и понатаму има. Значи, судбината и на овој директор не оди подалеку, а најверојатно или ќе мора да дава информација во јавноста дека индустриското производство во Република Македонија почнува да расте или ќе биде сменет и тој. Но, вистината е таа. Индустриското производство во Република Македонија паѓа. Дали е тоа, почитуван премиере, 40%, дали е 30%, дали е 37,5% или не, факт е дека тоа паѓа, а тоа се одразува на севкупниот живот во Република Македонија. Тоа се одразува на стандардот на граѓаните и тоа се одразува на она што значи животен стандард во Република Македонија. Бројките можат да варираат, но факт е дека состојбата во тој дел е трагикомична.

Одиме понатаму во делот на социјалната политика. Ќе опфатам само еден сегмент. Најгорливиот и најтешкиот проблем во Република Македонија е бројот на невработените во Република Македонија. Што оваа актуелна Влада за овој период од две години направи?

Само да ве потсетам почитувани колеги, да ја потсетам и целата македонска јавност дека коалицијата на СДСМ, ЛДП и ДУИ кога доаѓаше на власт во својата партиска програма, не знам да ДУИ, но за СДСМ знам сигурно кога доаѓаше на власт во својата партиска програма напиша дека оваа Влада ќе вработи по еден член од секое семејство. Тоа вака ќе го повторуваме за да ве потсетуваме. Што се случува на терен? Не само што оваа Влада не вработи по еден член од секое семејство, туку бројот на невработеноста рапидно расте. Денеска во Република Македонија бројката на невработени ја достигна рекордната од 400.000 граѓани, што е рекорд во секој поглед. Ако тоа за две години оваа влада не успеала да го направи, илузорно е да се надева човек дека на наредните две години нешто ќе се подобри во тој поглед затоа што, само да ве потсетам, актуелната Влада не го решава проблемот со вработување, не го решава со економски развој, туку преку законски решенија на некој начин ќе ги отпишува вработените според одредбите на

законите кои во ова Собрание ги донесовме, а кои потекнаа од Министерството за труд и социјална политика.

Значи, нема да стане збор за вработување, туку ќе стане збор за вештачко отпишување на оние кои се евидентираат.

Ако тоа не е доволен сигнал, едно од клучните ветувања на актуелната Влада, ако тоа не е доволен сигнал дали треба да се бара доверба од оваа Влада, тогаш не знам што е друго клучен момент?

Понатму, во актуелната Влада владее хаос. Во Владата има некоординирана владина политика, дека е тоа така, ќе ви наведам само еден пример, тоа е случајот со “Макпетрол”. На сите вас ви е познато, а и на македонската јавност дека Владата работи некоординирано е последната кавга, расправија, не знам сега во какви односи се премиерот и министерот за економија? Во една Влада два различни става, како тоа ќе биде разрешено, ќе видиме, можеби со реконструкција.

Обидот за трансформација на ЕСМ, овие денови ќе имаме шанса да го видиме, ќе кажам само две реченици, таа е експресна и нетранспарентна приватизација, јасно според моделот на владеењето на СДСМ.

Во однос на надворешната политика, можам да кажам само неколку збора, тоа е дека оваа актуелна Влада го загуби чекорот во процесот на интегрирање на Република Македонија и во НАТО и во ЕУ, за жал, како е тргнато не ја гледам перспективата каде ќе бидеме. Не е начин само да се поднесе барање, многу треба да се сработи за да дојдеме до таму.

Стратегијата за зачленувањето на Република Македонија доцни најмалку две години, а ќе доцни веројатно уште повеќе.

Да не зборувам за конфузијата и недефинираната позиција на Владата во меѓународната коалиција за борба против тероризмот која дезориентирано лавира између САД и ЕУ и така ја отежнува позицијата на Република Македонија во НАТО, а особено ги усложнува позициите на државата во процесот на зачленувањето во ЕУ.

Улогата на Република Македонија на Балканот и во поширокото соседство е маргинална. Владата нема активна позиција, ниту е во состојба да ги дефинира интересите на државата кај непосредните соседи.

Разговорите за разликата околу името со Република Грција, две години не мрдаат од место, тоа стои на товар на оваа Влада.

Тоа би било почитувани колеги отприлика образложението кое сакав вака уводно да го искажам.

Од сите овие причини кои ги искажав, кои ги напишавме, а сигурно има и други, да не им одземам право на другите пратеници да кажат, согласно член 92 став 3 од Уставот на Република Македонија и согласно членот 219 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, група пратеници кои претседателот ги прочита, тоа се 24 потпишани и останатите кои не се потпишани, предлагаат оваа Влада, со еден збор, да си оди, поточно на пратениците да и изгласаат недоверба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Благодарам.

Повелете г-дине Макрадули, процедурално.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе,

Бидејќи ова исцрпно излагање на г-динот Караџоски се разликува од штурото образложение што го имаме дадено, барам пауза од еден час и да ни се подели стенограмот од неговото обраќање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, се извинувам, пред да дадам пауза јас би ги замолил пратениците, а и министриве ако имаат реплика на излагањето, бидејќи реплика на излагањето признавам, реплика на стенограми не признавам.

Дали има некој реплики сега, за да забележиме.

Повелете г-дине Замир Дика, што е проблемот.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседателе,

По се изгледа дека оваа Влада со трикови се наоѓа на власт, со трикови владее и со трикови ќе заврши. Од самиот почеток, дозволете ми да ви кажам . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Предлагам еден час пауза за да се симне стенограмот.

(Седницата прекина во 10,45 часот).

(по паузата седницата продолжи со работа во 12,01 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници пред да почнеме со работа имам две информации.

Прво, добив согласност од г-динот Макрадули, кој ги побара стенографските белешки од излагањето на г-динот Караџоски, да ја почеме седницата, бидејќи стенографските белешки за 15 минути ќе се поделат.

Втора информација, бидејќи го има списокот на сите пријавени дискутанти, предлагам списокот што го имаме да се избрише и да се користи за реплики. На тој начин, не мора да се јавувате за реплики со дигање на рака, туку со пријавување. Списокот е тука, ако некој во меѓувреме се пријави за говор, јас ќе го додадам на списокот. Инаку, има 71 пратеник пријавен за дискусија. Ако се некој откаже од дискусија, ќе каже дека се откажал, или ако не е тука, значи се откажал.

Повелете г-дине Замир Дика имате процедурално.

ЗАМИР ДИКА:

Добро г-дине претседател,

Едноставно, како координатор на Парламентарната група сакам да потсетам и за граѓаните бидејќи не знаат што се случува овде, внатре во салата, листата што ја имате вие, значи има 57 дискутанти. 37 Дискутанти се од позицијата.

Ние денес на дневен ред имаме иницијатива на 24 пратеници кои решиле да изгласаат недоверба на Владата и во овој парламент да ги соочиме аргументите со Владата. Владата е партнер со кој треба да ги соочиме ние аргументите. Доколку аргументите од Владата не постојат и доколку таа не е способна да одговори на аргументите на тие што имаат таква иницијатива и сакаат да го искористат трикот, на опозицијата да и го узурпираат местото, да говорат, мислам дека тоа не е коректно,

биејќи вечер во 12,00 часот треба да заврши дебатата во овој Парламент. Затоа, претседателе, вие како претседател на овој Парламент треба да дадете пауза и да ги повикате координаторите на Парламентарните партии, со една единствена цел да се постигне ефектот на денешната седница. Значи дневниот ред да се измени така што да има 2 дискутанти од ВМРО, од ДПА, еден од Либералите, двајца од СДСМ, еден од ДУИ и сите да можат, во тоа време да ги кажеме нашите аргументи, да ги соочиме нашите аргументи и да ја почитуваме институацијата на Парламентот.

Втор предлог, за вас важи г-дине претседателе, доколку тоа не го прифати мнозинството, тогаш, доколку постои можност, пратениците на ДПА да се заменат со ВМРО, за да имаат можност и нашите пратеници да кажат нешто. Значи, замолувам ако постои една таква можност, да ми се одговори на ова мое барање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Дика.

Ние работиме по Деловникот и на никој не му е ускратено правото да се пријави за дискусија, а оваа ваша идеја можеби ќе ја вградам во новиот деловник, во врска со доверба на Владата.

Продолжуваме со работа.

(Реакција од пратеникот Замир Дика)

Г-дине Дика јас одговорив на вашето прашање. Деловнички тоа не е возможно.

Повелете г-дине Дика имате процедурално.

ЗАМИР ДИКА:

г-дине претседателе, поради тоа што на флагрантен начин се узурпира просторот на пратениците на опозицијата односно на ДПА, да ги кажат своите аргументи во однос на работата на Владата, по се изгледа дека овој случај е смрт на демократијата и поради тоа ние сега ќе ја напуштиме седницата.

(Пратениците на Пратеничката група на ДПА ја напуштаат салата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи пред паузата г-динот Шапуриќ беше единствен кој се пријави за реплика на излагањето на г-динот Караџоски, сега ќе му дадам збор.

Повелете г-дине Шапуриќ имате три минмути реплика.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитувани дами и господа, во овие три минути е се обидам накусо да реплицирам на дел од дискусијата на колегата Караџоски и особено во делот кој ја обвинува Владата за нереформскиот курс. Јас сакам да му у кажам, особено во делот на реформите што Владата ги презема во рамките на правусудниот систем и тоа особено во последните 6 месеци.

Овој процес што го отпочна Владата на Република Македонија, навитина е мошне интензивен и ЛДП го поддржува овој процес. ЛДП за ова се залагаше веќе подолго време и подолго време нашата партија организираше тркалезни маси, трибини и средби каде го иницираше овој проблем односно потребата за детални и темелни реформи во правосудниот сиситем. Оттаму пратеничката група на ЛДП ја поттикнува Владата уште порадикално, уште поефектно и поефикасно да се зафати со овие реформи, во смисла на промена на изборот на судиите, како и другите промени на функциите во правусидниот систем. Понатаму, во смисла на донесување на нови закони во сверата на постапките.

Знаеме дека во завршна фаза пред Собранието се наоаат измените на Законот за кривичната постапка, потоа Законот кој ја регулира извршната постапка, веќе е во првата фаза, Законот за управната постапка, се најавува и Законот за парнична постапка, така што во овој дел, во делот на реформите во судството, навистина, Владата интензивно работи. Исто така овој дел односно реформите во судството се еден од круцијалните услови за побрза интеграција на Република Македонија кон ЕУ и НАТО и приближувањето на нашето законодавство кон законодавството на ЕУ. Оттаму, и во второиот дел би му реплицирал дека Владата, имајќи го предвид само овој сегмент, навистина интензивно работи на совладување на еден долг и тежок пат, а тоа е приближување на Република Македонија кон ЕУ и НАТО. Така што во овој поглед, навистина, неговите дискусии не држат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Караџоски имате една минута контра реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине Шапуриќ, мене ми е жал што до овој момент не ни се поделен стенографските белешки затоа што јас зборував. Очигледно не сте ме слушале, или ако сте ме слушале ништо не сте ме разбрале. За ова што зборувате вие јас ниту со една реченица не спомнав, значи за судството, судските реформи. Во рок од три минути вие најдовте да реплицирате на тоа што јас не го спомнав, а за тоа што го спомнав дури ни со еден збор не го демантирафте. Ако веќе знаете што значи реплика, реплика значи да се спротивставите на ставовите што јас сум ги кажал. Значи ниту со една реченица не спомнав за реформи во судството, а спомнав многу други работи за кои вие воопшто не оценивте дали се во ред, што значи, очигледно се согласувате со мене.

(Реакции од страна на г-динот Шапуриќ)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам г-дине Шапуриќ, тоа надвор можете да се договорите.

Има збор г-динот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Г-дине Јордановски, почитувани пратеници,

Мене ми се допаѓа дискусијата меѓу г-динот Караџоски и г-динот Шапуриќ во поглед на огромните реформски зафати во правосудството во Република Македонија . Можеби и во Собранито ќе расправаме дали има вистина во наводите искажани на еден од членовите од Комисијата за антикорупција дека наводно претседателот на Републичкиот судски совет му се заканувал рано изутрина, незнам, со тоа што ќе му се случело доколку и понатаму се интересирал за листите за поседување или непоседување на одреден имот, или што се е содржано во Законот и која е една од примарните обврски на Комисијата за антикорупција. Доколку тој наод се покаже, да претпоставиме, како вистинит, тоа е добар почеток, за реформите во правосудството, кога претседател на РСС може така да се однесува кон жленовите на оваа Комисија, која впрочем беше избрана, или иксклучиво беше избрана по предлог на парламентарното мнозинство во Собранието. Но, за тоа ќе оставиме подоцна да дискутираат овие двaца колеги.

Ние денес на дневен ред имаме конкретна тема која како и многу пати досега не исправува пред една дилема, дали можеме да зборуваме од една страна за Влада на г-динот Хари Костов, или г-динот Хари Костов сенаоѓа на чело на неколку Влади, значи над една Влада тој навистина можби има некаква реална контрола, но за останатие две, претпоставувам, влади, г-динот Хари Костов, има само некаква номинална, и да речам има само статутарна улога во тоа како тие ги вршат самите интеренции. Тоа дотолку повеќе затоа што сме зборува.е и друг пат во Собранието, не можам а да не потсетам дека еден член на кабинетот на г-динот Костов, барем тој се појави пред Собранието и тврдеше дека тој го предлага составот на Кабинетот, јавно изјави дека тој не му одговара на тн., претседател на Владата на Република Македонија, г-динот Косов, според излагањата на самиот министер за транспорт и врски, туку дека тој одговара пред некои други лица, кои, да потсетам, еднiот воопшто не е член на Владата на Република Македонија, туку има статус, покрај другите статуси и состојби за кои постојат состојби и статусот дека тој е член на Парламентот на Република Македонија. Оттука е многу тешко да сватиме дали воопшто Владата на Република Македонија, без оглед колку се труди да остави впечаток во јавноста дека функционира како целина, сепак таа, за жал, не функционира како целина, настрана фактот дека  таа е коалициона Влада, туку дека Владата, всушност, функционира во рамките на одредени интересни сфери. На пример, се појавија некои наводи дека во Министерството за култура, државниот секретар воопшто не комуницира со сопствените колеги и со службениците во Министертвото за култура, затоа што тој со нив се обидува да комуницира, или на албански јазик, или на англиски јазик, нешто што за повеќето, претпоставувам во Министерството за култуа, значи за делот од државната администрација, која и воопшто, можеби, не ја засегаат партиските или било какви промени на врвот на Министерството во која работат. Според тие наводи кои беа искажани, дури и самиот министер за култура изјавил дека тој се обидел да зобрува со државниот секретар во сопственото министерство, но еве, не успеале да најдат заеднички јазик, што од претходно одржаното и не е чудно. Такви докази, наводи, проверени или не проверени, има многу во минатиот период. Можеби тие не секојпат не биле предмет на расправа.

Да се потсетиме, ние подолг период на Собранието немавме сендица на чиј дневен ред ќе беше институцијата пратенички прашања. Поради тоа оваа точка, доверба на Владата, сакале или не, сепак во себе ќе содржи и многу од тоа што пратениците се обидувале, барем пратениците од опозицијата, да го постават до Владата на Република Македонија. И онаа основна замерка која доаѓа и од пратеници кои се приврзаници на Парламентарното мнозинство дека Министрите на самите седници на Комисиите, кои треба да ги подготват Предлог законите, пред да се најдат пред пратениците на пленарна седница, испраќаат несоодветни претставници од нивните министерства, значи испраќаат државни службеници кои апсолутно не можат и така и треба да биде, не можат да решаваат за политичката димензија, или да навлегуваат во политичката димензија на предложените точки, или предложените закони на сооветните комиси.

Значи, оваа Влада во своето излагање тврдеше дека освен тоа што се променува првиот човек на Владата, значи претседателот на Владата, практично, се промени, ќе претставува континуитет на Владата со претходниот претседател на Владата, затоа што според тврдењата на самиот мандатор, своевремено, таа Влада покажала успеси, и поаѓајќи од максимата дека тимот што победува, не се менува, мандаторот се согласи и продолжи да работи со претходниот кабинет. Основната намера беше дека реформите во Република Македонија кои на големо се започнати во сите сфери на општественото, државното и било какво институционално уредување и прилагодување на македонската реалност, во поглед на приближување на законодавството и обврските кои Република Македонија ги има преземено во процесите на интеграција со соодветни меѓународни институции, без оглед дали станува зб ор за тоа дека се тие од воено политички, политички, или економски карактер, се тврдеше дека се движат вонагорна линија, затоа што Македонија во одреден период, претпоставувам, мислејќи на Владата до 2002 година, се наоѓала под некаква меѓународна изолација.

И тогаш, и сега ќе го потсетиме актуелниот претседател на Владата на Република Македонија дека, од негова гледна точка Република Македонија се наоѓаше во меѓународна изолација, Република Македонија го потпиша прво Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ, и Република Македонија го потпиша Договорот за

членство во СТО. Ако сакаме да бидеме барем малку објективни, ќе мораме да признаеме дека за една Влада која била меѓународно изолирана, тоа и не е малку завршена работа.

Вие години претседател на Владата на Република Македонија, сега сте меѓународно, претпоставувам, не изолиран и останува да видиме што оваа Влада ќе напрви на полето на зацврстување и конечно зачленување во одредени меѓународни институции, затоа што имавме едно непријатно искуство до 1998 година, Владата за која се тврди овде во Собранеито, понекогаш од приврзаниците на Парламентарното мнозинство, која до 1998 година не беше меѓународно изолирана. 1998 година Република Македонија се наоѓаше во Агендата 2000, таа беше таму присутна со своето непостоење. Ангендата беше документот кој ги претпоставуваше идните, сега веќе реални граници на ЕУ. Значи дека една меѓународно изолирана Влада, навистина со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и влезот во СТО. Ако појдовна точка на Република Македонија во надворешната политика во тоа време беше Агенда 2000, сепак тоа е голем успех за Република Македонија, бидејќи се обидувате да компарирате многу нешта кои биле на релација 1998 - 2002 година, пред тоа заборавајќи да се компарираат одредени правци и појдовната точка и меѓународната позиција на Република Македонија до 1998 година. Значи, што се однесува до таканаречените реформи во Република Македонија, реформите во Република Македонија ги забележуваме на секој чекор.

Владата на Република Македонија се покажува како поттикнјувач и понекогаш во голема мера како менаџер на одредени кризни состојби во Република Македонија, без оглед дали станува збор за негативни појави од социјален карактер, за какви сме сведоци секојдневно, најчето сме сведоци дека луѓето доаѓаат да се обидат своите права да ги остварат, демонстрирајќи пред зградата на Собранието на Република Македонија или пред Владата на Република Македонија или пред некои соодветни министерства и државни институции, а сега благодарение на вработените во Треска, тие почнаа да демонстрираат пред Комерцијална банка, што е, можеби едно од најсоодветните места за остварување на тие права.

Затоа што бевме сведоци дека претседателот на Владата на Република Македонија имаше средба со штрајкувачкиот одбор на вработените од “Треска”.

Тука некаде во истите денови пред Собранието на Република Македонија што се однесува во поглед на предизвикувањето, или генерира њето на социјални тензии и нестабилност во Република Македонија, не можеме а да не ги спомнеме вработените во “Сувенир” Самоков и обидот на вработените во “Сувенир” Самоков да добијат одговор од Владата покрај оној стандарден договор дека Владата нема намера да се занимава со “Сувенир”, туку дека Владата на Република Македонија порано, или подоцна ќе подготви ефикасен и правичен социјален пакет и дека фабриката ќе биде ликвидирана. Ние сме сведоци само од медиумите немаме сега засега добиено некои посериозни информации, се надеваме дека во иднина како пратеници и членови на одредени работни тела и комисии ќе дознаеме нешто повеќе и конечно дали се вистинити, или не се вистинити наводите дека на пример Министерството за одбрана набавува автоматски пушки од соседна Србија произведени во “Застава” Крагујевац, дека тие автоматски пушки наводно биле произведени само во две серии кои имаат некаков статус на експериментални автоматски пушки. Но еве ние се обидуваме да им помогнеме претпоставувам во рамките на меѓурегионалната соработка што е често спомнуван услов како соработка во регионот и во непосредното соседство да се доближиме во интеграција на меѓународните организации кон кои Република Македонија се стреми. Би било добро таквата ревност во регионалната соработка Владата на Република Македонија да покаже и на внатрешен план и да не нагаѓаме само од печатот, или од електронските медиуми дали тие пушки навистина се со експериментален карактер, дали поголемиот дел од она што за што и Министерството за одбрана и Генералштабот постојано укажуваат, или барем одредени кругови од овие две институции дека Министерството за одбрана на Република Македонија воглавно соработува со “Миле Драги” некакво претпријатие, или компанија од соседна Србија, барем од таа енергија која Владата во целина ја вложува во регионалата соработка да се преточи барем 50% од истата таа енергија и на внатрешен план па да видиме Владата на Република Македонија да соработува со таков жар и со таков елан и конечно и со македонските компании и со македонските претпријатија. Особено затоа што

во Република Македонија "Сувенир" Самоков е единствен од таков вид таков капацитет фабрика во земјава. И јас уште еднаш сакам да истакнам дека и фабриката за шински возила "Колска" од Велес е единствен таков капацитет во Република Македонија, па ние пак се запознаваме воглавно преку печатот дека Јавното претпријатие "Македонски железници" сепак решава да соработува со Зрењанин, со некаква слична фабрика, или со други фабрики, но не со фабриката за шински возила Велес. Дури се обидов еднаш со заменик министерот за транспорт и врски на едно едноставно прашање да добијам едноставен одговор, дали тоа претпријатие и тие врабтени се дел од системот од Јавното претпријатие "Македонски железници", или не. За жал господинот заменик министер за транспот и врски имаше едно излагање од 20-тина минути каде што ми се чини не пропушти да спомне некаква институција од светски ранг и спомна Светска банка, Обединети Нации, програми на Обединети Нации, ММФ, банки за обнова и развој во Европа и во светот, човекот беше навистина искрен па воглавно со тие банки за обнова и развој се задржа барем на Европскиот континент, можеше да зборува и за некакви трансатлантски релации на "Македонски железжници" и нивниот обид за трансформации. Но битно е што ниту јас, ниту гласачите кои го поставиле тоа прашање до своите пратеници без оглед од која политичка партија доаѓаат, не го добија едноставниот одговор кој тие очекуваа дека ќе биде: да, вие сте дел од системот "Македонски железници", не, вие не сте дел од вработените во "Македонски железници".

Овие денови исто така во Собранието на Република Македонија Владата најверојатно во поглед на своите реформски зафати се обидува да протури законски измени на Законот за државни службеници со кои приадници на етничките малцински заедници во Република Македонија во иднина во државната администрација, значи како државни службеници тие ќе можат, би можеле евентуално доколку тоа помине во комисиите и конечно доколку Собранието даде согласност, припадниците на малцинските етнички заедници во Република Македонија во државната администрација да можат да влегуваат, односно да се вработуваат без распишување на конкурс. Мислам дека на прв поглед како што велам ова е навистина изненадувачки, но можеби и треба да поддржиме и ние како опозиција такви измени во Законот за државни службеници, затоа што конечно

на државната администрација и на Министерството за финансии ќе им донесеме заштита, затоа што не оти досега ако се распишуваа конкурсите, тие и навистина беа конкурси. Јас спомнав неколку примери, такви можеме да ги спомнеме во секој град, во секоја подрачна единица, практично на секое министерство во Владата на Република Македонија дека или се примаат без конкурс, или се примаат со договор на дело. Кружат одредени бројки. Ние ќе се занимаваме и во текот на денот но и конкретно во понатамошната работа на Собранието со ова прашање како се растеретува јавната администрација во Република Македонија и истовремено се прават договори на дело, или воопшто не се почитува школската подготвеност, иако во конкурсот кој е распишан од надлежната инситуција, или од Министерството се бараат точно пропишани квалификации и способности на оние што би сакале да бидат земени во предвид. Конечно ова не треба да не изненади, бидејќи влегува во севкупните процеси на приближување на Република Македонија кон ЕУ. Да се потсетиме дека Владата на Република Македонија своевремено за среќа тогаш ЕУ имаше дирекно влијание и увид во она што се подготвува во конкурсот да се примат 600 припадници на етничките малцински заедници во државната администрација. Владата секако и беше оставена како независен орган се обиде тоа да го направи на начин како што го направи, но за среќа велам институциите на ЕУ имаа увид во сиот тој процес и тие за жал, или за среќа, зависи од која гледна точка го гледаме тоа, побараа од Владата да го поништи конкурост како нетранспарентен и како конкурс преку кој Владата требаше да покаже нешто друго, а не да покаже дека се обидува максимално да ги узурпира и да ги партизира државните институции без оглед на кое ниво. Значи тој конкурс не помина. Но, поминуваат на пример други конкурси и ние воглавно се запознаваме преку печатот. Па така сме прочитале дека и покрај тоа што ги поминал сите севозможни обуки во Полициската академија, сите се возможни курсеви организирани од ОБСЕ. Ние видовме дека еден вработен во сообраќајното одделение при МВР напишал казна во износ од 1 денар. Па потоа почна Министерството за внатрешни работи да ги гони, една операција која беше правена во рамките на нивната внатрешна контрола за оние кои ја злоупотребуваат позицијата, значи сообраќајни полицајци. Но, мене оваа информација ми остави вечаток

затоа што не знаев каде во систематизацијата во Министерството за внатрешни работи припадниците на МВР кои се неписмени, значи не знаат да пишуваат и да читаат на ниту еден јазик кој во моментов во светот се пишува и се зборува, а најмалку знаат да речеме на македонски, па пропишале казна од 1 денар. Значи, ова е сосема во духот и намерата на Владата на Република Македонија да претстави дека таа се обидува во секоја сфера на функционирањето на државните институции да се снабди себеси со професионални капацитети кои максимално одговорно ќе ја извршуваат задачата на која се поставени.

Во обраќањето на тогаш мандатарот на Владата на Република Македонија во поглед на социјалните и економските теми во Република Македонија, осврнувајќи се на претходниот период кога претседател на Владата на Република Македонија беше актуелниот претседател на Република Македонија има една изјава, таа постои во стенографските белешки, дека очекувањата од Владата чија народна волја од 15 септември требаше да биде олицетворена под максимата “конечно се ослободивме” вели дека некои лесно кажани ветувања можеби дадоа премногу неоправдана надеж. Мене сега не ми е јасно, затоа што во рамките на континуитетот на кој се инсистира при постоењето на оваа Влада согласно изборните резултати од 15 септември 2002 година, тие некои лесно искажани ветувања се базираат врз една конкретна социјална економска програма подготвувана од ниту помалку, ниту повеќе од 300 експерти од оваа област. Значи, тие требаше да бидат таа моторна сила и кога тогашната коалиција се претставуваше пред граѓаните и конечно кога се формираа органите на извршната власт. Од овие 300 експерти особено во поглед на економските теми актуелниот претседател на Владата на Република Македонија со едноставна реченица дека тие се резултат на некои лесно кажани ветувања. Да потсетиме дека 2004 година според кажувањата на претседателот на Република Македонија е година на еконоски бум во Република Македонија и тоа е навистина дека е година на економски бум. И она малку што работеше во Република Македонија не работи, да не зборувам за производствените капацитети. Владата и институциите кои се под нејзина капа воглавно се расправаат со Заводот за статистика, во Службен весник читаме дека животните трошоци се помали, а следниот ден ќе слушнеме изјава дека има поскапување на струјата, водата, транспорт,

гориво, но сепак животните трошоци во Службен весник се тврди дека се пониски овој месец во споредба со минатиот месец.

Поттикнувањето на странските инвестиции во 2004 година мислам не можа, а да не спомнам еден многу интересен, барем за мене интересен случај. Севозможни инспекции, пазарни, санитарни, финансови, трудови, се собраа и отидоа на 50 км. од Велес, па дури и во село Орешје да бараат фискална каса во единствената продавница која постои во селото, додека среде град, среде Велес тие пазарни инспектори не знам што треба, да ги фатиме за рака и да ги однесеме да видат каква е ситуацијата во центарот на градот. Мислам дека ова со Орешје им служи на чест на ревноста на овие инспектори кои не сум сигурен на која карта го барале Орешје, затоа што беа од повеќе градови. Но, сепак, тие ја завршија својата должност и во оние документи кои ги испраќаат пред своите претпоставени, тие наведуваат квантитет дека ете успеавме, ја спречивме злоупотребата на еден од малостопанствениците кој се обидува да ја измами сопствената држава, затоа што од големиот приход кој го прави, бидејќи таму пазарат 20 луѓе од Орешје и никој веќе од Папрадиште, бидејќи се иселија, и успеавме да воведеме ред и тоа е добро затоа што господинот Поповски министерот за финансии ќе биде задоволен, значи дополнителен прилив во Буџетот на Република Македонија.

Исто така, начинот на кој функционира да речеме Министерството за образование и тоа ни дава дополнителни аргументи да тврдиме дека Владата на Република Македонија не функционира во еднина без оглед што така се нарекува. Ние практично и овде во Собранието секогаш кога имало покомплицирани, покомплексни точки на дневен ред кои доаѓале токму од Министерството за образование, или во оние неколку, во последните неколку седници на кои на дневен ред биле пратеничките прашања сме можеле да се увериме дека Министерството за образование функционира на два начина. Едно зборува министерот за образование, а сосема друго зборува замeникот министер за образование. Впрочем и тоа не треба да не изненадува, затоа што ова Министерство и генерално земено Владата после изборната победа во 2002 година прво што почна да решава беа токму проблемите во рамките на Министерството за образование и прво нешто што реши беше проблемот со училиштето во Шемшево. Тој проблем е решен така

како што е решен и тоа е решен проблем од гледна точка и на Владата на Република Македонија и на Министерството за образование. Владата на Република Македонија во последно време покажува дека всушност станува збор за најмалку две-три институции и во поглед на конфликтот кој се појави на релација претседател на Владата на Република Македонија, министер за економија. Тие теми колку и да се интересни и колку заслужуваат да бидат предмет на расправа во Собранието на Република Македонија прво што на повеќето им паѓа на памет, дали претседателот на Владата на Република Македонија се обидува од Буџетот на Република Македонија да наплати маркетиншки услуги, или финансиски услуги кои се правени, не знам, во времето пред тој да биде министер за образование, или пак министерот за економија се обидува да заштити нешто што по негово тврдење е сопственост на Република Македонија. И додека ние се расправавме и размислуваме кој се обидува и какви деловни интереси да заштити во рамките на ова прашање кое е наметнато во работата на Владта на Република Македонија, се појавува една изјава од Антикорупциската комисија која пак тврди дека проблемите се создадени уште во 1993 година. Да ве потсетам тоа е периодот кога сега веќе мислам дека не е во оние 300 експерти по економија, но тогаш мислам дека беше министер за економија и воглавно начинот на кој се водеше севкупната приватизација, тогаш имаше бројка на невработени околу 200 илјади во Република Македонија. Значи во периодот 1993-1994 година некаде непосредно пред тогашните парламентарни избори кон крајот на 1993 година беа 180, 190 илјади невработени, веќе следната година прогресивно тие беа зголемени впрочем како што и актуелната Влада на Република Македонија го прави тоа и сега. Нетранспарентноста е една од основните причини на генерирање проблеми и кризни ситуации во Република Македонија. Последниот е начинот на кој Владата како институција, коалиционите партнери кои ја сочинуваат, или ги сочинуваат тие влади на чие чело стои гордо актуелниот претседател на Владата на Република Македонија е Зконот за територијална поделба.

Реакциите кои се појавија од начинот кој сиот тој проект во неговата подготовка пред да дојде на расправа во Собранието на Република Македонија предизвика во прво време, на почетокот недоразбирање кое потоа растеше во одбивање и кулминираше со

завршувањето на акцијата за собирање на 150.000 потписи и она кое што Собранието беше должно така да постапи го направи, го распиша за 7 ноември. Тие кои го предизвикаа тој проблем, коалиционите партнери во Владата на Република Македонија тие и понатаму не ја сваѓаат пораката и продолжуваат да го услпожнуваат проблемот со односот и постојано плашејќи ги граѓаните на Република Македонија дека ќе сме се одалечеле од патот кој сме го зацртале од зацврстување, приближување, уште недостасува да почнеме да мериме колку метри или километри тоа ќе биде одалечено. Апсолутно, максимално потценувачки однос пред се кон јавното мислење во Република Македонија, јавното мислење во смисла на креирање на прашања и ставови кои се од интерес на граѓаните на Република Македонија. Бевме сведоци дека на највисоко политичко и државно ниво еден ден слушаме изјава која нуди црни перспективи после два три дена се појавува исто така носител на функција кој се обидува да ги преферира претходно кажаните ставови, значи максимално дека на Република Македонија ќе и се случи нешто крајно лошо, па по два три дена се појавува исто така носител на јавна функција кој повторно не потсетува колку тоа ќе биде страшно и опасно.

Значи во сите тие настапи ниту еден од носителие на јавните фунции, пред се како членови на Владата на Република Македонија не се обиде барем за момент да звучи онака како што звучеше изјавата на американскиот Стејтдепратмент по однос на референдумот во Република Македонија. Токму на Владата е да ги создаде максималните услови за да референдумот помине онака како што треба да помине и како што е пропишано во македонските закони и дека Владата истата преданост ја чува, ја негува и ќе ја докаже во рамките на законит кои се однесуваат на децентрализацијата. Тоа на Владата на Република Македонија и на членовите на кабинетот воопшто не им падна напамет, туку тие се обидуваат со едностран однос, со максимална преданост да внесат дополнителни нејаснотии или да се обидат да ја усложнат ситуацијата во Република Македонија притоа заборавајќи дека тие се институции, носители на јавни финкции и дека тие се одговорни сето тоа да го направат согласно законите и согласно етиката, би ги потсетил членовите на Кабинетот на г-динот Костов од етички причини како носители на јавни функци сте обврзани тоа да го направите.

За жал како што целиот тој процес во поглед на законот за територијална организација и понатамошните точки во поглед на пакетот закони за децентрализација се имаше еднostран, максимално нетранспарентен обид Владата на Република Македонија го предизвика јавното мислење на револт и тоа беше причината да се соберат минимум тие 150,000 потписи. Барем да заврши на тоа, Владата да престане особено од највисоки политички функции без оглед дали станува збор за претставници на партии кои ја сочинуваат таа коалиција, или за активни носители на јавни функции, да престане со такво сценарио, затоа што во крајна линија е непријатно за угледот на Република Македонија странски институции, институции на туѓа држава да ни кажуваат како нашите институции треба да изградат однос. Во случај да ве потсетам тоа беше завчерашното соопштение како одговор на едно прашање на Стејтдепартментот.

Обидите и на домашен план со посредници на меѓународни организации да се користи како дополнителен аргумент дека Република Македонија се одалечува, се приближува, се исклучува од процесите на интеграција во меѓународните организации, конкретно во ЕУ и Нато алиансата се апсолутно погрешни и го кажува она што се тврди, она што сме сведоци дека за угледот на земјата не е добро кога министер, без оглед од која партија доаѓа, или претставник на било каква политичка опција е во актуелниот момент воопшто за земјата, да не зборувам за самиот функционер, носител на јавна функција не изгледа добро кога се обидува да ги озборува несопствените граѓани, туку се обидува да зборува против една од темелните права на граѓаните кое е преточено и во Уставот на Република Македонија, иако едно од  темелните права кое секојдневно се користи во рамките на земјите членки на ЕУ.

Значи обидот треба да направите почитувани министри разлика помеѓу тоа дека не се согласувате со одредена иницијатива и да направите разлика дека вие не се согласувате со таа иницијатива, но со сите сили, како ваши човечки така и законските кои ви стојат на располагање ќе се борите да го браните правото дека некој во земјата се дрзнал да има мислење поинакво од вашето.

Обидот во поглед на референдумот кој првовремено беше кажуван дека е еднонационален, потоа дека е исконструиран од оваа опозициона партија или од онаа

псевдоопозициона партија дека тој би значел крај или почеток на некои несакани нешта апсолутно никој не ви дал право во она што се кажува дека сте носители на јавни функции и членови на владиниот кабинет и тоа дека можете да зборувате и кога не треба во името на граѓаните онака како што тие во моментот се изјасниле дека не мислат. Значи, тие преку една граѓанска иницијатива го кажаа своето мислење во поглед на законот за територијална организација и тоа мислење носителите на јавни фунции, државните институции се должни да го почитуваат не навлегуваќи колкј тие се согласуваат со тоа или не се согласуваат. Во крајна линија, ако сакате прашање е и на домашно воспитување да не се зборува на начин како досега се зборуваше за еден став изразен преку конкретна иницијатива и што е уште пострашно Собранието на Република Македонија како законодавен дом тоа прашање го апсолвира. Имаше седница, на таа седница ми се допаѓало мене или не, ви се допаѓало вам или не изгласано беше на 7 ноември во Република Македонија да има референдум.

(реакција на претседателот на Собранието од место)

Точно не беше гласано за датумот, датумот вие го кажавте. Можеби јас несакајќи за малку ќе ве амнестирав, но вие правовремено реагиравте. Тошно така, не беше гласано.

(дофтлување од место на пратениците од СДСМ, поточно Јани Макрадули)

Завршивте

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас влегов затоа што немам намера реплики да давам, не беше гласано , туку Парламентот констатираше дека се исполнети услови и се распиша референдум.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи, во една таква ситуација во Република Македонија, во годината која требаше да претставува економско заживување на земјата, за чие економско незаживување овде неколку пати беше кажано дека е виновна во крајна линија опозицијата, а не Владата и институциите кои се задолжени за тоа, Владата се дрзна да ги проблематизира нештата до таа граница да генерира политичка, или се обидува да генерира политичка криза притоа велејќи дека токму таа политичка криза ја оневозможи да ги направи сите оние

потребни зафати во поглед на економско социјалните прашања и да обезбеди благосостојба на сопствените граѓани.

Обврската да обезбеди благосостојба на сопствените граѓани е примарна обврска на секоја демократски избрана Влада. Обврската да обезбеди благосостојба, сигурност, безбедност, почитување на основните човекови права, почитување на демократските права, почитување на приватната сопственост, почитување на правната држава е обврска на секоја Влада. Но, изјавите од типот кои доаѓаат пред се од некои министри или носители на јавни функции кои се дел од државните институции дека борејќи се за тоа нешто и тврдејќи дека Владата ќе ги почитува законите кажува дека во Владата постоела дилема дали законите ќе се почитуваат или нема да се почитуваат. Законите се обврска. Не зависат од желбата на актуелниот политички момент, актуелните носители на таа позиција. Значи, институциите се должни односно се обврзани да ги почитуваат законите. Тие немаат избор доколку не сакаат да си имаат работа со онаква ревност каква што понекогаш покажува Министерството за внатрешни работи или кога Владата коментира или се обидува да влијае на судски процеси или на судски расправа.

Значи 2004 година, освен трговскиот центар, контролата во сивата економија спомнав веќе дека долгата рака на законот се протегна дури до Орешје, но ги прерипува воглавно градските средини, но и кога се занимава со градските средини воглавно е селективна покажува дека во Република Македонија инвестиции не само однадвор, инвестиции одвнатре се практично невозможни. Ако претседателот на Владата на Република Македонија си дозволува без практично никакво елементарно чувство да полемизира на начин како што имавме прилика да видиме на малите екрани, како што полемизираше со претставниците на Синдикалната организација во Треска а пред тоа сме имале уште неколку такви настапи од страна на претседателот на Владата и во друга улога кога се обидувал да се претстави како еден човек  цело шоу, не дава сигурност дека ние ќе успееме да се наметнеме себеси како земја која е потенцијал или располага со потенцијал за инвестиции особено во поглед на инвестиции кои би значеле отворање на нови работни места, но не нови работни места како портири, вратари, чувари на

гаражи во трговски центри или продавачи, туку би отворале реални работни места во производството.

Во крајна линија доколку Република Македонија има имиџ дека во оваа земја правната држава, сигурноста во поглед на приватната сопственост апсолутно се занемарува во рамките на некаква понекогаш тивка, понекогаш гласна коалиција помеѓу одредени или делови од извршната власт, делови од судката власт не е никаква гаранција дека оваа земја може да овозможи услови за тие инвестиции да бидат третирани на начин на кој што треба да бидат третирани.

Ако Република Македонија се обидува себеси да се наметне и да се идентификува како земја која има сеуште необележана северна граница, како земја која на внатрешен план сеуште зависи од добрата волја на некое си локално население од ова или од она село, од овој или од оној град дали таму ќе функционираат законите, или ќе важат законите на Република Македонија подеднакво како што важат во другите делови од земјата..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинува г-дине Трендафилов, бидејќи е 13,00 часот дали ќе привршувате, или да дадам пауза па да продолжите во 14,00 часот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас имам намера да продолжам во 14,00 часот по паузата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(пауза од 13,00 часо)

(По паузата, седницата продолжи со работа во 14,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата како и претставниците на Владата.

Го молам претседателот на Владата да влезе.

Повелете г-дине Трендафилов, продолжете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во рамките на она што пред паузата го говорев, сакам да се осврнам на уште неколку работи. Првата од тие има, во крајна линија, исклучиво политичка димензија и во рамките на тоа констатацијата е дека оваа Влада, во континуитет, без оглед кој формално се наоѓа нанејзино чело, во оваа Влада отсуствува елементарно постоење на човечност.

Уставот нас Република Македонија, преку членот 9, во најшироки рамки ги афирмира граѓанските права и слободи и, според тој член, Уставот на Република Македонија граѓаните на оваа земја ги сфаќа, ги подразбира, ги прифаќа и ги третира како рамноправни индивидуи.За жал, во отсуството, што е генерална препознатлива црта на оваа Влада од која отсуствува секаков облик на човечност, под превезот на заштита на правата на одредени малцински заедници во Република Македонија, се врши на крајно суров и на крајно груб начин заобиколување и уништување на содржината на членот 9 од Уставот на Република Македонија, дека граѓаните на Република Македонија се рамноправни, без оглед на нивниот пол, вероисповест, социјален статус и тн и тн. Тоа ќе го илустрирам со едноставен пример. Во Велес се примени неколку писари во Основниот суд во Велес, за кои важи истото она што го тврдев на почетокот. Тие луѓе се неписмени. Значи, не пишуваат на ниту еден познат јазик во светски рамки, а камоли да се писмени и да пишуваат на македонски јазик. На тоа место се примени исклучиво поради тоа што во генералната стратегија на оваа Влада, од само ним добро познати причини решиле да бидат примени во Основниот суд во Велес на тие работни места, само поради тоа што имаат вистинска национална припадност. Во случајот станува збор за припадници на малцинска етничка заедница во Република Македонија.

Оваа политика, сите сме свесни, овој начин на збогатување и унапредување, професионализирање на државната администрација во Република Македонија е генерална за сите. Нема ниту една институција, нема ниту едно министерство, владина агенција, државна администрација која ја заобиколила оваа практика на Владата н Република Македонија. И затоа, сите тие тврдења дека Република Македонија се приближува или ги зацврстува односите и контактите, ја унапредува соработката со

меѓународните организации, пред се почнувајќи, заради тоа што води правична застапеност за припадниците на малцинските еднички заедници во Република Македонија, е една обична лага.

Оваа Влада се обидува преку вештачко постигнување на одредени бројки за кои таа смета или некои од нејзините главни коалициони партнери, дека таа е бројката дека во очите на тие меѓународни заедници, Република Македонија ќе ја приближи. Се занемарува принципот на професионалност, и се занемарува принципот на тоа дека сите граѓани во Република Македонија, без оглед на нивниот социјален и економски статус, етничка припадност, верска, религиозна, социјално-економска и било каква, било какви сакате разлики, се еднакви. Тој член и на оваа Влада, на сите идни влади, воопшто како на општество, преку државните институции што можат и треба да дадат тон или почетен импулс да се случуваат позитивни промени во Република Македонија, ми се чини како ниту една пред оваа Влада го има заобиколено, без оглед дали станува збор за Уставот со уставнтие амандмани или за претходниот, па дури и за уставите кога Република Македонија била дел од друг облик на уредување и во секој поглед била дел од некаква федерална заедница.

Токму тоа отсуство во концептот на Влдата на Република Македонија е она што почитуван Претседателе на Владата на Република Македонија и министри во вашиот кабинет не можат да ги сватат како елементарна потреба, дека на тоа прашање се сопнувате и дека никаков референдум и никакви граѓански иницијативи не ја прават Македонија да биде пооддалечена, туку токму вашето несфаќање на елементарнтие принципи, во случајов преточени во членот 9 од Уставотна Република Македонија дека граѓаните во оваа земја се рамноправни меѓу себе.

Вашето упорно инсистирање да работите преку квоти и бројки ја потврдува претходно изречената теза дека во оваа Влада не постои капацитет да се почитува поинакво мислење, дека во оваа Влада не постои капацитет да се користат предностите на различностите, без оглед од каков вид доаѓаат, туку тоа зборува дека идеолошката матрица од која сите потекнуваат во овој момент го сочинуваат кабинетот на г-динот Костов ги прави дека тие се, за жал, затворени, заостанати во некои процеси кои

македонската јавност и граѓаните на Република Македонија очекуваат дека започнаа некаде кон крајот на 80-тите, кулминираа, со Референдумот за независност на Република Македонија, кога беше Република Македонија конституирана како независна држава.

Вие сте научени да работите по квоти, вие сте научени граѓаните на Република Македонија да ви се познати вам како чинители на сувереноста на оваа земја, како носители на сувереноста на оваа земја, единствено ако ги вкалапит и калкулирате во одредени рамки. Имате добро искуство, затоа што практично и Социјалдемократскиот сојуз и поголемиот дел од клучниот коалиционен партнер, Демократската унија на Али Ахмети имаа иста идеолошка матрица. Сте навикнати, затоа што во минатото трчавте во Белград и прашувавте, сега трчате во друг центар на моќта што вие мислите дека е центар на моќта и тоа го правите максимално невешто и погрешно, а вашиот коалиционен партнер трчаше во Тирана и се потпираше на облиците на таквиот вид, почитувани колеги, марксизам-ленинизам и вие сте идеолошки блиски како раководства што таа политика ја спроведувате понатаму и врз членовите и приврзаниците на вашите партнери.

Но, такви работи не се случуваат почитувани членови на Кабинетот на г-динот Костов, почитувани пратеници приврзаници на владиното мнозинство, такви работи не се случуваат во земји што себе си се нарекуваат демократски. А, такви работи уште помалку се случуваат во земји што за себе тврдат дека една од нивните основни цели во спроведувањето на надворешната политика е приклучувањето на Република Македонија во колективните системи на безбедност и во меѓународните организации што во своето семејство прифаќаат и примаат членови што ги унапредуваат човековите права во најширока смисла на зборот.

Во Република Македонија човекови права не се почитуваат. Во Република Македонија се почитуваат човекови права на некои, но во Република Македонија човекови права генерално, како функционално спроведување на политиката, не се применуваат од страна на оваа Влада. Напротив, оваа Влада ги стимулира кршењето на човековите права без оглед за кого станува збор во Република Македонија само ако во нејзините формули и претпоставки за тоа како треба да биде структурирано ова

општество, одредена категорија на луѓе се ставени во некои рамки, а тие рамки, се вели, дека некои права за нив во оваа земја нема да важат. Значи, вие можете и во Министерството за внатрешни работи и во Секторот за евроинтеграции и во Министерството за одбрана и во Правосудството да примате колку што сакате припадници на малцинските етнички заедници, при тоа, воглавном, кршејќи го принципот на способноста и професионалноста на кандидатите што ги примате, се со цел да се стигне до одредена бројка, а при тоа свесно го занемарувате природниот, социјалниот, економски, културе, политички или било каков раст, дали во одредена категорија на луѓе постојат кадри или капацитети со такви работи.

Јас сум сигурен дека, доколку во рамките на вашата меѓународна неизолација и каде се веќе не се движи оваа Влада и не се обидува да направи нешто, јас сум убеден дека, доколку добиете понуда од НАСА да испратите тројца космонаути на обуката, дека вие, задолжително ќе најдете дека двајца од нив ќе бидат припадници на оваа или онаа малцинска етничка заедница. Не затоа што некој реално ги поседува капацитетите, туку затоа што тоа е во вашата идеолошка матрица, Вие не можете да ги сфатите граѓаните на Република Македонија дека се индивидуи со сопствено име и презиме, со сопствени проблеми што се, за жал, реални проблеми и дека кон нив, вие како Влада пред се, како извршен орган на Република Македонија, сте должни на секој можен начин, во рамките на она што ви е дозволено со закон и ви е обврска, а го имате и моралниот момент, должност како извршна институција во Република Македонија, да работите на унапредување на нивната благосостојба, гарантирање на нивната сигурност и овозможување нормален живот за нив и за нивните семејства.

Вие, за жал, почитувани членови на Кабинетот на г-динот Костов, во континуитет едноставно немате капацитет за такво нешто. Затоа што вие никогаш ниту сте размслувале, ниту имате намера да размислувате како носители на јавни функции кои произлегуваат од горните или врвовите на политичките партии чии претставници сте во Владата на Република Македонија, не сте прифатиле дека Република Македонија не е земја на различности, затоа што во Република Македонија живеат претставници на онаа етничка малцинска заедница, дали се припадници на македонската нација, дали се

припадници на онаа катергорија на луѓе, туку Република Македонија е различна затоа што Република Македонија има демократски систем.

Така барем ние мислевме дека има во оваа земја. Вие, за жал, со секое останување, секој ден на власта ги надминавте границите на она што на пример, стравот од ураганите на жителите на Флорида е пропорционален со стравот на македонските граѓани од Владата на Социјалдемократскиот сојуз и на ДУИ. За жал, понекогаш, како и со елементарните непогоди на Флорида, обичниот човек нема капацитет да се спротивстави.

Затоа, доколку сакате навистина ова или слични тврдења да демантирате, треба да покажете дека оваа Влада има некаква човечност, а тоа најдобро ќе го направите доколку поднесете оставка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Трендафилов.

Ве молам, кој е за реплика нека се пријавува.

Прва е пријавена г-ѓа Топузова-Каревска, повелете имате три минути реплика, а потоа вицепремиерката Шекеринска.

Повелете имате три минути.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Имавме едно долго и опширно излагање на почитуваниот г-дин Трендафилов, кој во многу наврати искажа многу работи што некореспондерираат многу со вистината, а јас не би сакала овде да земам улолга за адвокат на Владата затоа што министрите се присутни, па ќе одговорат не некои невистини што тој ги изрече. Ќе се задржам само на еден момент.

Г-динот Трендафилов кажа дека некој врши притисок врз Антикорупциската комисија за да на одреден начин се однесува кон потполнување на имотните листови. Притоа, истакна дека со тоа не се почитува Антикорупциската комисија како институција.

Почитуван г-дине Трендафилов,

Мислам дека крајна хипокризија е вие да говорите за тоа, затоа што пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ ниту еден, ниту еден на почетокот не го потполни својот имотен лист. Со самото непотполнување на анкетниот лист за имотната состојба говори за вашето непочитување...

(дофрлања од место)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има контрареплика, ве молам.

РОЗА ТОПУЗОВА - КАРЕВСКА:

... говори за вашето непочитување на Антикорупциската комисија, а со самото тоа и на Парламентот кој што всушност ги избрал тие членови.

Ви благодарам.

Бидете малку трпеливи, како што ние можеме да ве слушаме со часови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трендафилов, имате можност да го демантирате ова, една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Што ќе правиме ако никој од министрите не се јави, како што вие очекувате.

А, инаку, во поглед на тоа што беше ваша забелешка, почитувана колешке или лажете или имате проблеми со помнењето. Трето нема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Повелете г-ѓо Шекеринска, имате три минути реплика.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Благодарам г-дине претседателе.

Бидејќи г-динот пратеник тоа го побара, еве еден од Владата тоа да го стори многу директно.

Сакам да ги демантирам само една од многуте паушални, хаотични и целосно неточни информации што во своето долго излагање ги истакна пратеникот.

Беа споменати, “наводно диригирани приеми” во некои институции во македонската администрација што биле водени исклучиво од принципот на правична застапеност и што значеле целосно непочитување на капацитетот и способностите на оние кои конкурирале на овие конкурси.

Јас, само ќе ви кажам дека во изминативе две години во Секторот за евроинтеграција беше извршен само еден прием на голем број вработени, 27 нововработени што беа примени исклучиво по принципот на стручност, компетентност и знаење. И, за прв пат тоа беше направено врз база на конкурес што немаше ниту едно отстапување на законот и во кое што им беше дадена шанса на сите оние кои сакаат да конкурираат, а бројот беше навистина голем, по пат на анонимни тестирања, по пат на отворени интервјуа да покажат што знаат и колку знаат. Во целиот тој процес обезбедивме и правична застапеност, меѓутоа само поради тоа што навистина имавме одлични кандидати припадници од сите етнички заедници во Република Македонија.

Меѓутоа, би сакала да прашам, бидејќи многу се лицитираше со терминот “идеолошка матрица” би сакал да прашам во која идеолошка матрица е сега партијата на која што припаѓа г-динот Трендафилов и во која идеолошка матрица беше на крајот на 2002 година, кога само неколку дена пред изборите во 2002 година направи конкурс во истата оваа институција, Секторот за евроинтеграција, направи конкурс за 10-тина нови луѓе во кој што, не само што беа примени луѓе со несоодветно образование, туку замислете луѓе кои не го познаваат англискиот јазик. Тука мислам дека ниту една идеолошка матрица ќе му се најде соодветна на г-динот Трендафилов, меѓутоа пред да напаѓа паушално и неточно, треба малку да се распраша што се се случуваше додека тој ја бранеше тогашната Влада.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трендафилов, една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Г-це Шекеринска, во Собранието на Република Македонија пратеникот поставува прашање, а претставникот на Владта одговара. Доколку вие сакате да полемизирате со

мене на политичка тема, тоа може да се направи на друг начин. Сега, на дневен ред е доверба на Владата чиј член сте и вие. Значи, вие треба да одговорите на она што ќе го кажат пратениците, без оглед од која страна доаѓаат.

Што се однесува до тоа дека вие сте примиле 20-тина луѓе со прекрасно изведен конкурс, јас бев јасен кога реков дека станува збор за конкурсот во кој требаше да бидат примени 600 припадници на малцинските заедници Владата на Република Македонија во државната администрација, дека тоа го изведе Владата преку своите тела и институции и дека конечно, бидејќи Европската комисија го финансираше, Европската унија го финансираше проектот, кој проект ми беше отфрлен со имињата на луѓето што ги примивте затоа што не биле предвидени ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трендафилов.

Повелете господине Јордан Михајловски, имате три минути реплика.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Колегата Трендафилов беше многу опширен, бегаше од тема на тема, меѓутоа основна поента му беше законитоста и правата и слободите, за што ја обвинуваше Владата.

Во однос на остварувањето на прабвата и слободите, како еднакви индивидуи само ќе му кажам вака, дека со оглед на тоа што ние сме социјална држава, во нивно време немаше еднакво остварување на ова право во однос на решавањето на станбеното прашање, кое е едно од круцијалните прашања за социјалниот статус на граѓаните. Беа поделени незаконски плеада на станови, а меѓу нив и еден од 98 метри квадратни, доколку добро се сеќавам и ако се повикувам на меморијата.

Оттука плачењето врз судбината на раселените лица, кои не се продукт на оваа Влада, станува дегутантно. Ако неколку од тие станови беа доделени на тие лица, ќе има удобно сместување и подобри животни услови за сиот овој период кога беа изложени на маки.

И нешто друго. Жив доказ за тоа дека некои права со закон востановени постојат само за една категорија луѓе е колегата Трендафилов. Еден месец возеше кола со

бугарски таблици, можеби тука ме асоцира на тоа дека Софија е поблиску од Белград, меѓутоа, тоа е негова лична манифестација. Меѓутоа, еден месец возеше кола без таблици. Доколку полицијата фатеше некој сиромав, и колата ќе му ја земеше и кој знае што ќе му се случеше и страв ќе претрпеше. Се согласувам тука дека полицијата треба уште малку нешто да научи, да не биде толку хумана и блага.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Михајловски.

Господине Трендафилов, повелете една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Не знам, можеби не било мое возилото, можеби сум го позајмил од Стоичков, почитуван колега. Не можам да ја сватам вашата реплика и би ве замолил во иднина, кога сакате да реплицирате со мене, барем кажете нешто од она со што не се согласувате во излагањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Бучковски, три минути.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Пратеникот Трендафилов во своето долго излагање објаснуваше што мисли тој за Владата, но искористи да постави неколку прашања, затоа што, како што констатира, заради објективни причини последниве неколку месеци немавме пратенички прашања.

Едно од прашањата беше околу “Сувенир” и неговата констатација за која реше дека не знае дали е вистинита или невистината, околу ревносноста на Министерството за одбрана и Владата во поглед на обидите да се спаси Фабриката “Сувенир”. Ќе се обидам на пратеникот Трендафилов да му одговорам директно врз основа на документи кои се направени на 2 јули оваа година, кога е извршено порамнувањето меѓу сметководството на “Суверјнир” и Министерството за одбрана, кое покажува дека Фабриката “Сувенир” од Самоков му должи во овој момент само на Министерството за одбрана, односно ние побаруваме околу 7 милиони евра, односно побаруваме муниција која треба да се направи, точно 4.752.839,00 денари е вредноста за таа муниција и бидејќи вкупниот долг на “Сувенир” е околу 25 милиони евра, а сакајќи да престане агонијата на ова државно

претпријатие, затоа што 98% на “Сувенир” - Самоков е државна сопственост, на првата наредна седница, односно во понеделник, Владата ќе излезе со решение кое ќе биде решение во корист на вработените од “Сувенир”. “Сувенир” е правен како капацитет за една друга армија многу побројна, армија која трошела многу повеќе миниција и мора во процесот на трансформација што го поведовме, каде што е дефинирана сопственоста, да се направи напор да се продаде “Сувенир”, дали на стратешки партнер или на заинтересиран партнер кој ќе може да внесе свеж капита и да го извлече ова претпријатие кое делумно само ќе може и понатаму да биде во функција на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот пратеник за реплика е господинот Абдилаќим Адеми.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Од господинот Трендафилов слушнавме долг говор, меѓутоа, би рекол неразбран говор со астрономски термини, метеоролошки термини и говорникот се вознемирува за првичното застапување, соодветното застапување, кое се обидува Владата на Република Македонија да го реализира. Јас би му кажал дека оваа правична и соодветна застапеност и вработувањето на албанците што се прави во државните органи, се прави врз отворен конкурс и се реализира преземена обврска од Охридскиот договор и одредбите на Уставот на Република Македонија.

Да ве потсетам дека и вие сте потписници на тој Охридски договор и ако се каете што сте го потпишале тоа треба јавно да го кажете. За да не се разочарувате во иднина, би ви рекол и би ве потсетил, да ве осигурам, дека Владата на Република Македонија во иднина ќе продолжи со овој тренд за исполнување на оваа уставна обврска од Охридскиот договор, како што кажав и порано.

Потоа, вие секогаш се повикувате на Уставот на Република Македонија и го употребувате поимот “национални малцинства”. Јас би ве потсетил уште еднаш да го прочитате Уставот на Република Македонија и да ги употребувате уставните термини и поими, а како што се знае сега е поимот “етнички заедници”, односно не постои терминот “национални малцинства”.

Тука би сакал да реагирате вие господине претседател на Парламентот, во вакви случаи да им се обрне внимание на пратениците.

Потоа говорите за капацитетот на Владата дека нема човечки капацитет за да излезе од кризата и да ја води земјата. Јас би се согласил со вас дека нема капацитет Владата, доколку се направи паралела на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, каде јас би се согласил дека вие сте отвориле голема работа за судството во Република Македонија, меѓутоа и пошироко. Ние сме сведоци на многу обвинувања не само овде во Македонија, значи судски процеси кои се одвиваат и во Загреб, а последниве денови како што изгледа, еден таков процес ќе се отвори и во Белград, со еден поранешен функционер на Вашата партија.

Уште еднаш би рекол дека вашиот говор беше многу красен и без аргументи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Петковски, Вашите три минути.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Господине Трендафилов, кажавте дека некој полицаец напишал казна од еден денар. Лично прифаќам дека тоа не е виц, меѓутоа, постои една голема разлика меѓу нас. Денес шефови во полицијата и началници не може да бидат неписмени, ниту криминалци, уште помалку некој таков неписмен и криминалец може да стане полициски генерал.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов, една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Интересна констатација, почитуван колега, со оглед кој ви е клучен коалиционен партнер. Колку што се сеќавам, пред неколку години ние се обидовме, за жал не успеавме, за еден процец кој се водеше исто така во странство, истото лице кое сега ја извршува таа функција тогаш многу добро се заплетка во процедурата, па заборави да ги испрати документите, па немаше доставница, немаше пријавница. Но ова што го кажувате навистина е така, но само ме изненадува - само погледнете лево-десно околу

вас, ќе видите поинтересни фигури за судски процеси. Навистина ќе се изненадите што се може да излезе на тие процеси.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи нема повеќе реплики, следниот пратеник за збор е господинот Борис Кондарко, а потоа нека се подготви пратеникот Марија Којзеклиска.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам претседателе,

Почитувани пратеници,

Како што и самите иницијатори кои го поставија прашањето за доверба на Владата, при поднесувањето на Иницијативата, кажаа пред јавноста дека ова е само еден симболичен чин, така во тој дух и се одвива од нивна страна и расправата во Собранието, значи симболично, без аргументи, а исто така впечаток е дека никогаш една иницијатива на опозицијата не била толку конфузна, толку необразложена, толку неаргументирана. Меѓутоа тоа да го оставиме на страна. Ние на Вашата симболика имаме намера да одговориме со сериозни аргументи. Ќе почнеме по ред, како што ви е поднесено прашањето, односно како што стои во образложението за секоја точка одделно.

Најпрво започнувате и ја обвинувате Владата дека била нарушена безбедносната состојба. Тоа не е точно. Безбедносната состојба за многу кратко време е подобрена и е подобрена до тој степен што не би биле ние толку блиску до НАТО доколку не беше безбедносната состојба ваква каква што е, односно како што велите вие, влошена. Фактите се тие, криминалците се или во затвор или се водат судски постапки пред нив, или има меѓународни потерници против нив, и тоа криминалците, потенцирам, без разликата на етничката или партиската припадност што е многу важно. Тоа значи дека во Република Македонија конечно, за разлика од 2002 година, а да не ја спомнувам 2001 година, функционира правната држава и се применува Законот на целата територија на Република Македонија и тоа е факт.

Велите дека имало убиства и пљачкосувања. Па зарем може да додадете дека Владата е виновна или некој друг е виновен за некоја сообраќајна несреќа. Убиства и

пљачкосувања од најразлични намери имало - сите сакаме да има помалку - меѓутоа, има и во многу побезбедни условно кажано, според вас, држави во светот. Во Британија во најстариот Парламент во светот пред некој ден влегоа во Парламентот и дали тоа значи дека Британија е небезбедна како држава, или случајот на влегувањето во Бакингемската палата. Меѓутоа, да не даваме такви примери, да го поставам прашањето како вие мислите да ги реите овие пљачкосувања, како ќе ги спречевте. (Реакции) Вие ја прашувате Владата затоа што вие се борите да го заземето местото на оваа Влада и да и понудите нешто подобро на Република Македонија. Затоа вие треба да понудите за секоја од овие работи кои ги напоменувате во вашето образложение соодветни предлози во кои би поверувале граѓаните дека сте подобри од оваа Влада, ама не сте.

Понатаму, наредна точка која ја спомнувате во вашето образложение е дека територијалната организација е доказ дека не се почитува волјата на граѓаните. Ве молам, да ви го поставам прашањето: А дали тоа значајно ВМРО-ДПМНЕ единствено и само единствено е репер за волјата на граѓаните? И каква беше волјата на ВМРО-ДПМНЕ во 1996 година, кога се правеше претходниот закон за територијална организација? Тогаш колку што знам ВМРО-ДПМНЕ бараше 80 општини. Еве ви добивте 80 општини. Чија волја беше тогаш таа волја.? И дали вие ја определувавте волјата на граѓаните?

Зборувате дека тоа било против Рамковниот договор. Не, напротив, тоа е токму во духот на принципите на Рамковниот договор, кој говори за соживот, кој говори за единствена Македонија, а вие со вашиот концепт и со вашата политика го правите токму спротивното. Вие се спротивставувате, вам ви пречи заедничкото живеење на граѓаните да речеме во Струга. И што е проблемот со Струга? Дали вие имавте нешто понудено, заедно со вашиот коалиционен партнер, па тоа да го ставиме евентуално на референдумско изјаснување и да видиме пред граѓаните тестот на јавноста како ќе помине вашиот предлог. Меѓутоа, проблемот е што вие воопшто немате предлог ниту концепт, сакате таму да предизвикате вештачки проблеми, затоа што многу добро знаете дека во недостиг на други идеи како да го подобрите животот на граѓаните, најсигурно во голата борба за власт е кога се лови во матно. Таквата политика мислам дека повеќе не може да ги помине, граѓаните повеќе нема да ви веруваат на тоа.

На крајот на краиштата, кога сме кај референдумот и ова обвинување, прашањето на референдумот не е прашање за или против. Многу е релативна работа, кој, како и од кој агол ја гледа успешноста на референдумот. Значи, тоа се два концепта или поточно кажано еден концепт, концептот на новиот закон и концептот на оваа Влада наспроти вашиот концепт кој го немата и сеете демагогија и популизам, сакајќи да ги раскарате грѓаните на етничка основа.

За нас успешен референдум ќе биде доколку новиот закон за територијална организација остане во сила, зата што тоа е иднината на Република Македонија.Што нудите вие? Скарана Струга. И што после тоа во Струга се промени? Дали таму се промени населението, некој некого исели со сила или некој некого доселил со сила. Населението таму ќе биде и понатаму исто како  и досега и граѓаните ќе живеат исто заеднички во Струга.

Не сте биле вклучени во процесот на разговорите околу донесувањето на новиот закон. Господа, вие го знаете нашиот уставен систем како и во која процедура се донесува закон. Не може вие да бидете вклучени во нешто, а притоа да не сносите одговорност. Вие сте вклучени и бевте вклучени, бидејќи првата фаза на законот беше позната уште во декември, односно на почетокот на оваа година, и таму во таа прва фаза се беше исто, освен Скопје, а никој не реагира за Скопје. И како вие не сте биле запознаени, немало јавна дебата, немало експертски мислења, немало невладини организации. Се имаше. Да не очекувате вие да добиете можеби еден бланко министер без ресор во Владата, па да делите памет на Владата. Имавте прилика овде да си го кажето вашето мислење каде што е местото, од оваа собраниска говорница. И тоа е демократски, тоа е легитимно.

Понатаму, ја обвинувате Владата за импровизација на прославата “Илинден”, односно прославата на АСНОМ. А да ве прашам јас вас што правевте пред 2002 година со Илинден во Крушево? Најголемиот државен празник го направивте партиски празник и правевте партиски журки со партиски фирми таму. (Уфрлувања). А тие луѓе што ги носевте со автобуси редовно секоја година плукаа таму? Тоа ли е однос кон државата, тоа ли е почитување кон минатото, историјата и нашите најголеми празници. А за

АСНОМ, после го заборавате фактот дека после 13 години од самостојноста на Република Македонија прв пат на највисоко државно ниво беше примена македонската делегација од страна на властите во Србија и беше одбележан настанот, тој голем македонски празник на македонската држава на најсоодветен начин онаму на автентичното место каде што доликува.

Понатаму, зборувате за Струшките вечери на поезијата. Зарем господа Владата ги забрани Струшките вечери на поезијата или вашиот Ромео и неговиот иницијативен одбор за наводен некаков си спас на Струга. Кој ги спречи Струшките вечери на поезијата? Кој го направи нередот во Струга? Што следува понатаму?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине  Караџоски, јас ве молам како заменик на координаторот да си ја дисциплината пратеничката група, бидејќи вие баравте овде да се сослуша. Не сакам никакви дофрлувања, бидејќи овде се одговара и позицијата има право да одговори на наводите по вашето барање. Ако сте принципиелен господине Караџоски, ве молам тоа да го направите.

БОРИС КОНДАРКО:

Тоа се вашите работи во Интерпелацијата и ние одговараме и дебатираме, правиме споредба и тоа е начинот да се одмерат аргументите. И нема што да ви пречи поинакво мислење.

Понатаму, наредна точка велите хаос во здравството. Незнам, јавни набавки, се споменуваат некои други работи во една реченица. Јас можам да ве прашам и да го поставам прашањето каде е Војо Михајловски и неговите набавки и дали ќе одговара Војо Михајловски за неговите јавни набавки.

Аграрна политика, многу е лесно од позиција на опозиција да се излезе на ПРЕС конференција и да се каже дека Владата треба да даде субвенции за оваа или онаа земјоделска гранка. Меѓутоа, дали знаете притоа кои се реалните можности на државата. Ако не знаете, можете да го прашате вашиот поранешен минситер Марјан Ѓорчев и да ви каже зошто тој и досега, ако било така лесно, не ги решил проблемите. Инаку, најлесно е

да се каже за да се заведат земјоделците, дека треба државата да даде субвенции. Но дали е тоа реално, дали е тоа возможно.

Еколошката ситуација со хаваријата во САСА ја спомнувате. Обвинувате за еколошка катастрофа, меѓутоа, она што беше надлежност на Владата и на Министерството, подоцна веројатно и тие ќе се изјаснат и се изјаснија веќе во јавноста, од нивна страна е се потребно сторено сите превземени мерки и целата ситуација на теренот е санирана. Така што, незнам што е овдека сега проблемот и што е Владата виновна за случајот еколошката катастрофа во САСА. Вадата ги превзема сите мерки во Законот што треба.

Странските инвестиции ги немало. Оваа година до овој момент во Република Македонија има преку 120 милијони странски инвестиции и допрва до крајот на годината ќе се приближиме и ќе ја реализираме предвидената бројка на странски инвестиции за оваа година. Странските инвестиции ќе ги има се повеќе, затоа што се она што го прави Владата го прави како услов за создавање амбиент за странски инвестиции.

Девизните резерви биле преполовени. Девизните резерви се зголемени и тие во моментот изнесуваат преку 900 милијони долари, што не беше случај пред 2002 година.

Зборувате за состојбата во економијата и бројот на невработените. Факт е дека бројот на невработените е голем, меѓутоа, факт е дека бројот на невработените не се зголемува и дека допрва следат сите активности кои ќе водат кон отварање на нови капацитети и рестартирање на постојните, кои се веќе откупени , приватизирани, бидјеки економската логика е таа, инвеститорите, односно сопствениците да бараат профит и имаат интерес тие капацитети да работат и да вработат нови работници.

Исто така, се прави обид да се дојде до реалната бројка на невработени, посебно тука мислам на договорите за дело и посебно да се стави во тие легални рамки дивото вработување, односно неприавените вработени, така што оваа ситуација ќе изгледа поинаку. Меѓутоа, ова го говорам и покрај објективните проблеми кои треба Владата да ги решава, меѓутоа, да не заборавиме со целиот економски пустош кој го остави минатата Влада на ВМРО-ДПМНЕ да се направат обиди навистина повеќе во иднина оваа Влада да посвети внимание на оние прашања кои живот значат за граѓаните, односно да се

обезбедат услови, граѓаните најнепосредно во својот живот, во своето семејство ја почувствуваат подобрата економска ситуација.

Говорите за лош бизнис амбиент. Да ве потсетам како беше во ваше време со бизнис амбиентот. Ги рекетиравте странските инвеститори, правевте упади во фирми, ги затворавте фирмите, ги апсевте директорите. Светската бака во тој период ви оспори и ви врати 8 меѓународни тендери, кои се понитени поради нерегуларна, сомнителна постапка за приватизација, за продажба. Значи, тоа е она што треба да ви биде репер кога говорите за ситуацијата денес и за оваа Влада.

Понатаму можам да ги спомнам и да ги набројам Телекомот, продажбата на Телекомот, односно штетноста на договорот, поради кој денеска граѓаните имаат проблеми со високите сметки за телефон и можеби ќе треба тие почесто да доаѓаат пред седиштето на ВМРО-ДПМНЕ да протестираат, отколку пред некои други институции.

Што правиме со случајот на националната платежна картичка, што правиме со ОКТА, што правиме со Печатницата “Гоце Делчев”, што правиме со Живинарската фарма во Белимбегово, што правиме со “Македонија-Табак-2000”, што станува со “Фотоцентар”. Ги избркавте луѓето од таму, го приватизиравте за да сега се сместите во тие простории. Што правиме со Бирото за стокови резерви, кое беше едно од најголемите поралници на пари во ваше време. Што правиме со фабриката за медицинска пластика од Тетово, што правиме со рудникот “Бучим”, со Нова Македонија”, каде што ваи истакнати членови ги злоупотребија средствата на работниците за плати преку сомнителни трансакции всушност, со истите средства ја купија фирмата и овој случај е пред суд. Што правиме со последниот случај на “Експорт-Импорт” банката. Очигледно, судсвото ќе има многу работа.

Сега, кога ќе се видат сите овие нови работи и кога на тоа ќе се додадат уште некои кои ќе ви ги прочитам, тогаш ќе го поставиме прашањето од каде и од кога е таа бројка на невработени и кој придонел со својата политика, а кој сега треба да ги исправа грешките и да ја сноси одговорноста за ваквата ситуација.

Се залагавте и давaвте иницијативи за влада во сенка. Меѓутоа, што се случи. И тоа влада во сенка која само ќе критикува и притоа ќе нема никакви обврски и никаква

одговорност. Дури за една таква влада во сенка се испокаравте меѓусебе во опозицијата како што сте поделени и не успеавте ни тоа да го направите. Сакате вистинска валда, а не успеавте да се договорите за владата во сенка.

Можам да ви ги прочитам претпријатијата кои се ставени, кога зборуваме за невработеноста, значи да ги видиме причините кој придонел за ваквата ситуација, за кои е отворен стечај пред 15 октомври 2002 година, кога бродот на ВМРО веќе потона и кога секој сакаше да искористи колку може во една таква ситуација. “Топилница”-АД-Скопје, “Фламбит”-Битола, “Киро Фетак”-Куманово, “Трикотажа”-Битола, “Млекарница”-Скопје, “Моша Пијаде”-Струмица, “Алмаковит вино”, АД Фабрика за пивски слад “Прилеп”, “Јадран”-Неготино, “Нордекс-Индекс”-Кавадарци. Понатаму, претпријатија каде што е констатирано неправилности и злоупотреби во постапката на приватизација. “Анска Река”-Валандово, Фурна од Радовиш, “ЕУРО-Ламинати” од Прилеп, АД “Семком”-Бучим од Радовиш, “Македонија Табак” од Скопје, “Таља Бикова” од Гевгелија.

И на крајот најдолгиот список нема да го читам, ќе го кажам само бројот на неправилни статусни промени во претпријатијата кои се поврзани, или купени или на било кој начин соработувале со скандалозната “Експорт-Импорт” банка. Тука се равно 30 на број. Сега замислете од сите овие 30, и од сите десетици и десетици што ги прочитав претходно, што станува со тие работници. Кој е одговорен за тие работници и кој е одговорен за таа бројка. Кој сега ги решава тие проблеми.

Понатаму, го спомнавте “Гасоводот” за некаков хаос или пропуст од страна на Владата. Гасоводот факт е дека постои и тој функционира и станува капитален објект и капацитет за стопанството во Република Македонија. Останува да се решат некои правни прашања кои се однесуваат на сопственсота, меѓутоа Гасоводот останува како капитален објект на Република Македонија и ќе и носи профит на оваа држава и на стопанството.

За Електростопанство на Македонија, обвинувате за обидот за трансформација. Таму ниту е нешто нетранспарентно и што е најважно, за разлика од вашите навики, како да ги правите трансформациите, нема никакви провизии, како што имаше во 2002 и како што имаше обид на парламентарните избори во 2002 година, вие тоа да го направите со големи провизии.

Понатаму велите дека Владата го загубила чекорот на патот кон НАТО и Европската унија. Ако нешто не е точно, една од работите што најмногу не е точна е можеби ова. На нас ни е извесно членството во НАТО, а веќе постапката, процедурата за Европската унија започна. И покрај сите тешкотии, со сите сили ја отпочнавме постапката и враќање назад нема. Понатаму од нас зависи и ние ќе се потрудиме тој пат што е можно побрзо да го изодиме и да ги исполниме сите стандарди што се неопходни за тоа. Меѓутоа, каде е вашата улога во сето тоа. Дали не сметате дека како одговорни политичари и партии одговорна опозиција, без разлика на дневно партиските несогласувања. Без разлика на обвинувањата, дневната политика, треба енергијата да ја насочиме заедно, токму на овој план и да поработиме малку за да и обезбедиме подобра иднина на Република Македонија. За жал, иако е тоа демократско право и тоа ќе си помине. Наместо ние сега да отвориме една квалитетна дебата како да одговориме што подобро на европрашалниците да не губиме време, ние ќе се занимаваме со територијалната реорганизација и референдумот. На кого тоа му користи. Дали граѓаните нешто видливо ќе добијат од тоа. Очигледно дека е тоа ваша кампања во новата борба за власт, меѓутоа, проблемот е што не знаете што потоа, не знаете ни што по референдумот, ни што после евентуално усвојување на валста.

Велите дека има конфузија и недефинирана позиција во меѓународната борба против тероризмот во нашата држава. Исто так аи овдека сте ја утнале работата. Ако нешто Република Македонија на меѓународен план направи за оваа работа, што ни се потврди од страна на сите меѓународни фактори и нашите партнери од Меѓународната заедница е нашето учество во меѓународната коалиција за борба против тероризмот. Нашите храбри војници во Ирак и во Авганистан, тоа го потврдија на највисок можен начин. И Република Македонија има огромен бенефит во однос на тоа.

Велите дека односите со соседите на Република Македонија се лоши и дека во тој контекс и целокупната ситуација на Балканот. И тука сте ја промашиле темата, немате аргументи. Односите со нашите соседи се подобри од било кога. Ние низ регионалната соработка, посебно на безбедносен план, што е најважно за Балкнот, направивме многу, што е еден од условите за обезбедување на траен мир и безбедност на Балканот.

Република Македонија служи за пример за таа работа. Што е најважно, од нашите соседи направивме пријатели со кои соработуваме и со кои се почитуваме. Доказ за тоа е Јадранската група, каде што со Република Албанија сме на добар пат да влеземе во НАТО Алијансата.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Кондарко, кој сака да даде реплика нека се пријави Ве молам?

Прв е пријавен за реплика г. Мавровски, повелете имате три минути. Пота нека се подготви пратеникот Караџоски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г.претседателе, мислам дека три минути се многу малку за ова што го искажа г. Кондарко. Мислам дека се што кажа апсолутно потврди дека ова што сега го работи Владата не е во ред. Ако мислеше дека нешто демантира, апсолутно не е во право. Би почнал со ред, од безбедносната состојба.  Тој кажа дека е подобрена. Ние сме во НАТО незнам пред која врата. Во меѓувреме бомбите стигнаа и во Скопје г. Кондарко, се демонтираа и во Тафталиџе. Нападнати се државни институции што не беше случај ни во 2001 година. Кажувате дека криминалците се во затвор, но од друга страна Министерството за внатрешни работи кажува дека истите криминалци крадат низ државата и вршат криминални дејствија, се пука со автоматски пушки и оружје низ државата кое сигурно беше земено со акцијата за разоружување и се напаѓаат полициски патроли како да е ова во некои од убавите американски филмови од 1929 година.

За територијалната реорганизација, дали стоите дека идеата за референдумот е фашизуидна идеа на овој народ. Ако стоите уште требаше да кажете, референдумот е волјата на граѓаните и тие го искажаа тоа преку 41 референдум во општините. Струга беше истата што на референдум се искажа дека е за постојните територијални граници. Вие кажувате дека само вие имате концепт, но за жал, против тој концепт е цел народ. Дали ние имамте концепт, тоа е веќе друго прашање.

Трето, кажувате дека опозицијата нема идеа, не знаете што после тоа. На 15 септември 2002 година на народот му ветивте дека ќе ја земе власта во свои раце. Но кога стигна 15 септември, вие мислевте дека е подобро да владеете во нивно име. И сега што? Сега Ви се случув анародот да дојде да си ја бара власта и тоа многу едноставно. Тоа морате да го прифатите дкеа е така. А за прославата на Илинден-100 години, посрамна прослава не била нема ни да биде, кога ни во Парламентот не се спомна ВМРО како една од оргаизациите што учествуваШе во Илинденското востание, немавте ни доблест, плашејки се од ова ВМРО, а за 60-ет години АСНОМ, имаше толку полиција што имаше повеќе од народ.Јас мислев дека ќе направите некој напад на Крушево, затоа толку полиција ви требаше што незнам кој го обезбедувавте и од кого го обезбедувавте. За жал, такви прослави мислам дека треба да биде последна прослава.Ввие ги носевте граѓаните со автобуси, но изгледа нема кој да го носите. Истото ви се случи и во Пелинце. Истото и ви се случи и секаде, каде што прославувавте, и тоа е страшната работа.

За субвенциите што ја обвинувате претходната Влада, треба добро да знаете дека таа ги плаќаше и тутунот и пченицата и млекото и сите субвенции. За жал, вие тоа не можете да го направите и ги убедувате селаните дека ова што сега го правите е повеќе од она што им го даваше претходната Влада. Ако 15 денари се повеќе од 7 денари тоа го знам, но 7 да се повеќе од 15!.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Караџоски , имате три минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, бидејки три минути е многу кратко, ќе почнам со она прашање кое г. Кондарко најчесто го упатуваше, тоа е што правите со следното и што ќе правиме со следното.

Во тој контекс, јас велам вака: Господине Кондарко што правиме со минситерот Агрон Буџаку, кој што даде изјава дека за него премиерот не е одговорен и не е премиерот тој што ќе му каже што да прави, туку единствено го слуша лидерот на ДУИ.

Да ве потсетам дека г. Агрон Буџаку е член на оваа Влада, а Владата има премиер.

Следно прашање е да ве прашам, значи што ќе правиме со министерот Стевче Јакимовски кој кажува следно: вели, премиерот Костов ќе создадел опасен монопол за гасоводот. Еве го цитатот да не го читам немам време.

Што правиме со министерот Владо Бучковски. Човекот е министер за одбрана, отиде во Струга како функционираше правната држава тој најдобро знае. Едвај жива глава извади и го доби прекарот Ван Дам, во новинарски речник. И Владата за тоа е одговорна, не е опозицијата и не е тој што го кажавте како градоначалник.

Друго, што правиме господине Кондарко со господинот Никола Поповски, министер за финансии. Во својата проекција како министер за финансии најави дека проектираниот ЈДП за оваа година ќе биде 6%, па потоа се сведе на 4%, сега падна на 2,5%, на крајот на годината најверојатно ќе заврши со 1%.

Што правиме господине Кондарко со трговскиот дефицит кој до овој момент изнесува 510 милиони долари, да не згрешам. Што правиме господине Кондарко со бројот на невработени кој е 395 илјади се зголеми на преку 400 илјади или стапката е некаде од 37% над 47 милиони.  Што правиме господине Кондарко да ве прашам со Извештајот на Народна банка, не на Народна, туку на Европската банка за обнова и развој, на ММФ кој убаво зборува за сите овие работи кои што ние ги кажуваме. Зборува и за падот на ЈДП зборува и за стапката на невработеност, зборува и за нетранспарентни работи итн, итн. Тоа очекував господине Кондарко да го кажете во делот на вашата реплика или што правиме со ова што вели овде, министрите ги чуваат буџетските пари под перница. Само 43% од капиталните инвестиции господинот министер за финансии ги искористил до овој месец, имате признание од премиерот. И зошто е тоа така направено. Зошто ги чувате парите под перница. Тоа треба да го одговорите и многу други работи, само немам време затоа што 3 минути.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точно поминаа три минути.

Повелете господине Трендафилов, имате исто така 3 минути реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мене ме инпонираше онаа манипулација со податоци на г. Кондарко врзани за стечаи, криминални дејства по фирми. Само се прашувам дали господине Кондарко, тие информации можеби случајно доаѓаат од едно повозрасно лице кое носи име или презиме исто како и вие и кое во одредени деловни кругови во последно време, кои имаат секојдневни или несекојдневни проблеми со институциите на власта, се нуди дека тој тоа може да го направи затоа што е близок со власта. Претпоставувам не станува збор за некаква консултантска агенција, туку станува збор за повозрасно лице кое случајно или не случајно се презива како вас. Дали информациите ви се можеби од него, бидејќи човекот доста се движеше во последно време и своите услуги ги нудеше каде што ќе стигнеше, се разбира за одреден надомест, кој патем да кажам е ослободен од ДДВ, човекот немал фискална каса, ниту пријавено, регистрирано фирма за таков вид услуги. Имено, дека тој ќе посредува и ќе заврши работи со комисиите во Владата особено со Второстепената комисија и со неколку други комисии таму кај кои доаѓаат предмети од таков вид.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Балковски, имате 3 минути.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Господине Кондарко навистина неколку пати во овој период ја споменувате Струга и тоа ја споменувате од негативен аспект. Јас би ве запрашал што значи за вас соживот и дали во Струга според вас сега нема соживот?

Господине Кондарко и сега во Струга има соживот затоа што во Струга живеат и Македонци, Албанци, Власи, Турци, Срби, Роми, Бошњаци. Само што според вас ми се чини многу ви смета кога во тој соживот повеќето се Македонци, а помалку се Албанци. Тогаш сигурно според вас нема соживот во таа работа. Според вашиот закон што сега го предлагате ќе го добиеме резултатот јас тоа го кажав, а тоа дека во општина Струга Македонците ќе изгубат град, а ДУИ ќе добие територија. Така да би ве советувал да

повеќе не ја споменувате Струга како негативен град, затоа што во Струга сега живеат сите овие што ги спомнав и живеат во добар соживот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојановски, последен репликант.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Претседателе, последен пратеник кој дава реплика на претходниот дискутант, иако не заслужуваше толку реплики со оглед на тоа што многу малку се задржа на работењето на Владата, туку многу повеќе се занимаваше со опозицијата.

Јас сакам само да го потсетам за какви исклучителни резултати зборуваше, односно кои се тие исклучителни резултати кои што ги оствари Владата, посебно во областа на економијата. За невидената инвестициона активност во Република Македонија, за решавањето на проблемот со раселените лица, за квалитетот на образовната дејност која што се извршува во Тетовскиот универзитет, за успешното завршување на враќањето на национализираните имоти, за успехот на Владата при укинувањето на визите за патување во странство за македонските граѓани и многу други успеси кои што веројатно ги има слушнато од телефонска анкета која што била дефинирана од Министерството за одбрана и сигурно тоа за него е релевантно како показател.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓо Којзеклиска, еве дојдовте до збор, не моравте од место да дофрлате, а потоа нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Владата, претседателе на Владата,

Прво што сакав да разјаснам во врска со денешната седница е фактот што ние денес имаме предлог на дневен ред и усвоен дневен ред, прашање за доверба на

Владата на Република Македонија. Ако го имаме како такво, значи прашање за доверба на Владата предвидено со Уставот и со Деловникот на Собранието, истата таа иницијатива, или барање за доверба на Влада го поднесуваат најмалку 20 пратеници. Во конкретниов случај се 24 пратеници нормално и логично е да бидат од опозицијата.

Кога опозицијата поднесува барање за прашање на доверба на Влада одговорите на обвинувањата треба да ги даде Владата и министрите во Владата. Сметам дека пратениците од опозицијата барам и инсистирам во натамошниот листинг и сите оние кои се пријавени уште еднаш да се одјават за да може опозицијата да ги каже аргументите што е всушност и целта на денешната седница, прашање за доверба на Влада.

Знаеме дека позицијата и верува на Владата, има доверба во Владата, нема потреба да ја брани, тука се министрите, министрите сами ќе си го кажат тоа што треба. Вас како на колеги пратеници ви се обраќам, да се повлечете.

Е, сега вака. основниот мотив за да го потпишам барањето за иницијатива за доверба на Владата е можноста да утврдам јас лично да се уверам дали во Република Македонија навистина постои Влада во вистинска смисла на зборот, како што има влади и во другите земји, или ние имаме некое недефинирано, неформално аморфно тело кое само од себеси се нарекува Влада. Веќе ми станува заморно да им предизвикувам мачнина да анализирам нешто што не може да се анализира. Но, моја обврска како претставник на граѓаните е да укажам на работата на тоа наше т.н. чудо или феномен, како сакате наречете го, кое себе се нарекува Влада во моментот на Република Македонија.

Е, за да се утврди тоа уставотворецот го предвидел институтот прашање за доверба на Влада. Овој институт постои во сите демократски општества и тоа во два случаи.

Во прв случај кога Владата работи релативно добро, но народот преку народните избраници смета дека тоа што таа Влада го работи не е доволно и бара од неа уште повеќе да работи и во вториот случај кога Владата воопшто и не работи, или она што по малку го поодработува го работи на штета на граѓаните и на државата.

Кај нас континуирано од 15 септември наваму, откако е оваа коалиција на власт СДСМ, ЛДП и ДУИ по перманентност ни е вториот случај. Значи Владата ништо не работи. И она што го подработува го прави на штета и на граѓаните и на својата сопствена држава. Јас досега почитувани колеги од осамостојувањето на Република Македонија до денес никаде не сум прочитала или во ниедни анали не постои ваков забележлив неуспех. Верувале или не и да сакаш намерно да создадеш ваква ерозија, тотална ерозија во државата, ќе се послужам со еден на вас сите добро познат слоган треба да знаеш и треба да можеш. Да почнеме со ред.

Оваа Влада е избрана од парламентарното мнозинство на 31 мај 2004 година. Од тогаш до денес поминаа повеќе од 100 дена. Некој ќе праша и сега што? Е, тоа е прашањето. Е, сега што ќе правиме. Што направи оваа Влада за овие 100 дена. И премиерот убаво си кажа на 8 септември по повод прославата оваа Влада не сработи многу за овие 100 дена. Јас ќе го корегирам премиерот, не да не сработи многу, таа ништо не сработи.

Кога веќе се обраќам на премиерот на Република Македонија, да го прашам и нешто друго. Дали сега ви стана јасно зошто токму вие сте премиер на Република Македонија и дека вие, почитуван премиеру, всушност не ја контролирате, а и не треба да ја контролирате работата на Владата чиј премиер сте, а со самото тоа бевте предложени и бевте избрани за премиер, заради исполнување на нечии повисоки цели. Ако така се чувствувате, искрено, јас навистина сакам да ви помогнам во таа насока и да ве поддржам да почнете да размислувате, ако веќе не сте размислувале после се она што се случи откако сте вие премиер во Република Македонија, да го направите вистинскиот потег, со тоа што работата ви ја олеснуваме, подносителите на интерпелацијата.

Моето видување на работите, почитуван премиеру, следново. Во оваа Влада секое министерство си функционира како посебна влада, сама за себе. Некој од колегите посочија неколку примери, јас ќе ги повторам. Еве, почитуваниот колега Стевче Јакимовски, мислам министер за економија, факт е дека е во конфликт со премиерот во однос на гасоводот. Колегата Караџовски го спомна министерот за транспорт и врски

Агрон Буџаку, кој рече дека тој не одговара на премиерот, си одговара на неговиот лидер Али Алхети.

Понатаму, имаме господинот министер за здравство Реџеп Селмани, со сите скандалозни вработувања во здравството, исклучиво ништо не може да ме убеди дека не е исклучително по етнички принцип, без оглед на потребните квалификации за соодветното работно место. Имавме прилика сите во дневните весници да слушнеме, оние луѓе кои биле одбиени токму заради тоа што не припаѓаат на определена етничка заедница. Впрочем, во самото експозе на премиерот по повод изборот на неговата Влада не најави и всушност самиот се огради од спектакуларни краткорочни резултати на оваа Влада. Така што, колку и да беа реални очекуваната за некакви првични резултати, после 100 дена на оваа Влада, ние всушност немаме ама ни едно поместување напред, еден чекор напред. Упорно одиме наназад, ќе повторам дали е тоа намерно или е ненамерно, тоа си знае премиерот. Меѓутоа, ние не само што не сме веќе на работ, ние веќе паднавме во провалијата. Само дното не сме го допреле, инаку паѓаме упорно.

Вие премиеру, ветивте, сами ветивте дека ќе работите законски, чесно, одговорно и транспарентно. И тоа не само вие, туку секој член а вашата Влада и оној кој не се препознавал во овие критериуми би му било подобро воопшто да не се нафаќа да биде министер во Владата, чиј премиер сте вие. А, секаква вмешаност во афери и скандали, компромитација и на министрите и на замениците министри ќе повлекла со себе определени оставки и разрешувања.

Е, па вака, премиеру, скандали има побааги, а еден од најважните и апсолутно најважен е што досега никој, ниту од министрите, ниту од надлежните органи во државната управа не е повикан на одговорност за рушењето на авионот во кој загина претседателот на Република Македонија. Како паралела, почитуван премиеру, ќе ве потсетам дека го имавме пред извесно време примерот со падот на хелихоптерот на поглаварот на Црквата во Грција оставка од соодветниот министер и разрешување на соодветното лице кое е одговорно за воздухопловната управа.

Понатаму, низ оваа Влада, заради континиутет вие како премиер да, нов сте, ама министрите во Владата се стари од 1 ноември 2002 година, што значи имаме континуитет.

Вториот скандал е легализацијата на Тетовскиот универзитет, или малоречанскиот универзитет. Имаме, согласно последната реконструкција во овој Парламент, всушност, парламентарното мнозинство избра министер за внатрешни работи сосема спротивно од членот 97 од Уставот на Република Македонија, во кој се вели: “за органите на државната управа во областа на одбраната и полицијата, единствено ако внатрешни работи и полиција не се различни, според толкувањата на Владата, можеби станале и различни министерства. Значи, во областа на одбраната и полицијата раководат цивилни лица, кои непосредно пред изборот на тие функции биле цивили најмалку три години. Имавме полемики, дали г. Силјан Аврамовски бил цивил, не бил цивил за овие последни три години, дали бил на платен список на некоја друга служба или не бил, дали е сега како министер за внатрешни работи, тоа останува на премиерот да си оцени.

Потоа, имаме аферата со изградба на трговскиот центар во Скопје, па имаме афера со клиника Чаир, па ја имаме најновата афера на гасоводот итн. Но, убедливо најголем скандал во работата на Владата е усвоената територијална поделба, која наиде на жестоки критики и во Парламентот и меѓу граѓаните и меѓу експертите по локална самоуправа.

Премиерот при неговиот избор, со оглед на тоа дека тој моментално е премиер укажа на едно прашање, без чие решение, според господинот премиер, не можеме да зборуваме за владеење на правото, за економски развој, за вработување итн, а тоа било прашањето на меѓуетничките односи. И, ако е тоа прашањето да го прашам премиерот што тој како премиер и министрите во неговата Влада направија за издигнување на меѓуетничките односи на едно повисоко ниво, ако тоа веќе било најглавно прашање. Ако мислите дека со усвоениот Закон за територијална организација, територијална поделба, не е организација, територијална поделба на Република Македонија дека тоа е одговор на прашањето, тогаш се лажете и самиот себе си и нас не лажете и граѓаните на

Република Македонија. Можеби заборавивте или сакате да заборавите што се случуваше во Струга и Кичево.

Конкретно, во случајот на територијална поделба, вашата ароганција како премиер на Владата оди до невидени граници, ова го велам од причини што и покрај сите укажувања кои ги имаат луѓето кои ја познаваат локалната самоуправа, затоа што ние не можеме да бидеме експерти во сите области, иако некој сака да биде експерт во сите области, и покрај сите одржани референдуми на единиците на локалната самоуправа, а и покрај протестите што постоеја во градовите Струга и Кичево, протестите во Облешево, прекин во сообраќајот, вие како премиер застанавте на лошата варијанта и се согласивте со овој исклучително лош предлог на Закон за територијална поделба, кој беше усвоен од парламентарното мнозинство.

Доказ, почитувани дами и господа пратеници, министри во Владата, премиере, е фактот дека прво, граѓаните на Република Македонија собраа над 150.000 потписи, со тоа го исполнија законскиот цензус и второ, истите тие граѓани ќе излезат да гласаат за референдумот на 7.11.2004 година.

Кога веќе сме кај граѓаните, затоа што Вие како премиер сте премиер на сите граѓани на Република Македонија, Вам, иако сте премиер, не значи дека Ви е дозволено на граѓаните на оваа земја кои бараат некакво решение од Вас како премиер, како човек кој управува со 18 или 16, не ме држете за збор, министерства, кои под себе имаат уште помножено по 100 вработени, не Ви дава за право да ги игнорирате и да ги потценувате.

Се елаборираше прашањето за Самоков, министерот за одбрана рече дека на наредната седница на Владата ќе се разгледа проблемот со вработените од Самоков со тоа што решението, според министерот Бучковски, ќе било како појдовна основа за решавање на интересите на вработените. Јас би сакала од се срце да биде така и му посакувам на министерот да го спроведе она што го замислил.

Понатаму, последниот најнов бисер на премиерот на Република Македонија или новата организација на Владата каде сите кои сакаат да имаат средба со премиерот, ќе треба да го прават јавно пред медиумите, значи го имавме бисерот со претставниците на вработените во Треска, премиерот се бранеше во одреден дел.

Понатаму, Вие укажувавте на млекопроизводителите кога штрајкуваа, почитуван премиере, дека Владата не купува и продава млеко, имавте објаснување дека вработените во фирмите загубари кои бараат неисплатени плати да платат струја и вода, да се сетеле дека Владата не исплаќа ни плати и не плаќа струја и вода за други, туку само за неа. Тогаш, што треба да работи Владата, почитуван премиеру?

Не е во надлежност ова што досега го зборував, во борбата против невработеноста немаме резултати, во создавањето на услови на домашни и странски инвестиции - немаме резултати, во борбата против сиромаштијата - нема трага ни глас дека нешто ќе се подобри, во обезбедување на услови за развој на земјоделието - и тоа го немаме, во образованието и решенијата на проблемите од оваа област, човек страв и паника да го фати, во работите и решенијата од областа на транспортот и врските - ни останаа само врските, во делот на безбедноста на граѓаните на Република Македонија, убиствата, разбојништвата и останатите тешки кривични дела, постојано се во подем. Тоа го потврди и портпаролот на МВР, во однос на оваа и во однос на претходната година. Дали има потреба уште да се набројува?

Веројатно има се додека не го убедиме премиерот дека тој и оваа Влада не работат ништо, веројатно до тогаш ќе треба да ги убедуваме. За жал, кратко ни е времето, само до 24,00 часот, меѓутоа останува можноста после 90 дена пак да се видиме. Кога ние всушност треба да очекуваме некакви резултати од Владата кои, на крајот на краиштата, сите граѓани бараат да не бидат толку спектакуларни, да се некакви резултати, кога Владата ќе оствари барем 10% од она што го вети на изборите и за кое граѓаните и ја дадоа довербата. Веќе никој во Владата не зборува за структурни реформи, тие станаа мисловна именка. Реформите во јавната администрација не ги спомнувам, тие континуирано си течат од 15. септември 2002 година, ќе продолжат и во иднина, позадината и целта си ја знае премиерот, а и ние ќе ја дознаеме наскоро.

Сега вниманието на јавноста сака да се насочи кон Прашалникот што го чекаме од Европската Унија да дојде кон крајот на септември, кој ќе стигне, во ред, тогаш што потоа? Дали г-динот премиер или надлежните министри се запрашале што и како ќе одговорат на тие прашања, какви податоци ќе дадат при пишувањето на одговорите. Да

сум на местото на премиерот, а не сакам да сум таму, верувајте, нема да знам што и како да одговорам на прашањата и ќе ми биде срам, искрено да ви кажам. На испит за тоа се добива петка, можеш да ја изгубиш годината, меѓутоа, тоа се случува на факултет, мене ми е страв да не ја изгубиме државата.

Поучени од тоа како работи Владата, ќе му посочам на премиерот да си знае и да си биде подготвен, да не го снајде судбината на почитуваниот бивш директор на Државниот завод за статистика, кога Владата, не можејќи да се извлече од конфузните бројки волку е падот, толку е падот на индустриското производство, наместо да интервенира во стопанството правилно да го насочи проблемот и да го реши и еднаш да излезе дека се тие бројките, човекот доби црвен картон и заврши неговата кариера како директор на Државниот завод за статистика. Подоцна, според однесувањето и на новиот директор, се испоставило дека всушност самиот образец не бил подготвен така за да ги прикаже реалните бројки и пак, во крајна линија, граѓаните се виновни, преку било кој приватен сопственик, а тој е граѓанин на оваа држава, на крајот пак граѓаните се виновни за се она што се случува во државата, но Владата никако не е виновна. Колку да се труди Владата преку сите познати методи, јавни, тајни, сметам дека и со самото тоа што се пуштаат определени пробни балони за да се маргинализираат и дислоцираат интересите на граѓаните од најважните работи кои ги засегаат, сепак времето незапирливо и сурово работи на нејзина штета.

Да го прашам и премиерот и министрите дали сметате дека до ден денешен, денеска сме 18. септември, нешто се променило во ситуацијата каде, за да се оперира некој, за да се запише на факултет, во средно училиште, за да се положи испит, за да се добие некаква дозвола, како и во многу други ситуации, тоа е лесно и изводливо.

Ние постојано зборуваме за оваа Влада, ќе повторам, каде премиер е г-динот Хари Костов, но некако како да сакаме да ја заборавиме претходната Влада која беше составена од истите министри каде имавме многу повеќе афери и од образованието и од останатите области и од судството и од изборот на членови на Републичкиот судски совет, сепак одговорноста за тоа ја носи моменталниот премиер.

За неспособноста на Владата, прецизно со посочување на конкретни проблеми, посочи и последниот Извештај на Меѓународната кризна група, кој го прочитал го прочитал, кој не го прочитал, јас ќе се потрудам да извадам определени делови. Во овој Извештај, во делот на невработеноста и владеењето на правото точно е посочено дека многу висок процент од работоспособното население е невработено или е ангажирано на работа со ниска продуктивност, што според Меѓународната кризна група, претставува загрижувачки факт и за Владата и за меѓународните економски институции и дека Владата сепак, ова се цитати од Извештајот од Меѓународната кризна група, значи Владата сепак не треба да го заборави да го оствари ветеното во кампањата, посебно во делот на редуцирање на невработеноста.

Она што посебно ме фрапира и сериозно загрижи е делот во кој се вели дека економијата едноставно не е доволно силна да ја намали невработеноста и тоа на база на создавање на работни места креирани од домашниот приватен сектор и со тоа да го модерира ГДП.

Секако дека овој Извештај дава една загрижувачка димензија на патот кон кој се движи Република Македонија, посебно во делот на економијата и можноста за некаков развој на економијата во Република Македонија.

Како уште една потврда за ќорсокакот во кој не заглави оваа Влада е фактот што, покрај тоа што имаме индустриски пад на производството, секој месец наместо да се намалува, тој се зголемува, имаме и опаѓање на бруто домашниот прозивод за околу 3,6% во првиот квартал од годинава. Многу експерти, кои некои владини функционери милуваат да ги наречат самопрогласени експерти, со месеци наназад докажуваат на опасноста кон која се движи нашата економија и тоа ништо не и значи на оваа Влада, тогаш се чудам какви се мозоци од економисти работат во Владата на Република Македонија во моментот, апсолутно да немаме ништо на виделина. Буквално ништо напред да може да се помести.

Посебно не сакам, а ниту вие ниту јас да заборавам дека премиерот е искусен и истакнат економист во областа во која работел долг низ на години, долгогодишен

успешен директор на Комерцијална банка, без партиска книшка, кој најверојатно заради тоа негово искуство беше предложен за премиер на Република Македонија.

Во исто време и покрај сите констатирани состојби до ден денешен од Владата немаме апсолутно никаков одговор на прашањето што се случува со економијата во Република Македонија и што до сега презеде Владата за санирање на состојбите. Кој конкретни мерки ги презеде Владата за решавање на проблемите, а одговорот најверојатно сите го знаеме, Владата ништо не знае, не презеде ништо и Владата не знае што и се случува всушност во економијата. Оти, ако знае, ако ги таргетира целите, ќе знае и соодветно да реагира.

И после сите сознанија со кои располагаат и пратениците од позицијата и пратениците од опозицијата и граѓаните, дали искрено, сеуште сметате, се обраќам на колегите од позицијата, дека оваа Влада има капацитет да ја води земјата некаде?

Значи, ако резимираме, ќе дојдеме до констатација дека во Република Македонија денес нема економија, нема квалитети, нема развиено земјоделие, нема визи за граѓаните, немаме здравство, немаат сите фискални каси, па по нив трчаат сите инспекции, како современи инквизитори, нормално, немаме квалитетно образование, немаме наука, немаме истрачувачка дејност, немаме визија за ниеден сегмент од општествениот живот.

Ќе се прашаме што воопшто има во Македонија? Има се она што не треба да го има, корупција, криминал, невработени, социјални случаи, сиромаштија, апатија, убиства, проституција, штрајкови, зависно судство, виновник не треба да се бара, виновникот е тука, брои најмалку 18 луѓе и истиот се нарекува Влада.

Бидејќи таква како што се нарекува оваа Влада, рековме дека е во континуитет, пред очи ни е веќе две години, со исклучок на некои мали шминкерски зафати, а истата таа Влада не ја разбуди надежта кај граѓаните, не ја поттикна самодовербата кај граѓаните, воопшто не го мотивира интелектуалниот потенцијал кој постои во државата, не стори ништо од она што го вети, сметам дека е време да си оди.

Оваа Влада успеа и понатаму успева, ќе повторам, независно дали намерно или ненамерно од незнаење, она малку што го имаме да го изгубиме, она што до вчера си

можел денес да не можеш да го направиш, она што најмалку си очекувал во животот лошо да ти се случи - ќе ти се случи, секојдневно доживуваме разочарувања и на крајот ја гледаме црна иднината на Република Македонија.

Затоа, почитувани дами и господа пратеници, кога веќе иднината на Република Македонија зависи од изборот на трите бои кои стојат пред вас, мојот апел е да ја употребите зелената, нема да згрешите, а вас, почитуван премиеру, како чесен човек и човек од збор, очекувам и истовремено ве потсетувам на вашиот даден збор, доколку референдумот успее, јас ќе си дадам оставка, го очекувам 8-ми ноември 2004 година. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Којзеклиска.

Ве молам, седнете, имам нешто многу важно и битно да ви кажам.

Во ред г-ѓо Којзеклиска, пред нешто да кажете, три пати размислете, затоа што, како што вели народот, стапот има два краја. Вие рековте дека ова е иницијатива од опозицијата и тоа за доверба на Владата на Република Македонија и дека нема што позицијата да зборува, треба Владата да зборува и условно да кажам, да се брани. Тоа го рековте.

Јас се договорив со Владата тие да реплицираат по три минути за да имате вие време и вие г-ѓо Којзеклиска да стигнете до оваа говорница, инаку, да не се договорив така со Владата, немаше ни г-динот Трендафилов да стигне, затоа што Владата има аргументи, има време, има простор да одговори на првиот настап на г-динот Караџоски.

Ако се согласувате, сега ќе им дозволам на сите министри да одговорат, без да ограничам време, бидејќи вие ги барате одговорите. (реакција од страна на пратениците) По тој Деловник по кој г-ѓа Којзеклиска бара од позицијата да се откаже од расправа или да не учествува во расправа само затоа што е доверба од страна на опозицијата.

Повелете г-дине Караџоски, процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине претседателе, во името на предлагачот, бидејќи сум овластен претставник, дозволете да реагирам процедурално.

Прво, вие немате никакво право да се договарате со Владата дали таа ќе дава реплики или не.

Вие имате, почитуван претседателе, Деловник и должни сте спрема Деловникот да работите. Само да ве потсетам, кога станува збор за доверба на Влада, треба да знаете дека Владата има свој претставник, ако тоа не го знаете, јас ќе ви кажам. Претставник на Владата е премиерот, не министрите. Кога се зборува за Влада, само е премиерот тој што може да кажува, да се брани или да не се брани. Не е ова институт пратенички прашања, кога ќе биде, имаат право министрите. Тоа климање со глава задржете го за вас, дозволете јас . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас не ве прекинувам.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи, не е институт интерпелација на министер, се работи за доверба на Влада, а Владата исклучиво е претставена од премиерот. Ако тоа не можете да го сватите, ќе ви го објаснам на овој начин:

Кога се бира Владата почитуван претседателе, кој треба овде да седи цело време и кој го брани својот состав? Мандаторот. Кој дава експозе и кој го брани составот? Повторно мандаторот. Така е исто и кога е доверба на Влада.

Тоа што вие сте седоговориле, тоа е надвор од Деловникот и немојте тоа сега да го превртувате во тоа што сте ни дале некое право, кое го немаме. Ние како пратеници имаме право да дискутираме.

Оној момент кога премиерот ќе оцени за потребно да даде одговор на се она што сме го напишале и дискутирале тоа треба да му го овозможите, дали тоа ќе биде на крајот, дали тоа ќе биде на средина, тоа зависи од вас како претседател. Меѓутоа, само тој има право да даде образложение. Ако не ви е јасно како е во Деловникот, видете го поранешното поранешното искуство, видете ги поранешните седници, видете ги поранешните интерпелации, односно доверби на Влада. Затоа немојте да си земате постојано некое интерпретирање на Деловникот, кое не е така како што е напишано.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски тоа што вие го велите исто така не пишува во Деловникот дека е така. А во врска со избор на Влада Вас ви е јасно дека премиерот е и мандатор, другите министри не се избрани, допрва треба да се избираат и затоа тогаш мандаторот има збор.

Повелете, министерот за економија има реплика три минути за да одговори.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Госпоѓата Којзеклиска прозиваше и зборуваше и сакаше од се срце да продуцира дека има конфликт помеѓу министерот за економија и премиерот, во врска со Гасоводот, неможејќи никако да сфати, со оглед на структурата од каде потекнува дека се работи за различно месење и за аргументи.

Во претходната Влада, вообичаено беше, во онаа до 2002 година, кога премиерот ќе каже нешто, министрите да речат, леле премиере ни го земавте зборот од уста, значи да мислат обавезно како што мисли премиерот. Напротив, ресорите постојат за тоа, министрите постојат за тоа, за да изнесат квалитетни решенија и аргументи за одлуките што ги носи Владата, а особено ако се работи за значајни прашања кои се битни за секој граѓанин на оваа држава.

Јас незнам дали госпоѓата Којзеклиска знае и јавноста дали воопшто знае дека и тогаш во таа Влада двајца министри рекле не, за продажбата на  ОКТРА, ама никаде не кажаа, никаде не викнаа и сега ќе ги боли глава и децата кои ќе ни се родат после 20 години, од таа одлука. Јас овде имам документ во кој е потпишан Ламбе Арнаудов и не се согласувал со продажбата на ОКТА. Имам уште еден документ во кој министерот за финансии исто не се согласувал со продажбата на ОКТА, си го кажа своето мислење, ама јавно не кажал, веројатно се плашел за фотељата што ја имал тогаш.

Господа во оваа Влада има министри кои не се плашат за своите фотељи и стручно и компетентно ќе ги изнесат мислењата, такви  какви ќе им ги подготват нивните ресори, се во интерес на граѓаните. И ни случајно министерот не е во конфликт со претседателот на Владата, туку ние сме во секојдневна комуникација за ситни битни прашања за кои мојот ресор треба да комуницира заедно со претседателот на Владата.

Што се однесува до прашањето на невработеноста, да ви прочитам две бројки со два датума односно четири.

Октомври 1998 година бројот на невработени 361.288. Две години подоцна, затоа што доаѓаме ние две години подоцна. Значи во времето на ВМРО ДПМНЕ 365.747. Тоа е разлика позитивна во број на невработени 104.500. Сергеј Бупка такви скокови не може да направи.

Сега, ние кога сме дошле на власт во 2002 година 376.076. Денес имаме 392.909. Тоа е разлика 16.800. Значи Вашата разлика за две години 105 илјади, нашата 16 илјади. Зошто е нашата, затоа што затворивме 40 претпријатија од ФЕСАЛ 2 аранжманот кој вие си го потпишавте уште во 1999 година и кој не си го завршивте и почнавте дел со тие криминални приватизации што светска банка како мали деца ве фатија за ушиња и ве вратија назад таа лекција да си ја повторите повторно. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам министре, поминаа вашите три минути.

Повелете г-ѓо Којзеклиска имате една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Мене многу ми е драго што слушам дека премиерот и министерот не биле во конфликт, иако тоа не кореспондира со јавоста, колку и да се труди министерот да објасни дека е така.

Во однос на бројките 1998 - 2000-та и 2002 и 2004, факт е дека сега е 392.016.Структурни реформи и намалување борба со невработеноста? Ве молам, ние место да го имаме бројот намалување, ние го имаме бројот зголемување, а основната цел на која се засноваше кампањата на оваа власт беше вработување на по еден од секое семејство, ама остана тоа, затоа што од дваицата вработени едниот го избркаа од работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Агим Џелили имате три минути реплика.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана колешке Којзеклиска вие спомнавте неколку скандали на Владината коалиција. Јас сакам да ви дадам до знаење дека оваа Владина коалиција донесе значаен број на закони кои се во интерес на граѓаните, како и закони кои директно произлегуваат од Охридскиот договор, како обврзувачки норми.

Колку за потсетување ќе кажам: Законот за амнестија на војниците, Законот за употреба на јазиците во високото образование, Законот за официјализирање на тетовскиот универзитет, Законот за територијална организација и локална самоуправа, Законот за социјална заштита. Овие закони, почитувана колешке се и ќе останат обврска на било која можна коалиција. Реалноста сакаше да бидеме ние носители. Меѓутоа, тоа не значи дека вие, почитувана колешке и други колеги ако Вас сте рехабилитирани од недавање на доволна помош во овој правец. Би требало да помагате а не да наградувате и да користите технички средства кои звучат како филхармонија без диригент, затоа што се плашевте да се соочите со вистината. Затоа што пред вистината и господ клекнува. Така правевте со буџетот, така правевте со сите закони кои беа приоритетни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓа Којзеклиска имате една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Се согласувам за вистината, ама која вистина? Да го вратиме малку филмот во 2001 година и војната која ја предизвикавте вие и вашето учество во Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Апостолоски, имате три минути.

НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ:

Благодарам, г-дине претседателе,

Јас на госпоѓата Којзеклиска ќе и реплицирам во две работи:

Прво, точно е дека оваа Влада и овие министри се феномени, бидејќи да бидеш министер во оваа Влада треба да можеш, треба да знаеш и треба да го издржиш владењето на ВМРО ДПМНЕ.

Втората рабвота, што вика госпоѓата дека ние ќе ја браниме Владата, еве јас не ја бранам Владата. Се согласувам со нејзината констатација дека Владата за лошата економска состојба не треба да ја бара вината кај некој друг, туку во самата себе, од причини, бидејќи директните виновници од Владата на ВМРО ДПМНЕ сеуште не се зад решетки, сеуште се на слобода, шетаат посветот, плаќаат дебели сметки и се занимаваат со политика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине министер за труд и социјална политика имате 3 минути реплика.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Благодарам, претседателе,

Владата како и секоја институција, во својата работа се разбира дека прави грешки и дека им многу места каде може компетентно и аргументирано да биде критикувана.

За жал, во досегашните дискусии од опозицијата, особено во делот на економските резултати на Владата, такви критики аргументирани и компетентни не слушнавме, туку слушнавме само пауштални оценки кои сами по себе не заслужуваат реплика, меѓутоа, бидејќи и понатаму продолжуваат да бидат паушални, мораме некои од нив мошне кратко, телеграфски да одговориме.

Странските директни инвестиции 2002 година, во Владата на ВМРО - ДПМНЕ, имавме 77 милиони долари, странски инвестиции. Во 2003 година имавме 97 милиони, во првите 5 месеци од 2004 година имаме 83 милиони долари. Овие резултати покажуваат дека има извонреден раст. Секако тоа е далеку од онаа што сите ние сакаме да биде, во споредувањето со останатите транзициони земји, меѓутоа, секогаш во споредувањето мора да се тргнува од претходната година. Значи имаме континуиран раст.

Во однос на вработеноста, 2002 година, од евиденција на Заводот за вработување, се вработија 34 илјади луѓе. Во 2003 година 39 илјади луѓе, а за осум месеци оваа година 26.100, што ако овој тренд продолжи, ќе не води до бројката помеѓу 43 и 45 илјади луѓе. Значи, секоја година раст помеѓи 5 и 6 илјади нови вработувања. И точно како што вие велите, без спектакуларни резултати, меѓутоа со реални помислувања кои се можни во рамките на еден нормален развој.

И, околу структурните реформи, сетот оа што вие не го направивте во изборната 2002 година, ние го довршивме. Довршивме со ФЕСЕЛ аранжманот. Како што кажа министерот за економија тој е потполно исполнет и веќе некои од тие загубари се отвараат, веќе "Готекс" работи, "Порцелнка" работи, Акумулатори "Злетово" ќе почне да работи и до крајот на годината неколку капацитети ќе се рестартираат, што значи дека и тука има видливи резултати.

И во однос на бројките што ги истакнувате, во првиот квартал 2004 година ивозот на стоки бележи раст од 22,1%. Тоа е одличен резултат.

Кредитирањето на приватниот сектор бележи пораст од 20,8%, што доволно говори дека оптимизмот во заедницата на предприемачите се буди и дека тие се спремни да влезат во нови инветиции.

Само како потставка во овој дел, инветициите во машини и опрема се повисоки за 7,1%, што исто така говори за еден деловен оптимизам што почнува да се чувствува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Манасиевски, нмате повеќе време.

Повелете гопоѓа Којзеклиска имате една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас претседателе не сум знаела во каков рај живеам, на толку странски ивнестиции на толку вработувања, толкаво зголемување на извозот. Па тоа било рај во светот.

Да го потсетам само министерот, да си го земе обраќањето на претседателот на Владата на Република Македонија г-динот Бранко Црвенковски пред пратениците, 5 ноември 2003 година, страна 13. Цитирам "јавно преземаме обврска, нивото на вкупните инветиции, домашни и странски, во 2004 година да биде поголемо од 200 милиони долари во однос на нивото на вкупните инвестиции остварени во 2003 година".

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа ви реков г-ѓа Којзеклиска, кога ќе кажете нешто три пати размислете.

Повелете г-дине министре, Буџаку, имате три минути реплика.

АГРОН БУЏАКУ:

Почитувана пратеничке, јас чувствувам за потреба да се јавам за збор, иако во еден  развиен демократски развиен систем, овие интерпелации или гласање за доверба на Владата имаат могу посериозен карактер, во смисла на тоа каде конкретно со факти и аргументи, одредена млада  Влада и коалиција згрешила, пратениците од мнозинството, па дури и министрите со контра аргументи и факти ќе излезат да ја одбранат својата политика, каде што може да се брани, евентуално и да прифатат одредени факти, во врска со нивната работа. Но, за жал, тука од опозицијата, стилот на дебатата, од самиот почеток беше многу генерализиран од повеќе слушнавме цитати и работи кои и на јавноста и се презентирани од жолтиот печат или од тие новинари што бараат нешто за да ги полнат весниците и да им се гледа телевизијата, отколку конструктивни работи, од страна на опозицијата. Сепак, за волја на вистината, јас морам да кажам некои работи и да објаснам дека, имено, од еден таков интервју беше извадено од контест мојата изјава дека ние сме политичка коалиција, дека, нормално,. Партнерите на една политичка коалиција, владеачка, и предлагаат на мандаторот да ја избере својата Влада, така што политички партиите што се во коалиција, предлагаат кандидати за министри. Ако одреден министер згреши во својата работа, во однос на неисполнување на задачите и обврските по програмата на Владата, непочитување на Уставот и законите и воопшто не покажува резултати во својата работа, тогаш тој министер, конкретно јас, одговарам пред Владата, пред премиерот и пред Собранието.

Кога се работи за политички избор на одредени калициски партнери, јас незнам врз основа на кои интереси и како функционира нивната Влада, но оваа Влада на коалициони партнери . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине министре, завршија вашите три минути. Не требаше да имате толку голем увод.

Последен пратеник за реплика е г-ѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам претседателе,

Три минути навистина ми се малку да реплицирам на излагањето на почитуваната колешка Којзеклиска и затоа ќе се осврнам само на еден дел.

Таа спомна дека оваа Влада ја потресуваат некои афери, како со клиниката Чаир, трговски центар, да не губам време да набројувам, мислам уште една спомна, со ОКТА.

Почитувана колешке би сакала во тој дел и Вас и на поднесителите на ова барање за доверба на Владата, да ве потсетам на вашите афери, аферите како резултат на четиригодишното владеење на коалицијата Главата горе, што како епизоди од некоја шпанска серија излегуваат секојдневно на светлината на денот и ја потресуваат јавноста. Да се потсетиме само на дел од нив:

Случајот со изнесеното платно од Македонска "Џинс". Аферата во Министерството за одбрана и префрлањето на Буџетски средства на родбински фирми. Злоупотребите во фондот за здравство и набавките по енермно високи цени, со незнам колку посто повисоки од реалните. Злоупотребите во Бирото за стокови резерви, Бирото за неразвиени подрачја, фондот за земјоделие, контингентите за увоз на шеќер, дадени на пантомски фирми од вашиот министер, така наречен Шугар бејби, и случајот со продажба на НИП "Нова Македонија", таинствената продажба на ОКТА и огромната материјална штета за државата, проектот Национална платежна картичка, кој од Буџетот извлече 7,5 милиони евра, потоа 70% од акциите, по многу ниска цена да бидат продадени на Балканска и Македонска банка. Знаеме чии се тие банки. Епилогот, што се случи понатаму, на јавноста и е познат. Случајот со бившиот директор на царината. Случајот Раштански лозја, случаите со Алмако Банка, Македонска Банка, Експорт-Импорт Банка, скандалот со префрлање на девизните резерви со приватни фирми. Кога сум веќе кај банките, можам да ви цитирам и дел од одговорот што го добив од поранешниот гувернер на Народна банка на Република Македонија, на мое пратеничко прашање, го имате сите добиено и од каде може да се види дека кругот се стеснува и до каде оди криминалот.

Блаодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-споѓо Којзеклиска имате една минута контра реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Колешкаа се потруди да ги наброи сите, таканаречени, афери на претходната власт. Заборави дека таа власт, заради презентирање на аферите од страна на тогашната опозиција, а сегашна позиција, си замина од власта на 15 септември 2002 година. Денес почитувана колешке сме 18 септември 2004 година. Вашите афери кога ќе почнат да излегуваат ќе бидат нешпанска, венецуелска серија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи нема повеќе кандиати за реплика.

Повелете г-дине Оровчанец имате збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам господине претседателе, почитуван премиер, господа министри, пратеници, добро е што после толку време, односно после две години воопшто можеме да дојдеме и до една постапка во Собранието која што е означена како доверба на Влада, затоа што очигледно е дека во изминатиов период многу работи се пропуштени, многу работи практично се излезени од колосеците и некако Владата функционира, меѓутоа прашање е во која димензија, како. И мислевме дека е крајно време посебно со последниот Закон за територијална поделба со кој практично самата Влада се спротивстави со својот народ дека треба да испаднеме овде како пратеници, а мислам дека тоа требаше да го поддржат и пратениците на СДСМ ако сакаат демократија во оваа држава или контрола на Владата од страна на Парламентот и да дискутираат за состојбите во оваа Влада, а не да дискутираат за нешто што е завршено. А знае колешката дека коалицијата “Главата горе” не дојде на власт, туку дојде другата коалиција “За Македонија”. Таа “За Македонија”, што направи за Македонија, тоа е многу големо прашање. Доаѓањето на власт беше на некој начин макијавелистички, не се бираа средства за да се стигне до власт. Затоа мене ми е чудно кога некој ќе каже” вие се борите за власт. По демократски принцип, некои се бореа на терен со пушки за да се стигне до власт, а некои со ветувања кои што беа не максималистички, туку неверојатно

хипертрофирани формирани на тој начин да бидат упадливи и да стигнат до слухот на сите незадоволници, затоа што во природата на човекот е да бара повеќе, да бара подобро и на некој начин да пријде кон животот поконформистички и да може да ги задоволи на поедноставен, полесен начин и на поадекватен и поквалитетен своите потреби. Токму од тие причини и се стигна до власт, меѓутоа што и како се работи прашање е дали треба да се остане на власт, конкретно не зборувам за коалиција на оваа Влада. Ова е на некој начин старо нова Влада, затоа што еве имавме овде и полемика, не знаеме што е што, што е постаро, односно по Интерпелацијата дали премиерот треба да ја брани, или министер треба да влегува во дискусии, а не зборуваме за интерпелација на министрите. Ветувањата конкретно ќе посочам за неколку работи за кои што сметам дека се многу битни, а можеби, еве ставам знак на сомневање, мислам дека премиерот на пример не ги знае состојбите во здравството во Република Македонија. Ветувањата во доменот на здравството конкретно беа унапредување на здравството што е одлична парола умерена, законско работење и тн., раскинување со сите лоши страни во здравството, борба против криминалот во фармако секторот, веледрогериите и тн. Меѓутоа, што стана со сето тоа? Стана нешто што е сосема спротивно.

Прво, да се потсетиме дека две години во здравството отсуствува националната стратегија за здравство. Господата пратеници од СДСМ кои се членови на Комисијата за здравство се сведоци дека јас како претседател на таа Комисија иницирав, на два пати барав, испративме и писмено барање до Министерството за здравство да се изнесе националната стратегија за здравство. Таа е направена, таа е напишана, таа е помината, практично низ институциите на системот јавно е презентирана и требаше да дефинираме што е тоа национална стратегија и во кој правец се движи. За жал националната стратегија која се формира за 10-годишен период од нејзиното формирање до сега поминаа четири години и доколку дојдеме до нејзино усвојување таа ќе биде застарена и ние практично во доменот на здравството како држава функционираме без национална стратегија. И после зборуваме за национална стратегија за евроинтеграција. Ние во крупни сегменти во нашето општествено јавно живеење немаме наша национална

стратегија која што би требало да ја усогласиме едноставно со она што би требало да биде пат кон евроинтеграциите.

Второ, што се залагавте континуирано и Владата, односно коалицијата која ги доби изборите дека ќе се направат реформи во здравството. Во здравството реформите се прекинати и застанати, во здравството нема реформи. Мислам дека ова вие господине премиер треба да знаете дека во здравството немате никакви реформи. Здравството функционира уште по некоја инерција, здравството функционира по некои механизми канализирани кои што се канализирани уште од поодамна, меѓутоа како одат работите тој иницијален момент се повеќе слабее и мислам дека е многу брзо моментот кога тој систем ќе се скрши и комплетно ќе откаже во своето функционирање. Немањето на реформи што значи, едноставно статус кво на она што е затечено во кое што секој се обидува да најде модус на кој максимум ќе може да извлече и тоа и се случува. Најголемата реформа која ни се случи во овој период таа е реформата практично во приватизацијата на аптеките и реформата во доменот на стоматологијата со две тотално погрешни решенија. И сега кога гледаме сфаќаме дека практично самата реформа е направена не затоа што е виден интерес за таа рефрма на тој начин, туку да се задоволат одредени барања на одредена лоби група внатре во структурите на власта што е принцип на корупција за да дојде до приватизација од нивна страна. Дури и на државна сметка се сменија натписите на аптеките кои сега веќе гледаме дека заличуваат по логото на буквите кои што букви треба да ги земе дадената фирма, која не сакам сега да ја посочувам. Што се случуваше со тие аптеки од 2002 година до сега? Тие аптеки 2002 година ноември месец оставија на сметка милион и нешто евра, тие аптеки оставија залихи на лекови некаде за тримесечен период, тие аптеки оставија можност на комуникација на граѓанството и на пациентите со аптеките за набавка на секој лек максимум за 24 часа во нивната аптека, бе полни со лекови од позитивната листа и проблемите кои што ги имаа луѓето беа драстично намалени, односно можеа да се решаваат и други проблеми кои сеуште би требало во еден континуитет да се решаваат. Денеска пред приватизацијата на аптеките за кое што дури не знаеме ни како ќе оди точно, затоа што и покрај тоа што долго време законот е направен, ние имаме ситуација

да ги немаме подзаконските акти со кои треба да се направат тие. Денеска од милион евра добиток на аптеките на жиро сметка на самите градски аптеки имаме повеќе од милион и нешто минус салдо. Денеска во аптеките немате половина од лековите кои што треба да ги има.

Трето, овој механизам компјутерски кој што функционираше помеѓу аптеките да функционираат и да може комуникација и со магацинскиот дел и со се, а и најавувањето на пациентите да го обезбедат лекот, не функционира, затоа што носителите на тој програм беа заменети со нов договор на "Семос" за 90 илјади денари паушал месечно кој треба да го плаќаат на "Семос", а тој систем еве две години не профункционира. И кажете ми дека не е тоа некој елемент на корупција, па макар и политичка. Понатаму што се случува во здравствот. Затекнатите работи и она што е постигнато се занимарува со цел да се обезбедат одредени можности кои што во крајна мера можеме да ги дефинираме како можност за корупција. На пример, беа воведени бандероли за лековите со кои што, тоа беше прв обид да се запре шверцот што постои со лековите. Бандеролите сигурно не можат да го укинат комплетно шверцот, меѓутоа голем дел од тој шверц го намалија. Наместо тој систем да се надградува и усовршува, да се врзуваат други системи комплементарно со него и да имаме максимална безбедност, ние дојдовме во ситуација да бидат укинати бандеролите за лекови. На тој начин што постигнавме? Постигнавме повторно давање на можност на сивата економија во овој дел и на шверцот. И денеска сме во ситуација 25% од лекарствата кои што функционираат во здравствениот систем во Македонија се шверцувани. Тие лекови не се гаранција за квалитетот, не се гаранција за здравјето, тие се гаранција за екстра профит кој се носи. За тоа оваа Влада нема сознанија дека се прави, или така се прави дека нема сознанија. Понатаму, самото Министерство внатре во својата структура генерира корупција конкретно за последниот тендер. Како? Ќе кажете тендерот е јавен, транспарентен, тоа е точно. Меѓутоа, ако вие преку разни системи и канали го модифицирате тендерот, тогаш вие сте учесници во тоа. На пример, учесниците на тендерот на последниот тендер на лекови државниот секретар во Министерството за здравство пријавите за регистрација на лекови ги чува кај себе во фиока во отсуство на директор на Бирото за лекови и тие не се

проследуваат во функција, едноставно не се проследуваат во постапката која треба да биде. На тој начин се доаѓа во позиција тие лекви да бидат исклучени, затоа што не биле регистрирани, а тоа е активна функција на самиот државен секретар. Значи, повторно уобличување на оние кои што треба да стигнат до тендерот.

Четврто што се случува се континуираните недостатоци на лекови и воопшто на сите материјални потреби кои што постојат во здравството непосредно после 15 септември, за два месеци беа укинати околу 40% од лековите на позитивната листа, што значи од лековите кои беа користени од страна на пациентите, а плаќани од страна на државата, односно на Фондот. Значи луѓето беа ускратени за 40% од она што можеа како лекарства да го добијат. Меѓу овие лекови има и лекови кои се неопходни, како на пример што беше лекот за шизофренија. Ние пациентите со шизофренија не можевме да ги лечиме затоа што беа укинати лековите од позитивната листа за тој третман. Можеби не требаше тоа да се случи, можеби политиката со тој третман ќе беше подобра во оваа држава. Понатаму, истото тоа Министерство после година дена повторно ги враќа истите тие лекови на позитивната листа. Дали тогаш биле нестручни, или се сега нестручни, или е во прашање манипулација и корупција, односно условување, ќе ги вратиме тие лекови, меѓутоа ќе платите нешто. Јас не тврдам дека е така, меѓутоа самиот чин и самата постапка сугерира дека нешто се случува наопаку, затоа што не е можно после година дена истите тие стручни лица да дефинираат дека е тоа така.

Она што се обидуваше овде колешката репликант, како што би рекол претседателот на Собранието, кажа дека аферите во здравството и тн. И јас ќе кажам, во ред, тие афери треба да се докажат и да видиме што ќе се докаже, затоа што во оваа земја од 15 септември наваму се поднесени 1700 кривични пријави, а судски процеси има само случајот со Амди Бајрам, колку што јас знам. Меутоа, факт е следното, дека 1998 година долгот во здравството беше 45 милиони долари. 2002 година долгот на Фондот за здравство изнесуваше 40 милиони долари, тој беше намален. Првата година на владеење после која беше и сменет новиот директор заврши со 75 милиони долари губиток на Фондот. Денеска масата на губиток е од прилика околу 110 милиони. Ако обртот на целиот Фонд е годишно 200 милиони, а имате губиток практично дефицит од

110 милиони. Господине премиер јас ве советувам вие Министерството за здравство како неуспешна фирма едноставно да го ставите во стечај и да се почне одново, затоа што од ова ништо не бидува. За се ова вие како премиер би требало да имате податоци, да имате сознание. До колку ги немате, тогаш вие треба да ја сносите вината. Да не зборувам за бројните афери од цитостатиците кога се дојде во една ситуација преку медиумите и во медиумите се донираат цитостатици за децата. Луѓе, тоа не е нормално, тоа е функција на системот. Вие како држава мора да се грижите за нив, не можете со донации цитостатици да ви земат. Истовремено, без разлика што јас учествував, затоа што сметав дека е тоа добро иницирано од потпретседателот на Собранието беше формиран Клубот "Пријатели на Клиниката за педијатрија". Меѓутоа вие проблемот на педијатрија не можете да го решите, а државата се ослони само на тоа. И овде ќе се прашуваме како одат работите и излегуваат од контрола и како се влошува состојбата во здравството. Денеска ако отидете во аптека немате ни еден сируп за деца, антибиотик освен Еритромицин, не постои, не можете да го најдете. Денеска во овој момент постојат од под тезга тие што се шверцувани што ќе ви ги дадат дополнително. А Еритромицинот е со ограничено индикативно поле и точно се знае како да се дава и неговата употреба вкупна е многу мала во тој сегмент. И да не ги набројуваме работите, затоа што овде работите едноставно немаат крај. Системот на здравство пропаѓа комплетно. Сите ги плаќаат сега лековите без разлика што се проширила позитивната листа. Денеска на позитивна листа доаѓаат лекови кое требовање е за пет дена во месецот, после тоа немате повеќе лекови од позитивната листа, и морате сами да ги платите. И да не ги набројуваме сите други работи, затоа што очигледно е дека овој систем е вон функција и системот функционира по некоја инерција и прашање е кога ќе се скрши таа кола, затоа што не е можно на овој начин да се функционира, па не е можно да се доближиме и до евроинтеграциите.

Посебно би издвоил лошото работење на оваа Влада во доменот на последните обврски кои што ги имавме во децентрализацијата со територијалната поделба. Оваа Влада на некој начин толку ноншалантно пријде кон тој проблем.

И на крај, наметнувајќи ја политичката криза во земјата сега го напаѓа народот дека е крив за таа политичка состојба. Имаше 40 референдуми за тоа на граѓаните што е импресивен, јасен знак за нивната волја, за нивните потреби итн.

За да се даде тежината на целата постапка на крајно нетранспарентен начин беа дадени и политичките договори внатре во Владата, па Владата целата се шеташе како планинарско друштво наместо да работи за реалните проблеми ова даваме, ова не даваме и на крај до едно решение кое решение е жива несреќа за оваа земја и сега некои се обидоа тој процес понатаму свакајќи дека инерцијата на незадоволството расте и дека се стигна до тие 180.000 потиписи на гртаѓаните, кои што се граѓански гласови, не се партиски гласови, тоа се гласови на граѓаните кои се загрижени и за својата локална самоуправа и за својата земја. И сега се обидоа да велат едноетнички референдум, кога испадна дека не е па сега бил фашизоиден, па бил незнам каков, Владата треба да свати дека тој референдум е највисокот демократско право кое што постои во оваа земја и во секоја парламентарна демократија. Како што Владата од изборите го носи мандатот да владее од народот така и народот владее преку референдумското изјаснување, затоа што изворно се е од народот.

Во овој период сме сведоци и на многу други појави кои што Владата очигледно ги спроведува со една единствена цел да низ разни дисквалификации, наметнувања на мислења кое што очигледно не е прифатливо ни за граѓаните, со плашење на некој начин дека ќе сме се одалечеле од ЕУ и незнам што, ние без демократија дефинитивно ќе се оддалечиме од ЕУ.

Посебно што јас и замерувам на оваа Влада е тоа што оваа Влада, малте не и претходната, меѓутоа министрите се исти тука, во едниот дел е минатиот премиер одговорен, а во овој дел сегашниот премиер, тоа е т.н. посебно право на членовите на оваа коалиција, на оваа Влада да го толкува, чита, презентира Рамковниот договор. Рамковниот договор не може на тој начин да функционира. Овде вие самите го дисквалификувате на тој начин Рамковниот договор и немојте да зборувате ние сме биле, оние не биле итн. Вие правите лично како коалиција дисквалификација на тој Рамковен договор, затоа што решението за тетовскиот универзитет и решението за територијалната организација не се решение како што е Рамковниот договор. Го користите, го манипулирате и му давате друга конотација на Рамковниот договор. Тоа е една од полошите манипулации и за граѓаните и за демократијата и за она што треба унапредување на демократските процеси во оваа земја.

Има една работа што мора да ја признам на премиерот поштено и чесно, а тоа е експозето. Јас се чудев што тоа експозе беше такво, меѓутоа човекот е чесен. Во кој поглед? Неговото експозе беше кратко, немаше никаков економски развој, немаше ништо и еве за 100 дена тој го исполни своето ветување. Ако падне оваа вечер можеби ќе подготви ново експозе во кое ќе направи нов економски раст, меѓутоа тоа не се случува.

Манипулацијата на јавноста г-дине премиер ја продолживте и со некои други елементи кои деновиве ги видов, а тоа е со она шоу што беше направено со работниците во Треска во Владата.

Прво, направивте непринципиелен приод. Приватна фирма Владата ја прима на разговори, а Самоков, ваша фирма, државна не ги примате на разговор

Втора работа, влеговте во дискусија кој повеќе крадел, дали вие или работниците од Треска, што за мене е непримерно, а јас треба да ве потсетам, вие тоа го знаете дека постои закон за неотуѓување на сопственост во бившите југословенски простори, кои што и до ден денеска е важечки, од 1993 година, меѓутоа, Комерцијална банка оутѓи 14.000 метри квадратни деловни простории во бившите југословенски простори.

(Хари Костов - Комерцијална банка ништо не е отуѓено)

Незнам, вие ќе кажете, кој ги отуѓил, не се влезени во стечајната маса. Затоа прашањето на работниците беше многу реално и многу јасно. Ова прашање мора да го

дефинирате, затоа што тие луѓе очигледно го бараа она што тие со својата работа тогаш го стекнале. Ако ништо друго да го добијат своето право да им бидат исплатени придонесите и отпремините за да можат да влезат во стечај на некој нормален начин.

Се на се јас сметам дека целата Влада функционира со нов премиер веќе две години. Сметам дека нема доволен капацитет, практично не го гледам модусот на нејзиното функционирање, приодот кон работите итн. Цело време слушаме за евро интеграции, нато интеграции итн.меѓутоа тоа е толку далеку и од народот и од Владата, не знае кој е тој пат на евро интеграција. Најмногу има отидено во тој сегмент министерот Бучковски во нато интеграциите, меѓутоа незнам кој го намести да влезе во онаа фарска од игра во Струга, па да ги изгуби симпатиите заради тоа, меѓутоа човекот како министер работеше.

Друго во Владата ништо не функционира.

Имам позитивно мислење и за г-динот Гештаковски кој е свесен дека Законот за територијална организација е лош, затоа што има доволно капацитет и знаење да го има тоа сознание, меѓутоа очигледно треба и некои други димензии да се каже не на она што е направено г-дине министре, а премиерот на Владата сметам дека треба да даде оставка затоа што оваа Влада го нема тој капацитет, а после тоа ако имате нов мандат најдете министри со кои ќе можете успешно да работите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави министерот за здравство.

Повелете г-дине Селмани.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Јас се осеќам најповикан од сите, затоа што голем дел од излагањето на почитуваниот пратеник се однесуваше за Министерството за здравство со некои општи констатации и критики за здравствениот сектор, што мислам дека не беше засновано со аргументи и факти, свесни и јас и сите ние со сите потешкотии што ги има Секторот задравство и поднос на снабдување со лекови и други потрошни материјали и во однос на поединечни случаи, недоследности на здравствените работници, но како констатација дека целиот систем здравство е во хаос или целото здравство пропаѓа мислам дека г-динот Оровчанец како здравствен работник не би требало да влева таков скептицизам и кај осигурениците и кај граѓаните.Фактите и реалноста зборуваат друго ние секој ден во државата имаме околу 40.000 осигуреници или пациенти кои посетуваат здравствени установи и здравствени работници. Значи сите тие се примаат, се прегледуваат, се третираат се лекуваат. Мислам дека таков случај е и во вашата клиника каде што работите. Аргумент е дека воопшто ако не ни функционира овој систем, овој ресор како што се тврди од опозицијата, ние не би имале еден солиден здравствен статус на населението. Мислам дека немаме време да ги наброиме сите индикатори со кои можеме да дојдеме до овој заклучок.

Од друга страна беа спомнати реформите во здравството. Беше кажано од една страна реформи нема, а од друга страна се споменуваат реформи во некои делови од примарна здравствена заштита. Како претседател на Комисијата за здравство на Собранието сигурно дека е информиран кои можности и која правна рамка е створена како услов за реформи во здравството и овие денови не зборуваме само за правна рамка, туку зборуваме и сме сведоци на практицирање, отпочнати реформи во здравството.

Со лековите, позитивната листа за лекови во примарната здравствена заштита и во болничката дејност не што е порестриктивна, туку е попроширена и по втор пат е воведена позитивна листа во генерика каде и се практицира во пракса. Значи како материја која е динамична и секојдневно таа како Комисија која е составена од стручни и компетентни луѓе кои секојдневно во укажувања од стручни асоцијации, стручни колегиуми може и се шири по потреба и можни нови начини за лекување. Можеби немаме

некоја идеална состојба по однос на снабдувањето на лековите, но не е ни така што порано беа полни аптеките а сега не се. Сега снабдувањето со лекови се подобрува особено со воведувањето на листата по генрика или со доплата на пациентите.

Дефицитот на фондот во Извештајот за 2002 година зборува дека е многу поголема бројка од колку што беше кажано. Значи за 2002 година како дефицит што беше кажано од Фондот околу пет милијарди денари мислам дека е таа сума а ако се кажува во долари е повисоко.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине Селмани.

За контра реплика се јави г-динот Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Бројката е верифицирана овде на Собрание г-дине Министре т.е. со Управниот одбор и Државниот завод за ревизија таа званична и релевантна бројка, 40 милиони долари.

Не би дискутирал за ова што го кажувавте, но јас би ви дал еден совет.

Требаше да ги завршите работите во примарната здравствена заштита а овој кредит од Светска банка кој сега го зедовте да купите компјутери и ангиограф за да може и споменик да ви кренат, затоа што на тој начин ќе се решат и ќе се спасат 1000 животи. На менаџирање на незавршени примарни реформи во здравството овие пари ќе отидат по ветер.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-ѓа Цветанка Гашовска.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Колега Оровчанец ќе ви кажам неколку егзактни бројки.

Во Република Македонија има вкупно 740 приватни амбуланти и се во тек на изградба две приватни болници.

450 амбуланти се со склучен договор со Фондот за здравствено осигурување.

540 амбуланти се од примарната здравствена заштита односно институција избран лекар.

Сега одговорете ми дали здравството тече по некој стар терк, или веќе тече и по некој нов терк.

Неможете вие да знаете повеќе од лекарите во приватната здравствена заштита дали има лекови или не. Лекови има и не само за пет дена, туку и за повеќе, но добро е за пациентите што помалку да ги земаат.

За националната стратегија не грижете се. Таа ќе биде готова по комплетното приватизирање на примарната здравствена заштита, ќе биде многу добра, затоа што ќе ја подготвуваат релевантни структури во здравството, а не во Академијата на науките од неколку академици.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Не мислам да одговарам на бројките затоа што и тогашн и сега беа тие бројки, а што ви значат бројките на г-ѓата пратеник не мислам да коментирам, меѓутоа каде е продолжетокот на реформата, каде се еддукативните центри, каде е континуиранаата медицинска едукација, каде се сите тие работи кои треба комплетно да го реформираат и дигнат стандардот на примарната здравствена заштита, па на тој начин притисокот во секундарното и терцијалното здравство ќе биде намален. Тие работи не се завршени и тие работи и вие како пратеник имате обврска овде транспарентно да ги кажете и да сугерирате да се реализираат во име на здравството на кое припаѓаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Абдулаким Адеми.

АБДУЛАКИМ АДЕМИ:

Сакам да реплицирам со г-динот Оровчанец во делот каде што вели јас би му сугерирал на претставниците на власта во однос на коментирањето на Рамковниот договор каде што вели дека таа сама го дисквалификува Рамковниот договор, туку со територијалната поделба и со легализирањето на тетовскиот универзитет.

Јас би сакал да го потсетам г-динот Оровчанец, иако кога говоревме за децентрализацијата неколку пати реплициравме, но уште еднаш би сакал да потсетам дека во Рамковниот договор во основните начела на Рамковниот договор се спомнува развојот, спроведувањето на децентрализацијата и тоа во точка 3 каде се зборува за Законот за финансирање на општините, и потоа каде што се вели после една година по пописот ќе се направи ревизија на општинските граници, што не беше направено со Законот за територијална реорганизација, кој што го усвоивме на една од изминатите седници.

Што се однесува на високото образование во Република Македонија тоа се предвидува во точка 6, кое се однесува на образованието и користењето на јазиците односно член 6 точка 2 каде се вели дека државата ќе финансира и ќе организира високо образование за населението кое претставува 20% од вкупното население. Ќе организира образование на нивен јазик. Значи тука нема простор да се коментира така како што вие правите.

Потоа ја спомнувате областа на здравството. Јас ќе ве потсетам на аферите додека вие бевте министер за здравство, за снабдувањето со лекови. Додека вие бевте министер само ги спомнувавте реформите во здравството, а со ниедно ваше дело не сте покажале дека правите реформи во областа на здравството. Можеби ова сега се случува прв пат и не само што се спроведуваат реформите, туку се преземаат и конкретни чекори во однос на реформите во здравството под водство на министерот Реџеп Селмани. Ние сме усвоиле Закон за здравство што претставува основа за реформите во здравството. Сега се говори и за приватизацијата и тоа се прави на транспарентен начин за приватизација на стоматологијата, на соодветен начин и во пракса.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓа Биковска три минути.

НАТАША БИКОВСКА:

Почитуван претседателе,

Очекувано беше најголем дел од дискусијата г-динот Оровчанец да ја посвети на состојбите во здравството. При тоа нема право да не потсетува и да не укорува за она што ние ветивме за здравството во Република Македонија, затоа што имаме уште две години од она што сме ветиле да го оствариме.

При тоа не потсети дека ветивме унапредување на здравството и борба против криминалот во фарма секторот. Јас ве уверувам г-дине Оровчанец дека ќе опстоиме на ова ветување.

Понатаму рековте дека во здравството нема реформи за да веднаш наредната реченица ви беше “има реформи во стоматологијата и приватизација на аптеките”. Неможам да сватам пратеник од позиција на претседател на Комисијата за здравство да не го почитува својот искажан збор што го поседува нашата архива на Собранието во стенографските белешки.

НАТАША БИКОВА

Притоа, тој кажа “јас би го подржал Законот за здравствена заштита, односно измените и дополнувањата на Законот за здравстена заштита во колку помине тоа што

јас го предложив во делот на приватизацијата на аптеките". Е, па, тоа не му се подржа и затоа тој гласаше против.

Инаку, во сиот друг дел, во предложените измени и дополнувања се сложуваше. За тоа само би сакала да се потсети г-динот Оровчанец. А, сега ќе ве потсетам само во еден мал дел за вашите реформи во здравството.

Тие ги носеа епитетите: избрзани, непоштени, неисправни и на крајот, штетни. Јас работев во здравството и, знаете вашите пациенти што велат - никогаш не било полошо. Понатаму, семинари во најскапите туристички локалитети баш за тие предвидени реформи од 1998 до 2002 година. Тринаесет членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување, дали ќе се соберат еднаш месечно или не на состанок, не е важно, имаа паушал од 30.000 денари. Подарени мобилни телефони, месечни астрономски сметки и, да ве потсетам, сите добија најскапи рачни часовници за подарок и за успешно сработеното потрошено време за состојбите во Фондот за здравственото осигурување.

Е, па, г-дине Оровчанец ќе ви порачам, вашиот круг во парламентарната сала тежи тешки милиони денари. И, доколку вие сте загрижени за здравството и ги подарите во форма на солидарен фонд на здравствените институции, верувајте здравството ќе ни цвета.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Биковска.

Една минута повелете г-дин Оровчанец

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Г-ѓо Биковска,

Она што сум го кажал и сум останал на тој збор. Она што сега беше т.н. реформирано, тоа е само стоматологијата, затоа што од целото здравсгтво тоа не е ниту 2%. Според тоа, тоа е маргинална реформа.

А, дека нема промени во примарната здравствена заштита, тоа е факт. А, кога било полошо, очигледно вие не сте отишле во вашата амбуланта, за разлика од мене кој

континуирано работи и кога бев министер и сега, за да слушнете како сега зборуваат пациентите.

Треба работа, што се однесува до парите, има институции и тие институции треба да си го кажат своето. Меѓутоа, не на начин што носи реваншизми, на начин што носи не знам какви се елементи, туку прав начин...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Благодарам г-дине Оровчанец.

За збор се јави пратеникот Блаже Стојаноски, а нека се подготви пратеникот Пеева - Лауренчиќ Ангелка.

Г-дине Стојановски, ние во 17,00 часот правиме пауза, да знаете, ќе ве прекинам па ќе продлолжите после тоа.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Г-дине претседателе,

Јас имам еден предлог, доколку се согласите, да се откажам од збор, а збор да му дадете на лидерот на опозицијата г-динот Љубчо Георгиевски, да зборува место мене, во оној период во кој што е даден за моето време.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Стојаноски, за да се тоа случи треба 30 претходно да се откажат.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Добро, јас побарав од вас како претседател, тоа се има случено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, почнете со вашата дискусија.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитувани колеги пратеници, почитуван премиеру, почитувани министри,

Јас нема да зборувам за одговорноста на премиерот г-динот Хари Костов, туку за одговорност за состојбите во Република Македонија, на Владата како збир на министри кои одговараат за својата работа на своите партиски раководители, бивши и сегашни.

Свеж е примерот со изјавата на министерот за транспорт и врски, г-динот Агрон Буџаку, кога тој изјави дека за својата работа не му одговара на премиерот Хари Костов, туку на лидерот на неговата партија, постојано отсутниот пратеник г-динот Али Ахмети, Уште подобро може да се согледа начинот на функционирањето на Владата кога ќе се презентира фактот дека премиерот Хари Костов дали ќе остане премиер зависи од резултатите на Конгресот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, односно од претседателот на Социјалдемокртскиот сојуз на Македонија кој ќе биде избран на тој конгрес. А, во Владата, да ве потседам има тројца сегашни потпретседатели на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија кои се идни претенденти за претседател на оваа партија.

Меѓутоа, оваа ситуација вао Владата не е никакво изненадување. Таа беше најавена уште во експозето на г-динот Хари Костов, кога тој истакна дека не може да одговара за работата на секој посебен ресор. Уште тогаш премиерот знае дека не може да одговара кога неговиот министер за транспорт и врски продавал за багателни цени, без тендер земјиште во центарот на Скопје. Исто така премиерот знаел дека тој не може да побара одговорност од министерот за одбрана кога од неговото министерство се случува местење на телевизиски анкети во полза на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, а на државна сметка.

Очигледно премиерот мислел сериозно кога при неговиот избор работата на Владата ја споредува со улогата што Фудбалската федерација на Македонија ја има во фудбалот на Македонија. Тој е претседателот на Фудбалската федерација на Македонија, а министрите на фудбалските клубови.

Но, што е со приоритетните цели што ги дефинирала оваа Влада при нејзиниот избор? Што направи оваа Влада за подигањето на животниот стандард и намалувањето на сиромаштијата? Дали после две години од легендарниот 15-ти септември, откога требаше да почне вработувањето на по еден член од секое семејство, се подигна животниот стандард на населението? Дали сега се живее подобро? Каде се приоритетните цели за привлекување на директни странски инвестиции и отворање на нови работни места? Или, сега Владата ги смени приоритетите и наместо отворање нови

работни места приоритет почна да и претставува зачувување на постојните? Или пак за затворањето на работните места виновни се стечајните управници?

Не би ме изненадило Владата да продолжи по стапките на синдикалниот претседател и наместо само во Куманово, за пропаѓањето на фирмите и губењето на работните места во цела Македонија да бидат виновни стечајните управници? Зарем не гледате дека фирмите одат под стечај не заради нивната неспособност за деловна активност, туку заради економската атмосфера во Република Македонија? А, економската атмосфера ја создава Владата на Република Македонија. Таа се карактеризира со невозможност за наплата или исклучително тешка наплата на нивните побарувања и од државните институции и од другите доверители. Меѓутоа, кога се работи за наплата од јавни претпријатија или од државата, тогаш таа постапка станува невозможна да заврши.

А, од реформите во судството нема ништо. Тие се сведоа на партиски комбинаторики, со поставување на нови судии и испраќање порака до останатите судови со сменување на неколку судии, без реални критериуми и без издржано објаснување за причините. Споровите на работниците што без правен основ и без законска причина беа избркани од работа се уште немаат никаква судска завршница. Судиите се плашат да пресудат во корист на работниците, иако работниците имаат право, имаат законски услови, меѓутоа државата може да влијае врз нивната иднина.

Посебна приказна е вршењето на контрола за плаќањето на даноците. Селеквитноста во враќањето на повеќе платениот данок со додадена вредност, како и воопшто невраќањето на ДДВ на фирмите е уште еден аргумент за финансиската несигурност што кај компаниите ја создава, овој пат, Министерството за финансии. Посебна приказна е вршењето контрола во фирми каде инспекторите се исплаќаат со задача - мора да најдете нешто.

Монополската поставеност на определени привилегирани од власта економски субјекти претставува уште еден фактор за неуспешноста на македонската економија. Сакам да ви дадам само еден, многу силен за вас аргумент, затоа вообичаено милувате да цитирате странски институции.

Јас, сакам да ја цитирам Светската банка каде што вели: “За отворање бизнис во Република Македонија се потребни 48 дена и во тој период треба да се завршат 13 бирократски процедури”. Ова е аргумент што, се надевам, нема да го оповргнете, затоа што се работи за официјален документ, официјален извештај на Светската банка. Ова е начинот на кој што било кој инвеститор може да започне бизнис во Република Македонија, ако има нерви, ако има трпение и ако има доволно начини како да ги реши сите оние сопки што можат да настанат во овие 48 дена и во сите овие 13 бирократски процедури.

Потоа, сивата економија. Пропустливоста на државните граници, особено на онаа кон Косово. Истата онаа граница што и денес, од страна на високи функционери на ДУИ се нарекува “административна” иако Република Македонија е членка на ООН со утврдени граници меѓународно признати.

Потоа, проблемите што правеше и прави Владата и нејзините институции на извозно ориентираните компании. Пример, случајот со “Микросан” од Прилеп. Присутната корупција во државната администрација и тн. А, сите овие фактори зборуваат за економската атмосфера во која работат, функционираат и треба да инвестираат идните инвеститори во Република Македонија.

Но, на ова може да се додаде, исто така, уште еден друг фактор, а тоа е визниот режим, што дополнително ги оптоварува и оневозможува деловните контакти на македонските со странски деловни субјекти, за кои Високиот претставник на ЕУ вели дека: визите ќе останат се додека не се реализираат реформите за остварување на принципот за владеење на правото; додека не се отпочне суштинска борба против организираниот криминал, против корупцијата, додека не се оствари гранична контрола, како и додека не се направат безбедни патни исправи.

За овие, нешто повеќе од 100 дена на Хари и околу 500 на Бранко, Република Македонија дојде до бројка од 1.770.000.000 долари надворешен долг. Инвестициите во 2003 година беа 98, а во првите пет месеци од оваа 2004 година економскиот бум се уште се чувствува и се валоризира со само 88.000.000 долари инвестиции. Високиот трговски дефицит, намалената јавна потрошувачка, нереализираните капитални инвестиции,

падот на индустриското производство станаа заштитен знак на владеењето на “розите и пиштолите”.

Арогантноста во владеењето најилустративно може да се искаже со примерот на вработените во “Сувенир” кои и после 14 дена пред Владата и Собранието никој не ги удостои ниту да ги прими и поразговара со нив.

Граѓаните на Република Македонија и од македонско и албанско етничко потекло, припадниците на другите етнички заедници треба да бидат среќни според оваа Влада, затоа што бројката на невработени припадници се назголемила само за 20-тина илјади.

Владата зборува непрекинато за патот што го одиме кон ЕУ и НАТО. Поранешниот италијански премиер Амато вели дека приемот во ЕУ претпоставува функционални држави, што не е случај со земјите од Западен балкан. Тој вели дека изгледите за членство директно треба да зависат од ефикасните политички и економски реформи. Пред неколку денови шведскиот весник “Свенска дат владет” претстажува црни денови за Македонија. Во него пишува дека Македонија балансира на сечилото од ножот. Дека оваа млада државна творба има големи изгледи да биде осудена на смрт.

Што прави Владата да ги спречи сите овие претскажувања од странските весници?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Стојаноски ве молам ковертирајте го зборот, објавувам пауза од половина час, ќе продолжите после половина час.

(По паузата седницата продолжи во 17,35 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците, претседателот на Владата и министрите да влезат во салата.

Продолжете господине Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи може да продолжам. Се надевам дека нема да има проблем со континуитетот во излагањето, затоа што сепак не е добро кога еден говор се одвива на два пати со пауза, а без притоа тоа да е предвидено во Деловник.

Покрај сите оние работи што ги кажав во првиот дел од моето излагање треба да се каже уште нешто, а тоа е одбележувањето на славните јубилеи на неславен начин. Навистина се спомна и во досегашните дискусии на колегите пратеници начинот на кој беше одбележан Денот на независноста 8 Септември, начинот на кој што беше одбележан 2 Август, денот кога беше 101-та годишнина од Илинденското востание и требаше да се одбележи сигурно на еден многу посоодветен начин, за разлика од 100-годишнината која не се одбележа, исто така, според мое мислење, соодветно на она што требаше да се одбележи, односно значењето на тој јубилеј, 100-годишнината од така значаен настан во историјата на Македонија.

Меѓутоа, она што го работи Владата надвор од економските неуспеси, за кои зборував и во претходниот дел, сигурно и покрај немото набљудување како умира македонската економија, сакам само да потсетам што е она што се случува во овој период, како што реков на 500-те денови на Бранко и на уште стоте дена на Хари. Тоа беше целосно спротивно од она што беше ветувано пред 15 септември 2002 година, особено кога се работи за борбата против сиромаштијата, за борбата против корупцијата, за странските директни инвестиции, враќањето на раселените лица, за стабилизирањето на безбедносната состојба во Република Македонија, како и воопшто за патот кој што треба да го оди Република Македонија во однос на реформите кои долго време чекаат да се реализираат, а со доаѓањето на оваа Влада не само што застанаа, туку се повеќе и повеќе се релативизираат и се сведуваат на чисто реторички прашања, наместо на суштинска оперативна активност која треба да ја реализира Владата со целокупниот свој капацитет. Меѓутоа, независно што е проблемот, дали се работи за недоволна екипираност на Владата, недоволен капацитет за реализација на овие проблеми или пак се работи за случувања кои ги имавме во претходниот период, а кои се однесуваа на претседателските избори кога целата Влада стана изборен штаб на сегашниот претседател, значи оваа Влада може да се пофали и со начинот на кој ги организира претседателските избори, за кои цела Република Македонија знае дека се одвиваа на начин кој не претставуваше демократски начин за избор на претседател на државата, со кампањи кои значеа директно влијание врз волјата на гласачите и тн., за разлика од оние

од 2002 година кои беа најдемократските избори во досегашната историја на младата македонска држава.

Ветувањата за намалување на даноците, исто така, се реализираа спротивно на она што беше кажано. Се зголеми ДДВ од 5 на 18% и со тоа цените на основните животни продукти. Се зголемија цените на лековите, се зголемија цените на струјата, се зголемија цените на јавниот превоз, се зголемија цените на средствата за хигиена.

Јас би кажал на кој начин може да се протолкува идната активност на Владата на Република Македонија од страна на граѓаните на Република Македонија, а тоа е: слушајте ги што зборуваат, сигурно ќе се случи нешто спротивно на тоа што се зборува, затоа што сето досегашно искуство зборува за тоа.

Во областа на спортот, целата состојба во оваа област во Република Македонија може да се опише и да се согледа само со цитирање на една информација која ја прочитав деновиве во еден од дневните весници. Таа гласи: “Кошаркарките на Република Македонија со воз заминаа за Шкофја Лока, Словенија со сендвичи од дома”. Значи ова е грижата за спортот во Република Македонија како еден илустративен пример кој важи како состојба во сите други спортски активности.

Владата .која своите решенија и одлуки ги прави прифатливи за граѓаните со наместени телефонски јавувања, притоа трошејќи државни пари, нема право да зборува дека работи во интерес на граѓаните. Владата која не ги признава општинските референдуми, која го опструира референдумското изјаснување на граѓаните, не може да се смета себе си за демократска влада. Владата, за време на чие владеење Република Македонија е оценета како делумно слободна земја во однос на слободата на медиумите од страна на Фридом Хаус, Владата во чие време Република Македонија го дели местото во поглед на слободата на медиумите заедно со Нигерија не може да се смета за демократска влада. Владата која не одговара на дописите на Антикорупциската комисија не може да се смета како влада која има сериозни намери во борбата против корупцијата. Владата која има премиер кој како министер за внатрешни работи упадна во Републичкиот судски совет не може да спроведува реформи во судството, зашто се знае како тие ќе изгледаат. Влада чии закони се донесуваат со убедување во вид на гумени

куршуми не може да биде реализатор на волјата на граѓаните. Влада во чие време управители на фирми, како што беше во Македонска Каменица, се држат во заложништво, неможе да се нарече Влада која се грижи за заштита на сопственоста. Влада која и по две години не успеа да обезбеди услови за враќање на раселените лица не може да каже дека безбедносната состојба во државата е стабилна. Влада која со закон и устав е обврзана да ги почитува заклучоците на Собранието на Република Македонија, кои што се однесуваа на поплавите кои ги зафатија Струмичкиот, Валандовскиот, Гевгелискиот и Тетовскиот регион на 4, 5 и 6 јули оваа година, која сеуште ги нема реализирано овие заклучоци не може да се каже дека е влада која се залага за почитување на заклучоците на Собранието. Влада која што не им дава прво на лицата кои легално добиле социјални станови да имаат право на судска заштита во Република Македонија не може да биде Влада која се залага за владеење на правото. Влада која ја решава сиромаштијата и која наоѓа решение за социјалните случаи со доделување на земјиште, а притоа без да им даде соодветна помош во механизација и без да се грижи откупот на земјоделските производи, без да обезбеди било каква поддршка за земјоделците не може да се смета за влада која води грижа за иднината на Република Македонија. Влада која што од една страна испушта вработени во јавната администрација, во јавните претпријатија, а од друга страна вработува со договори за дело по партиски клуч и со голем степен на непотизам не може да се смета за Влада која спроведува реформи. Влада која што од една страна испушта од работа македонци, а од друга страна вработува албанци само затоа што се со една или со друга етничка припадност не може да се смета за влада која спроведува реформи во јавната администрација и која го спроведува Рамковниот договор. Рамковниот договор, господа министри, се спроведува со отворање на работни места, со реално вработување на припадниците на останатите етнички заедници, не само на македонците, меѓутоа и со реално функционирање на јавната администрација, без притоа да се доведува во прашање исплатата на платите, без притоа да се ограничува правото на вработените во јавната администрација на исплата на трошоци за патен превоз, без притоа да се води една рестриктивна политика во однос на исплатата на платите, затоа што, само да ве

потсетам, во областа на здравството ако вработените во здравствените организации платите ги земаат на први или до петти во месецот, сега тие ги земаат најмалку или најбрзо до 20-ти во тековниот месец за претходниот месец. Според сите математички стандарди, тоа претставува доцнење или неисплата на цела месечна плата во овој период откако сте на власт.

Сите овие работи за кои зборував директно се одразуваат и на младите во Република Македонија. Свесни сме на кој начин се делеа собите во студентските домови. Свесни сме какво беше влијанието на партиските подмладоци во делењето на овие соби. Свесни сме на кој начин е решено прашањето на сместувањето на студентите. Многу бевте бучни еден период кога бевте опозиција за бараките кои требало да бидат направени. Тогаш организиравте многу работи, но сега ги заборавивте. Сега имате можност, на власт сте, имате Министерство, имате министри, имате Влада дајте направете нешто за да живеат студентите пристојно.

Иселувањето на младите, сите оние кои се квалитетни кадри, сите оние во кои и државата, и родителите и семејствата вложувале долг временски период, кои успеале да се образуваат и да станат квалитетни кадри, првата мисла што им паѓа на памет е како да се вработат во странство. Зарем тоа не ви е доволен показател дека воопшто не се води грижа за иднината на државата, затоа што како и да се прави, што и да се работи, факт е дека без овие луѓе, без млади квалитетни и стручни кадри не може да се обезбеди иднина која ќе биде компатибилна и со Европската Унија и со сите светски трендови.

Во однос на заштитата на децата, во однос на исплатата на социјалните надоместоци, во однос на заштитата на хендикепираните лица сметам дека се прави нешто што значи ограничување на она што требало да значи подобрување на нивниот статус, односно обезбедување соодветни услови за нивно нормално живеење во Република Македонија.

А кога станува збор за состојбата во која се наоѓаат училиштата и начинот на кој функционира или се обидува да функционира сегашниот Тетовски универзитет, за кој што овде долго време потрошивме во убедување дека не се почитувани никакви образовни стандарди при усвојувањењето на Законот за негово формирање, каде што главен

критериум беше постоењето на решоа, креди, табли и тн. и сите оние узурпации кои се случија по повод формирањето на овој универзитет, остана само еден збор кој се искажа од ова Собрание, а Владата ништо не направи во тој правец, ако парламентарното мнозинство веќе донесе закон за формирање на таков универзитет, да ни даде барем информација што е со него, дали таа Комисија која требаше да појде таму ги заврши своите работи и дали навистина и реално имате намера да правите нешто со тој универзитет, или целта ви беша само да обезбедите една политичка пропаганда со цел да ги задоволите политичките потреби на вашиот коалиционен партнер ДУИ.

Не сакам да должам многу, проблемот со откупот на тутунот, проблемот со откупот на пченицата, проблемот со млечната криза и млекопроизводителите, сите оние проблеми кои претставуваат девалвација на трудот на населението, кои значат непостоење на реални услови за функционирање на економијата и на земјоделието, една аграрна политика која воопшто не може да се нарече можност за развој на земјоделството во Република Македонија, претставуваат иманентни карактеристики на функционирањето на оваа Влада. Оној бум кој што го најавивте, економскиот во 2004 година го чувствуваат сите граѓани на Република Македонија, тој бум директно значи рефлексија во однос на зголемување на бројот на невработени, во однос на се поголемо тонење на Република Македонија и во нерешавање на суштинските реални проблеми со кои таа се соочува.

Затоа, ВМРО уште еднаш ќе каже дека оваа Влада не може да претставува можност за некаква надеж за граѓаните на Република Македонија. Единствено што можеме да кажеме тоа е дека што поскоро е потребно да се направат нови избори, да се види политичката волја на граѓаните на Република Македонија и на тој начин да се покаже дека волјата на граѓаните претставува вистински израз на незадоволството од владеењето на оваа коалиција на власт и дека реалните состојби во кои се наоѓаат и граѓаните на Република Македонија и самата Република Македонија претставуваат основа за одржување на избори во кои граѓаните ќе ви дадат поддршка, нема да ви дадат поддршка и на тој начин ќе си го проверите легитимитетот, а не како што кажав порано со наместени телефонски јавувања од вашите министерства.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски.

Прв се јави за реплика господинот Макрадули, повелете господине Макрадули, три минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Нашиот легитимитет не треба да го провеируваме, тој сме го добиле и го имаме. Господинот Стојановски веројатно мислеше на рејтингот, но во целата оваа конфузна долготрајна дискусија, каде што само се наредуваат некои работи и кризи кои постоеле во 1992, 1993, 1999 и 2001 година, јас ќе се обидам да одговорам на некои работи, односно, еве, ќе одговорам само на една работа.

Беше цитирано дека еден италијански премиер кажал каква е состојбата во Република Македонија и иднината на Република Македонија во Европа или што кажал некој весник во Шведска, кој можеби се продава во два ипол примероци. Не дај боже некој овде кај нас да чита весник сега и тоа да биде репер која е иднината на Македонија. Иднината на Македонија ја кажа комесарот за европско проширување и тоа завчера и таа е следната: Дека местото на Македонија е во Европа, дека во Одделот за европско интегрирање и за проширување има посебен дел за земјите од Западен Балкан и тоа е по прв пат, за разлика од местото надворешни работи кое се однесува на трети земји. Значи оној што е одговорен вели дека местото на Македонија е во Европа и тоа да го гледаме, а не да цитираме некои нискобуџетски трачерски списанија од разно разни земји во светот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине Макрадули, јас се согласувам дека на Република Македонија местото и е во Европа, меѓутоа, за да и биде местото во Европа Република Македонија треба да спроведе реформи кои вие како Влада воопшто не ги правите.

Втора работа: легитимитетот кој што го добивте во 2002 година го добивте врз основа на предизборна програма и предизборни ветувања. Да ве потсетам повторно, за еден вработен во семејство, за покачување на цени на земјоделски производи кои ќе ги откупуваат претпријатијата и сите други ветувања и лаги кои ги кажавте. Значи, пред народот излеговте со една програма, а спроведувате сосема друга програма. Затоа, вие немате легитимитет да зборувате дека оние глассови кои ги имате добиено зза вашата предизборна програма сеуште значат ваш легитимитет за владеење со Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Три минути има министерот за економија, повелете.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Беа нафрлени големи работи, но можеби е подобро, како совет, да се сконцентрирате на одделни области за да можеме да имаме коректна или на ниво дискусија. Вака изгледаме како “тетки на селска чешма”, па си зборуваме кој што ќе ни текне.

Беа спомнати вработувања во Министерството по основ на договор за дело. Јас само би кажал дека моето Министерство најголем дел односно сите вработени што се со средно училиште и со више образование се вработени во времето на претходната влада и тоа несоодветни, најмалку економисти и евентуално правници. Значи вработени се технолози, со завршено историја на уметност и тн. Што барале тие луѓе во Министерство за економија воопшто не можам да сватам. Пред еден месец направивме една контрола да видиме какви се познавањата на странски јазик, евентуално при отпуштањето на тие работници како технолошки вишок и на познавање на компјутер, од 140 луѓе 7 познаваат работа на компјутер, од кои само тројца одлично. Од 140 лица само четворица познаваат англиски јазик, од кои само еден одлично. Вие веројатно сте ја сватиле Владата како центар за социјални работи каде што можете да си вработите секого и кого сакате. Според она што сме го нашле таму, имаме несоодветен стручен кадар и нормално министерствата треба да ги пополниме со кадар кој ќе може да го носи товарот на проблемите кои постојат во министерствата.

Не е добро да лажете пред вработените на Самаков, ќе ви се смејат, затоа што ги примив прво јас, а потоа ги примивме заедно со премиерот и заменикот минситер за финансии. Понудена им е отпремнина, плаќање на придонеси, да им се платат надлежностите од Заводот за вработување, и ако не се во ФЕСЕЛ-2 аранжманот, имајки предвид дека се државно претпријатие. И вие веројатно тие 14 дена или не сте биле тука, или сте ги преспале, па воопшто не сте гледале по медијумите.

Што се однесува до трговскиот дефицит, сакам нешто да ве прашам бидјеки многу паушално зборувате. Дали Македонија произведува нафта и нафтени деривати. Дали Македонија има недостаток на електрична енергија (да). Добро. Натаму дали произведува Македонија моторни возила, или ги носи од увоз. Само да ви кажам, овие неколку месеци што ги имаме за првите 6 до 8 месеци во годината 85 милиона долари дефицит ни се јавува само по основ на овие неколку артикли кои што по ниеден основ Република Македонија не може да ги произведе.

Од друга страна, извозот расте за 13,6% од вкупната размена со светот е порасната со светот за 17,6%.

И уште една работа што кажувате паушално дека ДДВ-то не се враќа. Апсолутно не е точно, повторно ја лажете јавноста, туку напротив, има инвеститори овде од Југоисточна Европа, од околината, доаѓаат во Македонија точно од причини што во нивните земји многу слабо или воопшто не се враќа ДДВ-то.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам министре, наместо лажење да користиме не зборувате вистина.

Повелете господине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине министре, јас до Владата имам поставено пратеничко прашање, уште од минатата година, оваа година уште еднаш го повторив и повторно ќе ве прашам. Дали договорите за дело ги сметате за законски основ за засновање на работен однос, затоа што од една страна отпуштате работници, кои што имаат засновано работен однос на

неопределено работно време, а од друга страна се вработуваат работници по договор за дело.

Во однос на тоа дека тука доаѓаат странски инвеститори, затоа што биле поволни условите, јас би ви препорачал да се обратите до Блажо Тасев, ми се чини се викаше, кој што го загуби пасошот и не можеше на легално добиен тендер да склучи договор за купување на имотот на фирмата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре за финансии, имате три минути.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Сакам неколку факти да изнесам во врска со погрешнит еинформации кои беа презентирани од г. Стојаноски.

Прво, трговскиот дефицит на Република Македонија. Ние ќе се изгубиме во море од податоци, пресметувајки во денари, во евра, во долари и т.н., колку ни е трговскиот дефицит, меѓутоа, релевантно е следнот: Трговскиот дефицит во 2002 година претставуваат 21,3% од нашиот бруто производ. Во 2003 претставувал 18,2%, оваа година нашите проекции се дека ќе биде некаде 19 до 20%, што значи дека тој сеуште ќе биде понизок од 2002 година. Инаку ако сега во долари кои се девалвирани 20% пресметуваме, ќе имаме суми кои ќе не можеме да ги разбереме. Тој учествува сега помалку во бруто домашниот производ, отколку 2002, како репер кој г. Блаже Стојаноски го зема.

Второ, целосно е неточна изјавата за повраток на ДДВ. Република Македонија има постигнато во текот на 2003 и 2004 година, огромен напредок во врска со повраток на ДДВ, кој сега се движи на ниво кое практично немаме даночен товар од повраток на ДДВ кон даночните обврзници, затоа што е се исчистено, освен кај оние кај кои вршиме контрола, заради тоа да утврдиме дали е тоа вистинито, или оние кои не доспеале во рок од 30-те дена, или  за они за кои имаме основано сомнение дека се работи за кривични дела и полицијата потоа го потврдила. Даночниот товар од ДДВ по тој основ е апсолутно

неточна информација и сите што работат со даночната управа во Македонија тоа го знаат, господинот Стојаноски е дезинформиран.

Потоа соопшти дека Владата води рестриктивна политикапри исплата на плати. Само да соопштам дека во оваа година почна процесот на декомпресија на администрацијата, односно целата администрација во наредните 24 месеци, секој месец добива поголема плата од претходната, со цел на крајот да достигнеме до ниво кое е задоволително. Од април е почнато, денеска сме веќе септември, што значи дека државната администрација добива повисоки плати, со цел да се задржи интересот за работа.

Кај полицијата и армијата тоа е склучено со законите кои се поминати во Собрание, тоа е случено и со судството и сега ќе следи во идната година со колективните договори во образованието, здравството, културата, каде што и тие односи ќе се уредат и ќе остане функционерите, пратениците, министрите, незначитена бројка во администрацијата околу 500 до 1000 луѓе. Што значи дека не е точно дека е рестриктивна, туку напротив, се оди во насока која е подобра.

И на крајот сакам со оглед на времето, иако има многу, се соопшти дека Владата испушта македонци, а прима албанци, што е неточно. Владата води политика н анамалување на државната администрација, без разлика на кое работно место се затекнал и дали е тој македонец, албанец, или турчин, ако се укинува се укинува и ако ги видите оние 1000 луѓе кои имаат техолошки вишок, тоа е структурата на отпуштените исто шаренолика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, министре,

Господине Стојаноски имате една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине министре, незнам јас колку е во овој момент бруто домашниот производ. Имам еден податок кој што вели дека ставката на бруто домашниот производ за првиот квартал 2003-2004 година, изнесува -3,6%, наспроти проекцијата за раст од 3,2%.

Од друга страна, знам едно дека К-15 за јавната администрација воопшто не е исплатен. Не ме демантиравте дека доцнат платите во јавното здравство. И во однос на отпуштањето на вработените ме интересира колку албанци имате отпуштено со реформата на јавната администрација, а колку македонци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа ќе го поставите на седницата за пратенички прашања во четврток.

Повелете господине Караџосли, процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, морам да реагирам процедурално затоа што очигледно, оваа расправа за доверба на Владата се одвива во сосема друга насока и некој ќе свати погрешно дека овде изгледа министрите имаат поднесено барање за доверба кон опозицијата.

Јас ќе ве потсетам, ќе го прочитам членот 221 став 4. Таму вели вака: “Претседателот на Владата и пред гласањето има право да му се обрати на Собранието”. Што не мора да значи само тогаш, значи може во текот на седницата кога сака. Но претседателот на Владата, никаде не стои министрите. Ова што вие го дозволувате со реплики, некој ќе свати погрешно кој поднесува доверба, тогаш дозволете да се повикам на членот 84, каде што стои: “на предлагачот”. Веројатно, па во тој контекст и на министрите и на известителот на работно тело, претседателот на Собранието им дава збор, штом ќе го побараат. Ако ви е тоа основ, дозволете ми, почитуван претседателе, бидејќи овдека предлагачи сме сите, а бидејќи јас сум претставник на предалгачот да го искористам правото, односно членот 84 во оној момент кога ќе побарам збор да ми дадете. Затоа што ако сакаме да го почитуваме Деловникот како што е, тогаш треба да го почитуваме токму како што е. Ако не ми дадете збор, тогаш ќе реагираме повторно претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски Вие сте овластен предлагач, значи претставник, Вие ќе го добиете зборот кога ќе побарате, но за ова се друго што го рековте, мислам дека не сте во право. Не може народски да се каже: “некој да го тепате, а да не му давате да плаче”.

Деловникот го почитувам и ако вие сметате дека од друга страна на претседателот на Владата може секој пат своето право да го делигира на министрите.

Повелете господине Караџоски, имате една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, не ги тепаме ние минситрите, далеку од тоа. Се што овдека зборуваме, зборуваме за Влада во целина, а неја ја претставува премиерот. Но не можеме да се разубедиме. Во името на пратеничката група, барам десет минути пауза да се координирам ешто понатаму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Макрадули,процедурално.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас го подржувам г. Караџоски, согласно член 84 на предлагачот, на министрите и на известителот, претседателот на Собранието им дава збор, штом ќе го побараат. Тука го подржувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во секој случај оптимално е оптимизирана оваа седница, секој ќе си го каже зборот и секој го има тоа право.

Давам пауза од десет минути.

(По паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Три минути има министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Славко Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Јас ќе одговорам само на еден дел од дискусијата на уважениот пратеник Блаже Стојановски. Ако го разбрав внимателно, кажа дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство односно Владата, се разбира, бидејќи таа го покрива

Министерството, дава земјиште на користење, а не им дава механизација на земјоделците. Малку да го потсетам. Членот 28 од Законот за земјоделско земјиште што дава право на Владата и обврска да донесе одлука, за да дава земјиште на плодоуживање, без надоместок на земјоделците е донесен во 1998 година. Владата на ВМРО-ДПМНЕ до 2002 година не го примени членот 28 и не донесе ниту одлука, ниту даде земјоделско земјиште на користење на плодоуживање на земјоделците. Ниту една единствена педа. Оваа Влада го примени членот 28 и на 170 земјоделци со пробниот проект, им издаде земјоделско земјиште во површина од 780 хектари и притоа им даде 24 илјади како првична помош, им ги плати 40 илјади и 86 денари како надоместок за осигурување во првата година, ги ослободи од плаќањата на закупнина, што изнесува по 300 кг. од хектар или по 15 илјади годишно, а на некои што имаа социјални примања, им даде плус уште висина до 6 плати односно до 6 месеци плата, со што им овозможи работа. Меѓу нив веќе 4 се појавија оваа година, конкурираа за земјоделско земјиште на долгорочен закуп. Ако една влада на земјоделецот не му даде ниту педа земја, а друга му даде 700 хектари во почеток, тогаш основано се поставува прашањето, не е ли хипокризија да ја обвините Владата зошто не дава механизација, кога претходната не додели земјиште.

Сега, на вториот дел зошто не даваме механизација, па не можеме ни да дадеме ниту на нив, ниту на другите, заради тоа што во претходниот период во тие 4 години издадени се 380 земјоделски машини во вредносто од десет и пол милиони долари гранд холандски, кој што преку револдинг фонд требаше да се вратат, за да можат други 380, па уште други 380 итн да добиваат земјоделски машини по повластена стапка. Господата што ги дадода тракторите и што не ги обезбедија доволно, до овој момент тие земјоделци вратија само еден милион и шестотини илјади евра, што ќе рече дека немаме можност да го правиме тоа, заради тоа што практично механизацијата ја нема, бидејќи е дадена а не е платена за претходниот период. Друго немам што да кажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Стојановски имате една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине министре, вие заедно со министерот за труд и социјална политика излеговте на прес конференција и кажавте дека со доделувањето на земјиште помагате на социјалните случаи. Требаше да им исплатите придонеси и на тој начин тие да почнат да работат како земјоделски производители. Меѓутоа, не кажавте какви се ефектите од сето тоа.

Втора работа, дали се потрудивте да обезбедите реализација на Јапонската донација за земјоделска механизација. Мислам дека се работеше за трактори и тие трактори да бидат на располагање на земјоделците. Тоа значи дека не можете вашата неактивност сегашна, да се вадите со активности кои што реално биле реализирани од претходната Влада.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре за образование, имате три минути.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Благодарам.

Јас се извинувам што можеби ете господинот пратеник ќе изгледа можеби отповеќе, но мислам дека ќе морам да укажам уште еднаш на неоснованоста на паушалните оценки, за жал, уште еднаш врзано со начинот и процедурата за основање на трет државен универзитет во Тетово. Уште еднаш сакам да кажам дека Законот за основање на трет државен универзитет во Тетово беше основан врз Законот за високо образование и беше проследен со сите потребни документи, кои што се со закон предвидени. Дали се тие многу, дали се малку, но со закон тие беа предвидени и така беше и основан. Тоа е едно. После тоа се води постапка која што исто така со Закон за високо образование е предвидена и каде што матичната комисија која што е прифатена од Владата, веќе интензивно работеше и работи за консолидација на сите аспекти за почеток на работа на оваа високо образовна институција. Ја користам оваа прилика да го информирам и пратеникот и јавноста, а воедно е усвоена информација која што веројатно следи и со закон кога тоа ќе го завршиме. Сакам да укажам дека подготвеноста

или подготовката на оваа процедура, освен на матичната комисија оди како што е предвидено со закон и е реализиран конкурсот и постапката за прием на наставен кадар и наставници, соработници, со рецензиите е се завршено дека базирано врз закон и потребите кој што произлегуваат од тоа, финансии веќе даде согласност за вработување на кадри според законот според кој беа предвидени двете учебни години, како што и вие знаете. Тече конкурсот оваа недела за административен кадар и на овој начин транспарентно и врз база на закон го спроведуваме овој процес, кој што многу брзо, веројатно, ќе треба да се пушти решение за започнување на работа и се надевам дека во почетокот на оваа учебна година, ќе се исполнат сите услови за да почне со работа, значи, врз база на законот. Затоа, спремен сум информацијата да се достави кога ќе се заокружи целиот процес и мислам дека и под меѓународна опсервација е целиот процес, така што оценките се дека тоа оди како што беше предвидено со закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојановски, една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас се надевам господине министре, дека ќе ја добиеме таа информација, а се надевам исто така ваков опширен одговор ќе добиеме и за начинот на кој што се решаваат проблемите и на Скопскиот универзитет “Свети Кирил и Методиј” и на Битолскиот универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеникот Емилија Костадинова има реплика три минути.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам претседателе,

Јас ќе реплицирам само на една реченица од излагањето на господинот Блаже Стојановски. Ако точно ја запишав тој рече “Владата која троши државни пари за телефонски јавувања, не може да се смета за демократска Влада”. Господине Стојановски, колку што знам за тој проблем формирана е комисија во Министерството за народна одбрана и вие тоа го знаете, која што ќе го испита случајот со телефонската

анкета и до каде е дојдена постапката, сигурно померодавно е да одговори министерот за одбрана. Но, јас господине Стојановски, сакам да ве потсетам за само еден дел како Вашата Влада трошеше државни пари, а кое што е нешто констатирано и стои црно на бело. Ќе ве потсетам на неколку податоци од извршените ревизии на буџетот, на буџетските корисници и единиците на локалната самоуправа. Од 1722 субјекти колку што подлежат на ревизија во 2000 година, Државниот завод за ревизија, извршил ревизија само кај 29 субјекти за работењето во 1999 година или опфат од само 1,65%, што е секако капка во морето од примерокот.

На страна 22 од тој Извештај стои констатацијата “висината на средствата кои се незаконски и ненаменски користени, а претставуваат државни расходи изнесуваат вкупно 332 милиони 234 илјади денари”. Претпоставете колкава ќе беше цифрата ако опфатот беше поголем. Во 2001 година од 1752 субјекти извршени се ревизии кај 89 субјекти или само кај 4,96% од примерокот.

На страна 41 од Годишниот извештај за извршените ревизии стои констатацијата: “висината на средствата кои се незаконски и не наменски користени, а претставуваат државни расходи изнесува вкупно 768 599 илјади денари”. Еве, со тоа се потврдува мојата погоре изнесена констатација дека како расте опфатот на примерокот, расте и висината на ненаменски и незаконски потрошените средства.

Во Извештајот од 2002 година, а кој се однесува за работењето во 2001 година од 1740 субјекти контролирани се само 99 субјекти или 5,96%. Тука повеќе од половината кај субјектите е констатирано незаконски и ненаменски користења на државните средства.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојановски една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Колешке, во емисијата Чуму на А-1 телевизија беше откриено дека за време на гласањето за анкетата на прашањето дали сте за или против предлогот на Владата за новата територијална организација, регистрирани се повеќе од пет илјади повици од телефонски повици на Министерството за одбрана на неколку негови подрачни единици и

на Агенцијата за млади и спорт. За време на гласањето биле регистрирани 12800 повици. Еден телефонски повик чинеше 18 денари без ДДВ, што значи дека биле поарчени повеќе од 100 илјади денари државни пари. Резултатот од анкетата на крајот од емисијата Чуму, беше 55% за владиниот предлог, наспроти 45% што се изјасниле против. Ако се одбијат тие 5 илјади повици од државните институции, анкетата ќе покажела дека 85% се изјасниле против владиниот предлог. Зарем ова не е манипулација со јавноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Јашари, имате три минути право на реплика.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам господине претседател, почитуван колега.

Во Република Македонија уште од нејзината независност досега, странските инвестиции биле многу мали, посебно во 2001 година кога директните инвестиции имале висина од 443 милиони денари, што не е резултат во реалноста некоја инвестирачка политичка економија, меѓутоа, над се е резултат на продажба на Телеком.

Почитуван колега, на сите треба да ни е јасно дека странските директни инвестиции во Македонија ќе бидат присутни тогаш кога со нашите дејства, било од страна на опозицијата или позицијата во Парламентот ќе ги убедиме странските инвеститори дека сепак во Македонија не постои никаква опасност, убедувајќи ги така нив дека нивниот капитал ќе биде сигурен и дека опасност за нивно исчезнување не постои.

Во оваа насока се поставува прашање дали преку тенденциозните дејствувања за реализирање на референдум против еден закон, кој што извира од Охридскиот договор и кој што во исто време подразбира и исполнување на обврските пред меѓународниот фактор, не влијае на дестимулативен начин кај странските инвеститори. Јас сум длабоко убеден дека анализите кои што се прават во оваа насока ќе го потврдат ова што го кажав малку порано.

Говорите за вработувањата. Во оваа насока ќе ви кажам, преку вработувањата, посебно преку вработувањата на припадниците на етничките заедници кои што ги прави оваа Влада, се обидува да реализира една обврска преземена од Охридскиот договор. Тенденција на оваа Влада е да се операционализира уставното начело за правично и

соодветно застапување. За среќа, оваа Влада ова го прави на транспарентен начин и во согласност, потполан согласност со претставниците на ММФ.

Што направивте вие во оваа насока? Пред парламентарните избори не ги исполнивте предвидените обврски, значи, обврската која што требаше да се поврзете со ММФ и за да правите вештачко зголемување на платите, на пензиите итн, итн. Говорите за злоупотреби, меѓутоа, едно нешто треба да ви биде јасно. Голема злоупотреба од изменување на закон, за да се реализира определена цел, нема. Ова почитуван колега, го направивте вие, изменувајќи го законот за приватизација преку кои измени ја приватизиравте ОКТА, чии последици и ден денес паѓаа врз ова население. Средствата од Телекомот, со нив почнавте да градите спортски сали, не знам каде се. Почнавте да градите нови училишта, не знам каде се тие училишта итн.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Јашари.

Повелете г. Стојановски, една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине Јашари, вие добро знаете дека опозицијата не е виновна за тоа што нема инвестиции. А, инвестиции ќе има тогаш кога ќе се спроведат реформи, кога ќе имаме либерализирана, либерална, а не договорна економија, кога ќе имаме владеење на правото, кога ќе имаме ефикасно функционирање на институциите на државата, кога ќе постои заштита на имотот и на приватната сопственост, кога ќе има лична и семејна сигурност. А, дали е вештачко или не, ние ги зголемивме пензиите, ги покачивме платите, имаше инвестиции, парите од буџетот беа пуштени во оптек во државата и прашајте го народот како живееше тогаш, а како живее тогаш.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Последен пријавен за реплика е министерот за здравство.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Благодарам претседателе.

Ќе бидам краток. Ќе зборувам за тоа што беше кажано во врска со платите во јавното здравство. Не е точно дека воопшто не се дадени платите, туку во најголем број во здравствените установи платите веќе се поделени. Во понеделник на мал број на здравствени установи, кои останаа без да добијат плати, ќе ги добијат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Стојановски, една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас ќе бидам многу краток. Факт е дека платите доцнат во однос на исплатата на платите од страна на претходната влада и факт е дека К-15 немате воопшто исплатено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Со тоа завршивме со реплики.

Повелете госпоѓо Пеева, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Спиро Мавровски.

АНГЕЛКА ПЕЕВА ЛАУРЕНЧИЌ:

Благодарам претседателе.

Почитуван премиер и министри, почитувани колеги пратеници.

Драго ми е што не беа во право оние што ја напуштија седницата денес дека опозицијата нема да има простор за зборување. Напротив, јас сум втор претставник од парламентарното мнозинство од утрово кој што стигна до оваа говорница. Многу ми е драго што сум пред господинот Спиро Мавровски, зашто претпоставувам дека немаше да стигнам на ред после него. Со сосема легитимно право на опозицијата е да поднесе барање за изгласување на недоверба на Владата. За општата јавност таквиот став не е ништо непознато и ништо ново. Тоа што во овој случај изненадува е текстот, паушалнуста и неаргументираноста на тезите врз основа на кои од пратениците се бара изгласување на понудениот предлог. Напишани се без сериозни аргументи, паушално и како конечно дадени вистини, дури е изоставен и принципот на претпоставена можност.

Од 1990 година па наваму среќаваме исти или слични тези, без оглед кој на кого му ги препишувал. На пример неспособност во работењето, младите немаат надеж,

економски колапс, лоша меѓународна позиција, немање на концепт, лошо раководење. Како да се слушам и себе од 2002 или 1996 година кога бев во опозиција, истото тоа го слушам и денес. Ништо ново и ништо аргументирано. Дури и насловот на барањето ми се чини е несериозен и гласи, Барање за гласање за доверба на Владата, а би било очекувано да барате гласање за недоверба на Владата. Во случајот како што сте го формулирале би требало вие повторно да гласате негативно, а ние повторно позитивно. Да бил сериозен пристапот на предлагачите при поднесувањето на барањето за доверба на Влада, ќе се потрошело малку повеќе време и интелектуална енергија, да се испровоцира сериозна расправа заснована на факти, на кои со факти ќе се спротивставувавме. Вака, работата остана многу лита, несериозна и личи на непотребно трошење на време и енергија од двете страни и по малку ме потсетува на една веќе позната изјава на војник од поранешна ЈНА, која што отприлика звучеше вака: “Ние као ги напаѓаме, они као се бранат”. Народот денеска така нас не перципира дека губиме време, трошиме пари и ги оставаме семејствата дома сами. И, да се обидеме да дебатираме по вашите тези и јас почнав така, па се откажав. Тезата број еден од барањето за доверба на Влада гласи: “Безбедноста на граѓаните е целосно загрозена”. И, тука се откажав, затоа што нема логика понатаму да се зборува, би била анти теза. Во 2001 година не можевме да стигнеме до Охрид преку Тетово, туку одевме преку Битола. Сега, од 9442 раселени лица, над 8 илјади се во своите домови. Нормално, за да не трошам време и енергија, следните тези не ги разгледував заради нивната паушалност и површност.

Но, да се вратам на барањето за доверба или недоверба на Владата. уште една работа не ми остава простор до крај сериозно да ја сватам целата иницијатива, а тоа е неединството од страна на опозиционите пратеници по ова прашање. Дозволете ми гласно да размислувам. Дали тие што не ја потпишаа оваа иницијатива, а се во опозиција не се согласуваат со понудените тези во поднесеното барање за доверба на Владата или не се потпишале, заради тоа што не се согласуваат со евентуалната недоверба, при што логично произлегува дека тие сметаат дека Владата добро си ја тера работата.

На таквиот и недвојбен заклучок ме тера фактот, што од вкупно 44 пратеници на опозицијата, само 24 се убедени по прашањето на работењето на оваа Влада.

Неприфатливи се образложенијата што по медиумите можат да се слушнат затоа што, ако во формално правна смисла останува дека само 24 пратеници од вкупно 44 од опозицијата се незадоволни од работењето на оваа Влада, тогаш од 120 пратеници 96 пратеници се задоволни од работењето на оваа Влада, или ако се сведе во бројки на гласачи - пратеник, над 80% од граѓаните на Република Македонија, согласно резултатите, се задоволни од работењето на оваа Влада и доаѓаме до некои контрадикторности. Притоа, во тие останати пратеници од опозицијата кои мислат дека оваа Влада добро си ја тера работата се и доста звучни опозициони имиња од типот на Стојан Андов, Силвана Бонева, Никола Груевски, Сашко Кедев, Ристана Лалчевска, Илија Китановски, Ефтим Манев, Љупчо Мешков, Ганка Самоиловска-Цветанова и т.н., луѓе кои многу остро знаат да критикуваат по медиумите и многу остро знаат да дискутираат овде во пратеничките клупи.

Бидејќи не се потпишани во оваа наша иницијатива, значи тие не сметаат дека на оваа Влада треба да и биде изгласана недоверба, туку сметаат дека работата си оди добро. Затоа, вие 24 . . . не знам.

Да ја сведам тезата до крајна логика излегува дека џабе го губевме денот, џабе потрошивме државни пари за кои попатно не критикувате цело време нас пратениците, туку министрите и ќе беше подобро да си го искористевме викендот, а и граѓаните да ги оставевме, сега е време за зимници, и ние сме луѓе од куќа, од дом, и ние имаме обврски дома.

Во ваква ситуација и со ваков (галама во салата) ве молам ако можете да ме сослушате. Со ваков процент на пратеничка поддршка сигурна сум дека секоја Влада би се чувствувала комотна, па и оваа, се разбира. Но, да сум на местото на Владата не би била комотна воопшто затоа што има поголем број на прашања на кои сеуште системот не функционира доволно добро или е во фаза на незабележлив развој.

Тоа за мене не се прашања од политички карактер ниту прашања кои на овој или на оној начин се врзуваат со реализација на Охридскиот договор. Пред се мислам на економијата и ефектите од тој домен. Тука сериозно треба да се стегнеме и да направиме динамика и систем како граѓаните на Република Македонија да живеат подобро, фирмите

подобро да работат, домашните или странските инвестиции да ги има повеќе. Тоа не е работа само на Владата, тука имаме институции кои функционираат надвор од Владата, а го сочинуваат овој систем, тука сте и вие господа од опозицијата и вие сте дел од системот. Значи, вие не сте надвор од Македонија, вие сте дел од водството на Македонија, граѓаните еднакво гласале и за мене и за вас на последните пратенички избори и одговорноста е само нешто поголема, доколку сте на власт иако и како опозиција сносите одговорност.

Не сум од тие што сакаат работите да ги гледаат толку црно и работите не се навистина толку црни затоа што пласирајќи им на граѓаните само негативни вести и црни работи, навистина ќе ги иселиме, ние ќе ги иселиме политичарите, не дека тие навистина се убедени дека е така, ние секојдневно им пласираме колку нешто не чини, колку не функционира.

Еве, за освежување, неколку факти дека тоа не е баш така. Извозот на стоки од Република Македонија во првиот квартал бележи зголемување од 22,1%, инвестициите во машини и опрема се повисоки за 7,1%, значи некои од домашните бизнисмени веруваат и инвестираат во машини, подигаат кредити, што значи дека кредитирањето во приватниот сектор исто така бележи пораст од 20,.8%.

Тоа се економски индикатори кои говорат, колку и да сме песимисти, колку да сакаме тоа да го прикажеме преку овие парламентарни говорници, сепак има менаџери, има луѓе кои веруваат во оваа земја, кои сакаат да инвестираат во неа и кои парите и својата интелектуална енергија сакаат да ја остават тука.

Мене лично не ми се допаѓа што скоро да отсуствуваат странските директни инвестиции, па и домашните директни инвестиции во поголем обем, но ако направиме поголема анализа, ќе видиме дека тоа најчесто зависи од нееокономски фактори, од нерасчистени имотно-правни односи, од бавни судски постапки, од проблемот на реформите во катастарот и од арогантна бирократија која оваа Влада мора да ја реши до крајот на својот мандат. Значи, бирократијата и јас како пратеник сум свесна и сведок дека е прилично арогантна и на тоа поле треба да се поработи и кога сте во опозиција, мислите дека тоа ви се случува затоа што сте во опозиција, но истото се случува и кога

сте пратеник од власта. Бирократијата е сериозен проблем и функционирањето на системот дневно и тука мораме да работиме.

Ќе цитирам наслов од една рубрика “Јас мислам” од весникот Вечер, кој беше кажан од еден познат стопанственик кој вели: Доста веќе од тоа дека не не бива. Значи, доста веќе од тоа дека не не бива, Македонија ја бива, има луѓе што ги бива да работат во Македонија, само треба малку повеќе позитивна енергија, малку повеќе да заборавиме да размислуваме на тоа кој од каде дошол и кој кому му припаѓа, малку повеќе активно да поработиме за земјата, а не само да зборуваме. Убедена сум и верувам дека со повеќе позитивна енергија и повеќе акција, следниот пат ќе разговараме со поинаков тон.

Не знам дали некој од вас 24 ве убедив да размислувате поинаку, но во секој случај благодарам на вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Пеева.

Повелете г-дине Трендафилов, три минути реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ

Се плашам дека овие податоци што почитуваната колешка ги кажа пред малку се исто така дел од онаа виртуелна реалност која Кабинетот на Претседателот на Републиката се обидува да им ја доближи на граѓаните. Значи, во средината во која јас живеам - Велес, ние не забележуваме дека луѓето се вработуваат, дека некој увезува машини или дека некој извезува. Повеќе пати сме дискутирале на таа тема, повеќе прашања сум имал до министерствата што имаат намера да направат со еден или друг производствен капацитет не само во Велес, туку воопшто во земјата особено во изборниот регион 3.

Од друга страна, што се однесува до вашето мислење дека насловот на информацијата на потписниците на барањето за недоверба или доверба на Владата не зависеше од нашата желба, туку зависеше од тоа како е пропишано од Уставот.

Навистина сум изненаден каде тоа пронајдовте 44 пратеници од опозицијата, уште малку ќе излезе дека поголемиот дел или барем 50% од пратениците во Собранието се всушност опозиционери. Тоа од една страна е добро, но од друга страна и покрај

најавената помош од разни опозиционери, сепак, за жал, останаа токму тие 24 пратеници на реалната, а не на виртуелната опозиција која се дрзна да ви го ремети мирот и онаа убава перспектива за која вие зборувавте во духот на позитивната енергија која треба да ја покажеме не само овде, туку воопшто пред македонската јавност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Пеева, контрареплика од една минута.

АНЃЕЛКА ПЕЕВА ЛАУРЕНЧИЌ:

Сосема сум свесна за состојбата во која се наоѓаат граѓаните и во таа насока говорев. На крајот од мојата дискусија кажав дека многу треба да се стори во економијата, но од друга страна г-дине Трендафилов, ако сакате да видите убави нешта и тие ќе ги видите. Не е се така црно. Сите други бројки и податоци кои ги слушнавте во дискусијата, се извор од Државниот завод за статистика на кој до скоро му верувавте. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Спиро Мавровски.

Само да ве известам дека на секои три часа правам пауза, во 20,30 часот ќе имаме пауза.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро е да знам дека има време.

Г-дине претседателе, почитувани министри, почитуван премиер, колеги пратеници.

Слушнавме неколку дискусии и тези од г-дата министри дека фактите и аргументите на оваа седница не биле одраз на она што позицијата сака да го објасни кон министрите и да го каже.

Но, жал ми е, што и овие колку останаа уште 4,5 часа додека премиерот ќе треба да го каже своето мислење за сите овие напади, можеби се малку време за да можеме да ги кажеме сите бројки и букви кои не може овој премиер, но вие како Влада континуирано во овие две години ги направивте, ги кажувате како успеси, но за жал, целиот македонски народ и ние како опозиција, вие не можете да издржите 10 часа, а ние ве издржавме две години, така што овие четири часа ќе ни дозволите да го кажеме она што имаме да го

кажеме. Се обидовте преку пратениците нешто да ве бранат, но не гледавме на реплики да се јави никој, говорите за 1998 година, говорите за 2002 година, дали ние треба да почнеме да говориме за 1993, за 1998 година, па да видиме што било тогаш, како било, тука некои статистички податоци за тоа кој колку цвеќиња купил и кој колку пари дал за општините во кои многу градоначалници и тогаш и сега се од СДСМ. Тоа го заборавaме.

Но, еве да почнам, се што можеме како опозиција да посакаме на една Влада и на еден премиер, тоа е да биде успешна барем во две работи. Тоа е безбедноста и економијата, пред се, а после тоа она што доаѓа, мислам дека ќе биде надградба на сето ова што, доколку Владата е успешна, може да го презентира пред народот. Но, што се случува?

Во овие изминати две години тешко дека ќе се најде нешто што дава барем искра надеж за подобро утре. Би сакал да кажам за безбедноста.

Безбедноста, уште на самиот почеток господа од владеачката коалиција, кажавте дека никогаш, тогашниот ваш претседател, премиер, дека никогаш со командантите кои ја водеа војната во 2001 година нема да коалицира и дека тоа е начинот на кој Македонија ќе се оддолжи на жртвите во тој воен конфликт, кој не сакате ни да го кажете дека бил, дека бил виртуелен, дека бил измислен, но, за жал, вашите коалициони партнери сето тоа го презентираат дека била борба за човекови права и ослободување. Ние тоа така го сфативме, но не им го презентиравте на граѓаните во 2002 година кога требаше да ја земете власта во свои раце и оттука почна се.

Сега се поправи оваа ситуација, кажавте дека 2002 година е виртуелен конфликт и тогаш имаше сериозни проблеми, МВР и Министерството за одбрана, за среќа или за жал, тогаш министер беше сегашниот министер на оваа Влада, така што и тоа не ве ослободува од некоја одговорност и за таа виртуелна војна, затоа што вие понатаму коалициравте со господата кои ја започнаа.

Откако сето тоа заврши, господинот премиер, тогаш министер за внатрешни работи, се случија многу киднапирања, се киднапираа дури полицајци, имаше секојдневни пукања од автоматски оружја, имаше многу убиени и ранети, беше разоружана Полициската станица во Арачиново, вие цело време преговаравте со некои селски

комитети и многу често имаше формирање на вооружени групи кои хараа и за сето ова вие најдовте начин, оние што ја разоружаа Полициската станица во Арачиново да ги примите и да направите некоја селска полиција која во тие почетни моменти го помагаше МВР и го врати мирот на одредени територии каде немавте владеење.

Понатаму, се јави урбаниот тероризам, кој и во 2001 година за време на таа виртуелна војна го немаше, беше нападната Владата на Република Македонија, беа нападнати судовите во Република Македонија, беше нападната Армијата на Република Македонија, беа поставени бомби пред училишта, пред Центарот на Скопје, пред Поштата, сето тоа вие го нарековте г-дине премиер виртуелно. Тоа била некоја организација која се јавувала на интернет и кажувала дека тоа се нивни активности за кои вие многу не се грижевте, потоа изјавивте дека тоа е дејство на некои луди луѓе кои во тој момент така мислеле и не требало тоа да го направат, но ете го направиле, за потоа да го признаете урбаниот тероризам.

Кога во тоа време од вас побаравме оставка, вие бевте многу сигурен во себе и кажавте дека сите овие работи ќе ги решите. За жал, не решивте ништо, успеавме на некој начин, еве со нашите критики, да ве поставиме на позицијата премиер и треба да ни бидете благодарни, можеби ова ќе биде една предност понатаму да бидете и претседател на државата.

Значи, нашите активности во тој поглед се надевавме дека наредниот министер кој е професионалец и за кој кажавме дека по Уставот не можеше да биде министер за внатрешни работи, но ценејќи ја неговата професионалност се надевавме дека МВР ќе почне да функционира многу подобро отколку вие бевте министер за внатрешни работи затоа што, јас кажав и тогаш, можете да бидете добар стопанственик, добар банкар, но како министер за внатрешни работи, не се покажавте.

Сегашниот министер во ова кратко време во кое се случија сите овие настани за време на овие 100 дена од вашето владеење, значи владеењето на оваа Влада се случија многу работи во кои МВР можеби не по своја вина, но беше принудено да интервенира во многу ситуации, како интервенираше, тоа го знаат граѓаните, така што би сакал само да потсетам, бидејќи се само 100 дена, а многу случки, а сакате факти, сакате

аргументи, мислам дека за сето ова време се случи инцидент пред седиштето на ДУИ, тоа го знаете добро, кажавте нема повредени, има искршено коли, но тоа е мала работа, значи ништо.

Во Струга е интервенирано, кажано дека 41 човек е повреден, 24 полицајци, 17 граѓани, уништени 3 возила од МВР. Беа повикани 200 специјалци кои со гумени куршуми и присила со солзавец и шок бомби ја растурија групата на граѓани во Струга и со тоа се воведе ред.

Гумените куршуми, господине министре, сигурно вие подобро знаете од мене, биле од некоја италијанска фирма, оружје за кое се има кажано дека е наречено помалку од убиствено но, ако ваков куршум ве погоди од 50 метри во глава, може да се случи смртна повреда.

Покрај 57 кривични пријави кои беа поднесени, вие на овој начин, добро е позицијата да се смее, не се погодени во главата, но во секој случај мислам дека ваквата ситуација која ја направивте едноставно против сопствениот народ носи нешто друго.

Понатаму, пред Собранието донесовте полицајци, мислам дека 1999 година кога беше кризата на Косово ги немаше толку, целото Собрание беше полно, колку снајперисти и какви не единици имавте, сигурно вие знаете, тоа е ваша тајна, сигурно нема да кажете, но беше жално после тоа вашето Министерство да учествува во прослави за кои пред малку говоревте, како што е прославата во Крушево, прославата за откривање на споменикот во Битола, со елитни специјални единици за кои не знам кој кого чуваше. Мислам дека апсолутно е недопустливо полицијата да се користи за такви работи, не знам кои беа вашите сознанија, но на Крушево имаше 3.000 луѓе и 6.000 полицајци. Кој од кого требаше да се брани, апсолутно не ми е јасно. Мислам дека за тоа требаше да има одговорност од ваша страна, но тоа е ваше.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Понатаму, вио меѓувреме излезе случајот Бриони. Господинот поранешен министер за внатрешни работи, сега премиер на државата, излезе со едно соопштение и кажување дека случајот Раштански Лозја е таков каков што е, ги докожа и доказите,

докажа се, но сега за случајот Бриони, МВР има сознанија дека е тоа направено, но нема докази. Сега дали некој требаше да ги слика овие луѓе што ги киднапираа, или такви филмови и фотографии, немате. Но, во секој случај ги имате фотографиите од Бриони и што таму се случи и што сега се случуваше кога од МВР не можеше да се дозволи ни поставување на камен темелник, за да можат барем најблиските на оние што загинаа, загинаа на тоа место, да стигнат до тие простори. Сега, вие ќе кажете, можеби сето тоа е во ред, затоа што полицијата треба да интервенира, но сигурно немаа гумени куршуми, немаа ни солзавец, ни шок бомби, можеби и други бомби немаше, но во секој случај вие не интервениравте, за разлика од Струга каде интервениравте и каде растуривте се што можеше да се растури.

Понатаму, се случуваат чудни работи. Повторно известување од Вашето Министерство, дека луѓе притворени, затвореници, како што кажа колегата пратеник од позицијата кои сега моментално се наоѓаат во затвор, и понатаму вршат криминални дела и се фатени во криминални дела, во ограбување, додека ја служат затворската казна. Значи ограбувачи на банки и пошти. Дали е сето тоа толкуслучајно, или не, сигурно дека одговорот го барам од вас, и кој во сето тоа е замешан, исто така вие знаете подобро од мене. Тоа беше тоа што се случуваше.

Последните работи кои уште повеќе ја подгреаја оваа атмосфера е дека, едноставно ситуацијата не е таква како што вие сакате да кажете. Тоа се последните случувања во Скопје, во Тетово, и во останатите градови во Западна Македонија, после фудбалскиот натпревар помеѓу репрезентациите меѓу Албанија и Грција.

Во центарот на Скоје, врз грчкиот конзулат е фрлена експлозивна направа, се слушаа безброј пукотници, секаде, и во Тетово и во Скопје, од автоматско оружје, претпоставувам дека тоа оружје е регистрирано и кај поранешниот министер и кај сегашниот, но за кривична пријава, апсолутно неслушнав. Имаше најава дека две личности кај кои е пронајдено вакво оружје во нивните возила, биле приведени, но многу брзо се направи блокада во Порој, предводена сигурно од идеен или поранешен командант, Нуредин Нухии, и после оваа блокада, автоматски полицијата, овие двајца луѓе кои беа приведени, беа пуштени на слобода, да се бранат од слобода и сигурно во

секоја држава на  ЕУ, кога некој пука од автоматско оружје, после тоа е нормално да биде пуштен и да одговара како што одговора, или пак е нормално за државите како што се во моментот Ирак, Авганистан или Израел.

Тука се, во ваше време во овие шест месеци, банките кои работат во Тетово. Во првите шест месеци во Вашето подрачно министерство во Тетово се извршени 671 кривично дело од областа на класичниот криминал. Значи, тоа би било г-дине министре по 112 дела во секој месец, или секој ден по 3-4, за еден град како што е Тетово, можеби некаде содејствува со некои многу поголеми центри во ЕУ. Барем тука ќе бидеме конкурентни, на овој начин.

Понатаму, би сакал да ве прашам што се случува и што е преземено за пронаоѓање на убијците на Ванчо Јосифовски. Поминаа две години, ние сеуште ништо не слушнавме дека нешто се презема, знаеме дека има обвинети, но сигурно дека немате докази, повторно немате фотографии и вие не можете да кажете што е и како е.

Што е со узурпацијата на спортските објекти за кои кажавте и потврдите дека се направени, дека ги имало во Тетово, дека се обиени, вратите во тие спортски објекти, но биле повикани на информативен разговор и после тоа, нормално ослободени.

Понатаму, што се случуваше со Тетово Табак, тука зборувавме повеќе од две недели и никој не ни објаснуваше чии се тие знамиња, кој е тој што влегува. После тоа видовме дека е некој командант притворен, па имал проблеми со главата, па пуштен, па сега ќе ги затвораме или бркаме од работа три судии кои го пуштиле, а сигурно не го пуштиле беа да знае некој од вас. Во секој случај, се случуваат и тие работи.

Во исто време, од Тафталиџе, во Скоје е демонтирана бомба во мобилен телефон. И ова е истото што го говоревме со г-динот Премиер дека урбаниот тероризам на големи врати чука во нашата држава. Тогаш можеби изгледаше многу нереално, но еве се случи и тоа.

И уште една работа која што тогаш беше поставена на г-динот министер, сега премиер, едно пратеничко прашање поставено во  2003 година, одговорот го добив пред некој ден, во кој кажувате, наредби за претрес во домовите на граѓаните се издадени вкупно 154, говорам за Битола, предмети за покренување на кривично дело по

претходните наредби се пронајдени 27, по 15 предмети е покренато обвинение. Тоа го дава Министерството за правда. Значи 154 пријави и од нив имате 15 за да покренете обвинение. Значи 10%. Јас незнам кој е тој судија кој ќе даде обвиненија, или претрес на домот, и после тоа во 90% случаи, апсолутно нема ништо и се потврдува она што и тогаш ви го кажав, дека се влегува во домови. И ова што кажувате, дека се аполитично, дека нема реваншизми, дека нема ништо, апсолутно и единствено интерес за влегувањето и прашувањето на г-динот од МВР, е тогашното работење на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Едноставно дека некој имал оружје, или дека ќе правел нешто што, еве вие можеби подобро од него сте знаеле и сте сакале да го спречите, апсолутно не држи. Значи, стигнавме до ситуација да го потврдите тоа само после една година ипол, дека тие пртреси по домовите на граѓаните се правени, едноставно, да се задоволи нешто друго. И сеуште од МВР не го добивме одговорот затоа што сите 200 избркани работници од РЕК Битола беа повикани на ифнормативен разговор, преку телефон, каде што ништо никаде не е заверено, дека биле во МВР, дека се сослушани, дека има записник и дека има кажано, што ако се случи нешто. Г-да, мислам дека со таквиот начин на работа премногу го поценувате македонсккиот народ, дека со овој страв што сакате да го внесете, едноставно предизвикувате работи за кои и тука во Парламентот многу тешко некој може да прозбори. Затоа, мислам дека начинот и доказната постапка, ќе дојдеме во ситуација да знаеме дека тие луѓе што тогаш беа избркани од ЕСМ веќе добиваст судски одлуки дека сето тоа е нерегуларно, не статутарно и дека добиваат одлуки да се вратат на работа. Што ќе се случи веќе поминала една година од тогаш, јас кажав дека 1993 година се случи истото. Тие луѓе беа примени на работа во 1999 година и добија милионски суми оштети затоа што биле избркани и што биле надвор, но никој не може нивното здравје да им го врати и она што го преживуваат во тие 6 години. Истото се случува и со овие луѓе. Правите една тотална конфузија. Добро е тоа што сакате со аргументи да проговориме за се. Тоа е само еден дел за МВР.

Господинот Положани, на прашањата кои му беа поставени, кој тука можеби е еден од министрите и единствен кој доби интерпелација и што господата пратеници од позицијата успеаја да го одбранат и за кое подолго време говоревме, можеби повеќе од

две недели, за Тетовскиот универзитет. Но сите работи на кои тогаш укажуваше опозицијата, сега се факти и веќе се реалност. Вие го спроведувате она за кое тогаш цврсто ме убедувавте дека тоа не може да се случи, дека тоа е во рамките на системот, дека е тоа така како што треба да биде и така ќе биде. Но, еве го господинот министер, продолжува со истата ситуација за која што говоревме. Значи, во меѓувреме, тетовскиот унвиерзитет прогласува уште два факултети и тоа Факултетот за физичка култура и Факултетот за фармација. Во меѓувреме се случуваат оние признавања на дипломите, за некој што студирал, војувал, или незнам што друго. Но во секој случај, нивните дипломи веќе повеќе од 640 луѓе ѓи добиле. Во сегашниот случај, ако овој факултет кажавте дека е државен, нормално е дека дрджавата ќе ги дава тие два милиони евра кои беа предвидени да се внесат во овој Универзитет, 85% од студентите доаѓаат од Косово. Јас мислам дека сеуште граѓаните од Косово се сметаат за стански државјани во оваа држава. Сега, ако ние го правевме универзитетот за граѓаните за студентите од Косово, требаше да се каже. Но, мислам дека тогаш кажуваврте нешто друго, а сега се случува нешто друго.

На прашањето на г-динот Положани, од страна на нашите колеги, тој едноставно кажа дека се било исправно, но еве ги фактите и аргументите кои не може да ги побие, дека новиот државен универзитет ја нема завршено постапката за негово основање. Таму само е формирана матична Комисија која работи на условите за негов почеток со работа. Матичната комисија спореед законот за вијсокото образование има обврска да врши избор на наставници и соработници и да ги вработи. Матичната Комисија, исто така поднесува барање до Министерството за образование, за остварување увид, за исполнување на условите за по!еток со работа. Министерството, понатаму издава решение за почеток со работа, а институцијата се запишала во регистарот на високообразовните институции. Потоа се конституира Сенад и се избира Ректор односно се конституира наставно научен совет и се избира декан. Во изборот на раководните органи, високо образовната институција се запишува во судскиот регистар, дури потоа Универзиетот може да врши запишување на студентите. Сега г-динот Положани избрзал

со конкурсот за упис на студенти, затоа што се исплашил дека кандидатите Албанци ќе одат на Штуловиот унивезитет. Но, еве, за него тоа е регуларно и така може да се работи.

Според конкурсот на Битолскит универзитет може да се запишат 1550 студенти. Од нив 1010 ќе бидат запишани во државната квота каде студиите ќе чинат 200 евра и уште 140 вонренди. На универзитетот ќе се запишат и 400 студенти со кофинансирање кои ќе плаќаат од 400 до 600 евра од година. Тоа е тоа што го кажа и им го кажавме на г-да, посебно во Министерството за образование, но апсолутно никој не реагира.

Од друга страна, реков дек тетовскиотректор на своја рака си озакони два факутети, оние факултети кои што не можеа да работат. Видовме што се случи, почна штрајк со глад, на г-дата студенти на тетовскиот универзитет. Тој штрајк со глад многу брзо е прекинат и едноставно се задоволени нивните барања и понатаму да студираат во Тетово. Тука приказната завршува. Мислам , ако не се слушнеше тоа, повторно ќе слушневме од г-дата дека се кршат уставните права, уставниот поредок, правата на малцинствата, на граѓаните, на незнам кој и повторно ќе стигневме до оружје. Така да може ова сега и за Владата и за сите нас во Македонија е подобрата варијанта, сега нема оружје, нема гладување, се е регуларно и понатаму ќе си продолжи.

Понатаму министерот за образование има барање Владата да може да бира директори и декани, во Законот за јавните претпријатија. Дали Владата тоа ќе си го дозволи ќе видиме со предложениот закон. Но, тоа што сега го рави министерот го знаеме сите. Знаеме ддека се намалува бројот на паралелките, се отпуштаат вработени наставници, секојдневно и се примаат нови луѓе. Сега, дали биле македонци од албанско-етничко потекло, мислам дека многу од нив се такви, сигурно повеќе од 95%. И така ние понатаму ќе добиеме едно образование за кое, пред некој ден ги изгласавме двата закони, за основно и за средно образование и за у ченички стандард каде г-дата позицијата ни нудат секој посегбно да си ги слават своите национални празници, секој посебно да може да си прави прослава и на она што значи нивни јазик и на крајот на краиштата, ќе учиме по различни програми во оваа единствена, сеуште мислам унитарна и вие мислам ќе се согласите со тоа, држава Република Македонија, во која што, во историјата на сегашните учебници во основните училишта воениот конфкликт во 2001

година, во албанските учебници ќе биде ослободителен, додека во учебниците на македонски јазик ќе биде за правење на некое востание против уставниот и законскиот поредок во Република Македонија. Значи тука се разликуваме во старт. Така што, незнам добро што ме потсети г-динот Трендафилов, јас го немам видено учебникот, можеби за ова и ќе премолчиме дека имало и наши бранители, се во интерес да не правиме и понатаму дигресии, да не правиме работи кои ќе го оптоваруваат нашиот соживот со г-дата македонци од албанско етничко потекло.

Во контекст на сето ова е, тука би сакал да го спомнам и споменикот на бранителите кој се загуби во администрирањето и по три години останува без решение, г-дине премиере, се префрла нонстоп или нема средства, кога се најдат средствата, нема кој да ја плати сметката, па немаат локација и се во таа смисла. Но, во секој случај, ништо од тоа не е завршено. Тоа сакав да го прашам г-динот министер за култура, мислам дека на тоа прашање може подобро да ми одговори тој, затоа што се е во Комисијата за култура, во нашето Собрание што треба да функционира и што треба да даде соопштение каде тоа ќе биде, затоа што во меѓувреме за г-дата што ја поведоа “ослободителната борба”, спомениците веќе се подигаа. Тоа беше прашањето, дали ќе бидат поставени во сите оние книги, регистри што Министерството за култура веќе ги предлага за да ги имаме и да станат составен дел на општините.

Понатаму, доаѓа министерот за танспорт и врски кој со г-динот премиер и јавно преку средствата за информирање, незнам можеби лично живеат многу добро но чувството кое што го имам за нивната комуникација, едноставно не соодветствува на она што би било премиер со министер, можеби се лажам, вие знаете подобро. Тука има неколку афери. Афери во смисла, Министерството  стигна да направи многу работи кои апсолутно, за другите министри, гледаме сега кривични пријави за кои и вие толку сакате да говорите, за некои 15-20 м2, но за вас во Центарот на Скопје се продава по 25 евра простор и тоа мислите дека е државен имот, а имотот е приватен, луѓето покажуваат документи дека е тоа нивно, но, вие тоа го направивте. И сега незнам кој е во право, дали е во право премиерот или министерот. Министерот кажува дека никаде во светот не дава оставка еден министер кога се е законски и вели “за критериумите и за тоа кој како

правел во оваа држава, јас не можам да одговорам. Јас со никого не сум се сретнал. Тоа за мене беше еден предмет како и другите. Ниту знаев каде се наоѓа тоа земјиште, затоа што не сум архитекст. Знаев дека е во центарот на Скопје, гледав дека законски се е во ред и потпишав. Јас незнам што вели одлуката на судот. Тоа беше одработено од службите и беше претставено дека се е во ред, и дека има прво да потпишува такви договори. Да прави бизнис, ќе потпишев што повеќе договори и досега немаше да седам тука со вас, туку со парите ќе си отидев на Флорида". Ова е изјавата што ја даде г-динот министер Агрон Буџаку.

Од друга страна кажува дека едноставно ако правел нешто, тогаш што направил? Ги расипал бизнисите на поодделни луѓе кои што учествувале во овие претходни потпишувања на сите овие договори. Значи едниот договор е Рамстор како случај и со изјава го цитирам министерот "како случај го наследив кога дојдов како министер и само го потпишав договорот". Од Владата ми беше наложено документот за Коч да го потпишам со непосредна спогодба. Но, таа беше договарана многу повеќе во четири очи. Што се однесува до Бунарџик министерот немал право да потпишува спогодби за изградено земјиште, но Владата го задолжила да го потпише и покрај тоа што немал право. Станува збор за површина од  милион и 400 илјади квадратни метри кои се издадени за по 31 денар годишно. За плацот на Плоштадот "Македонија", министерот нагласи дека не правел непосредни спогодби во четири очи,  го потпишувал само тоа што му го ставаат на маса вработените од службите во Министерството. Значи тука сега не можам да сфатам дали министерот ова го кажува,  не се сомневам во неговите изјави, значи имало проблеми што на некој начин е принуден сето ова да го направи. Понатаму министерот се обвинува за урбан хаос во Тетово. Подрачната единица сеуште чека одговор од Министерството дали таму  ќе треба да се урбанизираат одредени простори. Тоа сеуште не го имате направено. Понатаму, следува хотелот "Радисон Сас" со промена на детален урбанистички план кој што го барате од Собранието на Град Скопје да го направи и понатаму да продолжите да работите. Стигнуваме до Бунарџик. Договорот е направен на 50 години плус 25 години, но тука имаме нешто што во овој момент ќе треба да го објасни премиерот, бидејќи претходниот премиер стана претседател и сега

политички не ќе може да одговори на овие работи. Бунарзик беше прогласен за најголемо промашување на претходната Влада, сега прогласен за најголем успех на оваа Влада. Но, еве има уште една недела до петок, па ќе видиме дали ќе се вратиме на почетокот повторно некој да кажува дека сето ова нема да биде како што е презентирано пред јавноста. Јас би сакал да почне да работи, барем да има нешто. Но господо чисто се сомневам дека ова може да профункционира, вие сте тие што ќе кажувате и на крајот јавната изјава на премиерот дека после референдумот, или после локалните избори премиерот ќе го замени господинот Буџаку, или овој сам ќе треба да си поднесе оставка. Ниту едното го видов, ниту другото ќе го видам, затоа што господинот Буџаку јавно кажа на кого му одговара и за што му одговара и тука мислам дека она што го кочи цело време господинот премиер е тоа што има една екипа која што е збир на луѓе кои што ги избрале политичките партии дека неговата улога во сето тоа е многу мала затоа што сите тие одговараат сигурно на своите партии и тука е проблемот кој што се надевам дека требаше до сега да го решиме, но за жал не најде начин како сето тоа да го реши и тоа е тоа што ние што поскоро ќе треба да помогнеме премиерот да си оди, или пак премиерот да биде премиер и екипата со која што работи, или ќе одговара за она што работи, како што кажав на самиот почеток во вашето експозе кога не ветивте многу. Добро кажа господинот Оровчанец дека од тоа што не ветивте, се исполнивте, од она што ветивте многу малку, или ништо, така што сеуште не сме стигнати до нешто што сакавте да биде во бројки, сакавте да кажете што и како се работело, но одите во контрадикција. Пратениците ги разбирам, но не можев да го разберам министерот Манасиевски кој сакаше или да изманипулира со некои бројки и да каже работи кои што пред две години не беа вистина, или пак сега не се вистина, претпоставувам дека и двете работи се тука. Исто и господинот Стевче Јакимовски се обиде во таа насока да кажува некои работи. Би сакал во однос на тоа да проговорам со факти и со бројки како што обично говорам Кажуваме дека за две години имаме 25 илјади невработени повеќе, за разлика од она што го кажа господинот министер и сега се поставува едно прашање, како вие кажувате дека 1998 година кога дојде на власт ВМРО за тие четири години успеа да вработи 150 илјади луѓе, да ги вработи сите свои партиски кадри и на крајот во 2002 година се случува

катастрофално зголемување на бројот на невработени. Сега имате една контрадикција, или ВМРО вработил, или избркал од работа, за да се зголеми невработеноста. Бидејќи тогаш се вработија доста луѓе, но испаѓа според вашите податоци кои што долго време не ги признававте од Заводот за статистика дека сега кај народот направите една тотална збрка дали имаме вишок на вработени, имаме кусок на вработени, дали ВМРО вработи, избрка и сето тоа ги носите граѓаните во една многу непријатна ситуација. Значи, господинот Манасиевски за разлика од господинот Јакимовски кажува дека во 2002 година биле вработени 34 илјади, 2003 биле вработени 39 илјади, а оваа година со ова темпо и динамика, господинот Манасиевски кажа за тоа кои се вработени, а вие кажавте колку невработени остави ВМРО-ДПМНЕ и по тоа темпо и динамика ќе има некаде околу 45 илјади до крајот на оваа година. И сега што вели премиерот, сега што? Сега се зголемува бројката за овие две години од 384 илјади 294 луѓе, во 2002 година 370.880 невработените се зголемиле за бројка од 24.805 лица. Сега господа, јас не знам вие ако кажувате дека имаме толку големи вработувања дека 39 илјади, 45 илјади луѓе, тоа е една импозантна бројка. Јас сега ќе го прашам премиерот, кои фирми во моментот во Република Македонија работат, кои се тие фирми кои што примиле 39 илјади, 40 илјади вработени, кога еден РЕК Битола од кој што избркавте 200 луѓе има само 2000 вработени, две ипол илјади вработени. За да примите значи треба да имате некаде околу 15 вакви комбинати кои што во меѓувреме функционираат, работат, или ова е префрлање од шупло во празно, тие што работеле ќе ги отпуштиме, па пак ќе ги вработиме, ќе дојдат можеби до крајот на годината и 100 илјади вработени како што беше со познатиот Бранков закон кој што во прво време сите толку го браневте, на крајот кога дојде крајот на годината од 4000 во тие две недели се вработија уште 11000. Каде ги вработивте за една недела и Дедо Мраз да дојдеше тешко дека ќе ги вработеше, но вие најдовте начин и ги вработивте. Сега што со тоа ќе им дадеме на луѓето? Апсолутно ништо. Значи, се откажавте и самите од Бранковиот закон, кажавте дека во тоа време се потрошија пари кои што се одделени од Буџетот на Република Македонија, но тоа заврши така како што заврши, значи многу страшно. Јас сега би ве прашал во ова време на вашето владеење се заврши една афера, аферата ТАТ која што почна во времето на владеењето на СДСМ

1997 година и вие сега во оваа година, 2004 година ја завршивте толку скандалозно дури и уште поскандалозно од начинот на кој што таа афера почна. Тие луѓе останаа без ништо, необештетени надевајќи се а и вашите ветувања во 2002 година им кажуваа дека она што го направи ВМРО-ДПМНЕ со она што им го даде како сертификати дека тоа е кражба, дека тоа не може така да се направи и дека начинот на кој што вие ќе го решите тој проблем апсолутно е она што треба тие да го очекуваат. И сега што направивте, апсолутно ништо, останаа луѓето и без она што можеа да го искористат како сертификати, бидејќи и тоа право им го одземавте и сега треба да ви веруваат наредниот пат кога ќе одите и кога ќе се прашувате зошто, како и кога се случија сите овие работи и како стигнавме во ситуацијата од 200 илјади вработувања кои што ги ветивте 2002 година, сега да кажувате за некои бројки во кои што и самите не верувате. По ова испаѓа дека имате 150 илјади вработени за три години. Ако е така, јас не гледам што проблеми има господинот Манасиевски со социјалата и луѓето во Република Македонија да живеат на ваков начин. Говоревте дека одите на намалување на ДДВ на стоките како што се лекови, земјоделски производи и потреби, ќе поставите многу вакви поевтини работи за да народот живее многу подобро. И што се случи? Вие и тие што беа намалени 5% ДДВ ги направивте 18%, во старт зголемивте 13%. Господинот генерален директор на ЕСМ со, да, со, не, ќе се зголеми цената на електричната енергија, нема да се зголеми, не денес, не утре, јас гарантирам, ти гарантираш дојдовме во ситуација 7,5% да се зголеми. Значи, се зголеми. Се зголемија цените на многу производи, во комуналната сфера, исхраната и се останато. Останавте вие како Министерство за економија и понатаму да се држите на тие 4% цела администрација. Таков акт од Владата никој не виде и никаде го немате прикажано, но тоа е ваше. Кажувате дека нема апсолутно ништо. Господинот министер праша дали Македонија има нафта, вие рековте дека нема. Но, Македонија имаше нафта која ја плаќаше поскапо и од Грција и од Бугарија и од Германија. И за тоа никој не одговараше. Одговорот е, да. За тоа никој не одговарае, не знам зошто, дали треба да се промени власта па повторно да одиме со кривични пријави и да кажуваме што било во 2004, во наредната 2007 година. Мислам дека тоа требаше оваа Влада да го среди и на граѓаните да им презентира за што се работи, затоа што секој што работи може и да

згреши, но секоја грешка како министри, едноставно се знае што е после тоа. Ако има доблест, ако има чесност, има отстапка и тука е големината на секој министер и на секој човек. Мислам дека тоа не го направивте, значи после тоа се случи ова што сега е малку поново, можеби вие како министер го направивте, не знам, сите резерви на нафта во Република Македонија се префрлени во Нико Петрол, фирма од Штип која што ќе треба да работи и ќе може да работи со 30% од сите тие резерви кои што ги има државата, со тоа што ќе ги врати на крајот на годината и Министерството ќе ги има сите стокови резерви. Сега тоа некогаш беше нешто што беше црно, но сега вие кажувате дека тоа е точно така и дека никој не смее да ви каже од каде и што и како е направено сето тоа. Но, се е во ред. Формиравме Агеција за странски директни инвестиции, па се јави повикување на дијаспората да вложи средства во Република Македонија, но заборавате една работа. Дијаспората и луѓето кои што ги имаат парите кажуваат една работа. Тие имаат две многу горки искуства во Република Македонија и затоа многу тешко понатаму ќе можеме да ги добиеме нивните пари. Значи тоа се старото девизно штедење во кое што тие изгореа и во кое што не веруваа дека може да им се случи. И второто е аферата ТАТ за кое што пред малку говорев. Аферата ТАТ, многу од нив работеле по австралиските бушови, по американските железари и она што го заработиле за цел живот, преку ноќ останале така. И како се случи сето тоа, сигурно можеби не вие, но претходниот премиер многу добро знае, повика од оваа говорница дека октоподот ќе биде пронајден, дека ќе биде сечена главата, но гледам дека ниту пипците, или пак пипците се сечени па се направиа многу октоподи па не можеме да видиме каде и кој е сега. Но, се надевам дека, бидејќи господинот премиер во своето експозе кажа дека ќе ги пронајде средствата, тој знаел дека се точно таму, ама немал докази. Доказите, еве работите, мислам дека ќе имате можност да ги најдете тие средства и да им ги вратиме на граѓаните кои што беа одземени. Одземени се 150 милиони марки. Значи, тоа се огромни средства за кои што ние говориме. Странските инвестиции ниту од прилика не можат да бидат толку колку што се земени и пропаднати во Штедилницата ТАТ. Многу често се говори и господинот Манасиевски сакаше да говориме со факти и со бројки, говореше за нешто што во последно време кажа дека странските директни инвестиции се

многу големи. Каде е големината на странските директни инвестиции, говорите за некои 86 милиони во почетокот на годината, 75 милиони. Јас ќе ве потсетам на едни бројки и факти дека 85% од вкупниот капитал од сите производни единици во Република Македонија кои што се продадени од 1993 до 1997 година инвестирани се и влезени странски инвестиции од 45 милиони долари, а од 1999 до 2002 година 15% од останатиот капитал влезени се 729 милиони странски капитал повторно. Сега господа оставам на вас како математичари од 45 милиони во проценти би било многу, ќе се говори за некаде 1700%, или подобро да разберат нашите граѓани за пет пати помалку продадена работа, се земени некаде околу 17 пати повеќе пари и вие кажувате дека сето тоа било нормално дека во овој период од 1999 година се крадело, дека имало корупција, организиран криминал и се тоа во тие четири години дека државата е уништена. Заборавате да кажете што се направи, или не сакате да кажете што се направи, но тоа е ваше, мислам сега сте позиција. Во секој случај фактите и вистината и бројките кажуваат ова. Кој како сака така може да го прифати и да сфати дека ова е точно вистината и овие се странските директни инвестиции од 1990 до 2002 година, значи 730 милиони и од 1993 до 1997 година 45 милиони долари. Сега да не правиме некоја забуна кај граѓаните, она што значи кредити, ние да ги ставаме во инвестиции и тука ќе имаме проблем затоа што нашиот тогашен премиер кажа дека оваа година, 2004 година е годиата на економскиот просперитет и бум во Република Македонија од некаде 200 милиони евра, или 200 милиони долари колку беше не знам, но од бум остана само трес. Така што после оние лопати кои што се фрлија таму на Козјак сега уште очекуваме да дојде некој да помогне за да можеме да направиме нешто. Исто во ЕСМ господинот премиер бевте и вие присутни на отворањето на новиот рудник, така барем го крстивме, отварањето на новиот рудник, но верувајте ми до рудникот уште 6-7 години ќе бидат потребни најмалку и колку ќе биде тоа инвестиција, или задолжување од наредни 130 милиони евра во период кога треба ЕСМ да се приватизира. Мислам дека многу скоро, еве наредниот петок ќе треба да проговориме токму за тој закон и тогаш ќе кажеме повеќе.

Клучна работа што се случува во овој период кога вие сте премиер и за кое што се изјаснуваат и граѓаните е референдумот во Република Македонија. Вашите изјави и изјавите на господата од Владата дека референдумот ако успее нема да бидеме во ЕУ и ќе бидеме многу подалеку да одбереме ситуација, тоа и вашите коалициони партнери

Али Ахмети, госпоѓата Теута Арифи и комплетно ДУИ едноставно кажуваат дека успешноста на референдумот ќе биде неуспех за Македонија и тоа доаѓа од устата на вашата потпретседателка, госпоѓата Шекеринска. Сега јас би ве прашал вас, дали и до каде во Европа може некоја држава да влезе и да биде членка на ЕУ, ако во таа држава не се одржи референдум. Тоа е првото. Вие протуривте една теза, ако не избереме претседател, ние ќе бидеме подалеку од ЕУ. И во таа насока ангажиравте се што можеше да се ангажира во Република Македонија и владини и невладини организации, излези гласај, донеси, не знам ливчето само не може да стигне и на денот на гласањето и се беше регуларно.

Сега се случува обратниот процес. Ако овој референдум успее Македонија е многу далеку од ЕУ и јас се уплашив, затоа што толку време како опозиција говоревме за Конопиште, за Бач, за Старавина, за Маврови Анови и си велам ако ние успеевме нешто да направиме, или сега ако се задржи сето тоа колку ќе бидеме подалеку од Европа. Можеби Бач и Старавина е проблем. Сега ЕУ територијалната организација мислам дека апсолутно се протура некоја теза која што нема апсолутно ништо со вистината. Имаме голем проблем.

Господа во ЕУ, сите земји организираат референдуми кога беше влегувањето во Европа и во некои земји тој не се прифати. Применувањето на новиот Европски Устав мора повторно да оди на референдум. Значи за се што се работи во тие држави треба да има референдум.

Европската повелба за територијалната организација на која што сме и ние како Република Македонија потписници едноставно говори во членот 5, бидејќи е составен дел на нашиот Устав и на нашите закони дека волјата на граѓаните мора да се почитува искажана преку референдум. Сега што говориме? Ние говориме ако успее референдумот ова ќе биде крај за Македонија, повторно војна. Повторно истите тези г-до. Ако не биде како ние што сакаме веќе ситуацијата е лоша, ситуацијата мора да се заврши така како ќе се заврши. Кој ја бара војната? Не тие што се за референдум, тие што се против референдум.

Изјаснувањето на граѓаните е најнормална работа во секоја држава. Вие како Влада тоа треба да го побарате. Госпоѓата Шеќеринска верувајќи дека нема да има 150 иљјади поотписи, цело време калкулираше. Додека вие се договоравте по кафани, по планинарски домови и Ве чекаше цела Македонија два месеци да ја ставите како

заложници и нас како опозиција и сите граѓани на Република Македонија на крајот испадна дека вашиот договор е договор за сите и тоа е најдоброто нешто што можете да го понудите и гледаме во однос на фискализацијата што после тоа ја понуди и Владата на самата седница на Влада кажувате не 2,5%, туку 3%. Кажувате дека сето тоа е толку анализирано, толку знаете секоја општина што како ќе добие што едноставно делува катастрофално.Значи, една конфузија во вашите редови. Јас премиерот не би сакал повторно да го напаѓам или да го жалам затоа што кај него има секое министерство посебна влада и така функционира. Според изјавите апсолутно координација никаква, за жал. Значи кога референдумот и се ова кое денеска се говори, причината за референдумот е повторно работењето на Владата, затоа што е без договор. Без волјата на граѓаните. Не можете вие да кажете дека ова е добро. 41 референдум кои што се распишаа низ Република Македонија и во кои што беше се како што треба вие ги одбивате. Одбивате една Струга, Кичево, правите тензии, каде што ги нема, кажувате дека ние градиме соживот. Кој е тој соживот? На една градска средина припојувате три рурални средини, со по 10 илјади жители со кои што само етничкиот состав се менува и кажуваме дека тоа е територијална поделб. Апсолутно нема никакви основи за таква работа. Кој ќе диобие повеќе? Велешта ќе биде подобро ако се припои на Струга. Во Велешта се гради повеќе отколку што во Битола се гради сега. Што е проблемот сега? Проблемот е дека треба да бидат во Струга. Тоа е проблемот, ама тоа треба да го кажете и да го кажете на граѓаните во Струга кое го знаат подобро од нас. Сега немојте да кажуваме опозицијата го прави ова. Госпоѓата Шеќеринска ни понуди ако нема 120 илјади гласови јас ќе бидам таа што преку пратениците ќе ви овозможат да гласате за референдум во Собранието. Кога се собраа сега гласовите тоа е најлошата одлука и госпоѓата Шеќеринска подпретседател на Владата, вице премиерката рече референдум е неуспех за Македонија. За што? Тоа ли е? Ако е така тогаш да кажеме дека се што ќе кажете вие, цела Влада се е во ред, ние само треба да гласаме овде. Ова што кажувате зошто денеска, зошто сабота имало интерпелација. Ова е првата интерпелација или барање на доверба или недоверба на Владата после две години од Вашето владеење. Вие за овие две години толку растуривте што не ќе можеме да ги собереме ни наредните

15, не за две. Сега, кажуваме тука дека денес било викенд. Па, во секоја држава во Европа на секои два месеци има интерпелации и нормално е Владата да положи сметки за она што го работи против грѓаните. Не е само опозицијата во прашање. Ние знаеме дека 61 пратеник немаме, тоа е во ред, вие повторно ќе изгласате доверба. Но, прашање е како работи оваа Влада, каде се движи и каде се движи Република Македонија. Цело време наместо да говориме, вие говорите за некои тешки политики дека сме веќе на вратите на ЕУ, а знаете дека 12 години после ова нема никој ни да не спомне. Бевме во НАТО пактот 2005, сега ќе бидеме 2007, или незнам ни која година, ќе треба да каже господата, а ние имаме желба уште утре, но со ова што го имаме како економија, ова што го презентирате како Влада и ние како држава што го направивме апсолутно ништо не направивме. Не можеме да стигнеме никаде. Ние имаме 1800 евра по глава на жител, најсиромашната држава во Европа е Грција и има 20 илјади евра по глава на жител. Сега сакаме да влеземе во Европа а, ние сме пред вратите на Европа, која Европа? Ако не ја средиме економијата. Ако вие не почнете да работите, ако не се отворат фабрики кои што ќе примаат луѓе, не овие фиктивни бројкиј што ни ги кажувате тука 39 до 43 илјади вработени. На кој му кажувате. 43 илјади вработени во Република Македонија оваа година кога сите се пред Собрание и сите плачат. Сите фирми ги затвораме, овие биле приватни не се одговорни. Како не сме одговорни г-дине премиер за приватни фирми. Тие фирми кога ќе престанат со работа ќе дојдат на државни јасли. Тогаш ќе бидете вие одговорни дека се веќе испуштени од работа, социјални случаи, уште 1000 други работи. Понатаму, сакате со бројки да работите цело време, па би сакал уште неколку бројки да ви кажам што беше економската ситуација и за која што кажувате дека е добра дека имаме извоз. Госпоѓата од Либерално-демократската партија вели дека не е толку црно се, незнам колку е бело, но сигурно дека бело не е многу затоа го кажуваме извозот на стоки е зголеменм 22,1%. Господо забораваме да кажеме една друга работа, што е фактот зошто е ова така, затоа што цената на никелот и челикот, кој што го извезува Република Македонија, а учествува со голем дел од извозот на овие производи е 100 зголемена цената на светскиот пазар. Тоа никој од вас не го говори и вели дека е се во ред.

Што говорат стручњаците за ова што значат бројки за нашата економија, кои што ќе треба и вие да ги признавате. Говорат дека Македонија нема производство, или барем нема производство за ЕУ. Објавувањето на најновите бројки за размена со странство, фактот дека од 2 милијарди и 43 милиони долари, размената во првите шест месеци од годината извозот учествува со 35,4%, а увозот 64,6%. Односно имаме покриенсот од 54,9% или негативно салдо во размената од 595 милиони и 110 илјади долари, ова што г-динот Никола Поповски во бројките некако неможеше да ги види. Овие се точните бројки. Ова е крајно неповолно салдо за севкупната економија.

Според истите показатели во шесте месеци од годинава најголемото зголемување на извозот имаме кај земјите од  централна и источна Европа и од поранешниот СССР и од 37,7%, додека увозот од земјите членки на ЕУ ни расте за 34,5%. Всушност според статистиката и балансот во размената кој најмногу се должи на размената со ЕУ страшно ни се изострува  на пазарот кон кој најмногу тежнееме да припаѓаме, европскиот и тоа на наша штета а се јакнеме на, условно кажано веќе загубените и алтернативни пазари од транзициските економии.

Во Македонија работат 5 до 10 фирми. Агрокомбинатите се уништени а ние сакаме производство и размена. Тој број треба да го изостриме, барем 1000 фирми што работат за да можеме да зборуваме за какво било приближување на оваа сфера. Показателот за рекордниот трговски дефицит на земјата, посебно со ЕУ со која имаме едвај 1 до 2% дебаланс наспроти сегашните околу 15% несомнено е негативен, велат коморските аналитичари.

Г-да, ова е ваше, ова е она што вие го работите. Сега сакавте бројки, сакавте букви, ги добивте и бројките и процентите и буквите.

Ако е ова тоа што ќе не води напред и да стигнеме каде што планирате да стигнеме мислиме дека ќе имаме голем проблем. Проблемот го знаете и малку повеќе од мене. Значи со ваква економија, со скроз паднато стопанство вие неможете ништо да барате и ништо да побарувате ниту од ЕУ која што преку ММФ и Светската банка си ги кажува своите барања и кажува до каде е стигната Република Македонија. Значи,

стигнати сме многу малку во тој напредок. Сега кажуваме дека ќе го добиеме прашалникот и тоа е голем чекор кон ЕУ.

Слушајќи што Република Хрватска после добивањето на прашалникот, колку луѓе и со каква енергија тие луѓе работеа и колку време им требаше, најмалку 2,5 години за да сработат на прашалникот, незнам ние со уште неформирано министерство за такви работи дека ќе стигнеме и ќе направиме и колку имаме способни луѓе за сето тоа, гледам уште во старт бараме помош од многу места, но во секој случај ние како опозиција сме должни ако можеме во се ова да се приближиме до ЕУ. Домашната надеж никој да не ја кажува. Дека приоритетни цели на вашата политика се ЕУ и НАТО -Пактот, туку да се сработи и работи во економијата, во стопанството и тоа да биде предизвикот кој што премиерот Хари Костов, кој што се нафати за такви работи за работа дека ќе успее да постигне некои резултати по кои што ќе го паметат граѓаните на Република Македонија .

Се надевам дека екипата што ќе ја предводи ќе биде негова екипа, тој ќе биде селектор на тие играчи, затоа што во случајов има многу селектори а малку играчи. Тука е основниот проблем на оваа Влада. Ако не се координирате во меѓувреме ќе биде многу пострашно од ова што сега се случува.

Пред малку г-динот министер за земјоделни ни кажа многу работи. Министерот за земјоделие кажа дека сега се дадени многу земјишта на луѓе. Господине министре колку вие плативте на тие луѓе и како тие луѓе ќе станат успешни земјоделци мислам дека ќе треба на нив да им објасните. Теоретски гледано многу исплатливо е и многу ефектно изгледа сето тоа, но многу работи што се случуваат во земјоделието апсолутно не соодвествуваат со она што вие го кажувате. Неможете да ги убедите земјоделците, а цело време кажувате дека имате услови на пазарот секој да се снајде со откупот. Она што го произведува нема заштита на земјоделските производи и дека тоа треба да биде искористено со самите земјоделци кои што треба да функционираат како што функционираат. Значи, останаа преспанските јаболки околу 30% продадени оваа година, може и помалку. Тутунот по 150 го продававте а го купувавте за некаде 75 денари и незнам кој се го откупи и кажувате и минатата година дека тие 75 денари се повеќе од 130 денари. Со пченицата сеуште стојат проблемите.Млечната криза ја знаете малку

подобро, г-динот Стевче Јакимовски малку повеќе е информиран за таа работа и се испаѓа криза. Еве сега дојде гроздобер со грозјето повторно проблем и секогаш кога се земјоделците во прашање од опрема, од механизација, од оние средства што кажавме дека ќе ги намалите и на крајот имаме некое решение што сега вие работите, многу отфрливте пред една година и пред извесно време кога говоревме повторно за земјоделието, сега вие повторно ќе се обидете да воведете субвенции во земјоделието. Барем тоа е последното што го добивме како информација од Министерството за земјоделие. Се надева дека тоа ќе биде добро за земјоделците, оваа држава може да најде средства затоа што земјоделието е тоа што Македонија може да го презентира во моментот на европскиот пазар и се надевам дека тоа ќе го направите. Затоа никогаш амблок не одбивајте ништо, затоа што во интерес на државата може да се менуваат сите ставови, но се надевам дека многу брзо ќе сватите дека тоа е така и дека мора да се поработи.

Значи, вие со земјоделците во овие две години како да имате распишано некоја војна. Се што може да се направи против се прави против. 2003 година кога земјоделските посеви и овоштарници во Битолскиот крај беа уништени, за тоа апсолутно ништо не се доби. Во моментот и како Парламент донесовме одлука со која што вие ќе требаше да ги исплатите средствата на уништените земјоделски посеви комплетно во Струмичкиот крај и во Тетовскиот крај, за тоа сеуште стои дека апсолутно нема никаква информација дека средствата се одделени и пренесени на оние на кои треба да им се дадат. Мислам дека и тука многу канситe или сакате да касните, тоа неможам да го оценам, но во секој случај тоа е она што вие го правите. Мислам дека декларативно можете тука да изнесете многу работи, како што ги изнесовте дека претходната Влада не дава, вие сте дале 700 хектари, а земјоделците кажуваат дека 20 хектари се минималните кои што можат да обезбедат барем опстојување затоа што со тие пари како социјални работници ги имаат апсолутно ништо неможат да направат.

Еве толку кратко, а мислам дека земјоделието заслужува многу повеќе, елаборација незнам колку време, но во секој случај ќе имате можност да размислувате и да разговарате за сето ова.

Министерството за култура, мојот почитуван сограѓанин,г-динот Благоја Стефановски, минатиот пат претседателот не остави да одговори на некои прашања кои што ги поставив, мислам дека време е да одговори и тоа за замената на Прохор Пчински и она што го кажавте дека прв пат после толку години се остварила посета на Прохор Пчински. Прохор Пчински се оствари посетата, па направивме како претседател и незнам кој се беше во делегацијата, кои средби со црковни делегации, наши црковни достоинственици, па се договаравте, преговаравте и незнам што се договоривте, но Пелинце да биде замена на Прохор Пчински апсолутно мислам дека влегува во Гинисовата книга за рекорди, но во секој случај ќе треба да го презентираме. Јас прашав дали ние како Парламент, бидејќи тој е меморијален музеј треба да донесеме одлука за да кажеме дека меморијалниот музеј во Пелинце ќе треба да добие дозвола од Парламентот на Република Македонија за средствата што ги потрошил. Дали тоа ќе биде така или нема потреба.

Другото прашање до г-динот министер е за изградбата на меморијалниот музеј кој што е запрен некаде во однос на алокацијата на средствата во Комисијата за култура во која како министер треба, едноставно поминаа три години и таа работа треба да се заврши. И што со оние споменици кои што се подигаат во моментот за борците за ослободување на некоја територија или за човечки права. Дали и тие ќе влезат во регистрите што ги има Министерството за култура и што ќе ги подели по општини.

Тоа се тие три прашања.

Исто така би го запрашал за Струшките вечери на поезијата, Пелинце го заменил Прохор Пчински, Струшките вечери во Скопје и Охрид, дали ние како ВМРО-ДПМНЕ треба да се спремаме конгресот да го славиме во Гевгелија , или да направиме нешто тука па да бидеме во контекст на овие движења што овие 4 години вие ќе ги правите. Мислам дека вакви работи се несериозни, но во секој случај вие како Влада сте одговорни за овие работи и мислам дека ќе ми одговорите.

Значи, има уште многу прашања, има уште многу работи за кои што ќе треба да одговорите посебно пред граѓаните на Република Македонија.

Мислам дека оваа Влада скоро и да не чувствува потреба да им одговори на граѓаните што се случува во домашната економија. Статистичкиот извештај за нови 30% пад на индустриското производство, го добивме дека бруто доходот е некаде 3,6%, и тоа го добивме. Вакво нешто да се случеше во социјализмот ќе се ѕвонеше на сите ѕвона. Еве, оваа Влада гледам дека ни мува не ја лази и дека се е во ред. Дури ни се забележува зошто се бара денес во сабота доверба на Влада. Ништо од овие ветувања што нашиот поранешен премиер ги даде, што му остави во наследство на сегашниот премиер од 200.000.000 евра или беа долари странски директни инвестиции за годинава, за кои што рече дека на себе го презема ризикот за ветеното, за новите работни места, за поволни кредити, за намалени даноци на производителите, за подршка на земјоделците, стечајците и се така по ред. Значи, ништо и од предвидениот раст од 4%, ништо од решенијата за намалување на трговскиот дефицит, внатрешната задолженост, намалувањена невработеноста, подинамично враќање на надворешниот долг и зголемување на странските инвестиции. Патем, лани тие беа рекордно мали, дури најмали во Европа, само 25.000.000 евра.

Политичката криза, во која се повеќе паѓаат владините партнери, поради политичките пазарења во децентрализацијата само дополнително ќе ја пасивизираат Владата на премиерот Костов која продолжува со својата анемичност и нема визија за излез од економската ситуација.

Излезот од кризата не е можен и поради фактот за кој што говоревме дека Владата не нуди јасен програм на мерки и реформи што би ги надминал овие традиционални слабости на ионака малиот домашен Пазар. Ниското ниво на инвестиции, особено странски, недостигот на обртен капитал, неконкурентноста на производството, сивата економија, фискалните недисциплини, организираниот криминал и слабата извозна ориентација како да стануваат константа.

Клучен фактор за успех на македонското стопанство е да се создаде извозно ориентирано стопанство и да се привлечат директни странски инвеестиции. За да се случи тоа Владата треба да даде приоритет на развој на економската инфраструктура и да ги третира образованието и човековите ресурси како клучна инвестиција. Тој кој би

дошол да инвестира кај нас со правао ќе очекува од Владата, односно државата, гаранција за правилна и фер конкуренција, правен поредок како во Европската унија, поволен регулаторен режим, ефикасно судство и поефтинување на услугите. Од сето ова, господо, апсолутно немате ништо и тоа е вашиот проблем, а уште поголем на нашите граѓани.

Ветувавте како Министерство за економија дека ќе се вклучите во туризмот и дека ќе му помогнете оваа година да направиме уште еден бум, како што кажавте, со инвестициите. Предвидени беа многу туристи од Израел кои ќе ги потрошат своите пари во казината во Охрид. Но, за жал, министерот Буџаку урна се што можеше да урне во Охрид. Не изгради ништо. Се случи да ниту еден странски гостин не дојде, посебно не оние што ги очекувавме со многу пари. Се уплашија од она што се случи во Струга. Ако е тоа причината што не дојдоа израелците во Охрид, мислам дека поголемо нешто од ова во однос на измама немам слушнато. Затоа што и во Израел господата со автоматски пушти одат на летување и тоа не им претставува никаков проблем. Така што, можевме нешто подобро да смислиме зошто не дојдоа, но во секој случај ете тоа е тоа.

Очекувавме многу од олимписката година, 2004 година. Вашата Влада кажа дека “ние сме подготвени да пречекаме” не знам колку илјади туристи, дека средствата од некаде, кажавте, првиот период се зголемени за 50% во средствата како туризам и средства што треба да ги добие Република Македонија и ја имавме првата шанса од постоењето на Република Македонија, во нашата непосредна околина, значи во Грција се случија Олимписките игри. Се случи нешто што беше прва и основна работа на која што можевме да се презентираме во една држава со која што имаме и самите знаете, доста проблеми. Значи, спортот го оставивме тотално на страна. Во овој момент можеби ќе ви звучи малку и декадентно после сите овие кажувања во економијата, за земјоделството, за министерствата, по спортот, после кажувањето на господинот Бранко Црвенковски дека политиката и дрсжавата не смее да се меша во него, е донесен на маргините на живеењето.

Многу пати, декларативно, оваа Влада искажа желба да се помогне спортот, да се помогне младината, да ја извадиме младината од тоа што значи пороци во денешно време, но апсолутно ништо не правиме во тоа.

Јас ја сфаќам желбата на премиерот, на претседателот и дел од Владата да учествуваат на големи спортсни настани и тоа е во ред. Можеби го добија најголемиот аплауз во нашето соседство, многу поголем отколку во нашата држава и тоа го признавам и тоа е во ред. Но, имаме еден друг проблем. Можеби претседателот најде спонзор еве, се појави Христо Стоичков даде дресови и нешто се играше. Нашиот премиер, стигна во ситуација, пред почетокот на Олимписките игри, пред самиот старт на Олимписките игри, на нашите спортисти да им понуди некаде за златна медаља, ако не се лажам, а се сеќавам добро некаде околу 70.000 евра. Но, господо, треба да знаеме една работа. Ние можеме во моментот да понудиме и 2.000.000 евра ако не е некој странец кој би зел македонско државјанство во моментот нашиот спорт е на изумирање. Не е на преживување, е на изумирање. А, во текот на олимпискиот циклус никој не се јави во овие четири години да ги помогне овие луѓе, да го завршат тој циклус.

Имаме проблеми со јавното претпријатие на кое што вие му доделивте се, да работи, да ги затвора салите, да ги затвора базените во олимписка година.

Ако сакате малку претседателе тишина, ме деконцентрира малку.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Зборувајте, зборувајте вие господине. Имате уште 25 минути до паузата.

Се освеживте, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам.

Еве и премиерот е тука и премиерот беше еден од учесниците на тој спектакуларен натпревар во Белград. Мислам дека добро помина. Но, во секој случај спортистите заслужуваат многу повеќе.

Ова што ни се случува сега, јас знам дека економијата, сето ова што го имаме е еден систем за кој што ќе треба многу да вложите, многу работа за да можеме да

очекуваме дека некои резултати ќе може да се видат. Тоа е факт, тоа е вистина и тоа го знаеме сите, позицијата и опозицијата, дека ќе треба многу да се работи за да се сработи нешто.

Но, да го уверуваме народот дека сме блиску до НАТО пактот до ЕУ и дека тоа се основните цели на оваа Влада за да стигнеме во неа и дека со тоа ќе почне мед и млеко да тече во Македонија, дека луѓето ќе земаат по 1.000 евра, како што кажа премиерот, многу тешко дека ќе биде така. Затоа треба да работиме.

Вакви резултати вакви претставувања што ги имавме тука одредени министри, дека толку има вработени, толку имаме зголемување на извозот, по таа цена толку, јас мислам дека објаснувањата се овие, дека апсолутно не е најден начинот, можеби и премногу се презафатени со проблемите од референдумот, што не знам зошто толку ви одзема од вниманието, кога референдумот е најдемократско право на граѓаните на Република Македонија. Тие ќе треба да си го остварат. Каков ќе биде исходот од гласањето, многу брзо ќе го видиме. Значи, останува 7 ноември. Јас мислам дека ќе биде успешен, затоа што граѓаните ја сфатија целата игра. Вие кажувате дека добро е позицијата да е одговорна за многу одлуки, но има одлуки за кои што треба да бидеме одговорни сите. Тука се случуваат работи за кои што и самите кажувате дека апсолутно не треба да се консултирате со опозицијата ниту да преговарате, ниту да се договарате. Тогаш, одговорноста останува на вас. Не можете да барате од нас одговорност кога не прифаќате ниту еден амандман, не прифаќате ниту еден предлог, носите закони во кои што многу од законите едноставно се неприфатливи за поголемиот дел од граѓаните. Уште еднаш одиме во ситуација да се кажува дека голем дел од граѓаните во сите државни установи ќе стигнеме во ситуација...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски само да ве искорегирам, бидејќи зборуваме за Владата, ќе кажете место “носите” ќе кажете “понудите” закони, а Парламентот ги носи законите.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во ред е, се извинувам. Мислам дека е еквивалентно. Досега нема закон што го понудила Владата, а Парламентот да не го изгласал. Тука е тој проблем што

парламентарното мнозинство - идентитет со Владата и можеби еве таа ситуација, во сите досегашни закони, барем што ги понуди Владата беше така. А, ниту еден закон што е понуден од пратениците од опозицијата едноставно не беше прифатен и секогаш имаше нешто што Владата ја тераше да не го прифати.

Но, во секој случај, можеби ќе има време или ќе нема време, зависи од премиерот, дали понатаму добиваме нови закони или ќе треба пратениците малку повеќе да се занимаваат со тоа, она што стварно го добивате од дел од опозицијата, навистина некогаш ќе треба да размислите. Затоа што еден од тие примери каде што Владата и државата изгубија повеќе од 6.000.000 евра, за кои што говорите дека многу тешко се наоѓаат, а Владата ги изгуби тие пари е Законот за телекомуникации. Уште во вашето доаѓање на власт, тоа е ноември 2002 година, вие кажувате дека тој Закон за телекомуникации ќе се донесе, ќе се донесе, имаше три предлози од опозицијата за Законот за телекомуникации за кои што можевте да интервенирате со преправки, со амандманска, а имаше и јавна расправа, но сето тоа вие го одбивте. Повторно вие кажавте, му дадовте предлог на Владата да тој закон биде донесен. Еве, денеска е 18 септември, многу блиску се веќе двете години од кога што тој, толку значаен закон требаше да биде донесен. Штетата што ја трпи државата е околу 4.000.000 евра годишно. Значи, се придржуваме до бројката, веќе надминавме 6.000.000, до крајот на годината можеби ќе бидат и 8.000.000 евра, затоа што ретроактивно Владата не ќе може да наплати апсолутно ништо од овие корисници на услугите што Владата нормално требаше да ги има тие пари до сега.

Значи, тоа е она што вака, во кратски црти, но што мислев дека треба да ви го кажам на Влада и како опозиција, мислам дека ова е првата проверка на Владата. Дека од сега натаму треба да стане практика на секои три месеци, во интерес на граѓаните на Република Македонија оваа доверба на Влада, а можеби и да му помогнеме на премиерот да си ги среди работите во својата екипа, да може да најде прави играчи и да понуди нешто што утре ќе биде резултат на кој што сите ние ќе бидеме радосни, што ќе веруваме дека нашето стопанство, нашата економија тргнала по нагорен пат и дека од тука натаму ќе треба да очекуваме просперитет на Македонија што секој ќе ја посака во

ЕУ. Верувајте, со ваквите карактеристики, со ова што сега е капацитет и на Владата и воопшто на стопанството и економијата во Република Македонија, апсолутно никој не не сака.

Како што милува господинот премиер, на крајот една голема изрека од еден голем, добро можеби не толку голем, но еден претседател на Америка, Роналд Реган кој кажал дека Владата не е решение, туку Владата е проблем. Во овој случај, Владата е проблем. Мислам дека што побрзо треба да се средат работите или другото, тоа го знаете. Тоа е оставка на Владата и формирање на нова Влада. Сигурно дека парламентарното мнозинство може да понуди и подобри решенија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Прв за реплика се јави господинот Невзат Бејта, повелете имате три минути.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата,

Немав намера да излезам и да реплицирам, но господинот Мавровски кажа многу невистини и затоа сум принуден да му реплицирам.

Да ја кажеш вистината, господине Мавровски, треба да бидеш културен и воздигнат човек. А, тоа нешто вам ви недостасува. Затоа вие ја кажувате секогаш невистината за оваа Влада со единствена цел да ги манипулирате граѓаните. Но, ќе одам по ред.

Ги спомнавте командантите на ОНА. Командантите на ОНА имаат свој политички субјект, ДУИ. На 15 септември ја доби довербата на граѓаните. Има 16 пратеници и го претставува мнозинството на албанците. Вие се трудите даго навредите на разен начин албанскиот народ. Ова не е можно. Ова е дел на демократијата.

Спомнувате киндапирања во периодот на заедничкото владеење на коалицијата. Немало ниту едно киднапирање од страна на институциите. Но, за време на вашето владеење, на минатата Влада, на ВМРО ДПМНЕ и ДПА имало киднапирања од институции. На чело на организирање на овие киднапирања беше бившиот министер за внатрешни работи Љубе Бошковски кој сега се наоѓа во притвор во Република Хрватска.

Во времето на вашето владеење господине Мавровски имало разни, големи злоупотреби, а за ова имаме сведоштва дека многу претставници на Владата треба да одговараата пред органите на правдата. Ќе спомнам, ако не грешам: на бившиот министер за одбрана Љубен Пауновски, се знае колку пари украде или вие политиката ја разбирате и вашето доаѓање на власт како да го ограбите народот. Ова го кажувам со следното, дека вие, во минатиот период како парламент и како влада не донесовте ниту еден закон што оди во полза на граѓаните. Кажете ми само еден закон што е во полза на граѓаните? Оваа Влада има донесено закони што одат во полза и во интерес на ситес граѓани. Да не ги спомнувам сите. Вие ова не сте го направиле, бидејќи ви недостасувала доблеста. Вие имавте само една доблест да се занимавате со криминал и да го ограбите народот до крај. Но, ова не ви успеа.

Го спомнавте и Тетовскиот универзитет и студентите од Косово...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Бејта, поминаа вашите три минути.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

...Не манипулирајте со народот дека студентите од Косово имаат свој универзитет и албанците студираат на сите универзитети...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам исклучете го господинот Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

15 минути надминавте од времето.

Повелете господине Мавровски, една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не знам зошто толку жолчност. Преескa кажавте дека пратениците не биле Влада или Владата не е пратеници. Сега гледам жолчност во бранењето на Владата. Можеби господинот Бејта е дел од Владата. Сигурно е. Но, треба да знае една работа, дека

киднапирањето за што го обвинувате господинот Љубе Бошковски, беа киднапирани македонци и сигурно претпоставувате дека Љубе Бошковски ги киднапирл? Сигурно некој кој сега, со овој закон што ние го донесовме за амнестија, вие се чувствувате многу сигурно. А некој кој беше министер и ја бранеше државата треба да одговара пред вас, кои го кршевте законскиот устав и поредок на Република Македонија. Сега, вие сте хероите, тие се кои треба да одат во затвор. Мислам дека ова е анти теза и ваква работа е последен пат да кажувате. Што правеше ВМРО, ограбуваше и ги градеше оние работи што вие ги урнисавте. А, зошто ги урнисавте, подобро од нас знаете.

А, што направи ВМРО како Влада: зголемување на плати, вработување, ДДВ, сите тие работи ги заборавивте затоа што не ги знаете. Не ве интересираат сем правата...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Повелете господине Рамадани, имате три минути.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе благодарам,

Господине Мавровски ќе бев многу заинтересиран да дискутирам многу повеќе, затоа сум седумдесет и втор по ред, Интерпелацијата да ја направевме заедно, со заеднички потписи. Но, проблемот е во тоа што грижите ваши и мои се разликуваат во насока дека работи или не добро Владата.

И, токму во овој сегмент од вашето претстаување и вашите оценки во некои ситуации, каде што ние се разликуваме, затоа и не можевме да ги ставиме нашите потписи како опозиција. Затоа, кога се дебатира како што вие дискутирате час и половина, кога Владата нема никакви шанси да падне, мислам дека ние само зборуваме заради зборување. Безбедноста, економијата и тн., по ред, и овде се разликуваме.

Ние и овде се разликуваме. Ние не се согласивме како опозиција во ситуации кога треба да создаваме безбедност во Македонија, за да имаме инвестиции и поразвиена

економија, и тука се разликуваме затоа што некои во опозицијата се ангажираме за да имаме безбедност, некои со деструктивност, за да се расипе таа безбедност.

Го спомнавте проблемот на Арачиново, за полициската станица. Јас како пратеник, во интерес на мирот и безбедноста направив нешто за да се елиминира таа ситуација или да дојдеме до рециклирање на една конфликтна ситуација. Но вие како претставник што направивте во Битола за да се обезбеди, за да се помогне, за да се отвори една паралелка на албански јазик, за да се задоволат и интересите на тие албански ученици. Значи тука е проблемот меѓу нас.

Исто така, постојат разлики меѓу нас во приодот на проблемите како опозиција и доколку ние како опозиција се разликуваме во тоа, тогаш ние немаме потреба да бараме интерпелација за доверба на Владата затоа што има дезинтегрирачка позиција, како и вие во вашата партија, тогаш критиките нема да бидат земени толку сериозно и од страна на Владата затоа што лично јас и јас не сум задоволен како пратеник со работата на Владата. Знам дека оваа Влада може да направи многу повеќе, знам дека треба да направи повеќе.

Ќе завршам. Вие спомнавте Влада со команданти. Вие имате интерпелација за министрите на Владата. Ниту еден командант јас не гледам во оваа Влада и незнам каде вие ги гледате нив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Па добро, затоа и не се потпиша опозицијата на ова барање. Едноставно кажувате дека зборуваме за да зборуваме и оваа Влада неможе да падне. Што треба да направиме? Она што го направи некој 2001 година за да падне оваа Влада? Ако предлагате таква работа, кажете. Ние можеме да говориме тука и да бараме одговорност од Владата. Друго незнам што можеме да бараме.

Кажувате во Арачиново сте направиле нешто. Што? Откако и истепаа новинарите и ги разоружаа полицајците, вие направивте нешто.

Во Битола да се отвори албанска паралелка - но зошто не кажувате да се отвори турска паралелка, зошто да не се отвори ромска паралелка, влашка паралелка. Бројот на населението на албанци во Битола е ист со ромското, влашкото и турското население, 2,54%. Сега што е причината? Ние да правиме бинационална држава? Говорите за мултинационалност, мултиетничност и сега што? На Универзитетот во Тетово не е запишан ниеден македонец.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Повелете господине министре за економија три минути.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Иако бевте четири години на власт, одделни делови од министерствата не научивте каде се наоѓаат, односно стоковните резерви не се во Министерството за економија туку во Минстерството за финансии и во ваше време се префрлени. Во “Никопетрол” има само 3300 тона, 40.000 тони има во Рафинеријата за сурова нафта и 60.000 тона има во Макпетрол, така што да не шпекулирате.

Понатаму, што се однесува до бизнис климата, сакам да ви кажам некои работи. Демек ние сме ја расипувале бизнис климата, а вие сте ја правеле. Вие со Пане Велев, со Љубе Бошковски и со Станинов правевте клима, им правевте упад на луѓето во фирмите кога со пушки ги чуваа фирмите и вие сте правеле бизнис клима. Или пак со ситуацијата кога земавте рекет на странските инвеститори или со она што Светска банка ве враќаше назад повторно да си ги приватизирате фирмите, затоа што на криминален начин тоа сте го напрвиле. И да ве прашам, тие фирми што со ФЕСАЛ-2 аранжманот ги решававте па ве враќаа назад, како резултат на вашите спектакуларни реултати, еве да ве прашам дали денес “Бучим” работи. Еве, “Бучим” беше вратен повторно назад. Дали ви работи Леарница, дали ви работи “Злетово-Топилница”. Дали денес на пример работи “Газела”, “Нова Македонија”, “Порцеланка” и тн. Тоа се фирми не што ги уништивте туку во стратосфера ги спуштивте, триста заврзлами направивте, не можеме судски да ги расчистиме за да почнат да работат. Да ве прашам, кој агроиндустриски комбинат денес работи, дали “Црвена Ѕвезда” каде што го имавте Черкезов, дали “Лозар” - Битола, дали

“Анска Река”, дали “Винојуг”-Гевгелија и тн. Во Велес да ја упрапастите “Топилницата”, да го упропастите “Лозар” и “Порцеланка”, три големи фирми, и да барате сега од нас тој град ние да го дигнеме нагоре. Како не ви е срам вакви тези на поставувате и околу вработувањето?

Понатаму, други работи сакам да ве прашам. Зборувате за трговски дефицит. На друго место да ви кажам каде сте Сергеј Бубка. Од 630 милиони долари трговски дефицит 1998 година, 2002 година го ставате со 827 милиони долари трговски дефицит. Постојано ја кажувате истата приказна и повторно треба да ви објаснам дека Македонија е увозно зависна држава од суровини, репроматеријали и енергија и тој дел во структурата на трговскиот дефицит учествува со повеќе од 63%, а стоката за широка потрошувачка е само 22,5%, што значи дека оваа земја е во една ситуација во која за да може стопанството  да функционира мора да увезува суровини, енергија и репроматеријали. Затоа, молам не давајте паушални изјави, туку донесете луѓе со кои можеме компетентно да разговараме и немојте да продолжувате понатаму со вакви дискусии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Јакимовски.

Повелете господине Караџоски, процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, јас сакам само да интервенирам колку време врви. Тоа е едно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Беа точно три минути.

Инаку, да ве известам дека од следната седница овде над мене ќе имате часовник и ќе можете сами да гледате.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не завршив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете. Само процедурално, ве молам. Во што е процедурата?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Оставете ме да кажам. Сакав до вас да интервенирам. Добро е тоа што најавивте дека ќе го гледаме времето затоа што не буни. И второ, обрнете им внимание на министрите кога реплицираат дека сепак е ова седница на Парламентот и се расрава за доверба на Влада, а воопшто не е никаква предизборна процедура за градоначалник на Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, јас исто знам дека не е седница за пратенички прашања, но целиот говор на господинот Мавровски беше со прашања и сега добивате одговори.

Повелете господине Мавровски, имате една минута контра реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Очекував господинот министер да даде одговор како министер, а не паушални одговори, да кажува за времето до 2002 година, а интерпелацијата е за Владата која што тој сега ја сочинува, ни кажува податоци кои не треба да ги каже, а она што треба да го каже не го кажува: Што сега со ЕМО, што со “Македонија табак”, што со “Лозар” - Битола. Судските решенија се тие, вие ги користите синдикатите и правите бизнис клима која луѓето што доаѓаат да инвестираат ги носите по судови и кажувате што, каде, кога и како. И вие кажувате дека сега има бизнис клима и дека на вас ви пречел Пане Велев и Љубе Бошковски. Сега кој пречи? Кога сите луѓе ги приведовте, што против никој немате кривична пријава, никој немате затворено, илјадници случаи водите и кажувате дека сето тоа е вред, дека има бизнис клима во Македонија и сите странци одвај чекаат на граница да влезат во Македонија. Дури, и пасошите им ги земавте за да не можат да влезат и да не можат да потпишат договор. И тоа е бизнис клима?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Да, господине Караџоски, јас сум опозиција, но сепак треба да му реплицирам на господинот Спиро Мавровски бидејќи пред се јас сум албанец, а додека денес на оваа парламентарна седница имаме интерпелација за Владата, а не за албанците на

Република Македонија. Еден добар дел на дискусијата на Спиро Мавров беше сконцентриран токму обвинувајќи ги абланците, обвинувајќи ги наводно дека работат надвор од законските рамки во Република Македонија и дури отиде да се занимава со имињата на албанците. Јас сум сигурен дека вие Спиро Мавров немате пристап во Тетово и селата во Тетово, но се за казнување тие албанци кои ви даваат информации на вас со име и презиме за албанците бидејќи вие сигурно не сте биле ниту во Порој, ниту во Џепчиште, ниту во Пирок, ниту во Кањане. Секако, доколку не луѓето, господ ќе ги казни тие што ви даваат информации на вас.

Второ, јас би сакал да те поддржам тебе како опозиција за да ги критикуваме пропустите што ги има направено Владата, но овде од оваа говорница да и предложиме на Владата да ги измени или подобри своите постапки. Меѓутоа, јас не можам да те поддржам тебе господине Мавров, бидејќи сум пратеник кој припаѓа на опозициска партија, додека ти фрлаш дрва и камења врз албанците во Република Македонија, дури одиш и малку подалеку, ги именуваш македонци од албанско етничко потекло. Овој филм не си го видел и долго време нема да го видиш бидејќи оваа Македонија е основана 1991 година и стана независна 1991 година, ја направивме сите заедно, и албанците и македонците и сите други кои живеат во оваа Република. Ќе ви кажам и една друга теза. Македонија е на македонците и на албанците. Ова го гарантира и Рамковниот договор и Уставот на Република Македонија. Попусто ви е што ги спомнувате турците и бошњаците. Ние не им ги оспоруваме правата, но не ги изедначувајте бошњаците и ромите со албанците, бидејќи ние сме над 20% во Република Македонија. Велиме дека Македонија е унитарна држава кога ќе се почитуваат сите права на сите граѓани во Републикава, но се знае што гарантира Уставот. Се знае дека гарантира за населението кое е над 20% во Република Македонија..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Вејсели.

Сакам една работа да ве предупредам, господинот Спиро се презива Мавровски а не Мавров, освен ако е погрешен преводот.

Повелете господине Мавровски, имате една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Незнам каде се преопозна господинот Вејсели, но има проблем. Албанскиот народ не можете да го претставувате со она што го кажувавте и што го направивте 2001 година. Прво кажувате дека сите ја изградивме оваа држава 1991 година, но за жал ниту тогаш ниту било кога и сега повторно кога ќе дојде во прашање македонската држава вие не гласате, ниту сте гласале некој пат за истото што сега го кажувате дека го правите. Значи не сте го правеле тоа.

За ваша жал, а за моја среќа јас имам роднини во Тетово и сум присутен таму. Ако е ова некоја закана, ќе бидам уште тему, така што апсолутно тоа немојте да го употребите уште еднаш.

За жал кажувате и ја промовирате Република Македонија во бинационална држава на македонскиот и албанскиот народ. Јас зборував за мултикултурна држава. Ние македонците имаме една држава, оваа држава и ова е Македонија за која македонскиот народ, ако не можеме и ова да го имаме, тогаш не не бива за ништо. А вие..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Објавувам пауза од половина час.

(Пауза од 20,30 часот).

(По паузата, седницата продолжи со работа во 21,00 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, а исто така и министрите бидејки има доста за реплика.

Има збор г. Слободан Најдовски.

Повелете.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Има многу работи да му се реплицираат на г. Мавровски, но ќе се задржам на три во овој момент, да не губиме време.

Прво, е околу неговото спомнување на отварањето на споменикот во Битола и свирењето и урликањето, кое што беше таму и обезбедувањето.

Јас можам да разберам одредени граѓани имаат право да изразат незадоволство од решавање на одредени прашања од нивен интерес. Разбирам дека на одредени начини тие можат да го изразат своето незадоволство. Но она штоне можам да го разберам е тоа како на кое место и по кој повод се изразува незадоволството. Уште пвоеќе не можам да разберам вие г. Мавровскикако пратеник да предводите свиркање и урликање при отворањето на споменикот. Тоа го покажув аодносот за ваша декларативност кон тие што ги дале животите за оваа држава. Тој споменик е почит и кон Илинденците и кон учесниците во НОБ и кон оние кои загинаа 2001 година. Кој е претседател на државата тоа е илеревантно и најважно е дека мораме да ги почитуваме делата за тие што се подигаше споменикот. Така се покажува односот кон нашата историја, кон нашето минато и така ќе ја градиме иднината. Зборувате дека споменикот на бранителите не е изграден. Но ако се изгради се плашам дека кога ќе се отвора вие повторно ќе свиркате.

Второто прашање за кое што сакам да реплицирам и да појаснам е процесот на приватизација за кое што јас лично кажувам дека е промашен во Република Македонија, но вие овдека спомнавте и се фалите со податокот дека од 1999 до 2002 година се обезбедени странски инвестиции од 750 милиони марки. Господине Мавровски и сите кои што тоа го спомнувате. Не се работи за инвестиции во процесот на приватизација. Се работи за продавање на она што го создале нашите генерации и претци во минатото. Ние сега можеме многу лесно тоа да го распродадеме и со тоа да се гордееме. Но од тоа како го продадовте Телеком и ден денес се плаќаат овие високи телефонски сметки и да не зборуваме за тоа како се потрошија парите од Телекомот.

На крајот третата работа е зборувавте за вештачка двојазичност околу територијалната организација, со тоа поврзувате и отворање на албанска паралелка во Битола, за што јас  поджувам дека нема услови за отворање на албанска паралелка, заради неисполнување на критериуми, но вашата дволичност е во тоа што зборувате за вештачка двојазичност на друго место, од друга страна барате со референдумот две двојазични општини во Битола. Тоа ли е принципијалност. И на крајот вашата принципиелност јас верувам дека ќе ја промените. За тоа ми говори еден факт.  Вие како

пратеници дадовте изјава на Битолските медиуми дека никогаш во Парламентот нема да ставите слушалки да го слушате албанскиот јазик, но денес а и многу порано, и денеска посебно ве забележувам како ги ставате тие слушалки, што значи дека ќе ја промените и таа принципиелност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Најдовски.

Повелете г. Мавровски една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот Најдовски кога ќе нема ништо, се почнува со личното и тоа е факт. Друго, кога нема апсолутно да каже во одбрана на Владата , дали некој викал против претседателот на државата Бранко Црвенковски, кој што незнам како има образ да дојде и да отвори нешто во Битола, после се она што го направи за Битола и јавно што го кажа, дека ќе ја уништи, тоа вие подобро од мене го знаете. За бранителите и тоа го знаете, се направи споменик пред Министерството за внатрешни работи во Битола го знаете и се донесе Одлука да се руши, затоа што нема локација. Толку се грижите и така се грижите. А во Битола колку сработивте, многу убаво знаат Битолчани, затворивте 38 фирми и 10 илјади луѓе останаа без работа. И сега да држите овде демагошки предавања дека било двојазично. Вие цела Македонија ја правите двојазична, па за вас е нормално сте во коалиција со ДУИ и сега ме прозивате мене. Денес одвај дочекавте дека нешто сум слушнал и дека сум ги ставил слушалките.

Господине Најдовски, мислам дека требаШе за друго да разговараме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Мавровски, повелете г. Алити, имате три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Ви благодарам претседателе,

Навистина жалам што сето она што го кажа г. Мавровски во три минути не можам да му одговорам, да му реплицирам. Но г. Мавровски говоревте за сешто, за Тетовскиот универзитет, за “ТАТ”, за Струшките вечери, за тероризмот и т.н. Иако во текот на она

што го елаборираше како теми,  навистина беа кажани многу малку вистини, но тоа е стратегија на опозицијата да добие во време.

Јас ќе се задржам на сегментот дека еден дел од опозицијата го напушти Парламентот со обвинување дека позицијата со своето учество за збор дека го стеснува просторот за тоа што сакаат тие да дебатираат. Така што во пракса се докажува нешто што не е точно. Пратеницит еод позицијата кои што добија збор, немаше ниту една подолга дискусија од 10 до 15 минути, а пратениците од опозицијата  дебатираа по еденипол час за сешто, а да не се каже ништо.  Обвинението дека некому му се стеснува просторот за збор, треба таа критика да се упати на опозицијата, а тоа е многу тешко да го направи некој од опозицијата, посебно  оние кои што го напуштија Парламентот. Меѓутоа, мислам дека има некој договор на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ. Опозицијата употребува еден стил ќе ви кажеме, пред да ни кажете вие нам. Значи сите оние што докажуваат, се обидуваат денеска кога се бара интерпелација на Владата, само не се спомнаа аферите на г. Кљусев. Што се однесува до другите влади од г. Мавровски сите тие нешта беа кажани.  И една забелешка од страна на ДУИ, парламентарната група на ДУИ до Парламентот , цело време и мавровски и опозицијата употребуваа збор тероризам. Колку што занм овдека е донесена и резолуција тој збор да не се употребува. Доколку ги отвориме тие теми и ние имаме што да кажеме за тероризмот. Нешто што сакам да кажам околу одземањето на зборот се употребува зборот малцинства. Во Уставот се знае што треба да се каже. Во Република Македонија се знае дека имаме етнички заедници, немаме малцинства. Треба да се употребува тој адекватен термин.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Мавровски имате една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас би останал на уште една работа и уште еднаш би реплицирал и бикажал дека токму во Македонија, исто како во Америк, можеме да бидеме во оваа држава Република Македонија македонци, било од какво потекло дали од албанско етничко потекло или од влашко , или од незнам кое, но сепак сме во Република Македонија и ако го сакаме тоа.

Ако е ова што доаѓаше од г. Фазли Велиу дека ваша историска задача е да се создаде голема Албанија, тогаш сето ова ќе го разберам и тогаш е биде се во ред. Ако тоа е став, како што кажавте на пратеничката група на ДУИ, а ДУИ стоеше зад оваа или зад онаа прослава тригодишнината од завршувањето на војната. Сега јас сакам да ми кажете дали е тоа така, дали некое малцинство. Цело време упорно се форсира бројката 25%, ако тоа нешто значи во однос на заедниците. Јас прашувам што ќе се случи кога вие ќе бидете 45%.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Мавровски, повелете г. Адеми имате три минути.

АБДУЛАКИМ АДЕМИ:

Благодарам г. претседателе,

Можеш да говориш три минути и да кажеш се и можеш да говориш така како што говореше претходниот говорник многу и да не кажеш ништо. Изгледа дека г. Мавровски се занимаваше и имаше еден погрешен пристап врз етнички основи и врз територијални основи, бидејки тој се занимаваше само со Западна Македонија и то аго спомна случајот на Ванчо Јосифовски, неговото убиство и дека ништо не е направено во оваа насока. Јас ќе се согласам дека можеби ништо не е направено во оваа насока и се би било во ред доколку г. Мавровски беше заинтересиран и за убиството кое се случи едне ден пред да се убие Ванчо Јосифовски на едно младо момче од семејството Адили , потоа доколку беше заинтересиран и за случајот на Вулнет Казими кој е киднапиран пред случајот што се случи во кафетеријата "Дора" и т.н. Понатаму спомна и спортски сали во Тетово. Би било се во ред доколку вие г. Мавровски би ни објасниле како се дадоа со концесии тие сали. Под кои услови се дадени тие сеали. Да ве потсетам дека тие Сали се дадоа од концесија на бившата Влада од ВМРО и ДПА.Значи го спомнувате Тетовскиот универзитет и дека тука има 85% од запишаните кои се косовари. Ова е еден апсурд и една голема невистина. Нема потреба косоварите да доаѓаат да студираат во Тетово, затоа што тие имаат свој универзитет.

Понатаму, велите дека се легализирани и два факултета во рамките на Тетовскиот универзитет. Вие знаете многу добро како се основаат факултетите и тоа се прави со

закони, треба да се донесе нов закон во Парламентот на Република Македонија, а ова не е направено, а е направен така како што е донесен законот за Тетовскиот универзитет.

Јас мислам дека најдобра инвестиција што е направена до сега е токму инвестицијата што е нарпавена во образованието, а во оваа рамка и инвестициите во Тетовскиот универзитет. Понатаму, спомнавте повторно едно село, или една општина во Западна Македонија како што е Велешта. Кога зборувавме за територијалната организација, еден од пратениците на вашата партија рече за Велешта дека таму е извор на проституција, на дрога и т.н. додека вие денеска говорите дека Велешта се гради повеќе од Битола. Незнам кои  се вашите аргументи, но ова е уште еден додатен аргумент зошто Велешта треба да се припои на Струга и да го помогне градот Струга во неговиот развој. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Мавровски имате една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Очигледно е дека не е проблемот колку говориш, туку колку разбираш. За етничката и територијалната основа апсолутно не се согласувам бидејки вие не слушавте ништо ни за економија, ни за земјоделие ни за се останато. Вие се задржувате на овие принципи. За семејството Адили и Вулнет Чезили што се киднапирани. Вие сега кажувате дека во Македонија се е сигурно, се е безбедно дека нема киднапирање. Сега ме прашувате повторно што е со киднапирањето. Не ме прашувајте мене, прашајте ја Владата. Вие сте дел од Владата. Јас не мора да сум во Тетово ги читам пратеничките прашања. Ако вие не ги читате одговорите доаѓаат и можам и сега да ви го дадам одговорот за салата што е узурпирана од страна на одредени личности во Тетово. Така да никој не треба да ми дава информации.Само треба да ги следите материјалите кои доаѓаат во Собранието. Иако за вас најдобра инвестиција е тетовскиот универзитет, за нас не е. Велешта дека се гради повеќе од Битола добро е да има презентација на една видео снимка овде, да видат и пратениците и граѓаните во Република Македонија што е денес Велешта.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Мавровски.

Има збор минситерот за култура.

БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

Пелинце не е копија на Прохор Пчински тоа е меморијален музеј, како што е и Македониумот во Крушево, каков што е Смилевскиот музеј на Смилевскиот конгрес и собата на Дамјан Груев и собата во самото Собрание, како што е спомен костурницата во Велес, како што е споменикот на слободата во Кочани. Во овие сите имаме и капитални дела на нашата современа уметност. Значи тоа е во Пелинце мозаикот на Рубенс Корубин и мозаикот на Мазев во спомен костурницата и мозајкот на Чемерски во споменик собата во Кочани и на Казампер Бајрам и тие се објекти кои што ќе се гледаат и од тој аспект и кои што ќе говорат исто како делата на Димчо Зограв и од оној од византискиот, античкиот и римскиот период, мозаици кои ќе ги легитимираат овие генерации кои што доаѓаат. Од тој аспект сакам тоа да го кажам.

Другиот аспект е она што колегата Слободан Најдовски го говореше, значи сакам како реплика на многу новинари да одговорам, цивилизацискиот однос на сите ние кои што држиме до својот идентитет и до настаните на Илинден, на АСНОМ и другите наслови кои што ги  поставуваме е дело на оние кои што со пиетет можме да се однесуваме. Тоа као не го направиме и ако ги потикнуваме ниските страсти каи луѓе кои што тоа не можат да го сфатат ќе ви се случи плукање на г. Глигоров во Крушево, или исвиркување н апокојниот претседател во Крушево Трајковски, кога беше претседател на тој одбор. Јас бев секретар , со кој одлично соработувавме и ќе му се случуваат на денешниот претседател да се исвиркува во Битола и редица други работи. Тоа треба сит ение да го изградиме и со пиетет и тогаш ќе имаме народни славја како објектот Пелинце за што е наменет. Инаку ќе направиме паралела. Таа се наметнува ако земете радикалите во Прохор Пчински заедно со Српската Православна црква ни забрани да влегуваме. Тоа ни го забранија за жал, некои несвесни граѓани  и од градоначалникот и од некои други луѓе во Струга, точно на Струшките вечери на поезијата кои направија најмногу за афирмација на таа Струга. Инаку јас ви кажав таа ќе беше Струга

препознатлива во светот исто како Подградец од другата страна. Значи не ги препознаваме правите нешта. Кога ќе ги препознаеме тогаш ќе бидеме еден народ со свој континуитет, со свој дигнитет и со свои културни вредности. Околу ова има во Законот во членот 32 како што зборуваше г. Мавровски. Таму е точно нарпавено од Комисијата, а потоа и од минситерот ги зедоа и ги направија од страна на поединци околу организацијата на спомениците на културата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Мавровски една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот министер ги слушна трите прашања. Се обиде да одговори на едното. Ме убедува дека Пелинце не е тоа што беше најавено. Значи чествувањето на Прохор Пчински и понатаму останува чествување на Прохор Пчински, а овој ќе остане како меморијален музеј од типот на сите овие останати и со тоа би се согласил. Но мислам дека ако држиме до нашиот идентитет не треба многу лесно да се откажувам еод многу работи, како што се откажавме до сега и да ги имаме проблемите. Не само овие и овие што биле пред вас. Со откажувањето македонскиот идентитет и националното чувство едноставно не се изградува и не се одржува со објекти, кои што треба да бидат нешто паралелно од она што постоело и од она што го имаме и што требаше да го имаме. Но за жал, сега не е наше.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот е минстерот за транспорт и врски г. Агрон Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Вие ме предупредивте дека  многу опширен вовед дадов, сега ќе бидам многу краток. Кога реков дека во оваа ситуација опозицијата и 24 потписници на иницијативата за доверба на Владата, треба да настапат со аргументи и факти, не мислев на тоа аргументи и факти од таблоидијата и жолтиот печат, каде што сите знаеме и би требало да знаеме дека повеќе од половина изнесени написи се чиста лага.

Второ, јас реков и повторно ќе подвлечам, јас пред Владата одговарам и пред премиерот во врска со програмата на Владата, почитување на закони, почитување на Уставот и т.н., а пред политичката партија  одговарам, а не знам пред кои одговара г. Мавровски, затоа што не е јасно, а тој треба да одговара пред партијата која го поставила.

Трето, има многу ноторни невистини јас тоа го кажав и стојам во врска со плацот во Центарот, тоа јас го кажав и јас  го сметав како еден предмет, а  некој очигледно мисли дека министерот за транспорт да го смета како за најважен предме, затоа што илјадници предмети кои беа давани во власта кога беше партијата на г. Мавровски, јас не навлегувам во тоа.

Второ, реков јас ќе потпишам за тоа што сум надлежен, а треба г. Мавровски да знае дека ние започнуваме иницијатива за промена на деталниот урбанистички план,  тоа го прави општината и доаѓа на согласност кај нас, а не би сакал да повторувам тоа  што беше и од пратениците, поготово од пратеничката што беше речено дека кога се бара интерпелација на Влада се мисли дека една опозиција која е силна, може врз основа на силни аргументи да воспостави начин на гласање во кое се доведува во прашање опстанокот на оваа Влада. Ако опозицијата мислеше дека со 24 потписи ќе ја сруши Владата и со ваква опозиција која работи врз основа на весници, а не врз основа на аргументи јас можам да кажам зошто опозицијата не беше тука кога се дискутираше за 4 главни закони, од 6-те кои што Министерството ги припреми и ги достави до Собранието и работиме на два закона кои се многу важни за Телекомуникациите и Радијодифузијата и не така лесно се донесуваат. Ние донесовме закони кои се влечеа од времето на опозицијата, а опозицијата не најде за сходно по дискусијата за тие закони ниту еднаш да интервенира и да даде свои предлози.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Мавровски имате една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине министре, вие сте јавна личност, министер во Владата на господинот Хари Костов, вашите изјави се одговорни изјави на министер, овие изјави што ги дадовте пред телевизиските екрани на прес конференција, ако кажувате дека е ова жолт печат, каков очекувате, црвен печат? Ова е печатот и ова е јавноста која што вие ја информирате со вашите изјави. Сега, кажувате за вистина. Вистина е дека го продадовте плацот за 25 евра. Судот донесува решение да се поништи и тоа е вистина. Што сакате да ме убедите. Законот за телекомуникации вие на седница на Парламент го повлековте, затоа што погрешно протолкувавте амандман. И, сега, барате одговорност од опозицијата. Господине министер, јас очекував малку поголема одговорност и тука е проблемот на господинот премиер. Но, тоа е негов проблем.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре за финансии, имате три минути.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ќе бидам многу пократок од три минути. Во врска со странските инвестиции во Македонија, само три бројки. 2002 година, која за опозицијата е некаков репер за високи инвестиции за време на нивната власт во Македонија имало 77 милиони долари странски инвестиции. 2003 година вредноста на странските инвестиции е 94 милиони и очигледно е дека 20-тина милиони долари, повеќе инвестиции странски, директни инвестиции имало во 2003 година. Во 2004 година за првите пет месеци до кога што имаме податок е 83 милиони за 5 месеци имаме повеќе отколку за цела 2002 година и јас ве уверувам дека до крајот тоа ќе биде уште многу повеќе. Па, сега бројките нека кажат дали странските инвестиции во Македонија одат нагоре или надолу. Овие податоци ги имате на веб сајтот и на Народна банка и на Министерството за финансии, а можете да ги отворите и веб сајтовите на Светска банка и на ММФ во Вашингтон ќе ги видите иститe.

Втора работа, дали оваа година ќе се инвестираат 200 милиони долари инвестиции во Република Македонија. Досега само странски директни инвестиции се 84 милиони за 5

месеци, странски кредитни инвестиции што опфаќаат инфраструктура, заобиколница Скопје, патот кај Гевгелија, Смоквица, Неготино и други се 54 милиони долари до сега. Само од буџетот се инвестирани досега 2 милијарди и 400 што се отприлика некаде 47 или 48 милиони долари и кога сето ова ќе го соберете досега се инвестирани само под овие три основи, без други, близу 200 или поточно 196. До крајот на годината бројката на инвестиции од 200 милиони ќе биде надмината. Ова досега се егзатни податоци објавени на сите веб сајтови и сите официјални документи на Владата и на Министерството за финансии. Се разбира дека сега некој може да каже ова не е точно. Јас стојам дека е тоа точно, а пред бројките мора да се однесуваме сериозно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Мавровски имате една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Очекував дека министерот ќе биде сериозен, но очигледно не е сериозен, затоа што, прво, во бројките што сега ни ги кажа во две минути или има погрешни информации на разлижни места, прво, кажа 83 милиони до мај 2004 година, после кажува 84 милиони. Кога ќе ги собере 84 и 54 и 47 идат 185 милиони. Господине министре, не се 196, а ако има сега 200 милиони инвестиции во Македонија, жална е таа Македонија со 200 милиони никој никаде да не работи и ништо да не направи. Ова ако е она што го очекуваме во Македонија 200 милиони да кажете дека има инвестиции, кого го лажете, се лажете самите, не лажете нас или луѓето. Се се гледа, се е на видело, кажете кој што работи во Македонија. Многу е лесно ова што го кажавате и заминавте. Благодарам и пријатно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, тука нема шанси да се убедиме, затоа повелете господине министре за земјоделство, шумарство и водостопанство, имате три минути.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Благодарам.

Бидејќи, господинот Мавровски со цифрите изгледа дека е скаран, јас само ќе ги спомнам. Кога обвинувате за инвестиции во земјоделството да ви кажам дека во 2003 година немаше доволно инвестиции, затоа што ги плаќавме вашите хирови во 2002 година кога 450 милиони од Фондот за земјоделство наменети за земјоделците ги потрошивте за предизборни цели, а од тоа видоа аир само земјоделците за домати и бостан кога платившe 900 илјади евра. Или поточно, во 2003 година, 2002 ќе ви ги кажам следните цифри. Кога потрошивте една милијарда и 200 милиони денари во 2002 година постигнавте извоз односно раст на земјоделското производство во однос на 2002 година само 2,3%. Кога во 2003 година ги плаќавте вашите долгови до 450 милиони, а за потрошените пред тоа милијарда и 200 милиони денари, ние постигнавме раст од 3,9%, а во 2004 година за привите шест месеци 6,2% или очекуваме до крајот на годината пораст на производството на растителни производи за околу 12%. Тоа е едно.

Второ, во земјоделската политика за 4 години успеавте да издадете земјоделско земјиште по договори што јас ви ги потпишав, бидејќи не стигнавте да ги направите конкурсите на крајот што ги распишавте во предизборни цели за 5782 хектари за 2004 година од страна на Министерството распишани конкурси односно огласи се распределени или се во фаза на распределба 17 илјади 891 хектар или 70% повеќе за две години, отколку вие за 4 години.

Конечно, да ви кажам дека ниту Владата, ниту Министерството ни во наредниот период, ни досега нема да интервенира кога има криза на млеко и криза на грозје кога од нас бараат да го откупиме, затоа што државата не е трговец, туку државата на пазарот за да го заштити приватниот капитал, претприемништвото и приватноста промовира, спроведува и заштитува правила на игра кои што се еднакви за сите, а за штетите обезбедивме 43 милиони од наши средства и ќе обезбедиме уште 70 и ќе ги платиме. Тоа што не ви е право што најдовме пари и што ги даваме на земјоделците, тоа е ваш проблем. Сега, останува да викате само како многу малку им дадовме пари.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

За жал, господинот министер ќе морам да го демантирам. Бројките ми се силна страна и тука е вашиот проблем. Вашето објаснување, рекорд во неискористување на средствата за реализација на проектите достигнало Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кое од расположивите 210 милиони денари, искористи само 35 милиони или 17%. Господине министре, земјоделството во 2003 година дадени 885 милиони и 391 илјада, реализирани имате 528921 и тоа е 59,74%. И во претходната реконструкција на Владата останавте министер, затоа што беше реконструиран господинот Гошев. Ете таа е вистината. Вие можете да кажете бројки колку сакате. Ова е вашата реализација. Што пишува, Владата не знае ни со пари да работи. Ви останале парите, затоа што беше реконструкцијата. Останавте, затоа што имавте уште еден министер од ЛДП. Ете тоа е вистината, а вие кажувајте колку сакате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не само што бројките ви се силна страна, туку и ресорите ви се силна страна и има уште една реплика последна на министерот за внатрешни работи.

СИЛЈАН АВРАМОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Господинот Мавровски во своето излагање покрена повеќе теми од областа на работењето на МВР, меѓутоа, јас ќе се осврнам само на неколку прашања кои беа издиференцирани како покарактеристични. Имено, околу полициската интервенција во Струга Министерството за внатрешни работи формираше комисија која што беше составена од Секторот за професионални стандарди и внатрешната контрола, во која што учествуваа активно претставници на полициската мисија ПРОКСИМА. Оценка на Комисијата е дека активноста на полицијата во Струга и преземените мерки на тој план дека е основана законска и дека полицијата постапила според своите правила на постапување кога е нарушен во поголем обем јавниот ред и мир. Имено, имаше многу дилеми околу тоа како е дојдено до интервенција на Посебната единица за брзо распоредување и на Специјалната полициска единица. Ќе појаснам во врска со тоа неколку моменти. Кога јавниот ред и мир е загрозен во поголем обем, тогаш се вклучува

Специјалната единица и таа, се разбира, располага со свои методи на делување, со цел постигнување на она што значи обезбедување на мирот и враќање во една нормална состојба. Во конкретниов случај во Струга, точно е дека беа употребени гумени куршуми, меѓутоа, тие се регулирани со упатство за типот на вооружувањето на специјалната полициска единица, а тоа влегува во доменот на хемиски средства, така што во тој дел нема ништо спорно околу тоа дали тие се правилно употребени или не. Во оваа прилика само ќе нагласам дека активноста на полицијата одеше, навистина, во добар правец, ги искористи сите средства и методи за мирно попречување на тие масовни демонстрации и нереди со она што значи полициско затворање на правците на движење на демонстрантите со блокирање, меѓутоа, кога се констатираше дека не може да се успее во таа намена, тогаш се пристапи кон делување на Специјалните единици.

Понатаму, во делот на она што значи безбедносна состојба сакам да нагласам дека таа во Македонија е стабилна, дека полицијата комплетно ја контролира целата територија на Македонија. Што се однесува за состојбата во Тетово, во делот на работењето на полицијата, може да нагласам и да потенцирам два факта. Во 2002 година ефикасноста на полицијата беше 11,9%, а во 2004 година беше 22,3% и ова е период на шестомесечието, значи до крајот на годината овој процент ќе биде многу повисок.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам министре.

Бидејќи, нема никој за реплика (меѓувреме за реплика се јави господинот Мавровски).

Па, господине Мавровски малку побрзо реагирајте.

Повелете, една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Се извинувам господине претседателе, не бев во вашите две секунди. Јас очекував министерот одговорно да каже дека интервенцијата е законска и основана. Не очекував да ми кажете дека ПРОКСИМА ви кажала дека била законски основана. Јас мислев дека

вие ја владеете ситуацијата во Република Македонија. Значи, уште еднаш ми потврдивте ако 2002 година била 11,9%, сега е 22,3%, што значи е во пораст криминалот и сите акции. Не можеме да говориме, вие говорите дека е постабилно, но се зголеми криминалот, нешто се пука, се слави со автоматско оружје, ама добро, тоа е нормална работа, во славјето не знаат децата дали се пиштоли или автомати, пукаат со што ќе најдат дома и на ред уште едно собирање на оружјето. Претпоставувам дека многу брзо треба да се направи тоа, за да бидеме посигурни и побезбедни. И, сите ваши политижки патроли, кои што еве за жал, беа нападнати пред некој ден.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Краљевски, имате вие збор.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе на Собрание, премиере, почитувани министри, колеги пратеници.

Поднесувањето на иницијативата за изгласување недоверба на Владата на Република Македонија, ја сваќам како една од основните обврски на опозицијата, па и на Собранието во целост, независно од распоредот на силите во смисла на парламентарното мнозинство, да побара отчет од Владата за тоа што сработила во изминатите две години, споредено со предизборните ветувања дадени на сега веќе апокалиптичната дата 15 септември 2002 година. Ваквата практика не е само обврска на опозицијата, но и кондицио синен кванон на парламентарната демократија и оценка за дострелот на демократските процеси во едно општество. Впрочем, деновиве на гости ни беа членови на Сеимот и на Сенатот од Полска, кој во разговорите што ги имавме со нив не убедуваа дека  примената на овој институт во Полскиот парламент е многу честа појава, како и во другите земји членки на Европската унија. Едновремено сметам во тој контекст би сакал ваков отчет и примената на овој институт односно поставување на прашањето за недоверба на Владата да биде практика и во Македонскиот парламент, бидејќи на тој начин се воспоставува почесто парламентарната контрола врз работењето

на Владата, а преку следењето на ваквите седници и контрола од целокупната македонска јавност врз работењето на Владата.

Едновремено сметам дека оваа интерпелација пред претстојниот референдум како еден од најзначајните настани што ни претстои, ќе придонесе граѓаните на Република Македонија уште еднаш да ги согледаат резултатите, се разбира, тука мислам на резултатите во наводници од катастрофалното владеење од коалицијата на власт предводена од СДСМ, ДУИ и ЛДП. Може слободно да се рече работите се дојдени до таму што земјата се наоѓа како никогаш досега на самото дно заробена во тунел, во кој за жал, според сите проценки, не можеме уште долго да ја согледаме светлоста на денот. Имено, и најповршна анализа на работењето на оваа Влада ќе ни покаже дека за жал дека владеачката гарнитура, а пред се, СДСМ скори ништо не научила од четиригодишното останување во опозиција. Уште полошо се покажа дека грешките од релативното долгото владеење во периодот од 1992 до 1998 година, продолжи и понатаму, па дури и се мултиплицираа. Само да потсетам во периодот до 1998 година СДСМ и коалиционите партнери немаа концепт за економскиот развој на земјата. Промовираа концепт на приватизација, која им погодуваше само на тесен круг бизнисмени блиски до владеачката гарнитура, со што отпочна процесот на рапидно осиромашување на народот, не се создаде поволна бизнис клима и атмосвера за влез на странски инвестиции. СДСМ сам го воочи октоподот, но за жал никогаш не го фати, ниту го разоткри, што може да се смета како почеток на криминилизирањето на општеството, корупцијата и организираниот криминал. Во тој период за да ги прикрие слабостите на своето  владеење, СДСМ вешто манипулираше со меѓуетничките односи. Сетете се само на гостиварските настани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Краљевски, вие баравте доверба за оваа Влада или за таа Влада пред 1998 година или барате доверба на СДСМ.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Ова е за да се даде еден континуитет. Да не зборуваме за аморфната надворешна политика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, дозволувам јас, повелете, немојте тоа да ви биде цел, инаку ќе ве прекинам.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Да не зборуваме за аморфната надворешна политика која немаше ниту краткорочен, а камоли долгорочен концепт за презентирање и остварување на националните интереси на меѓународен план, немање концепт за реформи во општеството и економијата во процесите на приближување кон евроатланските интеграции. Во овој контекс, без лажна скромност и со сите грешки и пропусти, дозволете ми да нагласам дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ и нејзините коалициони партнери и покрај бегалската криза и воените дејствија, успеа да ги придвижи демократските процеси во државата. Спроведе многу значајни реформи и создаде поволна бизнис клима и услови за странски вложувања. Ова навраќање на владеењето на СДСМ во периодот пред 1998 година е неопходно за да се свати дека оваа партија и нејзините коалициони партнери во Владата, ниту имале, а се чини и ден денес немаат капацитет да ја водат земјата во вистински правец. Сведоци сме дека тие земјата ја водат кон дното. Ќе наведам само неколку сегменти.

Најпрво, би рекол дека мојата партија не е против Рамковниот договор и неговото целосно имплементирање. Реакциите доаѓаат тогаш кога се излегува од неговите рамки или пак погрешно се читаат неговите одредби, а тука ќе се согласите има повеќе примери. Така беше со озаконувањето со Тетовскиот парауниверзитет и со донесувањето на Законот за територијална организација на општините. Ваквата практика наместо да ги релаксира меѓуетничките односи, дополнително ги оптовари од проста причина што областа е премногу деликатна, во која секој потег треба да биде добро обмислен и избалансиран, при што ништо не смее да биде на штета на другите етнички заедници или пак да го повредува националното достоинство на другите.

Сведоци сме, меѓутоа, дека меѓуетничките односи, иако е тоа долг и сложен процес, се далеку од релаксирани. Владата не ја контролира целосно територијата на државата. Раселените лица сеуште талкаат по привремените прифатни центри и не можат да се вратат во своите домови, затоа што се чувствуваат таму небезбедни. Освен

ова, безбедноста на граѓаните е на мошне ниско ниво. Вестите на телевизија и радио редовно почнуваат со убиства и пљачки, кои најчесто останувaат наразјаснети, а што е уште подраматично се пука кон полицајци кога тие се на должност.

Борбата против корупцијата и организираниот криминал се сведе на гонење на политичките противници низ селективна примена на правото, впрочем, и Антикорупциската комисија јавно призна дека власта не соработува или недоволно соработува во борбата против корупцијата.

Според тоа, паѓаат во вода зборовите на поранешниот премиер Црвенковски дека куќата се гради од темел, мислејќи на меѓуетничките односи. Темелот изгледа се гради без јасен концепт соодветен на чувствителноста на овој сегмент или да се изразам со јазикот на градежниците, без доволно почитување на статичките норми на куќата што се гради заличува на кула од карти.

Втора многу значајна тема поврзана со претходната е состојбата во економијата. Имено, се покажа како сосема погрешна, да не кажам погубна, тезата на актуелната власт дека прво треба да се решат политичките прашања, па потоа економските, заборавајќи притоа дека економијата е жива материја со свои законитости и правила кои не можете да ги одлагате за подоцна. Едноставно, мора да ги решавате промптно и дневно. Да не зборуваме за тоа дека треба да се има концепт за развој, за структурни реформи, ако се сака да се оди во Европа. Така дозволивме ситуацијата кога економската состојба е потешка од кога и да е значајно зголемување на невработеноста, пад на индустриското производство, зголемување на сиромаштијата до невидени граници.

Имено, статистиката покажува дека секој четврт граѓанин на Република Македонија живее на работ на егзистенцијата.

Кога сме кај статистичките показатели за економските движења изгледа дека ниту честите смени на директорите на Државниот завод за статистика не можат или не се во состојба да ги фризираат податоците што инаку за земја која се стреми кон европските вредности е недозволено.

Колку што ми е познато, во тие земји статистиката е непрокосновено подрачје.

Кога зборуваме за економијата неможно е да се заобиколи состојбата со земјоделието. Аграрната политика не постои. Земјоделците се оставени сами на себе, безпомошни и секако сиромашни. Владее хаос речиси во сите области како на пример здравството. Невиден хаос, немање концепт и сето тоа се одразува на квалитетот на оваа област витална за здравјето на граѓаните.

Имам чувство дека многу полесно власта тренира строгост во Струмица, Гевгелија и Охрид отколку во Тетово, Гостивар и Дебар. Наплатата на струја во Скопје од левата страна на Вардар е 7%, а на ниво на цело Скопје е 65%. Оваа споредба на бројки покажува како е односот на власта кон одредени делови од населението во еден ист град.

Дивоградбите се рушат и дуќаните се затвораат полесно во Охрид отколку во Гостивар. Оваа напомена, како една мала дигресија, ја давам за да напоменам, да апострофирам дека сме за еднаква примена на законите на целата територија на Република Македонија, без исклучок.

Почитувани колеги, дозволете да кажам неколку збора за настаните околу донесувањето на законите за децентрализација на власта. Не знам по кој пат, како и многу претставници на мојата партија , сакам да повторам дека ВМРО не е против децентрализацијата, напротив, фактите зборуваат за тоа, законите за децентрализација кои се однесуваат на нејзината суштина, пренесувањето на власта, финансирањето на единиците на локалната самоуправа и слично поминаа на Собранието без поголеми дискусии од страна на опозицијата.

Проблематичен, не само за опозицијата, за 46-те единици на локалната самоуправа кои организираа референдуми, за експертите, за академската јавност и за многу единици на локалната самоуправа со население од албанска и турска заедница беше Законот за организација на единиците на локалната самоуправа. Основна причина е што во овој закон беа применети единствено етничките критериуми кои потоа, според речиси еднодушната оценка, водат до етничка поделба на државата со сите можни последици и потоа.

Како и мнозинството во оваа земја, почитувани колеги, и јас не можам да сватам кој е тој политички дил или подобро политички пазар кој е направен за оваа зделка освен улогата на ДУИ на последните претседателски избори. Да не се направи ни една суштинска измена во предложениот текст и да се одбијат сите амандмани на опозицијата, ако основно правило на секоја власт е да го слушне гласот на народот, тогаш невидената ароганција е манифестација на сила која се манифестираше при донесувањето на овој закон не само што не тераат да се чудиме, туку не прават загрижени за судбината на земјата и на секој нејзин граѓанин.

Каква власт практикува и мисли да практикува оваа коалиција? Можеме само да наслутиме ароганција, манифестација на сила, монтирани процеси, немање демократија, замолчување и маргинализирање на опозицијата и на секое спротивно мислење. Се плашам да го изговорам зборот тоталитаризам. Има ли тоа нешто заедничко со желбата за приближување кон европските вредности?

Почитувани колеги, ако е абецеда во политиката секако, ако таа сака да биде успешна, да се слуша гласот на народот, тогаш друго правило е дека не постои поголем грев за една политика кога таа го кодоши својот народ и опозицијата како дел од својот народ.

Како граѓанин и пратеник се чувствувам повреден и понижен од однесувањето на политичката елита на власт пред странскиот фактор. Речиси не се пропушта прилика пред претставниците на меѓународната заедница, опозицијата и сопствениот народ да се претставаат како недораснати, како фашизоидни и слично.

Дали размислува политичката елита каков впечаток оставаат пред тие луѓе?

Изгледа, почитувани колеги, дека желбата да се остане на власт по секоја цена е појака од сите морални, етички и сите други особини кои треба да ги поседува еден политичар кој ја сака својата земја и народ и кој работи за нејзин, а не за свој интерес. Само такви земји со такви политичари верувам одат напред.

Затоа коалициона власт, одете си, вратете им ја судбината на граѓаните во нивни раце, судбината што со лажни ветувања на 15-ти септември 2002 година граѓаните вам ви ја препуштија. Граѓаните на Република Македонија најдобро знаат каде да ја насочат и

кон какви идеали и цели сопствената судбина. Тоа вие не можете да го сторите во нивно име. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Краљевски, нема да го коментирам изразот фашизоиден, бидејќи зборувате за вашата Влада на Република Македонија, но би сакал еден едукативен коментар да направам, кула од карти статички е стабилна, но динамички не е стабилна. Кулата од карти што ја спомнавте статички е стабилна, а динамички не е стабилна, вие испомешавте поими, статика и динамика.

Повелете г-дине Голомеов, имате три минути реплика.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам г-дине претседателе.

Јас не сакав да реплицирам, но кога почна да се глорификува владеењето на претходната власт, морам да обрнам внимание на два факта кои беа изнесени, а тоа е дека за време на претходната власт имавме релаксирани односи, народот најдобро знае како завршија тие релаксирани односи, завршија со војна која ни се случи и од која сеуште ги чувствуваме последиците.

Вториот аргумент дека имаше бизнис клима во Република Македонија за време на четиригодишното владеење на ВМРО ДПМНЕ, сигурно таа бизнис клима резултираше со катастрофалните продажби на ОКТА и Телеком со што се инсталираа монополи кои Република Македонија и граѓаните на Република Македонија уште долго време ќе ги чувствуваат на своите плеќи и ќе ги плаќаат. Таа бизнис клима резултираше, покрај тоа што беше искажана со упади во фирмите, со 104.000 невработени, ако се споредат бројките колку невработени беа во 1998 година, а колку во 2002 година, таа бизнис клима резултираше на тој начин се одвиваше што еден од најголемите бизнисмени беше токму ВМРО ДПМНЕ како партија.

Во 2003 година 29.000 нови работни места се отворија. За овие две години бројот на невработени е зголемен само за 18.000. Притоа мора да се напомене дека во овие две години мораше да се затворат сите фирми кои беа обврска на претходната Влада,

според договорот потпишан со ФЕСАЛ 2 Аранжманот и притоа 19.000 нови невработени отидоа под бироата за вработување.

Проблемот со невработените мора да се напомене дека многу т.н. успешни приватизации како Бучим, Топилница Велес, Порцеланка и т.н., денес се во стечај поради криминалните приватизации. Се се тоа резултати кои беа постигнати од претходната влада, резултати кои ден денеска се чувствуваат и едноставно кои не можат преку ноќ да се анулираат. И покрај тоа уште еден податок кој е широко познат на граѓаните на Република Македонија, во тие четири години немавме вести, а да немаме нова афера, посебно во економијата и сето тоа може да се подвлече како т.н. успешно владеење на таа претходна влада.

Се на се, мислам дека имаме една конфузна интерпелација, крајно неаргументирана и, во секој случај, очекував од ваквата опозиција многу, многу . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Голомеов.

Повелете господине Краљевски, контрареплика од една минута.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ

Јас воопшто не ги спомнав меѓуетничките односи и квалитетот на меѓуетничките односи во времето на владеењето на ВМРО ДПМНЕ и неговите коалициони партнери. Имам свое мислење за тие меѓуетнички односи од тој период, но во мојот говор не ги спомнав.

Што се однесува до бизнис климата, до економијата, до животниот стандард, за тоа говорат сите статистички и економски параметри од тој период и можат да се споредат, мислам дека се во полза на владеењето на ВМРО ДПМНЕ и неговите коалициони партнери.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Агим Џелили, имате реплика од три минути.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Благодарам господине претседателе.

Почитуван колега пратеник, донесувањето на Законот за територијална организација и функционирањето на локалната власт го гледате како кулминација каде дефинитивно, конечно оваа Влада ништо не прави за граѓаните, а особено за македонците, дури ниту за сами себе, бидејќи има некои марифетлуци кои ги имаше нашата Влада која направи се за себе, ништо за граѓаните, освен што им донесе сиромаштија, изолација, анархија, а уште повеќе небезбедност.

Сето ова го знаат оние кои не ви ја дадоа довербата на парламентарните избори, како и поширокатa јавност, внатрешна, невладина, но и онаа од надвор која ги дава своите сугестии на овој план.

Бидејќи големите забелешки, некои што сте ги заборавиле, ќе се задржам на некои сегменти кои вие очигледно се обидувате да ги сместите како дел на ДУИ. ДУИ како владина коалиција е субјект со квалитетен кадар кој работи во интерес на граѓаните, а го докажуваат министерствата на чие чело се. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Сакам да кажам на кратко дека Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа го спомнав во контекст на отстапување од имплементацијата на Рамковниот договор и бегање од неговото стриктно слово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи нема повеќе реплики, а и не се дозволени, по член 84 на овластениот предлагач, претседателот на Собранието му дава збор штом ќе побара. Господинот Караџоски е овластен предлагач на довербата, па повелете (г-ѓа Којзеклиска дофрла од место).

Господине Караџоски, ќе и дозволите ли на г-ѓа Којзеклиска да се искаже оти нешто дофрлува од место.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не и дозволувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не ви дозволува.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

На 15-ти септември народот ќе ја земе судбината во свои раце. Народот има само еден избор, Македонија има своја иднина, Македонија ќе победи.

Почитувани пратеници, колеги од Владата, ако беше одамна пред две години, да ве потсетам тогашниот лидер на СДСМ ги изговори овие историски, за некого, реченици, откако стана 15-ти септември датум во историјата на Република Македонија.

15-ти септември 2002 година беше пред две години, денеска сме 18-ти септември, еве две години ги слушаме овие историски зборови и цело време се чудиме како тоа народот ќе ја земе судбината во свои раце. Точно е само едно дека на 15-ти септември 2002 година навистина народот ја зеде судбината во свои раце, излезе на гласање и ја донесе оваа коалиција на власт.

Се друго што од таа историска одлука добија граѓаните на Република Македонија се виде и се гледа во наредните две години.

Почитуван претседателе, би ја искористил приликата и за присутните пратеници и за присутните министри, но и за целата македонска јавност да потсетам на некои од програмските определби на некои од говорите кои се држеа пред 15-ти септември кога народот се изјаснуваше.

Имаме вака:

Ние имаме стратегија за борба против сиромаштијата.

Нема успешно решавање на проблемите ако тие не се решаваат сите во исто време.

Барањата на граѓаните и нивните очекувања не се ниту нескромни ниту неприродни. Тие единствено бараат мир, правда и достоинствен живот.

Понатаму, или правото и законот ќе завладеат во оваа држава или оваа Влада ќе си оди.

Политички реваншизам нема да има.

Владата на Република Македонија веќе во првите 100 дена од своето формирање во соработка со домашни и меѓународни експерти ќе изработи Национална стратегија за совладување на невработеноста и намалување на сиромаштијата.

Ќе се зголеми обемот и ефикасноста на инвестициите.

Е, ова е многу интересно.

Македонија ќе се промовира во привлечна дестинација за странски директни инвестиции.

Владата ќе води политика на социјално партнерство со синдикатите за остварување и заштита на правата на работниците.

Оваа Влада за време на експозето на тогашниот премиер го кажа и следното:

Оваа Влада го започна својот мандат со силно убедување дека битката за остварување на нашите стратешки аспирации не се добива во Брисел, туку тука во Македонија.

Стоиме зад секој збор и запирка во Рамковниот договор. Заборавена е и точка и извичник и прашалник. Ништо повеќе, ништо помалку.

Стоиме зад секој збор и запирка од Рамковниот договор, ништо повеќе, ништо помалку.

Да бидам попрецизен, нема точка.

Да се биде премиер или министер е најголема чест, но да се заврши срамно за овие функции е срам што уште подолго не се заборава.

Тоа се, почитувани пратеници дел од дискусиите, ветувањата, јавните обраќања, што тогашниот премиер, г-динот Бранко Црвенковски, или денес претседател на Република Македонија, ги изговараше и пред граѓаните на Република Македонија и пред цела македонска јавност, но и овде во парламентот кога се бираше Влада.

Јас би одел со една елаборација, колку да потсетам, што од ова што тогашниот премиер вети, се оствари. Имено тој рече вака:

“Ние имаме стратегија за борба против сиромаштијата”. Ниту има стратегија, ниту нешто се направило односно во овие две години нешто се случило. Може таа реченица

вака да ја трансформираме. Ние имаме сиромаштија во :Република Македонија ама за жал не знаеме што да и правиме. Тоа би било добро кога така би се кажало пред граѓаните, дали би се гласало така како што се гласаше.

Точно е дека барањата на граѓаните не се нескромни. Тие не бараат којзнае што, бараат социјална сигурност, бараат економски просперитет и бараат еден нормален живот. Токму затоа почитувани колеги, токму затоа претставници на Владата граѓаните на Република Македонија токму на 15 септември 2002 година, ви ја дадоа довербата. Сакаа од оваа влат, сакаа од промените кои се случија на 15 септември, да видат подобар живот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам пратеници, да не го губите трпението. Знам дека е доцна.

Повелете г-дине Караџоски објаснете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Токму заради тоа гласаа за оваа коалиција, да се види подобар живот, да се види нешто поразлично, од пред 2002 година. Токму тоа и беше ветено.

За да одиме во контекст на она што претходниот премиер вети, јас би потсетил што пак сегашниот премиер, г-динот Хари Костов овде и во експозе кажа. Мене ми е жал што тука не е премиерот.Цитирам:

“Време е да сватиме дека улогата на Влада во стопанството е еднаква на онаа улога која фудбалската федерација на Македонија ја има во фудбалот во Македонија”. Добра реченица. Навистина, уште подобра споредба. Ако е споредбата на Владата идентична со состојбата со фудбалската федерација во Македонија, тогаш јас и незнам што да дискутираме овде, затоа што фудбалската федерација во Република Македонија постои заради фудбалот, а каков ни е фудбалот,сите добро знаеме. Фудбалската федерација само ги пропишува правилата на игра и организација на шампионатот, а на теренот играат фудбалските клубови а не ФСМ. Кој кај нас игра на терен, мене не ми е јасно, кога станува збор за Владата а дури не ми е ни јасно пак какви правила на игра пропишува, затоа што според оние правила што досега ги пропиша, сигурно дека

играчите ќе бидат збунети, затоа што и нема правила. Во овие две години ние, почитувани колеги, нешто посериозно од оваа Влада и не видовме.

Почитуваниот премиер во своето експозе не случајно ја стави економијата на последно место. За него 105 дена се малку. Во негова изјава изјави дека многу мал бил периодот, но и за тој период многу малку направи Владата а можела многу повеќе. Но, факт е дека на економско поле, поточно во делот на економијата оваа Влада сега, поготово на чело со овој премиер, ама баш ништо не направи. Напротив, се случуваа такви работи кои што незнам, до каде ќе не одведат. Не би сакал да ги повторувам сите оние работи што претходно ги кажавме, пад на индустриско производство, голема стапка на невработеност и се она друго што го повторувавме И мене не ме чуди зошто е тоа така, затоа што на крајот на краиштата, премиерот, кога се бираше владата беше доволно искрен па и тоа го кажа. Немаше што да се очекува. А јас само би ве потсетил што кажа премиерот, за да не се чудите зошто се резултатите вакви какви што се. Го цитирам г-динот Премиер.

“Затоа во иднина кога пред Владата ќе се собираат и протестираат на пример млеко производителите, нека се сетат дека Владата не е таа која купува и продава млеко, туку дека тоа треба да го прават претпријатијата, преработувачи на млеко, за потребите на домашниот и странскиот пазар. Исто така кога ќе се собираат и протетираат вработените од фирмите загубари, барајќи неисплатени плати со оправдување дека тие можат тие добро и профитабилно да работат само да им пуштат струја вода итн, нека се сетат дека Владата не исплаќа неисплатени плати и не плаќа струја и вода на други, туку самит петпријатија тоа треба да си го прават.

Јасно беше уште тогаш кога во експозето, тогашниот мандатор, сегашниот премиер ви кажал, јасно е дека Владата, со еден збор, многу малку стори во тој дел и јасно е дека нема што да очекуваат сите оние кои излегуваат и протестираат и пред Владата и овде пред Собранието, затоа што уште во почетокот беше кажано во неговото експозе. Не е само јасно како ние како пратеници можевме да имаме доверба односно да ја изгласаме таа Влада, при едни вакви јавни кажувања дека нема Владата да биде тоа што претходно се декларирала.

Тука се поставува прашањето, од кога тоа стана јасно, од кога? Од кога помина 15 септември. Помина година ипол, требаше да се бира нова Влада. Зошто истото тоа што сега јавно се кажува, не се вети во предизборната кампања, кога граѓаните гласаа за една опција што мислеа дека ќе биде подобар живот па да им се кажеше таму дека Владата нема да откупува млеко, дека тоа треба да го прават претпријатијата, дека Владата нема да откупува пченица, дека Владата нема да ја интересираат заштитни цени на тутунот, дека Владата ќе го елиминира тутунот од општествено добро за Република Македонија, дека нема да интервенира доколку не се откупи, дека Владата ќе ја поскапи струјата, како што ја поскапи, дека Владата ќе ги поскапи лековите, дека Владата ќе го зголеми ДДВ, и дека ред други работи ќе ги направи Владата. Наспроти тоа, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата ветувањата беа во друг правец. јас ќе ве потсетам само на неколку работи:

Во програмата на СДСМ стоеше: Ние СДСМ знаеме дека тутунот е жолто злато. Ние од тутунот ќе направиме да биде национална гордост. ќе направиме се, за тутунот да се купува по Европска цена. Ќе направиме се, не го цитирам, туку го раскажувам, а Бучковски ја знае Програмата сигурно на памет, ќе направиме тутунот, на производителите на тутун да им го исплатиме согласно достоинствено на нивниот труд.

Мислам дека овие ветувања, или што јас сега ја цитирам програмата на СДСМ не е лоша да се потсетат барем оние што се кандидати во поширок или потежок круг за лидери на СДСМ затоа што барем основно треба да ја знаат програмата, ако не еве нека дојдат кај мене на курс.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски тоа е еден од условите и да се биде член на СДСМ. Да се знае.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не. Ќе формираме меѓупартиска комисија.

Друго ветување или програмска определба на СДСМ.

- Кога СДСМ ќе дојде на власт прво што ќе направи (од многуте први) е тоа што ќе го растерети стопанството од даночните оптоварувања. Значи, ќе направиме се,

стопанството да не биде оптеретено со даноци итн. Тоа дури и премиерот, тогашниот премиер, сегашниот претседател го кажа и во експозето, ќе го растовариме стопанството. Што се направи, добро со тој двоен данок, навистина цело време само тоа го коментирате. Меѓутоа во таа програма не се спомнува воениот данок туку велите дека ќе ги намалите даноците, ќе ги намалите царините итн. Даночните оптоварувања. Зошто тогаш не кажавте дека ќе го укинете, и ако не го укинавте воениот данок, туку тој заврши по сила на закон. Што се случи наспроти тоа? Дали ќе ја добиевте власта, да ве прашам, доколку излезевте и на граѓаните ќе им кажете дека ДДВ ќе го зголемиме, дека стапката од 5% на ДДВ ќе ја покачиме на 18%, а дека ќе ви намалиме само 1% од општата стафка, од 19% на 18%, кое резултираше со покачување на цените на одредени производи што јас сега не сакам да ви ги читам, вие добро го знаете, ако не ги знаете ги читате во средствата за информирање, кои се цени како последица на промена на данокот, настанаа.

Тогашниот министер за финансии, сега гувернер на Народна Банка на Македонија, г-динот Петар Гошев, овде јавно ветуваше, пред сите, како претставник на Владата, а да ве потсетам беше и заменик премиер, дека тој во името на Владата гарантира дека и покрај таквите промени на даночните стапки, струјата во Република Македонија нема да поскапи, дека Владата ќе направи се, таа да не поскапи. И што се случи, струјата не издржа долго, по ветувањето на г-динот Гошев, не поскапе веднаш, но после 5-6 месеци за да не биде во ветер кажувањето што го кажа тогашниот министер. Честитки за тоа доби. Денеес стана гувернер на Народна Банка, нормално откако претеходно беше сменет од министер.

Почитуваниот премиер, г-динот Хари Костов, во своето експозе кажува и следното:

“Владата на Република Македонија е свесна дека невработеноста и сиромаштијата се најголемите роблеми на граѓаните на Република Македонија На сите ни е совршено јасно дека без богати граѓани нема богата држава, а каде што има сиромаштија нема демократија, нема еконономија нема развој. Таму важат елементарните правила на природата, борба за опстанок. Во сиромашните држави цвета организираниот криминал,

корупцијата, сивата економија. Затоа еден од приоритетите на државата ќе биде подобрување на живеењето на нејзините граѓани. "

Ова е многу лесно да се каже во експозе, а многу е тешко да се реализира, не е тука почитуваниот премиер. Меѓутоа, би го користел правото, бидејќи денес министрите си зедоа за право да реплицираат на се живо, бидејќиу мене не ми е јасно, еве објаснете ми. Во што се состои борбата односно приоритетот на државата и со што државата направи да се подобри животот на граѓаните. Во што Владата и со што владата направи во овие две години да се намали и дали како Владате сметате дека сиромаштијата во Република Македонија, благодарение откако вие дојдовте на власт, е намалено. Тоа исто важи за невработеноста, тоа исто важи за сиромашни граѓани, тоа исто важи за богати граѓани. Јас се согласувам дека восиромашна држава нормално дека ќе цути криминалот. И оттука почитувани претставници на Владата е криминалот таков каков што е во Репбулика Македонија и затоа можеби уште ќе расте. Се додека како Влада, почитуван премиере, не ја ставите економијата на прво место, како приоритет, сите други работи ќе резултираат токму од неа, а на вас ви беше приоритет на посебно место.

Сепак изјава на премиерот: "Спектакуларни резултати не можат да се очекуваат на краток рок". Па колкав рок ви треба. Да дочекаме до 2006 година. Дотогаш, верувајте, јас незнам што ќе јадат граѓаните во Република Македонија, затоа што во овој момент, толкава е сиромаштијата, да не даде господ да продолжите до 2006 година, навистина на граЃаните на Република Македонија ќе им се смачи од оваа власт, а мислам дека тој сигнал ќе ви го упатат сега на 7 ноември, или на референдумот кога ќе кажат не, само не, односно за референдумот, туку и не на Владата затоа што бројката тоа ќе го каже.

Бидејќи господинот премиер е човек од збор на 8 ноември,највероајатно ќе ја очекуваме неговата оставка, иако лично незнам пак колку е сега човек од збор затоа што еднаш најави оставка, а после се мислеше месец дена, па замина на годишен одмор, па на боледување, кога беше министер за внатрешни работи, па рече доколку не ги фатите Чакала и Бреза јас не се враќам на работа, па ги вратија, па се врати и министерот за внатрешни работи. За разлика од нив Чакала и Бреза сеуште беа на слобода, ама среќа што имаме меѓународни сили па ни ги донесоа, така како што ни ги донесоа. Меѓутоа,

едно остана, почитуваниот министер не си остана на збор, затоа што не можевме да ја разбереме изјавата, дали беше на одмор, дали беше во оставка. Но, сега се надевам почитуван премиер, доколку референдумот успее, тука веќе нема што ни да барате, од морални причини не да си дадете оставка туку брзопотезно треба што побрзо да избегате од премиер.

За фудбалската федерација не ме слушнавте ама го знаете.

Понатаму, повторно цитирам од експозето на премиерот:

Дозволете ми почитувани пратеници на крајот да завршам со цитат на еден познат светски политичар и државник, само јас не цитирам, кажувам што кажуваше премиерот. Во една прилика во својот пригоден говор истакна: “не прашувајте само што може државата да направи за вас. Прашајте се што можете вие да направите за вашата држава”. Навистина добра мисла.

Сега, почитуван премиере, граѓаните на Република Македонија секогаш имаат право да прашуваат што вие направивте за нив. Тоа го прават преку нивните претдставници што седат овде во парламентот а кои што ги делегирале на начин со избори. Тоа го прват пратениците на начин како што сега го правиме со барање за доверба на Влада, не интерпелација, интерпелации ќе следат после на министрите. Тоа го правиме почитуван премиер, почитувани министри во време кога 50% од мандатот го потрошивте, ама ништо  не сработивте, и тоа го првиме во време кога мислиме кога созреаја условите што побрзо оваа Влада да биде Влада во оставка, или можеби Влада која треба да си замине од политичката сцена. Мене ми е жал, на некој начин, што оваа Влада во континуитет треба да биде критикувана со некој друг премиер и што како премиер седна почитуваниот г-дин Хари Костов, како министер за внатрешни работи, ама со стариот багаж од 90%, стар багаж во персонален состав, стар багаж со сите проблеми.

И јас затоа почитуван премиер ја сфаќам оваа реченица каде што велите: спектакуларни резултати не можеме да очекуваме. Но кога да ги очекуваме? Кога да ги очекуваме од една Влада која во основа не само што нема стратегија, туку никогаш и не може да има стратегија. Имаше еден познат политичар, па дури се сеќавам дека беше и министер во една Влада на господинот Црвенковски кој што ги менуваше ресорите во

МВР, во Министерството за надворешни работи, советник, не знам што кога кажа. Сега јас во контекст на она што вие цитиравте познати политичари, еве и јас ќе цитирам еден. “Што можете да очекувате од Влада на господинот Црвенковски кога тој цел живот не донел ниту една одлука”. Ништо. Тоа се гледа и на терен, ама ние мислевме дека се спасивме од господинот Црвенковски, го унапредивме. За жал дојде господинот Костов кој по ништо не се разликува од господинот Црвенковски, затоа што во овој период на неговото раководење со Владата продолжи сивилото.

Јас ќе ги потсетам доколку македонската јавност се сеќава, доколку не, еве ќе искористам прилика да ја потсетам, но би ги потсетил овде постарите колеги пратеници кои што ги има тука, веројатно ќе се сетат во едно време пред четири години кога исто така бев пратеник во овој Парламент кога тогашната опозиција, сегашна власт во Република Македонија поднесе барање за доверба на Влада на тогашната Влада на господинот Ѓеоргиевски. Ќе ве потсетам, тоа барање за доверба на Влада беше ни помалку, ни повеќе 35 страни и се сеќавам дека во една моја дискусија тогаш кажав една реченица која би сакал да ја повторам која за жал тогаш мислев дека нема толку добро да звучи, меѓутоа во пракса се покажа дека е така. Јас ја знам на памет, меѓутоа сакав да ја образложам малку пошироко, ама еве најкратко. Ја кажав следната реченица: најслаба и најлоша алтернатива на оваа Влада, мислам на тогашната Влада, би била Влада во која вие, мислам на господинот Црвенковски, би биле пак премиер и која вие би ја составувале и раководеле. И за жал тоа се потврди. Исто така, кажав, како македонскиот народ, македонскиот граѓанин очекува од некој кој што се прокламира за премиер кој претходно бил седум години исто така премиер, а ништо не направил, дека сега нешто ќе направи. И тоа се потврди. Во периодот на премиерствувањето на господинот Црвенковски не се сработи ништо, во периодот на премиерувањето на господинот Хари Костов продолжи со ништо, до каде ќе оди, веројатно исто со ништо. Тогаш кога ги исговорив овие реченици тогашниот премиер, односно пратеник од опозицијата не почувствува да реплицира, затоа што најверојатно се сложи со тоа што го кажав, меѓутоа фактите го потврдуваат тоа. Во периодот на овие две години со што оваа Влада може да се пофали. Јас во првото излагање ги кажав сите оние сегменти на кои што сметам дека

ништо не се направи. Но, сега би сакал да издвојам неколку. Значи, ако овде ние кажуваме бројки, проценти, од другата страна министрите реплицираат, па ни вадат некои други проценти, си играме со бројки и со математика. Многу е лесно да се надмудруваме со таа работа и да укажуваме, ние да велиме, ништо не сработивте, вие да велите, да, сработивме, па толку имаше инвестиции, во тој квартал ние ги надминавме за толку и тн. и цело време да се надмудруваме и да го збунуваме граѓанинот во Република Македонија. Но, знаете ли кој е вистинскиот параметар? Вистинскиот параметар е тој, слезете меѓу граѓаните, прошетајте се, видете како ја чувствуваат оваа Влада, прашајте ги нив, појдете во секое семејство во кое вработивте по еден член и прашајте тој член што го вработивте од семејството дали е задоволен со таа плата што му ја давате, доколку му ја давате. Појдете во оние семејства каде што испуштивте член од семејството, го избркавте, од ЕСМ и тн, здравство, појдете во тие семејства и прашајте ги сега тие луѓе дали сега живеете подобро откако ве избркавме од работа, или во времето на Владата на ВМРО-ДПМНЕ која ве вработи. Појдете, само немојте да го праќате господинот Бучковски, пратете некој друг, не во Струга, во Прилеп може. Појдете почитувани министри, јас еднаш премиерот го поканив, еве уште еднаш ќе го поканам, прошетајте се  низ прилепската чаршија, видете, прашајте ги сите дуќанџии, занаетчии, трговци, производители како им оди работата сега. Знаете што ќе ви кажат. Едно време во Прилеп имаше промет, имаше пари кои вртеа благодарение на производство на тутун и луѓе кои што одеа на работа. Денеска Прилеп наликува на еден град кој со еден збор може да се рече пустош, затоа што ниту народ ќе видите, ниту некој низ чаршија да се шета. А во дуќаните ако влезевте важеше пракса, ако немам сега пари, ќе ти платам од тутунот и не беше проблем да земете на вересија. Појдете сега и кажете му: ќе земам роба ама ќе ви платам од тутунот. Бидете сигурни дека многу убаво ќе си поминете, затоа што повеќе никој не верува дека тутун некој може да откупи, дека некој гарантира дека ќе го откупи, дека ќе добие цена и тн. Денеска е хаос. Продајте  што имате по било која цена, дури не знаете ни каде, дали во Тутунски комбинат Прилеп, дали некаде на страна, дали ќе дојдат странците да го земат, дали Комбинатот ќе се приватизира, или не. Состојбата е хаос. Благодарение на политиката која што оваа Влада ја води денеска не

само во јавниот сектор. Овде министерот за труд и социјала кажува дека сме го зголемиле вработувањето во приватниот сектор и цитира некои бројки кои за мене не ја отсликуваат вистинската ситуација. Еве јас ќе ви кажам не во јавниот, во приватниот сектор, Тутунскиот комбинат Прилеп во времето на Владата на ВМРО-ДПМНЕ имаше број на вработени кој константно остануваше преку 1500 до 1600, можеби и 2000 кој што постојано опстојуваше и дури се зголемуваше. Денеска Тутунскиот комбинат не знае што побрзо да затвори, ги затвори детските градинки кои беа во негова служба, летните одморалишта, на мислење е што да прави со цигарите, бидејќи нема ниту извоз, ниту знаат што да прават со цигарите, ниту знаат што да произведуваат. Директорот го поставивме како што го поставивме. По некоја игра на случајност му бил прв другар од 85-те другари на Бранко Црвенковски. Но денеска во Тутунскиот комбинат имате хајка за отпуштање на луѓето од работа, па го користите оној метод, или јави се доброволно да земеш отпремнина, или ќе те избркам технолошки вишок. Технолошки вишок денеска во Република Македонија кога ќе се спомне луѓето ги фаќа уплав, затоа што никогаш во историјата на Република Македонија тој збор толку не се користел како сега, ама не само на збор, туку со конкретни решенија. Таква е состојбата. И сега ние може да се надмудруваме овде колку што сакаме со бројки, да не убедувате дека толку пораснале инвестициите, дека не биле 200 милиони како што некој ветил, ама се 87, или 90 што е за 20 повеќе отколку вие. Е голема работа. Почитуван министре кога некој ветува, треба и да остварува, ако пак не знае што ветува, воопшто нека не ветува, затоа што го слуша јавноста и го слушаат пратениците и за тоа што ветува ние ќе го држиме за збор. Ваша среќа е, вие не ветивте и можете да баратате со такви бројки. Меѓутоа тој што ветил, треба да даде и отчет. Затоа почитуваниот премиер, господинот Хари Костов во експозето ама баш ништо не вети, затоа ништо и не направи. Што да зборуваме понатаму? Што направивте почитувани претставници на Владата во целиот овој период откако сте на власт, значи од 15 септември 2002 година. Она што јас ќе ви го кажам, туку што ќе ви го кажат граѓаните доколку слезете и се спуштите меѓу нив, ќе ви го кажат следното. Значи оваа Влада освен што работи да ги обезбеди, награди, или им удоволи на коалициониот партнер од албанската етничка заедница, друго ништо не работи. Оваа

Влада освен што гледа не само да му удоволи, туку им даде нешто плус, повторно на припадниците на коалицијата која што е со нив од албанската етничка заедница, друго и ништо не работи. Цело време слушаме Рамковниот договор, Рамковниот договор ќе го исполниме до точка и до запирка. И само тука, но само во делот кога станува збор за албанската етничка заедница, или да се удоволи на коалциониот партнер. Па затоа ви се случуваат преговори, договори, разговори кои што резултираат со едни лоши закони како што е Законот за територијалната организација, или поделба. И сега треба ли да се зборува за тој Закон? Не мора, еве јас зборувам и го критикувам. Само да ги слушнеме, односно да ги повториме изјавите кои ги дававте вие како претставници на Владата во тоа време додека не следеше самиот конечен договор. Мислам дека најчесто вицепремиерката даваше изјави, меѓутоа сите одеа во контекст, нема да правиме отстапки, ако Скопје биде двојазично, ќе се бориме за Кичево, ако се отвори проблемот за Скопје двојазично, тогаш ние ќе го отвориме проблемот за Скопје и Струга за на крајот да излезе 3:0 или 5:0 во корист на ДУИ, или на штета на граѓаните на Република Македонија. И тоа траеше можеби месец ипол последица на што Парламентот мораше да работи до 12 август за да се изгласа тој закон така како што се изгласа. И вие мислевте дека тоа така ќе заврши, секое чудо за три дена, меѓутоа граѓаните ви покажаа и докажаа дека во иднина нема да толерираат лоши постапки, нема да тоерираат лоши закони, особено не оние кои се однесуваат на нивна штета. Се случи таа иницијатива, се собраа 180 илјади потписи и денеска прв пат во Република Македонија ќе имаме референдум од осамостојувањето на Република Македонија. И тоа треба да ви биде сигнал, тоа треба да ви биде сигнал дека нешто не е во ред, а не упорно да ја туркате вашата теза дека граѓаните не се во право, не би биле во право доколку се изјаснат позитивно. Па граѓаните се доволно мудри, знаат што е добро, а што не. Но, тоа потоа. Последица на таквите решенија за кои што сакам да кажам, начинот на кој Владата функционира со одредени преговарања, договарања, уценувања, доколку не се прифати ова, ние ќе излеземе од коалиција, или нема да излеземе, носат вакви лоши решенија. Или почитуваниот премиер дава една изјава во која вели, сега парафразирам, не ја памтам како беше цела, меѓутоа од прилика вака, значи во овие 100 дена се отепавме од работа

и сега ви требаше референдум наместо Владата да се зафати со работа, сега треба да мисли на референдумот. Имаше така изјава. не баш ваква стрикно, меѓутоа од прилика така. Значи, сега референдумот е причина, толку мерак Владата за работа, ама каде излезе тој референдум, сега ќе изгубиме уште месец и не знам колку и треба да се отепаме да ги убедуваме граѓаните на Република Македонија дека тоа што го направивме е исправно. До сега не ги убедивме, ама сега ќе ги убедиме. Не знам тоа како ќе помине, ќе се потрудите. Значи, не очекувајте почитувани колеги во овој месец нешто да се случува затоа што владата ќе мора да објаснува, односно да се занимава со референдумот. После тоа не знам што треба да се очекува до Нова Година, затоа што ќе фатат празници и тн. и отиде мандатот, а ништо посериозно не се сработи во Република Македонија, а за таа цел граѓаните и понатаму ќе ја трпат сиромаштијата која што и беше приоритет како да се справите со неа, граѓаните и понатаму ќе живеат без работа, тој број постојано ќе се зголемува, затоа што не гледам економски развој, не гледам од каде Република Македонија на кој начин ќе дојде до некој економски развој.

Почитуван министер за економија, денеска бевте многу расположен за реплики. Со таа инвестиција што ја кажавте која е за толку зголемена од Владата на ВМРО-ДПМНЕ, ајде да ја оставиме Владата на ВМРО-ДПМНЕ, да ја гледаме оваа. Дали со тие инвестиции кои што ги кажавте во таа бројка можеме да очекуваме зголемување на економскиот раст во Македонија, дали со тие инвестиции ќе се подобри економската слика во Република Македонија. Ако кажете, да, тогаш кажете колку е тоа и како ќе се одрази на граѓаните и дали е исто со она што се вети и дали е исто со она што доколку не е ваква состојбата би можело да биде. Јас ви тврдам дека апсолутно нема да се подобри состојбата.

Уште еднаш би го користел правото, доколку сакате, не морате да одговорите, бидејќи го држите тој ресор, бидејќи сум јас правник можеби неможам толку да ги разберам економските категории, еве мене објаснете ми што значи пад на индустриско производство. Некој тоа го крсти, слободно паѓање, некој тоа го крсти паѓање во буре без дно и тн. Меѓутоа и граѓаните на Република Македонија голем дел не разбираат што е тоа пад на индустриско производство. Дали тоа во превод значи дека индустриското

производство ни е намалено за 40% во споредба со претходниот период, дали тоа значи? Ако значи дека е намалено, тоа значи дека останува оној процент од 60%, бидејќи 100% не е реализирано, ама реализирано е 60%. Ако пак тоа е така, дали тоа резултира со намалувањето на обемот на работа во самото производство, а тоа пак значи дека одреден број на вработени се прекубројни, затоа што нема што да работат, паѓа производството, нема производство, оди си дома. И дали тоа значи директно рефлектирање на трошоците на животот на личната егзистенција на самите граѓани и дали тоа значи редовни плати, дали тоа значи редовен пазар и тн. Ако не е точна бројката од 40%, не е ни толку битна, ќе ја кажете точната, меѓутоа еве објаснете ми што тоа значи, како тоа се одразува во една економија која како што сите ние знаеме ако сака да биде добра економија треба да се потпира на производство. Можете да ми одговорите и вака, бидејќи овде имаме обичај да се споредуваме со одредени европски земји во многу работи. Ајде да се споредиме со цифрата од минус 40% во рамките на индустриското производство бидејќи не сум информиран, не знам. Има ли некоја друга земја во Европа, на Балканот која секој месец бележи еден рапиден пад од 40% на индустриското производство, последица на што е сменет директорот на Заводот за статистика, има ли во тие земји во ЕУ, во Европа, не е проблем, кажете ми, јас не знам, добро е да ме информирате. Значи има ли некоја земја во Европа која што последица на континуиран пад на индустриско производство сеуште истата Влада со истиот кормилар ја води таа земја.

Има ли некоја земја во Европа , која што последица на континуиран пат на индустриско производство сеуште истата Влада, истиот кормилар ја води таа земја. Има. Ќе кажете и која. Јас би сакал да не сме уникатен пример. Убаво би било да има некоја друга за да не бидеме прво место секаде.

(г-нот Бучковси реагира и дофрлува од место)

Г-дине Бучковски јас сметам дека треба да имаме трпение, особено вие.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, јас ве молам ако може да продолжиме во еден нормален тек.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Па, ние ве чекаме, две години трпиме, вие неможете да издржите пет минути.

(меѓусебно договарање и дофрлување)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, според Деловникот говорникот нема ограничување. Ако може да го дослушаме, затоа што јас верувам дека колегата е при крај.

(и понатаму меѓусебно договарање и дофрлување)

(г-динот Жарко Караџоски на говорница молчи)

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Кога ќе се смирите јас ќе продолжам.

Значи, застанавме кај падот на индустриското производство. Ајде да зборуваме за бруот домашниот производ. Може ли, бидејќи со индустриското производство завршивме сега да одиме со ЏДП. Не е тука министерот за финансии, меѓутоа ..

(во салата нема дисциплина меѓу пратениците)

Луѓе, ова е крајна незериозност. Влада се бира, односно паѓа, што е оваа несериозност.

Кого да прашам, вас ли г-дине Бучковски.

Беше проектиран растот на  ЏДП, но да почнам со министерот за економија, можеби ќе биде кандидат за градоначалник.

Значи беше проектиран раст на ЏДП од 6%, потоа се сведе на 4, колкава е сега бројката. Последните податоци зборуваат дека некаде е 2,5, а можеби и 2 а последните податоци зборуваат, од релевантни фактори кои ни доаѓаат во Република Македонија и навистина ни свртуваат внимание дека нешто не е во ред. Се работи дека оваа година може да заврши со 1% ЏДП. Мислам дека таков извештај имате и од Европската банка. Такво известување и таков извештај имате и од ММФ. Таму нешто е нотирано дека нешто не е во ред. Дали тоа не ве загрижува.

Друго, граѓаните на Република Македонија многу малку разбираат што значи 6% ЏДП проектиран, па сведен на четири, па сега паднал на 2,5, па утре можеби ќе дојде на

еден. Некој можеби ќе помисли дека е тоа температура целзиусова, последица на ладно време па паѓа. И дали може да се сведе на минус, под нула.

Почитуван министер за економија објаснете го што значи пад на ЦДП, или неисполнување на проектираниот. Како тоа се одразува на севкупниот живот во Република Македонија. Добро е тоа да го слушнат граѓаните на Република Македонија и од друга страна дали тоа е успех на оваа Влада. Дали Владата работела да го симне ЦДП на 1%, тоа ли и е целта, или пак да го оствари она што го проектирала. Ако кажете дека е успех тогаш ќе стане логично за сите овде што е неуспех. Ако кажете дека е неуспех, ја утнавме, згрешивме, тогаш каде е одговорноста. Не мислам само на вас, на оваа конкретна Влада и заради тоа треба да се разговара. Не мислам дека е несериозно, многу е сериозно. Толку за ЦДП.

За падот на индустриското производство кажавме, што да кажеме понатаму?

Состојбата во задравството. Да ве потсетам последица.

(реакција од место на министерот за здравство)

Да зборуваме што се прави сега, ова што се случува во здравството. Каква е состојбата во здравството? Дали пациентите дене уживаат подобра здравствена услуга, дали истите тие кои што треба да ги користат услугите денес се позадоволни? Затоа треба да се запрашаме. Како одговорот не барајте го меѓу опозицијата, не барајте го меѓу вас, туку прашајте ги тие што се таму. Таму ќе ви кажат, ако директно не одите слушајте ги луѓето што се поплакуваат, кажуваат дека состојбата таму е хаос. Дека недостасуваат лекови, недостасуваат разни инструменти, недостасува кој знае што се не. Состојбата е алармантна, а реформи нема никакви.

Исто така, еве една реформа да предложите во здравството, тоа е она што сега со одлука на Влада за стоматолозите треба да оди и веднаш добивате реакции, веднаш добивате протести, веднаш добивате сугестии од тие што треба таа реформа да ја трпат на свој грб.

Сега, за кој сегмент, за образование.

Образованието во Република Македонија доби само уште еден универзитет плус. Тоа е оној универзитет кој со години беше викан парауниверзитет, кој со години оваа

власт сегашна, ама и тогашна се бореше да не биде легализиран, па заради тоа искористи и сила, познати се настаните во Гостивар итн. Тоа е истиот тој универзитет кој се легализира. Сега можеби тоа за некого е според Рамковниот договор односно за Владата беше според Рамковниот договор, јас тврдам дека не е според Рамковниот договор, затоа што прашањето за образованието беше апсолвирано. Меѓутоа, тогаш се поставуваше прашањето и сега се поставува прашање што со тоа се доби? Дали се доби нешто во правец на подобрување на образованието или пак се доби нешто на штета на буџетските средства итн. итн. Дали беше воопшто потребен при толку универзитети уште еден и дали Македонија нема интелегенција која и онака виси по Бирото за вработување. Или требаше она кое што цело време провејува овде што работи оваа Влада, требаше да се удоволи на коалиционот партнер кој припаѓа на албанската етничка заедница. Токму тоа требаше и затоа се носат такви лоши закони. Затоа се носат такви лоши одлуки и заради тоа некој утре треба да плаќа.

Во делот на безбедноста кажавме и повторно ќе повториме ништо не е направено во рамките на борбата против корупцијата. Таа сеуште цути. Криминалот условно земено прашање е колку е намален, колку е зголемен, но факт е дека денеска во Република Македонија не е сигурно да се живее. Да правиме споредби можеби е илузорно, меѓутоа секоја една влада која е одговорна прво што треба да направи е да ја подобри сигурноста на граѓаните. Ако вие мислите дека безбедносната состојба е добра затоа што ќе правите споредби каква била 2001, каква била 2000-та, каква е 2002 тогаш не е во ред. Не треба да правите споредби, треба да гледате денеска што се случува. Дали ова што денеска се случува гарантира сигурност на граѓаните. Дали тоа што денеска се случува гарантира странски инвестиции во Република Македонија ? Дали тоа гарантира приватната иницијатива да зајакнува, или секој еден да се плаши ама динар да донесе во Република Македонија, затоа што може да биде опљачкан, може да биде нападнат. Кога не престанеме да ги кршиме законите како што сакаме, тогаш која е таа сигурност. Дали вие сте свесни, веројатно сте свесни дека во Република Македонија се случуваат такви криминални дејствија што кај луѓето внесуваат страв. Сега ќе спомнам еден Чакала, па Бреза, па  Баци, па незнам кој, кој едноставно се однесуваа како што сакаа во

Републиката во еден подолг период. Добро, можеви денеска е посредена состојбата , меѓутоа факт е дека криминалот го потврдува тоа што го зборувам. Криминалот цути. Можеби командат Баци, или како се вика не е само еден утре ќе биде уште еден, затоа што на некои туѓи примери се учат, затоа што тој има храброст и некои случни како него да влезат и во приватни објекти и во спортски објекти,да прават злоупотреби и во одредени комбинации, да прават универзитети без одобрение итн. Сето тоа е потврда како се работи и она што овде го цитира некогашниот премиер дека стравот ќе се почитува. Сето тоа зборува каква ние е состојбата во Република Македонија и затоа кога се споредувате не споредувајте се со нешто што било туку споредувајте се со тоа што сте го направиле и споредувајте се колку е подобрена безбедносната состојба во Република Македонија .

Во однос на кризните региони ако сметате дека состојбата е подобрена тогаш каде се раселените лица и зошто таа трагедија сеуште не е завршена. Сеуште имаме раселени лица, а тоа зборува дека состојбата не е безбедна. Можеби икс причини ќе извадите, меѓутоа фактот е тој.

Сега повторно некој би сакал да прави споредби ама денеска е подобро од она што било некогаш. Јас само да ве потсетам. Кога ветувавте, кога доаѓавте на власт велевте дека ќе дадете безбедност и сигурност на граѓаните на Република Македонија, а не дека ќе правите споредби со некакви проценти. Граѓаните не ги интересираат споредби. Граѓаните знаат што било во минатото. Тие сакаат да знаат што е сега и што ги очекува утре. Меѓутоа, по она што денеска го гледаме не му гарантира што ќе се случи утре, поточно бидете сигурни она што денеска го гледате од оваа Влада е страв за утрешниот ден, затоа што не бидува од она што го очекуваа, ништо не бидува од она што се вети.

Бидејќи веќе е 23 часот би приврршил.

Значи колку да се убедуваме, колку да се надмудруваме и кажуваме брзо ќе следи одговорот и брзо ќе откриеме, знаете секоја, не само Влада, туку и политичка гарнитура која владее а незнае да владее е таа што ветува ама не остварува. Судот доаѓа. Граѓаните се истите тие кои што ви дале доверба и легитимитет да владеете во ова време. Но, истите тие бидете сигурни дека како што ви го дале така и ќе ви го земат. Ако

вака продолжите бидете сигурни дека тоа многу брзо ќе се случи, затоа што народот во Република Македонија значајно има трпење и секако секој почеток има и крај.

Јас се надевам дека тој крај може да се случи и вечерва, а уште повеќе се надевам дека ќе се случи на 7 ноември кога граѓаните на референдум ќе го кажат тоа што треба да го кажат, а ние на 8 да славиме заедно со премиерот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Караџоски.

Имаме точно 20 мимути за реплики.

Повелете г-дине Арсовски, вие сте на ред, а потоа нека се подготви г-ѓица Шеќеринска.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Би реплицирал на неколку изнесени тези на г-динот Караџоски во врска со ветувањата на 15 септември 2002 година.

Искрено да ви кажам тогаш ниту збор да не кажевме сигурно ќе победевме. Вас ви беше совршено јасно дека ќе изгубевте. Дека такво владеење во Македонија од 1998 до 2002 година не беше запамтено ниту во една земја во светот, бидејќи таков организиран криминал што го направивте, економски пустош, тотално нарушена безбедносна состојба со катастрофални последици и што е најлошо со понудена карта од вашата Влада, од овој Парламент, од првиот човек на Парламентот за делба, поделба, преселба на народите во Македонија. Токму тоа беа и главните причини кои што доведоа до ваш пораз.

Околу ветувањата да ви кажам. Тогаш беа три главни ветувања кои што се понудија.

Прво, и основно беше средување на безбедносната состојба:

Борба против организираниот криминал и

Создавање предуслови за економско оживување на нашата економија.

Во нормални земји обратни беа тие работи. Секогаш секој се зафаќа со економската состојба во соодветната земја, но тоа беше така во 2002 година со нарушена безбедносна состојба.

За овие две години да знаете, и го потенциравте дека безбедносната состојба не е добра. Јас не тврдам, но ние најдобро знаеме дека е добра. Сега е 24 ,00 часот, за еден час јас Зоран Томиќ, Тасиќ, Сулејмановски ќе одиме во Гостивар, Ростуше, Тетово. Незамисливо беше 2001 , 2002 година тоа да се направи. Тоа е резултат на политиката на оваа Влада за овој краток период што го постигна.

Второ, она што најповеќе не боли, а посебно граѓаните од западниот дел на Македонија и упорно и денеска и сите пратеници од опозицијата гаѓате на Ахиловата пета на Македонија а тоа се меѓуетничките односи, довербата на повеќе заедници во Македонија. Ви тврдам дека таа Ахилова пета нема да ја погодите, затоа што истата ако се погоди се знае какви катастрофални последици ќе настанат во нашата земја. Ви тврдам дека  за овие две години и меѓу албанците и меѓу македонците, турците, ромите на едно невидено високо ниво една поскомфлитна состојба. Затоа оваа Влада за овие две години ги има постигнато токму овие резултати во овие три глобални правци и се надевам дека успешно во овој период истото ќе го подобри.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Караџоски, повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине Арсовски, мене ме радува што памтите некои работи, некои карти спомнувате тн, поделби, дозволете само да ви прочитам нешто.

Славната историја што ја имаме не е завршена и ќе славиме нова победа за националното убедување на албанците, рече потпретседателот на ДУИ, кој е ваш коалиционен партнер, на прославата во Радуша.

Визијата на УЧК почна со Косово, заврши со големо сензационално убедување на албанците во една голема Албанија која ќе ги опфати Македонија, Албанија, Косово и источно Косово порача пратеникот Фазли Велиу.

Само да ве потсетам, ова се изјави на потпретседател на една партија која за жал претставува коалициона власт во Република Македонија. Ако за вас ова претставува сигурна безбедносна состојба во Република Македонија. ако ова не претставува закана за иднината на Република Македонија до утре да ве убедувам неможете да сватите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Шекеринска , имате три минути.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Кога вчера со некои мои пријатели разговарав дека оваа сабота ќе ја изминеме во Македонското собрание околу прашањето на доверба односно недоверба на Владата единствениот совет кој што ми го дадоа е само немојте да претерувате со споредбите до 2002 година. Јас се трудев и мислам дека голем дел од нас се трудеа тоа да го прават, меѓутоа сега овде видовме еден од пратениците на опозицијата, кој што овде зборуваше прво еден час, а потоа час и половина и кој што се реши да го направи спротивното.

Зборуваше за периодот до 2002 година и ни опиша една розова ситуација особено за граѓаните на Прилеп, а кој што ако некој суша од страна ќе помисли дека граѓаните на оваа општина навистина биле несериозни, неодговорни, или најблаго речено неинтелегентни, па во една таква розова ситуација гласале за тогашната опозиција.

Тогаш било и постабилно, тогаш било и економски подобро, тогаш се живеело, тогаш се сметало на приходот од тутунот итн итн. Две ситници заборави пратеникот. Заборави една мала ситница што се викаше војна, заборави на жртвите, заборави на стравот, заборави на загубите во секоја смисла, што ги доживеавме во тој период, и, втората ситница што сфаќам зошто ја заборави е што граѓаните, не на Прилеп, туку на цела Република Македонија, кога ќе се свртеа кон првите луѓе на тогашната власт и нивната бизнис свита, не гледаа поединци, туку гледаа милионски суми во евра.

И, верувајте, кога одиме ние на терен, одиме и за претседателски избори, одиме и за работни посети, и за приватни, кога ќе се сретнеме со граѓаните на оваа држава,

свесни сме дека трпиме многу критика. Меѓутоа знаеме да отидеме и да разговараме со нив. Дел од таа критика се обидуваме да ја аргументираме со некои други податоци. Дел од таа критика е оправдана и ја признаваме како наша грешка. Меѓутоа, знаете ли кои се двете работи кои по правило ги добиваме како коментар од нивна страна:

Прво, дека е добро што Македонија веќе не зборува за војна и мир, туку зборува за економски и социјални промени, и

Второ, по правило, најголема критика не е само каква е економската ситуација или каква е политичката ситуација, туку зошто дел од тие луѓе кои беа првата свита околу вашиот лидер на опозицијата не се во затвор денес.

И за тоа и јас и сите ние, да ви кажам чувствуваме одговорност. Заради тоа што не сме биле побрзи, заради тоа што не сме зборувале многу поотворено пред јавноста, пред судиите и пред сите останати.

Затоа, кога ќе имате не храброст, јас би рекла безстрамност да излезете овде и да зборувате за Македонија во 2001 и 2002 година како ветена земја, ве молам земете предвид дека изгледа вие не сте биле во вашите општини.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Една минута имате господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Во овие, почитувана потпретседателке, критики што вие ги трпевте, ги трпевме и ние.

Сега да ви кажам јас, бидејќи знам, 2001 бев пратеник, бев и 2000-та година, ме прашуваа и мене - каде сте, не велам за вас, меѓутоа СДСМ кој падна од власт, зошто не сте во затвор? Каде  се оние кои ги украдоа парите од старт, зошто не ги затворате? Каде се сите оние со пирамидалните штедилници што ги направија, зошто не се во затвор? Каде е одговорниот за атентатот на Киро Глигоров, каде се одговорните за јавните набавки во МВР, да не спомнувам наочари, уметнички слики, знаете? Каде се оние 28 кгр.

почитуван министре, хероин украдени од прилепската полициска станица, кој е за тоа одговорен, каде е изведен тој пред суд?

Сакаде уште да ви редам>

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам годподине Караџоски.

Повелете три минути, министерот за економија

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Господинот Жарко Караџоски ме праша дали знам што е тоа пад на индустриското производство? Еве, да му одговорам. Пад на индустсриско производство е состојба на стопанството по владеење на пријателите на Жарко Караџоски.

(џагор во салата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го трошите времето господине министре.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Второ, падот не е 40% туку е 25%. Тоа го потврди Заводот за статистика, самиот си кажа. И експертите.

Натаму, за февруари не е 33, туку е 17 и како што гледате стално инпутирате дека сме го менувале директорот и тн, сменет е зашто ете, човекот направил грешка што сметал лошо со дигитронот, а неговиот орган пресметал така како што пресметал.

Е сега, зборувате дека од Тутунскиот комбинат отпуштаме, само за отпуштање се зборува итн итн. Па, господине Караџоски во Тутунскиот комбинат има се и сешто, од комунизмот, уште од 1950-тата година. И детски градинки, и амбуланти и спортски сали и мелиоративни системи и системи за прехрана, хотели и тн и тн. Тоа не може да го оптоварува повеќе тоа претпријатие затаоа што има огромни долгови.

Се прашувате ли само каква политика водевте во тутунските комбинати, зошто тие комбинати тогаш кога имаше интерес не се продадоа на “Бритиш  тобако” или “Америка тобако”, зошто тие отидоа во Ниш, во полоши комбинати или во Врање и ние го пропуштивме возот. Тоа е сега резултат зошто тие луѓе се отпуштаат. Него, ви беше

битно дали од таму да може да молзете, да кратеде, да земате и отиде возот што не се враќа повеќе.

Следната работа, се плашат луѓето да инвестираат, да ги носат парите оти некој ќе ги нападнел, ќе им ги земал парите. Ниту имаме сега луѓе кои возат без таблици, ниту ги имаме оние со дебелите вратови, шишани со ланци како ротвајлери, ниту Лавови, ниту Тигрови, ништо нема. Сосема е друга ситуацијата. Луѓето се безбедни во оваа држава. И тоа го потврдуваат инвеститорите дека апсолутно Македонија има и добра инфраструктура и добрите телекомуникациони врски и добра полициска заштита и дека полицискиот систем, таков каков што е сега е подобар во многу земји од регионот.

И, апсолутно не е точно не е тоа што го тврдите дека некој може да биде нападнат и да му бидат земени парите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Една минута господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи, господине министре, прво е срамота од еден министер на едно сериозно прашање да дава несериозна дефиниција. Јас воопшто не ве прашав да ми правите циркус овде, туку ве прашава да им објасните на граѓаните, а не на Жарко Караџоски. Тоа што сте вие несериозен потврдува само за вашиот, не знам што да кажам, ајде да не ве навредам. Меѓутоа, има кој да гледа, има кој да цени.

Што доживеав? Доживеав комунисти да го критикуваат комунизмот.

Трето, за ваша информација, пријател ми е и премиерот, пријател ми е и заменик премиерот, пријател ми е и господинот Бучковски и господинот Славко Петров ако мислевте и на нив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Се покажа дека неоправдани беа обвинувањата од страна на коалициониот партнер на ВМРО ДПМНЕ дека некој се обидува да узурпира ДПА бидејќи се обидува да узурпира простор, а тоа го направи предлагачот, уште еднаш обидувајќи се да ја измести тезата, не нудејќи концепт повторно за иднината на Македонија.

За жал, денеска не разменивме или не чувме што е спротивниот концепт на европска Македонија, на решеноста на реформи, концептот на мултиетничко општество, концептот за брза имплементација на Охридскиот договор. Не слушнавме што е алтернатива на сето тоа. За жал, денешната расправа се иницираше не за да се искритикува некој што му удоволува на коалициониот партнер, туку самата иницијатива е покрената за и со помош на пратеници  од ДПА, чиј претседател не ве признава вас, не ви го признава тоа дека сте македонци, не ви го признава вашиот идентитет. Ги исфрливте зборовите “македонски граѓани” од образложението само за да дојдете на оваа седница.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Караџоски, една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господин Макрадули,

Прво, мене ми е жал што не е тука г. Груевски и, ако веќе барате конценти спротивни на оние за кои што сте вие, за некаква си европкска Македонија што овде ја нарекувате, добро е него да го прашате, тој ќе ви одговори.

Тоа што овде сакате да го наметнете, значи вие денеска барате да ви понудиме концепт и решенија. А кога тоа од опозицијата се бара да понуди концепт? Концепт ќе ви дадат граѓаните г. Макрадули. И ви дадоа и ќе ви дадат допрва. Тоа е концептот. А да те потсетам и на Фали Велиу, кога ми го спомнуваш Џафери.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓице Грковска, имате три минути.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Господине Караџоски зборувате за референдумот, за Законот за територијалната организација. Каков и да беше законот за територијална организација, аргументите на опозицијата ќе беа исти. Заради тоа што до сега се покажало дека вашата коалиција Љубчо Георгиевски - Џафери - Андов, не пропушта било каква прилика да игра на картата на меѓуетнички односи и на тој начин да го зголеми партискиот рејтинг. На оваа теза во прилог оди фактот, затоа што вие не понудивте концепција. Туку, настапивте сосема дезориентирано и без аргументи. Прво велевте дека треба 80 општини, потоа не вративте на предлогот од 123 општини, и тоа не било кои, туку оние од 1996 година за кои што тврдевте тогаш, кога се носеше законот, дека ќе доведе до федералазација, до кантонизација, до поделба на државата.

И уште повеќе. Сега ги убедувате граѓаните дека треба да излезат на референдум и да гласаат за таа територијална поделба што носи кантонизација, федерализација и територијална поделба.

Друго е прашањето што вие го одоговлекувавте прашањето на донесувањето на Законот за територијална организација не заради тоа што бевте загрижени за волјата на граѓаните, туку заради тоа што сакавте да ја испочитувате својата волја. А тоа е локалните избори да се одржат во промет наредната година и тоа во многу наврати го кажавте во текот на дискусијата.

Значи, тоа го направивте единствено поради еден изговор, за да имате време да се консолидирате и да ги вршите вашите внатре партиски проблеми. Граѓаните тоа треба да го знаат, дека рефенрендумот остана последна можност на опозицијата да ги одложи локалните избори да се одржат на пролет. Меѓутоа, што се случи? Во текот на расправата од еден пратеник на опозицијата, власта беше обвинета дека го носи овој закон за да внесе немир по овозиционата партија.

Господине Караџоски, ве повикувам и вас и вашите колеги да ја прифатите одговорноста што ја имате како опозиција и да престанете да барате алиби за вашите

неуспеси, за вашата нееединственост, за вашата анемичност што се покажа и на денешнава седница во други.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Премногу емоции.

Повелете господине Караџоски, имате една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана колешке,

Многу ми е жал, потрошивме 20 дена во расправа, по убедување а вие ништо не сте сватиле. Зборувам за територијалната организација.

Не сте сватиле и друга работа, опозицијата ли ги одложи изборите? Јас колку што знам предлагач беше Владата, поотпишана од Хари Костов. И тоа во два наврати, еднаш за еден месец, и друг пат сега во март. Предлог беше на Владата.

Не се одложија изборите затоа што опозицијата зборуваше 20 дена. Опозицјата зборуваше да нешто научите. Но, за жал, ништо не научивте. Изборите се одложија, почитувана колешке, затоа што се собраа 180 илјади потписи, затоа што Собранието донесе одлука на 7 ноември да имате референдум на кој вие нема да излезете. Заради тоа се одложија изборите. Не поради ВМРО-ДПМНЕ.

И друго да ви кажам, не берете гајле, немаме ние внатрепартиски проблеми. Чиста е состојбата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете, има збор министерот за одбрана, три минути.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван господине Караџоски,

Морам да признам дека вечерва имавте ретка можност да ве гледа македонската јавност, ако имаше толку внимание, повеќе од три часа. Мислам дека непотребно ги налутивте вашите партнери од ДПА. Гледата дека Груевски веќе има проблем. Мислам дека после ова што го приредивте вие ќе имате проблем. Беше чесно да им кажете дека

колку имате план, од осуммина пријавени да збори Борче Кондарко 17 минути не знаевте и Ангелка Пеева Лауренчиќ девет минути. Значи, 26 минути, а вие да имате можност да се претставите во најдоброто можно светло, пулените на Љубчо Георгиевски пред македонската јавност.

И, вие, кога му рековте на Црвенковски при некое друго време, 2000 година дека најлошо за Македонија и најопасно е алтернатива на Георгиевски да биде Црвенковски, јас ќе и порачам на македонската јавност пред да се обрати премиерот - тешко на Македонија ако Љубчо Георгиевски или некој друг бира од овие шестмина. Да речеме: Трендафилов Ѓорѓи да биде министер за одбрана; или Којзеклиска Марија министер за труд и социјална политика; Стојановски Блаже министер за правда; Спиро Мавровски, извини Спире, не знам што ќе бидеш, не можев да ти го најдам местото (џагор во салата), се трудев; Чедо Краљевски, затоа што ги сретнал тие од Полска, може да биде добар министер за надворешни работи; Жаре, тебе нека ти е со среќа ако на Љубчо Георгиевски му порачуваш истото што Бранко, 4 години доста му било, ако си ти иднината и новиот премиер на Република Македонија по 2006 година нека ни е Господ на помош.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Караџоски, една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Нека ни е Господ на помош ако вие станете лидер на СДСМ.

Друго да ви кажам, не берете гајле, во идната влада г. Љубчо Георгиевски нема да биде премиер. Премиер ќе биде некој што сега нема да го кажеме, а еве, ќе ви кажам кои ќе бидат министри: ќе бидете вие за одбрана, сигурно; ќе биде Хари Костов за внатрешни работи; ќе биде Радмила Шеќеринска за надворешни работи; затоа што навистина прекрасно работи. И следејќи го вашиот пример ќе ве земиме во наша влада.

Значи, алтернативата Црвенковски или Георгиевски, можеби е Бучковски за премиер, најдобро решение за Македонија. Не знам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господо пратеници, овде ја затворам расправата бидејќи сакам 10 минути пауза да дадам, да премиерот своите забелешки ги среди, ќе се обрати.

Расправата е затворена.

За 10 минути, премиерот ќе се обрати.

(Пауза од 23,20 до 23,30 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Бидејќи претресот е затворен, го молам претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Хари Костов да земе завршен збор.

Повелете господине Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Благодарам господине преседателе.

Почитувани пратеници,

На денешната седница на Собранието на Република Македонија имавме едно сосема легитимно уставно барање на 24 пратеници за изгласување на недоверба на Владата на Република Македонија. Однапред би сакал да се извинам, меѓутоа, морам да признам и да кажам мој личен впечаток од денешната седница и без ниту еден од пратениците погрешно да ме разбере и околу тоа да се навреди, мислам дека имавме една долга непродуктивна седница, недоволно подготвена, што може и да е нормално кога седниците за гласање за недоверба на Владата според уставниот рок мора да се одржат во рок од три дена од поднесувањето на иницијативата и веројатно овој рок им беше краток на иницијаторите за соодветни подготовки, затоа што очигледно претходно недоволно се подготвија.

Затоа, и самото барање и онаа иницијатива која ни беше доставена во материјалите за денешната седница, според моја оценка, е неаргументирана, полна со произволни и паушални оценки, неточни податоци и тн. и веројатно затоа тројца од веќе потпишаните пратеници се откажаа од таа иницијатива.

Затоа, ќе бидам краток за да не ги “гњавиме” ни македонските граѓани, ниту вас пратениците овде, ниту претставниците на медиумите и ќе се осврнам само на неколку прашања, затоа што и минатиот пат кога говорев овде во Собранието по повод изборот на Владата, се обидов во дел на она што значт концепциски разлики меѓу сегашната позиција и сегашната опозиција да ги објаснам во делот на економските политики, па ќе се обидам и сега вечерва повторно само концепциски да наведам за она за што постојат драстични разлики, ако можам да речам меѓу левата и десната страна на ова Собрание, и тоа повторно во делот на економските политики и размислувања и второ, за начинот на кој што Република Македонија треба да се движи во иднина, какви реформи треба да оствари за да ја постигне основната стратешка цел на државата, а тоа е во соодветен период кога ќе ги исполни условите да стане земја членка на НАТО и Европската Унија. Затоа, прво би сакал да прозборам околу економските концепции.

Кажав тогаш и денес уште еднаш ќе повторам, од една страна ја имате економската концепција на државата, на Владата која се залага за пазарно стопанство со улога на Владата која ќе биде само околу создавање на општите услови на стопанисување, а самостојните пазарни субјекти ќе бидат одговорни за својот развој и притоа Владата нема да им се меша кој во приватно акционерско друштво ќе биде директор, дали тој има или нема пазар, дали ќе бараме да се смени директорот во тоа акционерско друштво, како што беше начинот на однесување на претходната влада или дали Фондот за здравство нема да му плаќа на “Алкалоид” само затоа што на некој од претходната Влада не му се допаѓал директорот таму. Меѓутоа, самостојноста на стопанските субјекти и нивната одговорност за развојот во ваква концепција мора на нив да лежи.

И втората концепција е концепција која ја протежира ВМРО-ДПМНЕ и нивниот коалиционен партнер ДПА, која во суштина се сведува на државно-партиски модел на планско и административно диригирано стопанство по најдобрите примери на работење во поранешниот Советски Сојуз кога Сталин беше диктатор. Можеби некој на таков начин сака и да формира акционерско друштво Влада на Република Македонија, кое ќе ја има и целокупната одговорност и диригирање за стопанските текови, како што ги имавме во

периодот од 1998 до 2002 година, кога се вршеа секакви притисоци и упади во претпријатија, кои овде не ги повторувам затоа што беа спомнати.

Впрочем, и денес во дискусиите, таквата политика повторно ни беше повторена и таквиот начин на размислување како стопанските текови треба да се одвиваат, повторно ни беа аргументирани. Ни беше кажано дека во приватното Акционерско друштво “Треска” повторно треба државата, незнам како, повторно да најде средства, да воведе нови даноци за да на приватна фирма и исплати плати. Повторно ни беше кажано дека државата не се ангажирала околу откупот на грозјето. И нема да се ангажира, меѓутоа, грозјето се откупи и ќе се откупи и ќе го откупат приватни субјекти кои имаат пласман на тоа вино на странскиот пазар. А тоа дека некој околу таа работа ќе измонтира процес на штрајкови, блокади на приватни друштва, визби и тн., па дури еден основен лидер на таквиот штрајк да биде човек кој воопшто нема грозје и нема зошто да штрајкува кај таа фирма, јасна е приказната. Меѓутоа, грозјето никаде во Република Македонија, освен во Кавадарци каде беше притисокот, не беше проблем, а и во Кавадарци не бил проблем, туку беше приказна направена.

Исто така, и околу тутунот државата не даде нови пари, нови кредити за Тутунскиот комбинат - Прилеп или за Тутунскиот комбинат - Куманово директно од буџетот, или пак не даде гаранции кои веќе наредната година, сигурно многу добро знаете како во 2003 година се наплатија гаранциите кои ги имате дадено за откупот на тутунот од разни комбинати и разни приватни фирми, меѓутоа, на крај тоа ја чинеше државата повеќе од 600 милиони денари. Гаранции кои се наплатија во 2003 година, издадени пред изборите во 2002 година за да се плати нешто повеќе и тн. Оваа година тутунот си го откупија повторно приватни друштва, фирми кои се за тоа регистрирани и повторно, покрај обидите за подигање на тензиите за кажување на разни приказни околу отпори, таа работа се заврши нормално.

Иста е состојбата и со млекото. Повторно денес ни кажувавте дека државата е таа која треба да купува млеко, да прави сирење, кашкавал, да продава и тн., меѓутоа, сите тие државно ориентирани активности ги сакате само затоа што во секоја таква активност имаше елементи во кои вие знаевте дали партијата ваша или поединци се богатеа. Уште

еднаш повторувам, оваа влада такви работи нема да прави, нема да прави за приватни друштва затоа што утре може да ни се собере било која приватна фирма во државата да дојде пред Собранието или пред Владата и да каже сега да ни платите наназад за последните десет години што некој наводно  не исплатил плати.

Многу често беше прашањето околу даночните оптоварувања. Точно е, има мало зголемување на ДДВ, имаше зголемување и на цената на струјата знаете заради кои причини, меѓутоа, она што основно го направи Владата во 2002 година кога дојде на власт го прекина наплатувањето на данокот на финансиски трансакции. Тоа е 100 милиони евра годишно. 6.300.000.000 беше 2002 година, значи извор што можеше да се користи и да се употребува како што го употребувавте од буџетот. Тие 100 милиони евра годишно во таа година се двапатги повеќе отколку сите кредитни линии што беа одобрени од светска банка на Република Македонија за развој на приватниот сектор во изминатите шест години. Оваа Влада или претходната Влада од 2002 година им ги постави стоте милиони евра на стопанствениците кои тоа го плаќаат и по тој основ ќе почне приватниот сектор парите што ги заштедува да ги инвестира во определени објекти. Тие сто милиони евра се повторуваат секоја година. Сто милиони евра значи не беа наплатени во 2003 година, не се наплатени ни во 2004 година и нема да има веќе таков данок.

Според тоа, таквите разлики во концепциите на работењето на она што значи ваква ориентација на Владата со пазарно стопанисување и регулаторна улога на општите услови на државата, и она што вие го применувате се разлики во концепции во кои неможеме да се усогласиме. Меѓутоа, од оваа концепција која ние ја тераме не се повлекуваме.

Дали има во тој дел слабости во работењето на Владата, на поединечни министри, вклучувајќи ме и мене сега? Да, има работи кои оваа коалиција и пред изборите во 2002 година, можеби нереално, вети работи кои неможе да се остварат и кои не може да се остварат со ваков начин на работење на Владата како што го кажувам, кој нема да влијае секојдневно на мешањето на фирмите. Значи, не може да биде ветување дека ќе вработиме 150.000 нови луѓе, затоа што Владата може да вработува само во јавната администрација и само во јавните претпријатија. Таму таа директно вработува и само за

нив има можност да влијае на вработувањето. Но сигурно се сеќавате од јуни до август 2002 година колку народ “набутавте” во јавните претпријатија и во државната администрација, на едно столче да седат и по тројца, само за да потоа ако победевте, не знам ќе им правевте, а кога победи коалицијата “За Македонија” тогаш мораше да се сведе работење на буџетот, трошоците на буџетот и на јавните претпријатија, на она што значи нормално профитабилно работење натие претпријатија.

И она што најмногу јас лично си го сваќам како наша слабост е слабата организација на Владата, на министерствата и на администрацијата околу употребата и користењето на средствата, кои и во така рационализиран буџет или буџетите на јавните претпријатија неефикасно ги користиме. Тука имате право да ја критикувате Владата и Владата околу тоа е одговорна.  И без оглед на оправдувањето околу таквата постапка, сега влијае новиот Закон за јавни набавки, процедурите за тендери и тн., сепак значи лошо планирање. Ако таквите активности се планираат на време, тогаш не е оправдување Законот за јавни набавки. Не може да биде причина дека распишувањето, средства обезбедени за изградба на пат, на некој наеднаш во јануари му текнало, па затоа немало време за почитување на роковите од Законот за јавни набавки.

Затоа, и во буџетот што ќе го добиете оваа година и Законот за извршување на буџетот ќе биде сосема јасно предвидена обврска на сите јавни претпријатија, на сите корисници на средствата од разни фондови за патишта и тн., дека своите програми кои мора да ги одобрат за наредната година, мора да бидат усвоени најдоцна до февруари наредната година. Во спротивно, ниедно јавно претпријатие, на ниеден фонд, нема да има право да поднесува програма за одобрување на Владата после тој рок, ниту Владата ќе преземе мерки за соодветни кадровски разрешувања на оние кои нема да ги почитуваат таквите програми.

Во вториот дел кој што се однесува повторно на концепциските разлики е прашањето какви активности и каква би била политиката и практичните постапки кои едната или другата коалиција ги преземаат во првец на она што сите декларативно го кажуваме, меѓутоа различно го кажуваме патот на нејзиното остварување а тоа се активностите околу интеграцијата на Република Македонија во евроатлантските

институции. Од една страна, ја имате повторно коалицијата “За Македонија” после септември 2002 година со коалициониот партнер ДУИ кои стојат на платформата дека само со спроведувањето на уставните амандмани, кои го преточија Охридскиот рамковен договор во нив, дека само јакнењето на меѓуетничките односи и на соживотот во Република Македонија, кои исто така ќе го гарантираат унитарниот карактер и територијалниот интегритет на Република Македонија се единствениот пат кон евроатлански интеграции на Република Македонија.

Од друга страна, ја имате концепцијата на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, кои и покрај тоа што декларативно, барем до сега некогаш кажуваат дека го поддржуваат Охридскиот договор, во суштина предлагаат следното:

Разграничување меѓу албанците и македонците, иселување на граѓаните и размена на имоти, нова скратена или смалена Република Македонија, што значи без припадниците на различни етнички заедници во Република Македонија. Дека таквиот проект би требало да биде поддржан од Европската унија и САД да се одржи балканска конференција која таквото решение ќе го потврди за Република Македонија и за Босна и Херцеговина и за Косово, арно ама ниту Европската Унија, ниту САД таквата работа до сега не ја прифаќаат. И на крајот, ако тоа не се прифати, тогаш Република Македонија сама треба да утврди линија на разграничување меѓу граѓаните на Република Македонија и на тоа место да изгради ѕидови.

Исто така, како што видовме последниве денови, очигледно јасно стана кои се партнерите во таа коалиција и јасно стана зошто целокупната паника која се крена околу предложениот закон за територијална организација на општините во Република Македонија и за градот Скопје, што фактички таа коалиција подразбира за некои поинакво решение, односно зошто предложените решенија пречат.

Коалициониот партнер ДПА исто така се заложи да успее референдумот, меѓутоа, од сосема други причини. Се заложи затоа што тогаш треба да пропадне концептот на меѓуетнички соживот во Република Македонија и дека тогаш треба да се отвори нов дијалог за иднината на Македонија. Таквиот нов дијалог го видовме во претходно

искажаните концепции, значи поделеба на населението, градење на ѕидови и размена на територии, нови војни.

Исто така, тој коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ го оспорува идентитетот на Република Македонија, го оспорува името на Република Македонија, го оспорува правото на Македонската православна црква.

Според тоа, повторно на површина деновиве ни се појавија старите коалиции, коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, со објаснување дека таа ќе била мошне поуспешна од сегашната, а тоа е единствено она што навистина е сосема легитимно, а тоа е нивната борба за власт. Меѓутоа, во таа нивна борба за власт, каква практична примена понатаму и што ќе дојде во Република Македонија и дали повторно ќе имаме хаос како што го имавме, затоа што само во тој хаос овие партии најдобро се снаоѓаат.

За разлика од тоа, коалицијата “За Македонија” и ДУИ, нивна приоритетна цел се активностите кон евроатлантските интеграции и рамноправното членство во НАТО и Европската унија. Притоа сосема е точно дека претходната влада е таа која го потпиша Договорот за стабилизација и асоцијација, меѓутоа, исто така е точно дека и во 2001 година се случи конфликт кој покажува дека фактички дел од прашањата не биле решени.

Во изминативе три години Република Македонија направи значаен исчекор. Независно дали некој сака да признае или не, има подобрување на сите елементи и од безбедносната состојба и од економската состојба и тн. и тука не се само нашите оценки, сигурно дека оценките на опозицијата ќе бидат сосема сппротивни. Денес овде нема повторно да ве заморувам и да ви читам изјави за тоа до каде Република Македонија измина во изминатите три години. Ги имате и изјавите на НАТО институциите, па токму и воената компонента која беше во рамките на НАТО повеќе не е во Република Македонија, воената компонента е заменета со полициската мисија ПРОКСИМА, дури и од ПРОКСИМА безбедносниот елемент е тргнат, што значи во Република Македонија безбедносната состојба е подобрена и тоа го кажуваат сите меѓународни институции, а сигурно дома ќе имаме различни погледи и ставови. Нема да ги читам оценките на Стејтдепартментот на САД, ниту оценките на Европската унија, ниту оценките на ОБСЕ, затоа што само накратко ќе прочитам една изјава која вчера ја даде новиот односно

идниот комесар за проширување на Унијата, елиминирајќи ги сите тие прашања околу тоа дали Македонија како дел од Југоисточен Балкан ќе биде можен кандидат за членка на Унијата. Само ќе цитирам дека господинот Оли Рен изјави: “Планот околу приклучувањето ќе биде проширен, со цел во него да биде вклучена и одговорноста за Западен Балкан. Земјите од Западен Балкан имаат повик да станат членки на Европската Унија независно од времето што ќе биде потребно за исполнување на критериумите од Копенхаген” и тоа е писмена изјава поделена на сите медиуми.

На 1 октомври Република Македонија ќе го добие прашалникот и потоа, при посетата, на претседателот на Европската комисија г-дин. Проди, и притоа државните органи, државната администарција е веќе целосно ангажирана, не само со капацитетите на администарцијата, туку и со разни советници, институции, за да што побрзо и поуспешно, меѓутоа реално одговори на тоа што се состојбите во Република Македонија, како одговор на прашањата што ќе ни бидат поставени.

Меѓутоа, тука да ни биде на сите јасно, Европската Унија нема да ни каже кога е таа година во која што Македонија ќе биде примена во Европската Унија. Дали ќе биде тоа 2006 година, дали ќе биде тоа 2007 или 2010 година. Македонија е биде примена во Европската Унија тогаш кога најмногу дома ќе си ги заврши 99,9% од обврските што ние сами дома треба да ги завршиме. И тогаш нема што Еверопската Унија многу да ни кажува: Е сега ќе ве примиме, затоа што сте ги исполниле условите тоа да биде направено. И, никаква награда околу тоа нема да постои. Работите мора дома да си ги завршиме.

Затоа, нам ни е многу потребен политички консензус на сите партии, од позицијата и од опозицијата околу овој пат и мерките што треба да се прават за пристигнување на Република Македонија како идна членка на Еврпската Унија и на НАТО. Пораките од НАТО за тоа се јасни. Ние сите велиме дека тоа како консензус сите партии од позицијата и од опозицијата сме го постигнале. Меѓутоа, тоа не е точно. Тоа е само еден декларативен консензус. Во пракса не работиме сите заедно на тоа прашање. Тогаш кога околу сите тоа ќе постигнеме единство, кои се мерките кои треба да се исполнат, кои се активностите, во кои што и како опозиција ќе се вклучите и во одговарање на

прашалникот, затоа што тој нема да биде тајна, Владата нема намера да го крие ниту прашалникот, прашањата кои ќе бидат доставени, ниту одговорите на тие прашања. Владата нема намера да ја украсуваат состојбата во Република Македонија во однос на одговорите кои што ќе бидат дадени. Тие мора да бидат реални и мора да бидат дадени. Тие мора да бидат реални и мора да бидат со рокови, со кои реформите мроа да ги извршиме. За да стигнеме до таа фаза, да добиеме позитивно мислење од одговорите на прашалникот кога ќе го добиеме. Во тоа позитивно мислење и постигнување на статус на земја кандидат за Европската Унија, можеме да кажеме дека дел од работите само сме завршиле. Меѓутоа , ни остануваат преговори понатаму за многу поглавја, скоро триесетина, меѓутоа, и во тој период, кога Македонија ќе стане земја кандидат, се отвараат фондовите кои што можат да и помогнат на Република Македонија во разни инфраструктурни објекти, во димензионирањето на стопанската активност, земјоделието и т.н. Меѓутоа, со вакви полемики, со вакви активности, со вакво загрозување на перцепцијата околу бизнис климата и безбедносната состојба во Република Македонија, ниту странски инвеститори ќе привлекуваме, ниту пак, ќе правиме реформи кои ќе добијат перцепција со која не водат кон Европската унија.

Затоа, за мене, почитувани пратеници, основното прашање е ако можеме околу тие прашања да се договориме и тоа да не биде веќе тема на различни практични работења на партиите од позицијата и опозицијата за имплементирање на тие процеси кои се пред нас и кои што ќе бидат неопходно тешки. Тие ќе бараат реформи и во реалниот сектор, ќе бараат и во стопанството, а нема да бараат такви реформи кои што велат, сега државата ќе плати и за виното и за грозјето, ќе им плати на приватни фирми и т.н. Тоа не се реформи кои ќе не носат кон Европската унија.

На крајот почитувани пратеници би сакал да го истакнам само следново: Со сета почит кон сите невини жртви на терористичките напади од 11 септември во Њујорк и со извинување што јас денеска ги спомнувма, меѓутоа, што беа злоупотребени во определни политички пресметки и напади, сепак морам да потенцирам дека на Република Македонија на 15 септември 2002 година, не и се случи ниту 11 септември 2001 година, ниту било кој друг трагичен настан. Напротив, 15 септември 2002 година беше нормален

ден на кој се одржаа фер и демократски парламентарни избори во Република Македонија, на која убедливо победи Коалицијата за и ДУИ, а катастрофално изгуби ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. На тој ден граѓаните на Република Македонија се ослободија од едно работење кое се одликуваше со диктатура, насилство, економски и друг криминал, мито и  корупција и незаконито богатење на тогашната владеачка  гарнитура на ВМРО-ДПМНЕ. На тој ден граѓаните на Република Македонија се ослободија од една таква структура на луѓе, која можеше да го осмисли, да го режира и да го спроведе сценариото на Раштански лозја, која можеше да убие 7 невини луѓе, а утре тоа може да бидат 7 невини граѓани на Република Македонија. Дали и сега некој повторно не верува до сите оние докази што ги поднесе Министерството за внатрешни работи вклучувајќи го и фамозното ЦД. Дали и сега, кога еден од идеолозите на таа акција, Алекснадар Цветков, цело време се бранеше со молчење и единствена причина сега да му биде прашањето дека тој наводно бил амнестиран. Меѓутоа, амнестиран за прислушкување, а не и за убиства.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине претседателе ние се доближуваме до полноќ ќе мораме по Деловникот ...

ХАРИ КОСТОВ:

Само една реченица претседателе. Според тоа, 15 септември беше само за владеачката структура на тогашното ВМРО-ДПМНЕ и ДПА 11 септември 2001 година, затоа што нивната коалиција се сруши како кула од карти, а за никој друг тој датум не е никаква трагедија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки е точно 24,00 часот, преминуваме на гласање.

Предлогот на 24 пратеници, на Владата на Република Македонија да и се изгласа недоверба, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 89 пратеника, 22 гласале за недоверба, нема воздржани, 67 гласале против недоверба.

Констатирам дека Собранието не и изгласа недоверба на Владата на Република Македонија, или како што вели г-динот Караџоски, народски да кажеме, Владата ја доби довербата.

Благодарам.

Со тоа е исцрпен дневниот ред на 78-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 24,05 часот).